# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

•ВОДИЧ ЗА НАСТАВНИЦИ•



# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

•ВОДИЧ ЗА НАСТАВНИЦИ•

Оваа публикација е подготвена од работна група во состав:

**Оливер Станојоски, Илир Мемеди, Ана Попризова, Надица Таневска Јанева, Сунчица Белинска Андов, Валентина Панџарова, Ваљдете Адили Селими, Насер Мифтари, Марија Мирчевска, Јована Ѓорѓиовска, Ана Мицковска-Ралева, Дејан Ризински**

Активностите за изработка на содржината на публикацијата беа реализирани во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во соработка со Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Стручна редакција:
**Митко Чешларов, Ајше Ајрулаи**

Наслов:
**Водич за наставници за Граѓанско образование во прва година средно стручно образование**

Издавач:
**Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)**

Лектура:
**Валентина Јошевска**

Дизајн:
**КОМА лаб**

# Вовед

Почитувани наставници,

Пред вас се наоѓа Водичот за наставници за Граѓанско образование за прва година од средното стручно образование. Се надеваме дека Водичот ќе ве инспирира и ќе ве предизвика да ја развивате вашата наставна практика во согласност со современите наставни текови.

Согласно наставната програма, Водичот е поделен на пет модуларни единици во кои се поместени соодветните содржини кои вклучуваат теорија и практични активности за постигнување на резултатите од учењето, предвидени во наставната програма. За секоја содржина се понудени активности распоредени во два до три наставни часа кои вие можете да ги прилагодувате во поглед на форма и време за реализација, во зависност од вашата лична проценка и  практично искуство од часовите.

Предложените наставни часови се структурирани во вид на работилници, со вклучен: воведен дел од часот, главен дел, завршен дел и дел за рефлексија и евалуација, со проценето време за реализација на секоја од активностите. Сепак, во зависност од условите на реализација на наставата, предзнаењата и вештините на учениците, како и интересот на учениците за одредена содржина, имате можност да го менувате времето на изучување на различните теми.

Со изучување на предметот Граѓанско образование се очекува учениците да станат активни и информирани граѓани, кои придонесуваат за развој на својата заедница. Тие, покрај знаења за себеси, општеството и светот, треба да развијат и вештини неопходни за живот во демократско општество, да стекнат вредности на хуманост, соработка и одговорност, како и да се поттикнат на однесувања кои водат кон подобрување на себе како личност и унапредување на условите за живот во училиштето и заедницата.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД ВО НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ** ........ 4

*Модуларна единица* 1 **ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ – ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН** ........ 10

*Модуларна единица* 2 **ГРАЃАНСКА ПОВРЗАНОСТ** ........ 76

*Модуларна единица* 3 **ГРАЃАНИН ВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО** ........ 162

*Модуларна единица* 4 **ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА** ........ 276

*Модуларна единица* 5 **ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ** ........ 368

# ВОВЕД ВО НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО ПРЕДМЕТОТ ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# Содржина: Наставни содржини по предметот Граѓанско образование

### Потребни материјали:

листови во боја, фломастери, маркер, лепак, ножици, Работен лист 1.1.

### Методи, техники, форми:

фронтална работа, групна работа, индивидуална работа, бура на идеи.

# Воведен дел од часот (10 мин.)

Наставникот ги замолува учениците да се претстават со изговарање на своето име и со една позитивна особина која тие сметаат дека ја поседуваат.

*Забелешка:* Името и особината на учениците се аспекти на нивниот личен идентитет. Наставниците можат да го употребат овој податок во понатамошната работа на часот.

# Главен дел на часот (25 мин.)

**Активност:**

### Асоцијации

Наставникот бара од учениците секој од нив индивидуално да запише три асоцијации (поими кои први им паѓаат на памет) кога ќе го слушнат поимот граѓанско образование.

Наставникот формира групи од ученици (максимум 4 ученици) и им дава задача да ги споделат своите асоцијации во групата. Потоа, секоја од групите треба да се договори за 3 заеднички асоцијации кои ќе ги претстават пред паралелката.

Наставникот ги запишува насловите на модулите кои ќе се изучуваат по предметот Граѓанско образование во текот на учебната година (може да ги подготви и на хартија) и потоа повикува претставници од секоја група да ја залепат/запишат својата „цигла", во близина на веќе запишаните наслови на модулите, со што би се изградил „Ѕидот на содржини" по предметот Граѓанско образование.

Наставникот резимира дека на овој начин се гради Ѕидот на содржини кои ќе се опфатат со овој предмет. Наставникот ги поставил темелите (модулите), а учениците со листовите т.н. „циглите".

Наставникот истакнува дека содржините кои биле изучувани во текот на основното образование, ќе бидат надоградени и подлабински разработени во текот на средното образование. За да добие информации во врска со степенот на разбирање и интересот за одредени содржини, наставникот може да се послужи со прашањата за рефлексија.

**Активност:**

### Кој/а сум јас?

Наставникот им дава задача на учениците да му направат интервју на ученикот што седи со нив во иста клупа, со тоа што ќе го пополнат Работниот лист 1.1, за подобро меѓусебно запознавање на учениците, при што се користи вежба која е вовед во содржините присутни на следните часови.

*Забелешка:* Во работниот лист се наведени аспекти на идентитет и материјалите од овaa вежба можат да се користат како потсетник и на часот кога ќе се разработува поимот идентитет.

## Завршен дел на часот и рефлексија

**(10 мин.)**

Наставникот поттикнува групна дискусија за следните прашања:

1. Кои содржини од овој предмет ви беа најинтересни во основно образование?
2. За кои од презентираните модули од наставната програма сте најмногу заинтересирани да научите и да дознаете повеќе?
3. Колку сметате дека она што го учите по Граѓанско образование ќе ви биде од полза во текот на животот? Објаснете преку примери.

## *Работен лист 1.1.*
## *Кој/а сум јас?*



*Модуларна единица*

**1**

# ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ – ПРЕТСТАВА ЗА СЕБЕ КАКО ГРАЃАНИН

# Содржина: Свесност за граѓанскиот идентитет

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да го толкува поимот граѓанин и да ги објаснува факторите што влијаат врз развојот на граѓанскиот идентитет.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да идентификува различни видови идентитет (личен и групен).

## Потребни материјали:

Табла, креда, Работен лист 1.2, материјали за вежба (Барометар на ставови)

## Методи, техники, форми:

фронтален метод, индивидуална и групна работа.

# *Воведен дел од часот* *(15 мин.)*

Наставникот им задава задача на учениците да го пополнат Работниот лист 1.2

Потоа замолува неколку ученици да ги споделат задачите пред паралелката.

***Заклучок од активноста:*** Името претставува еден израз на нашиот личен идентитет. Со него се прикажуваме во светот околу нас. Преку оваа вежба можете да воочите колку значења и содржини сте му дале на сопственото име. Тоа ве прикажува и ве претставува во средината, но истовремено е и претставување на дел од една или повеќе групи на која ѝ припаѓате (семејство, врсници, заедница, општество, држава, континент).

# *Главен дел на часот* *(15 мин.)*

Едно од најзначајните прашања кои се присутни кај секоја личност е прашањето поврзано со **идентитетот на личноста**, како единка, а секако и во контекст на заедницата, односно **граѓанското општество**.

Предизвикот со кој се соочува секоја личност е од една страна да се прифати себеси со сите свои потреби, особини, вредности и облици на однесување, а од друга страна потребата да припаѓа и да биде прифатен во групата, заедницата, општеството.

Овој и следниот час ќе бидат обработувани поимите: **идентитет, припадност, граѓанин и граѓански идентитет.**

**Идентитет** претставува поим кој ги опфаќа особините, потребите, вредностите, целите и начините на однесување кои единката ги препознава и ги прифаќа како свои.

Во психолошка смисла, под **идентитет** се подразбира единство и посебност на личноста, и покрај промените што се случуваат во неа и околу неа. **Идентитетот** почнува да се формира од најрана возраст, низ воспоставување на емотивна врска помеѓу родителите/старателите и детето. Детето започнува да развива слика за себе како посебна индивидуа, увидува дека е различно од другите и започнува да ги осознава своето тело, емоциите и мислите.

**Развојот на идентитетот** е динамичен процес кој е најмногу изразен во периодот на адолесценцијата. Во овој период се случуваат големи промени на физиолошки, социјален, емоционален и ментален план, па логично е дека и развојот на идентитетот ќе биде

бурен. Адолесцентот започнува да се преиспитува себеси, своите потреби, способности, вредности, цели, политички, религиозни и општествени верувања и сл. Всушност, **развојот на идентитетот на личноста** е природен процес во кој единката „испробува" или експериментира со различни идентитети и ги искусува различните исходи, ефекти и реакции во и од околината.

Ова е со цел да определи кој/а е тој/таа и како сака да биде перципиран/а од околината. Личноста може да реагира со прифаќање или отфрлање на познатата и блиска околина, но истовремено може да се појави чувство на припадност во некоја нова супкултура или група. Овие реакции ќе овозможат личноста да си определи одреден **аспект на својот идентитет**. Тоа може да биде група или заедница одредена од музика, хоби, филм, спорт или други интереси. (пр. Работен лист 1.1)

На сличен начин, личноста ќе експериментира со усвојување на различни социјални вештини и стратегии (на пример, како да биде прифатена во друштвото на врсниците, да постигне популарност и да добие внимание од друштвото). Ќе се труди да ги воочи сите вештини и стратегии кои ги применува некој кој е популарен во друштвото (на пример, дали кажува шеги, како се облекува, како се однесува, и сл.) и да ги применува во својата околина. Целта на ова однесување е да се обезбеди **припадност во заедницата.**

Во текот на овој процес, единката ќе искуси и успех и неуспех и ќе се обиде да примени различни пристапи во односите со другите. На овој начин ја гради својата социјална мрежа на поддршка, со луѓе со кои ќе развие емоционална интимност и релации. Колку повеќе ќе се дефинираат емоционалните релации на единката, толку ќе се развива и **системот на вредности.** Некои млади само ги преземаат вредностите од блиските во околината, додека поголем број имаат потреба да ги проверат и да изградат свој индивидуален систем на вредности. Овој процес може да биде исклучително тежок и стресен за адолесцентот, неговото семејство, училиштето и заедницата. Токму затоа е потребно околината да го препознае ова и да се обиде да му пружи поддршка на адолесцентот во процесот на развојот на својот идентитет и достигнување зрелост на личноста.

Колку повеќе е развиен личниот идентитет, толку личноста е посигурна во себе, се прифаќа себеси со своите доблести и недостатоци, полесно се соочува со животните предизвици и стресот и има подобро развиена социјална и емоционална интелигенција. Во одреден степен, од идентитетот зависи и каква ќе биде **самодовербата на единката** – како се гледа и вреднува себеси. Доколку личниот идентитет не е доволно развиен, единката е понесигурна во себе и повеќе ја гради сликата за себе врз основа на тоа како ја доживува околината, па и таа самата така се доживува.

Еден дел од идентитетот на личноста се одредува и преку групите во кои таа членува. Групите можат да бидат: семејство, спортски клуб, музички бенд, верска заедница,

социјален статус итн. Припадноста во групите со кои се идентификуваме вообичаено, е значаен извор на гордост и самодоверба за единката. Членовите на групата делат заемно чувство на посебност и различност од другите.

Поради влијанието на групниот идентитет, сè повеќе се истражува како идентитетот се одразува низ расната припадност и етникумот, родот, сексуалноста, но и другите системи на социјална стратификација, како што се географската припадност, сајбер-просторот. Дополнително, се наметнуваат и прашањата на менливост на идентитетот во текот на животот.

# *Завршен дел на часот* *(10 мин.)*

***Активност:***

### *Барометар на ставови – како се развива идентитетот?*

Наставникот изготвува неколку тврдења кои ги претставуваат факторите кои влијаат врз развој на идентитетот на единката (наследство, средина и активност на единката).

(пр.1 - Генетското наследство е пресудно за развој на идентитетот на личноста, 2 - Семејното воспитување е клучно за развој на идентитетот на личноста, 3 - Активноста на личноста е клучна за развој на личниот идентитет и сл.).

На двата краја од просторот пред таблата, наставникот поставува два одговора (воопшто не се согласувам и во целост се согласувам) и ги повикува учениците да застанат во просторот помеѓу овие два (екстремни) одговори во зависност од нивните ставови.

Наставникот повикува неколку ученици кои ќе го објаснат својот став со нивни аргументи. Потоа ги повикува учениците кои имаат различни ставови да ги дадат своите аргументи.

***Заклучок од активноста:*** Наставникот ги сумира ставовите на учениците и става акцент на тоа дека единството во функционирање на трите групи фактори е суштинско за развој на идентитетот на единката.

1. Наследство (генетски карактеристики кои се наследни, како физички карактеристики, боја на коса, очи, кожа и сл.)
2. Средина (влијание на семејството, училиштето, врсниците, културата, уметноста, медиумите и сл.)
3. Самоактивност на единката (мотивација, навики, карактер, ставови, вредности и сл.)

Постојат различни сфаќања за доминантноста на овие фактори. Според застапниците на едно мислење, наследството е одлучен фактор од кој зависи и се одредува развојот на личноста. Спротивно на ова мислење е она според кое развојот на личноста речиси исклучиво зависи од дејствувањето на средината. Следствено, разликите што се јавуваат помеѓу единките се резултат на различните услови во кои живееле поединците. Денес, научниците сè повеќе се согласуваат дека двата фактора функционираат преку меѓусебна интеракција, и дека и самата личност може да влијае на својот развој преку сопствена свесна активност (поставување цели и ангажирање за нивно постигнување).

На пример, Хана ја има наследено својата висина од 185 см од своите родители, кои се исто така високи (фактор: наследни карактеристики). Нејзините родители сметаат дека таа има одлична висина за да се занимава со манекенство и уште како тинејџерка ја запишале на часови по манекенство (фактор: средина). Хана неколку години се занимаваше со манекенство и покрај тоа што ѝ беше интересно, нејзина најголема љубов беше кошарката која ја тренираше во локалниот клуб. Реши да прекине со манекенството и потполно да се посвети на постигнување резултати во кошарка. Тренираше напорно и си постави цел да влезе во националниот тим. Во тоа успеа благодарение на нејзината упорност и мотивацијата (фактор: самоактивност).

## *Активност за рефлексија и евалуација*

### *(5 мин.)*

1. Што беше најзначајно сознание од  денешните активности?
2. Како го разбирате поимот личен идентитет?
3. Како се  гради личниот идентитет на единката?
4. Кои фактори и личности влијаеле врз градењето на вашиот личен идентитет?

# *Работен лист 1.2*
## *Приказната за моето име*

1) Моето име е ____________________

2) Моето име потекнува од ____________________ и значи____________________

3) За себе мислам дека ____________________
(овде опиши колку се поврзуваш со значењето на своето име)

4) Објасни ја приказната како си го добил/а своето име
(упатство: Твоето раѓање претставувало возбудлив настан во твоето семејство, запиши на што се сеќаваш од кажувањето на најблиските, кој ти го дал името, како било одбрано твоето име и сл.)
____________________
____________________
____________________
____________________
____________________

5) Јас си го сакам своето име затоа што ____________________

6) Кога би можела да го променам името би ____________________

7) Доколку имаш прекар наведи го ____________________ и објасни како си го добил/а и кој те нарекува со овој прекар.
____________________
____________________
____________________
____________________

8) Моето презиме е ____________________ и потекнува од ____________________.
За мене претставува наследство од моите претци, бидејќи
____________________
____________________
____________________
____________________

# Содржина: Свесност за граѓанскиот идентитет

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да го толкува поимот граѓанин и да ги објаснува факторите што влијаат врз развојот на граѓанскиот идентитет.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги опишува различните општествени фактори што влијаат врз развојот на граѓанскиот идентитет и однесувањето на индивидуата,
- да прави критичка анализа за различните влијанија врз формирањето на сопствениот граѓански идентитет,
- да подготвува различни презентации за себе како граѓанин.

## Потребни материјали:

табла, креда, Работен лист 1.3, Работен лист 1.4

## Методи, техники, форми:

фронтален метод, индивидуална работа, групна работа, бура на идеи, мисловна мапа, групна дискусија

# Воведен дел на часот (5 мин.)

## Активност:

### Бура на идеи за поимот граѓанин

Наставникот бара од учениците да се потсетат на своите претходни знаења со прашања за дискусија:

- Што за вас претставува поимот граѓанин?
- Кои особини ги поседува граѓанинот?
- Како треба да се однесува граѓанинот во општеството?

Наставникот ги запишува идеите на табла и потоа ги коментира, ги сумира и ја завршува активноста со дефинирање на поимот граѓанин. Сумира што се подразбира под активен граѓанин, односно кои особини и облици на однесување се пожелни: партиципативност, почитување обврски, познавање права и слободи, толерантност, одговорност, следење општествени случувања, ангажираност во општествени случувања и сл.

**Граѓанин** е жител на одредена држава, кој со припадноста во таа држава поседува **граѓански права и слободи** и остварува **граѓански должности**. Граѓаните кои живеат во една држава се разликуваат по местото на живеење (град или село). Тие се припадници на различни етнички заедници, религии, раси, професии, социјални, образовни, возрасни групи и сл. Сепак, и покрај разликите, тие поседуваат еднакви права и слободи, како и обврски и должности. Граѓаните со своето однесување и практикување на своите права избираат власт која носи закони и управува со заедницата. Токму затоа **улогата на граѓаните** е многу значајна. Од нив се очекува да бидат активни и да учествуваат во граѓанскиот живот, односно да ги штитат своите права, но и да ја контролираат власта, во интерес на принципите на демократија, толеранција, правда, напредок и заштита на заедницата. Колку повеќе се почитуваат правата и слободите на граѓаните во една држава, толку повеќе државата е отворена, модерна и демократска.

# Главен дел на часот (25 мин.)

## Теоретски дел (10 мин.)

Со современите **општествени и глобални промени во светот**, како што се глобализацијата, климатските промени, миграциите, новите распределби на човечки, индустриски и

стопански ресурси, разноликоста на културните богатства, **се менува и проширува значењето на поимот граѓанин.** Секоја единка која активно **учествува во општеството**, негува толеранција на различности, ги почитува правата и не ги загрозува слободите на другите и дава придонес за унапредување на сопствената иднина како и иднината на новите генерации е граѓанинот на дваесет и првиот век.

Нашиот идентитет како граѓани (**граѓански идентитет**) го опфаќа чувството за себе како дел од граѓанскиот живот, што е дел од личниот идентитет, но и чувството на припадност кон различи групи во општеството, што е дел од групниот идентитет.

**Граѓанскиот идентитет** се формира низ социјализација со институциите од непосредната околина (семејство, врсници и сл.) и пошироката околина (образовни институции, култура, медиуми, граѓански организации). Личноста се стекнува со искуство за начините на функционирање во општеството преку учество во општествениот живот каде што учи за културните норми и вредности, начини на однесување, стекнува знаења за функционирањето на државата и институциите. Овие работи ги стекнува преку вклученост во различни активности во рамките на заедницата и државата и преку односите со другите граѓани.

Граѓанскиот идентитет започнува да се формира уште во раната возраст преку односот на детето со семејството. Преку начините на задоволување на основните потреби за грижа и прифаќање се стекнуваат првичните верувања за светот и се прифаќаат вредностите кои ги негува семејството. Во оваа фаза децата се запознаваат и со првите модели на однесување. Понатаму, во адолесценцијата, овој идентитет продолжува да се гради преку: искуствата на меѓусебни односи со врсниците каде што се развива чувството на припадност и самопочит; стекнувањето вредности за самоафирмација; учеството во ученички активности и можноста за развивање на сопствените интереси. Конечно, во возрасното доба граѓанскиот идентитет се развива низ учество на личноста во активности за унапредување на општеството, градењето доверба кон општеството и неговите институции и задоволувањето на сопствените потреби преку институциите на државата.

Важни аспекти на граѓанскиот идентитет се вклученоста во општеството и чувството на прифатеност од истото; искуствата од воспоставување релации со врсниците, наставниците, претставниците на различни институции. Доколку единката има позитивни искуства на прифатеност; можности за изразување на сопствените ставови и интереси; застапување за сопствените права; но и слобода на критика во однос на воспоставените норми и вредности; поверојатно е дека ќе развие чувство на припаѓање кон заедницата, позитивен однос кон државата и себеси, како нејзин граѓанин. Колку повеќе чувствуваме припадност кон заедницата во која живееме, толку повеќе ќе се ангажираме за подобрување и унапредување на истата.

Од друга страна, неможноста да се остварат своите потреби во склоп на заедницата и државата може да води кон отуѓеност или фрустрација од страна на граѓанинот. Тој/таа

формира негативна претстава за државата и за себе како нејзин граѓанин, чувствува незадоволство, разочараност и несигурност.

**Активност:**

### *„Јас како граѓанин...“ (15 мин.)*

Учениците треба да се самопроценат во однос на следните тврдења. Листата со тврдења можат да ја добијат во вид на работен лист 1.3, или да ја гледаат на проектор/табла. Можат да ја дополнат доколку сметаат дека во листата не се вклучени одредени важни карактеристики на нивниот граѓански идентитет.

| | Јас како граѓанин.... | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ги следам политичките случувања во државата | | |
| 2 | Член сум на волонтерски/граѓански организации | | |
| 3 | Имам учествувано во граѓански (ученички) акции/иницијативи | | |
| 4 | Преиспитувам различни информации кои ќе ги прочитам во медиумите/на интернет | | |
| 5 | Се имам кандидирано на избори за ученички парламент/ претседател/ка на одделение/клас | | |
| 6 | Ги следам политичките случувања во светот | | |
| 7 | Сметам дека сечие мислење треба да биде сослушано | | |
| 8 | Имам потпишано граѓанска петиција | | |
| 9 | Имам составено/поднесено граѓанска петиција | | |
| 10 | Верувам дека сите луѓе треба да бидат еднакви | | |
| 11 | Имам гласано на избори за ученички парламент/ претседател/ка на одделение/клас | | |
| 12 | Се однесувам одговорно кон членовите на заедницата во која живеам | | |
| 13 | Верувам дека секој треба да има можност да направи промена во општеството | | |
| 14 | Друго (дополни) | | |

По пополнувањето на листата, наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања:

- Кои одговори доминираат во вашите листи (ДА или НЕ)? Како го толкувате тоа? Дали сметате дека поседувате граѓански карактеристики (вредности, ставови и однесувања)?
- Кои според вас се најмногу, а кои најмалку значајни карактеристики? Кои би сакале дополнително да ги развиете/остварите?

Дискусијата продолжува со прашања за тоа како наведените карактеристики и облици на однесување учениците ги развиле кај себе.

- Како ја развивте таа особина/карактеристика/начин на однесување?
- Како и од кого го научивте тоа однесување/вредност?
- Што научивте за граѓански идентитет и однесување во домот и во семејството?
- Што научивте за граѓански идентитет во училиштето?
- Што научивте за граѓански идентитет преку медиумите?
- Од кои други значајни луѓе или групи во вашиот живот научивте за граѓанинот и граѓанскиот идентитет?

Наставникот ги сумира исказите од учениците во форма на фактори кои влијаат врз развој на граѓанскиот идентитет на единката.

***Фактори кои влијаат врз формирање на граѓанскиот идентитет се:***

- Непосредна средина: семејство, врсници, училиште и заемните интеракции на единката со овие фактори
- Локалната средина со локалните политики, заедници, организации
- Поширокото општество и општествените односи

# Завршен дел на часот *(10 мин.)*

Наставникот им задава на учениците задача да изработат сопствена мисловна мапа на идентитет (Работен лист 1.4) и преку работа во парови да ги пронајдат заемните сличности.

# Активност за рефлексија *(5 мин.)*

Наставникот го завршува часот со дискусија:

- Кои граѓани ги инспирираат учениците? (наставникот може да наведе некои личности – политичари, хуманитарци и сл. (Грета Турнберг, Ганди и сл.) како примери)
- Кои особини ги поседуваат тие?
- Како се однесуваат во општеството?
- Како можат учениците да се развијат во поодговорни граѓани во општеството?

## *Работен лист 1.3*
### *Јас како граѓанин...*

| | Јас како граѓанин.... | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ги следам политичките случувања во државата | | |
| 2 | Член сум на волонтерски/граѓански организации | | |
| 3 | Имам учествувано во граѓански (ученички) акции/иницијативи | | |
| 4 | Преиспитувам различни информации кои ќе ги прочитам во медиумите/на интернет | | |
| 5 | Се имам кандидирано на избори за ученички парламент/претседател/ка на одделение/клас | | |
| 6 | Ги следам политичките случувања во светот | | |
| 7 | Сметам дека сечие мислење треба да биде сослушано | | |
| 8 | Имам потпишано граѓанска петиција | | |
| 9 | Имам составено/поднесено граѓанска петиција | | |
| 10 | Верувам дека сите луѓе треба да бидат еднакви | | |
| 11 | Имам гласано на избори за ученички парламент/претседател/ка на одделение/клас | | |
| 12 | Се однесувам одговорно кон членовите на заедницата во која живеам | | |
| 13 | Верувам дека секој треба да има можност да направи промена во општеството | | |
| 14 | Друго (дополни) | | |

# *Работен лист 1.4*
## *Мисловна мапа: Идентитет*



# Содржина: Препознавање и развој на сопствените особини и вештини

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да го планира сопствениот развој,
- да го провери сопствениот успех во однос на поставените цели за личен развој.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги идентификува своите слаби и јаки страни,
- да идентификува области за подобрување на определени вештини и релевантни цели,
- да го оцени напредокот во однос на постигнување на идентификуваните цели.

## Потребни материјали:

Работен лист 1.5, Работен лист 1.6

## Методи, техники, форми:

фронтален метод, индивидуална и групна работа, дискусија.

# *Воведен дел на часот* (5 мин.)

Наставникот ги запознава учениците со значењето на личниот развој на личноста и значењето од планирање на овој процес.

**Личниот развој** претставува континуиран процес на развој на сопствената личност, односно нејзините особини, вештини, ставови, вредности, интереси. Сите овие промени се одразуваат во **однесувањето на единката.** Преку одлуките кои ги носи за себе, преку изборите што ги прави, единката има можност да се развива во посакувана насока, односно во насока на постигнување на своите поставени цели.

На овој начин единката се развива во здрава и реализирана личност, (граѓанин/граѓанка), која е активна и продуктивна за себе и дава свој придонес во заедницата.

**Планирањето на личниот развој** е систематски процес со кој единката избира **цели** и патеки кои ќе ја доведат до реализација на овие цели. Планирањето на личниот развој е структуриран процес на идентификување на целите на личноста, вештините кои може да ги развие за кариера, како и анализа на силните и слабите страни кои можат да застанат на патот на исполнување на целите и сл. Доколку луѓето имаат слика за нивната состојба во конкретен момент, можат да вложат дополнителен напор за надминување на слабите страни и справување со ризиците и заканите.

# *Главен дел на часот* (30 мин.)

***Активност:***

### *Самопроценка на лични особини*

Наставникот им го задава Работниот лист 1.5 на учениците (време за самостојна работа: 5-7 минути). Станува збор за скала на проценка на учениците како појдовна точка за проценување на сопствените особини и полиња на кои можат/сакаат да постигнат промена.

Откако учениците ќе ги пополнат работните листови, наставникот може да започне дискусија со прашањата (7-10 минути):

- Дали дознавте нешто ново за своите особини, додека го пополнувавте работниот лист? Ако да, што беше тоа?

- Колку скалата на проценка ви помогна да ги одредите насоките на вашиот личен развој и активностите кои би ги презеле?
- Како би можеле оваа скала на проценка да ја користите во иднина? (Очекувани одговори од учениците: за одлучување за следни чекори во школувањето, за носење одлуки за поголеми промени во сопственото однесување (на пр. промени на навики), за проценка на сопствениот развој помеѓу две временски точки итн.)

Откако ќе се извлечат заклучоци од кратката дискусија, наставникот ги поврзува со активноста која следи:

При формирањето и развојот на една личност влијаат настаните, влијанијата, условите, одлуките и доживувањата кои личноста ги искусила во своето минато. Тие ја обликуваат и под нивно влијание таа се формира и се развива.

За една личност да знае во која насока сака да се развива, потребно е да знае и низ што поминала, пребродила, доживеала и осознала. Нејзиното минато искуство влијае низ нејзините идни планови. Со цел да дознае во која насока сака и одбира да се развива, потребно е да се потсети како минатите настани и искуства влијаеле на она што е во сегашниот момент.

**Активност:**

### *Моја линија на доживувања*

Наставникот им дава упатство на учениците за пополнување на Работниот лист 1.6. Моја линија на доживувања (време за самостојна работа: 5-7 минути). Работниот лист може и да се нацрта на табла или да се проектира, а учениците да пополнуваат во тетратка. По пополнувањето на работниот лист наставникот може да започне дискусија со учениците (7-10 минути), поставувајќи ги долунаведените прашања:

- Кои значајни работи за себе ги увидовте за периодот од последните две години, а се поврзани со училиштето?
- Во кои области сметате дека сте се развиле на личен план за разлика од пред две години?
- Како доживувањата од училиште, од изминатите две години, влијаеле на вашите цели во сегашноста?
- Од кои настани, избори и ваши постапки поврзани со училиштето сте задоволни од изминатиот период?

- Како одлуките, настаните, изборите и постапките во минатото влијаеле врз вашите сегашни активности во училиштето и надвор од него?
- Размислете што би сакале да промените од вашата линија на доживувања? Размислете за можните начини како би ја постигнале таа промена? Размислете за луѓето кои можат да ви помогнат или да ве поддржат низ овој процес на промена.

***Забелешка:*** Во текот на оваа активност, важно е наставникот да не инсистира сите ученици да ги споделат информациите што ги запишале во работниот лист и/или да раскажат детали околу настаните. Споделувањето информации треба да се одвива исклучиво на доброволна основа.

## *Завршен дел на часот* *(5 мин.)*

На крајот на часот наставникот ја резимира претходната активност, како и целиот наставен час извлекувајќи неколку заклучоци:

Личниот развој е процес низ кој минува секоја личност. Значајно е што секој може да има главна улога во сопствениот развој, со поставување цели пред себе и активности и однесување во насока на исполнување на тие цели.

Денешните активности овозможија увид во полињата за ваша можна промена. Добро е да поразговарате за овие сознанија со вашите блиски кои добро ве познаваат, за да добиете повратна информација од нив за тоа како тие ги проценуваат вашите особини и однесување. На овој начин можете да ги утврдите областите за подобрување на определени вештини и постигнување цели.

Линијата на доживувања дава увид во процесот на лична промена и развој, бидејќи работите во некои делови останале исти, но во некои делови се промениле. Од активноста можете да видите и во која мера или на кој начин некои настани, искуства и доживувања од минатото (од пред две години), можат да влијаат на вашиот развој и на она што сте денес како личност, но и да ви ги покажат насоките на делување за она што сакате да станете во иднина.

Активноста можете да ја направите и за други полиња од вашиот живот (на пр. емоции, комуникација, развивање некоја навика, носење важни одлуки и избори и сл.) и да ја повторувате повеќе пати со исти или различни временски дистанци (на пр. на 3 месеци, на 6 месеци, на 1 година, на 5 години, од денот на вашето раѓање, па сè до денешен ден и сл.).

## *Активност за рефлексија* (5 мин.)

Наставникот го завршува часот со прашања упатени до учениците:

- Која активност беше најзначајна за вас на овој час? Објаснете ги причините.
- За кои лични особини станавте свесни на овој час?
- Дали имате идеи како може да се влијае на развојот и унапредувањето на особините, ставовите, изборите, одлуките на личноста?
- Наведете ваши примери за лични искуства при кои сте донеле одлука и сте направиле промена во својот живот. Како на тие настани гледате од денешна перспектива?

# *Работен лист 1.5*

## *Карта на самопроценка на моите лични особини*[1]

*Упатство:* Направи сопствена проценка на своите лични особини и впиши ја буквата која се однесува на вредноста на одговорите. Оваа скала на проценка е анонимна.

**А - Секогаш, Б - Најчесто; В - Понекогаш; Г - Ретко; Д - Никогаш**

| | Тврдење | Вредност |
|---|---|---|
| 1. | Кај мене преовладува позитивно однесување. | |
| 2. | Поседувам способност да ги изразам и покажам моите чувства/мисли пред другите. | |
| 3. | Поседувам способност да развијам добри односи со другите. | |
| 4. | Си давам поддршка сам/а себе. | |
| 5. | Се грижам за своето телесно здравје. | |
| 6. | Се грижам за своето емоционално здравје. | |
| 7. | Се почитувам себе. | |
| 8. | Имам способност да поставам граници во односите со други луѓе (да избегнам „драматизирање“). | |
| 9. | Имам способност да не придавам значење на озборување или гласини. | |
| 10. | Имам способност да се справам со лажни тврдења за мене. | |

***Резултати:*** Најниските резултати укажуваат на можни полиња на промена.

На кои начини би можел да ги подобрам резултатите во области кои имаат ниски вредности? Наведи барем три идеи.

______________________________________________

______________________________________________

Состави сопствена листа на која ќе ги напишеш начините на кои ќе си го унапредиш својот концепт за себе. Наведи барем три идеи.

______________________________________________

______________________________________________

1 Missouri Comprehensive Guidance Programs: Linking School Success to Life Success

# Работен лист 1.6

## Моја линија на доживувања во училиште

Размисли, потсети се и во означените места со точки, впиши ги приближните датуми на сите твои значајни доживувања поврзани со училиштето, пред две календарски години (значајни случки, искуства, увидувања, постигнувања, разочарувања и сл.) кои ти се случиле во изминатите две години. Притоа **позитивните доживувања впиши ги од десната страна на листот**, а **негативните од левата страна.** Во секое прозорче до доживувањето запиши на кој начин тоа влијаело на тебе и твојот развој како личност. Обиди се да увидиш и на кој/кои начин/и негативните доживувања имале позитивно влијание.



# Содржина: Препознавање и развој на сопствените особини и вештини

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да го планира сопствениот развој,
- да го провери сопствениот успех во однос на поставените цели за личен развој.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги идентификува своите слаби и јаки страни,
- да идентификува области за подобрување на определени вештини и релевантни цели,
- да го оцени напредокот во однос на постигнување на идентификуваните цели.

## Потребни материјали:

Работен лист 1.7

## Методи, техники, форми:

фронтален метод, индивидуален метод, работа во парови, групна работа, дискусија со однапред структурирани прашања, хармоника.

# Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот во воведниот дел од часот прави поврзување со материјалот од минатиот час, поставувајќи ги следните прашања:

- Што подразбирате под поимот „личен развој“?
- На што би сакале да работите во сопствениот развој?
- Како би можеле да го направите тоа?

# Главен дел на часот (25 мин.)

Одговорите на учениците во воведниот дел од часот наставникот ги користи за да ги воведе во планираните активности за дефинирање на сопствените цели, поставување приоритети и планирање активности преку кои ќе можат да се остварат целите.

Наставникот им го задава на учениците Работниот лист 1.7 (10 минути за самостојно пополнување). Го објаснува упатството за пополнување и значењето на поимите кои треба да ги пополнат во работниот лист. Активноста се состои од три дела (А, Б, В) кои низ различни барања ги водат учениците низ фазите на идентификување потреби, дефинирање цели за развој и избирање активности преку чие реализирање би ги оствариле поставените цели.

## Пример за наставникот - пополнет работен лист

**А. Поставете три цели за ваш личен развој**

1. Подобрување на комуникацијата
2. Запознавање нови другари
3. Ново хоби

**Б. Разгледајте ги поставените цели и одберете една со која ќе ја пополните табелата подолу (самостојно можете да си пополните табели за сите цели):**

1. Запознавање нови другари

**В. Изработете план на активности кои ќе ги преземете за постигнување на една од претходно формулираните цели:**

| Активност | Рок | Потребни ресурси | Пречки | Поддршка |
|---|---|---|---|---|
| Запишување на сите досегашни другари | 2 дена | Лист и пенкало | / | Другари |
| Закажување средба со 2 другари | 10 дена | Локација и закажување преку социјални мрежи | Спреченост на другари | Други другари<br>Членови на семејство |
| Листа на начини на запознавање нови другари (пр. спорт, јазик, дебата, фитнес и сл.) | 5 дена | Истражување активности кои ме интересираат, а преку кои можам да запознаам нови другари | / | Други другари<br>Членови на семејство<br>Наставници<br>НВО |

По пополнувањето на работниот лист, наставникот поттикнува дискусија со учениците поставувајќи ги следниве прашања (10-15 минути):

- Како се чувствувавте додека ја работевте активноста?
- Која активност (барање) ви беше најлесно, а кое најтешко да го пополните? Како го објаснувате тоа?
- За што станавте свесни работејќи ја активноста? За што би можеле овие сознанија и во иднина да ви бидат од корист?

Наставникот ги користи заклучоците од дискусијата за да го резимира наставниот материјал обработен на часот:

Сликата која една личност ја гради за себе е под влијание на пораките за неа кои ги добива од околината. Информациите кои ги добива од околината, од другите луѓе и начинот на кој ги толкува и помага при градење на **сликата за себе** и дефинирањето на насоката на **личен развој**. Најпрво тоа се информациите од најблиските (семејството, другарите, наставниците и други личности), чие мислење ѝ е највaжно. Дополнително, другите заклучуваат каква личност е некој преку неговото однесување, постапките и начинот на кој комуницира со околината. Овие информации помагаат да се **изгради појасна слика за себе и за сопствениот идентитет**.

Истовремено сите **луѓе имаат различни особини**, карактеристики и однесување. Тие поседуваат сопствени идентитети кои се различни по некои карактеристики, **но истовремено и слични** по некои особини. **Секоја единка е уникатна целина од особини кои го претставуваат нејзиниот идентитет и се манифестираат преку однесувањето.** Убавината на светот е токму во неограничениот број различни комбинации на особини и карактери кои постојат.

## Завршен дел од часот (10 мин.)

**Активност:**

### Хармоника

Наставникот ги дели учениците во групи (од 3 до 6 ученици). Секој ученик треба од лист хартија да направи хармоника со превиткување на листот (со 4 делчиња). На првото делче секој ученик го запишува своето име и му го подава на ученикот кој седи од негова десна страна. Секој ученик од групата го добива листот и на следниот превиткан дел од листот-хармоника запишува една позитивна особина која ја поседува ученикот чие име се наоѓа на листот. Постапката се повторува за сите ученици од групата. Учениците ги разгледуваат добиените листови и споредуваат каков е односот на нивната слика за себе и сликата од околината. Во групите ги дискутираат прашањата:

- Дали има големи разлики или сличности помеѓу двете слики/особини?
- Во кој дел се најголеми разликите?
- Како учениците ги објаснуваат разликите?
- Во кој дел се најголеми сличностите?
- Како учениците ги објаснуваат сличностите?

## Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

Наставникот го завршува часот со прашања упатени до учениците:

- Која активност беше значајна за вас на овој час? Објаснете ги причините.
- Наведете кои се луѓето од вашата околина чие мислење за вас ви е значајно?
- Наведете ваши примери за лични искуства при кои сте донеле одлука и сте направиле промена во својот живот под влијание на мислењето на другите.
- Како го проценувате влијанието на мислењето на другите за вашите особини и однесување?

# Работен лист 1.7

## Поставување цели и изработка на план на активности

**А. Поставете три цели за ваш личен развој** (размислете што ви е значајно во овој период, со какви предизвици се соочувате, кои свои особини или однесувања сакате да ги промените, кои особини или навики сакате да ги развиете кај себе и сл.).

1.

2.

3.

**Б. Разгледајте ги поставените цели и одберете една за која ќе ја пополните табелата подолу** (самостојно можете да си пополните табели за сите цели)

**В. Изработете план на активности кои ќе ги преземете за постигнување на една од претходно формулираните цели.**

| Активност | Рок | Потребни ресурси | Пречки | Поддршка |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# Содржина: Контрола на однесувањето

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да го анализира и приспособува своето однесување и да ги почитува различните ставови и потреби кај другите луѓе.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да прифати дека во општеството постојат групи и лица кои имаат различни интереси, ставови и потреби,
- да ги преиспитува сопствените карактеристики и однесување и да изнаоѓа начини да ги подобри своите социјални вештини.

## Потребни материјали:

маркер, табла, работен лист 1.8.

## Методи, техники, форми:

Фронтален метод, индивидуална работа, работа во парови, групна дискусија, прашалник.

## *Воведен дел на часот* **(15 мин.)**

Наставникот го започнува часот со краток вовед за планираната наставна содржина, при што ги потсетува учениците дека личниот развој е процес низ кој минува секој човек преку планирање и спроведување одредени активности за да се исполнат целите кои личноста ги дефинирала за промена на сопствените вештини и особини. Наставникот нагласува дека меѓу сопствените карактеристики на кои една личност би можела да работи и да ги развива е и контролата на сопственото однесување. Притоа, особено важен е начинот на однесување и комуницирање во граѓанското општество, како социјална вештина која придонесува личноста да се однесува одговорно, прифаќајќи ги другите и нивните разлики. Наставникот најавува дека на овој час главна тема ќе биде начинот на кој една личност може да го контролира и подобрува своето однесување, а на следниот час тоа ќе биде анализирано во контекст на односите на една личност со другите луѓе во нејзината средина.

Наставникот на учениците им го задава Работниот лист 1.8 преку кој учениците ќе можат да направат самопроценка на способноста за контрола на сопственото однесување. Учениците треба самостојно да го пополнат прашалникот за време од 5 минути.

Откако ќе го пополнат прашалникот, наставникот започнува групна дискусија со следните прашања (7-10 минути):

- Дали дознавте нешто ново за својата способност за контрола на однесувањето додека го пополнувавте прашалникот? Ако да, што беше тоа?
- Колку одговорите што ги дадовте во прашалникот се разликуваат од вашата идеална слика за себе (сликата за какви би сакале да бидете)? Во што се главните разлики?
- Дали забележавте разлики во одговорите поврзани со активности кои ве вклучуваат само вас и одговорите кои вклучуваат односи со други луѓе? Ако да, во што се состојат разликите?

Откако учениците ќе ги споделат своите искуства со пополнувањето на прашалникот, наставникот извлекува заклучок од кратката дискусија:

Во секојдневниот живот често се случуваат неочекувани настани кои можат да влијаат на нашето расположение, нашата подготвеност за исполнување одредени задачи, нашиот однос кон другите луѓе, итн. Поради ова, многу е важно секоја личност да работи на себе и да ја развива сопствената способност за контрола на однесувањето. Практично, ваквата способност понекогаш може да значи смирен разговор, наместо нервозна расправија со најдобриот/та другар/ка кој нè навредил, надминување на тагата предизвикана од лоша вест за пократко време од обично, или, пак, завршување на своите училишни обврски порано од очекуваното, поради следење на претходно направен план за нивно извршување.

## *Главен дел на часот* *(20 минути)*

Наставникот ја дели таблата на четири дела и во секој дел запишува еден од следните чекори:

1. планирање,
2. следење на напредокот,
3. контрола и промена,
4. проценка и рефлексија.

На учениците им дава насоки истото да го направат на еден лист во своите тетратки, по што им го чита следниот пример:

„Фаик на големиот одмор најчесто јаде храна која многу му се допаѓа, но знае дека не е здрава (пр. хамбургер, колачиња, чипс, газирани сокови). Неговите родители сакаат поздраво да се храни, па повремено му помагаат да спакува здрава храна за на училиште (пр. салата, парче овошје, шише вода). Неколку месеци откако започна учебната година, Фаик забележа дека во деновите кога јаде нездрава храна, набрзо по големиот одмор се чувствува поспано и нема доволно концентрација за активно да ја следи наставата. Од друга страна, деновите кога се храни поздраво, Фаик често има енергија и за дополнителни активности по часовите. Поради ова, Фаик одлучи дека сака да почне поздраво да се храни. Што би можел да направи Фаик за да ја направи оваа промена во своето однесување и да почне подобро да ги контролира своите навики за храна?"

Наставникот им дава насоки на учениците во парови да размислат што би можел да направи Фаик за секој од претходноспоменатите чекори (2-3 минути).

### *Можни одговори од учениците:*

1. **Планирање** - Би можел да направи неделен план за храна, би можел почесто да носи храна од дома, би можел да разговара со неговите родители и да учествува во планирањето и пазарењето на семејните оброци, би можел да се договори со неговите другар(к)и заедно да ги планираат оброците за големите одмори, итн.
2. **Следење на напредокот** - Би можел да запишува што јаде секој ден и како се чувствува потоа, би можел еднаш неделно да прави споредба со тоа како се чувствувал во текот на претходната и тековната недела, итн.
3. **Контрола и промена** - Би можел да води евиденција околу тоа колку се придржува кон својот неделен план за храна и доколку забележи дека не се придржува кон планот поради одредена причина (пр. во вторници има физичко образование пред големиот одмор, па брзо огладнува по големиот одмор и посегнува по колачи), да смисли како тоа да го промени.
4. **Проценка и рефлексија** - Еден месец откако ќе започне со новиот начин на исхрана, би можел да направи споредба со тоа како претходно се чувствувал и да постави нови цели за следниот месец, би можел еднаш месечно да разговара со своите

родители околу предизвиците со кои се соочил во последниот месец и заедно да смислат можни решенија, итн.

Откако учениците во парови ќе размислат што би можел Фаик да направи за секој од четирите чекори за контрола на однесувањето, наставникот поканува 2-3 пара да ги споделат своите идеи и ги запишува на таблата.

Истата постапка (читање на ситуацијата, работа во парови и презентација на идеите на 2-3 пара) наставникот ја повторува и за следниот пример:

„Тара и Весна се најдобри другарки кои често поминуваат време заедно. Еден ден, Тара дозна дека Весна им кажала една од тајните на Тара на останатите девојчиња од класот. Тара многу се налути и веднаш ја праша Весна зошто го направила тоа. Весна се извини и објасни дека не знаела дека тоа е тајна, по што се обиде да ја расположи Тара со тоа што ѝ предложи заедно да одат во градскиот парк по часовите. Тара го прифати извинувањето, но сѐ уште ѝ беше многу лута на Весна. Во следните неколку недели, Весна постојано се обидуваше да го подобри односот со Тара и да го обнови другарството што го имаа пред да се скараат. Од друга страна, Тара беше постојано лута и се вознемируваше дури и за најмала ситница од однесувањето на Весна. Постепено, Весна почна да поминува повеќе време со останатите девојчиња од класот, што ја натера Тара да сфати дека ѝ недостига нејзината најдобра другарка. Што би можела да направи Тара за да го обнови другарството со Весна и да спречи слични случки во иднина?"

## *Можни одговори од учениците:*

1. **Планирање** - Тара би можела да размисли како би сакала нејзиното другарство со Весна да изгледа и да разговара со неа на оваа тема, би можела да смисли неколку заеднички активности за кои би ја поканила Весна, би можела да размисли како би било најдобро да се однесува доколку повторно се случи некаков конфликт меѓу неа и Весна, итн.
2. **Следење на напредокот** - Тара би можела да ѝ предложи на Весна еднаш неделно да разговараат околу тоа што би сакале заедно да прават во текот на следната недела, би можела еднаш неделно да прави проценка на сопственото однесување кон Весна, итн.
3. **Контрола и промена** - Тара би можела да ѝ предложи на Весна по секој конфликт да разговараат околу тоа што довело до конфликтот и како би можеле да го спречат во иднина, би можеле заедно да побараат поддршка од училишниот психолог за справување со конфликти, итн.
4. **Проценка и рефлексија** - Тара би можела еден месец, откако ќе започне со промените во своето однесување, да направи споредба помеѓу тоа како изгледало нејзиното другарство со Весна и како изгледа по промените, би можела да размисли за предизвиците со кои се соочиле како другарки и да предложи можни решенија, итн.

Откако ќе бидат презентирани идеите на учениците за двата примера, наставникот започнува групна дискусија со поставување на следните прашања (7-10 минути):

- Како се чувствувавте додека размислувавте за чекорите кои Фаик и Тара би можеле да ги преземат за да направат промена во своето однесување и подобро да го контролираат?
- Наидовте ли на некакви предизвици при смислувањето на чекори за Фаик и Тара? Ако да, опишете ги.
- Што мислите за резултатите од активноста? Дали се согласувате со идеите запишани на табла?

На крајот на групната дискусија, наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок за важноста на контролата на сопственото однесување како дел од личниот развој.

## *Завршен дел на часот/Активност за рефлексија и евалуација* (10 мин.)

Наставникот ги резимира активностите на часот и ги најавува активностите за следниот час:

Идејата за откажување на дел од она што го посакуваме сега, со цел да добиеме нешто подоцна и/или му дадеме на друг нешто што тој посакува е вештина која се темели врз добро познавање на сопствените цели и интереси, но и емпатија и соработка со другата страна. Во процесот на развивање на сопствената вештина за контрола на однесување, особено е важна комуникацијата со останатите луѓе во нашата околина.

За да биде успешна комуникацијата на една личност со останатите во нејзината околина, многу е важно личноста да умее да покаже **толеранција** кон луѓето во нејзината околина кои имаат различни интереси и потреби, но и да направи **компромис.** На следниот час детално ќе разговараме за градењето толеранција и постигнувањето компромис.

Наставникот поттикнува дискусија со учениците, поставувајќи ги следните прашања:

- Замислете си дека сте „во кожата" на Фаик и Тара. Кои од предложените идеи би ги направиле? Што ви се чини тешко за изведување? Како го објаснувате тоа?
- Како би постапиле вие доколку сте „во кожата" на другар(к)ите на Фаик и Тара? Како би можеле да им помогнете да ги остварат своите цели?
- Што би се случило доколку имате различни интереси (пр. сакате брза храна, не сакате да се дружите со Весна)? Би направиле ли компромис?
- Има ли ситуации или работи за кои никогаш не би отстапиле од својот став? Ако да, кои се тие? Што би можело да ве убеди да го смените мислењето?
- Што научивте од денешните активности? Што можете да искористите и да подобрите во вашето однесување ?

# Работен лист 1.8

## Прашалник за контрола на однесувањето

*Упатство:* Направи искрена проценка на сопствената способност за контрола на однесувањето и впиши ја буквата која се однесува на вредноста на одговорите. Оваа скала на проценка е анонимна.

**А - Секогаш, Б - Најчесто; В - Понекогаш; Г - Ретко; Д - Никогаш**

| | Тврдење | Вредност |
|---|---|---|
| 1 | Можам добро да проценам колку време ќе ми одземе одредена задача. | |
| 2 | Кога некому ќе ветам нешто, се трудам да го исполнам ветувањето. | |
| 3 | Одлучувам да работам на своите обврски и задачи, дури и кога ми се чинат здодевни. | |
| 4 | Размислувам за начинот на кој сум ги изработил/а завршените задачи. | |
| 5 | Кога некој ќе ме налути, можам смирено да разговарам со него/неа. | |
| 6 | Пред поважните училишни обврски (пр. тест, проектна задача) правам детален план за нивно извршување. | |
| 7 | Можам да проценам дали навремено ќе ги завршам планираните обврски. | |
| 8 | Штом ќе забележам дека мојот план за завршување на обврските не функционира, веднаш смислувам други опции. | |
| 9 | Кога нешто нема да сработам добро, се обидувам да учам од грешките. | |
| 10 | Кога сум тажен/тажна, знам како да го подобрам моето расположение. | |

# Содржина: Контрола на однесувањето

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да го анализира и приспособува своето однесување и да ги почитува различните ставови и потреби кај другите луѓе.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги дефинира поимите толеранција и компромис,
- да ја опише соработката помеѓу луѓето во остварување на заедничката цел,
- да прифати дека во општеството постојат групи и лица кои имаат различни интереси, ставови и потреби,
- да прифати дека треба да се прави компромис меѓу сопствените и интересите на другите луѓе,

## Потребни материјали:

маркер, табла, неколку празни листови А4.

## Методи, техники, форми:

Фронтален метод, групна работа, играње улоги, бура на идеи.

## *Воведен дел на часот* *(2 мин.)*

Наставникот го започнува часот со следниов вовед:

Во современиот живот луѓето често се наоѓаат во разновидна околина во која се содржани различни личности, работна етика, култури, интереси, желби и потреби. Задоволувањето на сите овие разлики е речиси невозможна задача, но со развивање **толеранција** и начини на кои може да се постигне **компромис**, се очекува луѓето да почнат да ги разбираат и да ги прифаќаат другите околу нив, што би ги намалило конфликтите и несогласувањата.

Наставникот ја најавува следната активност како практична можност учениците да ја увидат важноста на толеранцијата и компромисот, во ситуации кога треба да се најде заедничко решение помеѓу повеќе групи со спротивставени ставови, интереси и потреби.

## *Главен дел на часот* *(33 мин.)*

***Активност:***

### *Играње улоги - Екскурзија*

Наставникот им најавува на учениците дека на часот ќе прават активности со играње улоги. Целата паралелка се дели на три помали групи ученици (паралелка 1-1, паралелка 1-2 и помала група набљудувачи), а наставникот избира и еден ученик кој ќе биде претставник на туристичката агенција и добива посебни инструкции.

Наставникот ги води активностите и на учениците им објаснува дека тие се претставници на две паралелки кои на крајот од учебната година треба да одат на екскурзија. Паралелките имаат малку време да се организираат, но успеале да најдат туристичка агенција која нуди два аранжмани. Првата опција е одење во Будимпешта со запознавање на градот, посета на културни споменици, диско и шопинг. Втората опција е одење во Будва, Херцег Нови и Котор, со многу плажи, спортски активности и дискотеки.

Претставникот на туристичката агенција ги споделува следните информации: „Цената на двете екскурзии е приближно иста. Ние, како агенција, имаме две барања - мора да се одлучите за еден аранжман сите, значи мора двете паралелки да одат на исто место и имате само 10 мин. да ја донесете одлуката, бидејќи треба да се резервираат хотелите. Сите останати паралелки се договорија, само уште вие останавте."

Наставникот на секоја група ученици им дава различни инструкции: На претставниците од 1-1 им се кажува: „Вашата паралелка е заинтересирана за одење во Будимпешта и се обидувате да ги убедите учениците од 1-2 да го прифатат тој аранжман.“ На учениците од 1-2 им се кажува дека тие треба да ги убедат учениците од 1-1 дека е подобро да се оди во Будва. На набљудувачите од туристичката агенција им се кажува дека треба да бидат внимателни набљудувачи, да следат што се случува во текот на преговорите (дали сите биле вклучени, имало ли ученици кои не учествувале, дали преговарачите меѓусебно се слушале и зборувале на глас, каква била атмосферата, кои аргументи ги изнесувале едната и другата страна, итн.).

Наставникот им дава на двете групи малку време за договор (5 мин.)

По изминатото време, наставникот започнува дискусија и бара од секоја група да го сподели своето искуство:

- Дали успеавте да постигнете договор? Ако да, што се договоривте? Ако не успеавте, колку веројатно ви се чини тоа дека ќе постигнете договор? (Можни се различни одговори од учениците, од непостигнување договор до постигнување компромис.).
- Како се чувствувавте додека траеја преговорите, како сега?
- Сега откако имавте 5 минути за убедување, што ви значи повеќе: исполнувањето на сопствената идеја или постигнувањето договор?

Претставниците на туристичката агенција известуваат за текот на разговорите, како течеле, колку ученици учествувале, каква била атмосферата и сл.

Наставникот им посочува на учениците дека ситуацијата што ја одиграле претставува пример за ескалација на конфликт. Поради тоа што двете страни настојуваат да ги спроведат своите идеи, во еден момент престануваат да ги слушаат претставниците на другата страна што може да доведе до викање, лутина, бес, огорченост. Ваквата ситуација е пример на таканаречено **вкопување во сопствената позиција**, при што секоја страна во конфликтот ја губи од вид другата страна со која преговара, сѐ повеќе се залага за сопствената идеја, сѐ повеќе е уверена дека таа е во право и откажувањето од идејата станува сѐ потешко.

Наставникот нагласува дека во овој случај конфликтот беше прекинат во фазата на вкопување во позициите, но во реалниот живот кога конфликтот би продолжил, првобитната причина за конфликтот би станала неважна, а најважно е да се постигне победа над другата страна. Во екстремен случај може да се јави и желба да се нанесе повреда на другата страна, па дури и да има загуби и за првата страна.

Во продолжение наставникот бара од учениците низ бура на идеи да се изјаснат за можниот исход од преговарањето и резимира за споменатите исходи:

1. Едната страна губи, а другата добива – ова е еден од најчестите исходи од конфликтот. Појакиот победува, а послабиот губи. Но, победата од едната страна, најчесто е само привремен исход, бидејќи слабата страна може да се зајакне, и конфликтот да се разгори повторно (на пр. при одложување на тест, при договор за др. екскурзија и сл.).
2. Ниту една страна не добива, односно двете губат. Ова е најчестиот исход од конфликти кои долго траат. Двете страни се исцрпени и можат многу повеќе да изгубат, отколку некој да биде победник.
3. Двете страни постигнуваат компромис, при што секој попушта по малку, двете страни ја чувствуваат/делат, и победата и загубата. Затоа се смета дека компромисот е добро решение. Двете страни добиваат кога и двете страни имаат доживување дека се победници. До ова може да дојде кога ќе се дефинираат потребите на двете страни, а бидејќи потребите на двете страни можат да се задоволат на повеќе начини, со тоа се отвораат повеќе можности за разрешување на конфликтот. Дури во тој случај двете страни ќе бидат задоволени.

Наставникот ги упатува учениците да се вратат повторно во мали групи, но во овој случај да се придржуваат кон неколку правила:

- Внимателно да ја слушаат другата страна,
- На еден лист да ги наброjат сите потреби и причини заради кои се залагаат да одат на патување, токму на избраната дестинација.
- Потоа секоја група пред другите ученици да ги претстави своите потреби и причини, но додека зборуваат едните, другите имаат задача внимателно да слушаат, без прекини и упаѓање.
- Секоја група има по 5 мин. за презентација.
- Задачата на набљудувачите е да ја забележат атмосферата и однесувањето на членовите на двете групи и да забележат разлики во однос на претходната фаза.

По презентирањето наставникот ги коментира сличностите и разликите на потребите на спротивставените страни. Наставникот објаснува дека направената постапка се вика **мапирање на потребите и грижите** и може да биде многу корисна кога постои конфликт, бидејќи им помага на луѓето да ги согледаат своите потреби и грижи, како и потребите и грижите на другата страна. На тој начин можат појасно да се согледаат и разберат сопствените и туѓите позиции, со помалку емоции. Мапирањето укажува на нови правци во изнаоѓање на решение на конфликтот.

На крајот од активноста, наставникот им задава на учениците, во рамките на секоја група, да се договорат и да ја заокружат онаа потреба за која сметаат дека е најважна и од која нема да отстапат. Потоа, ги повикува да се обидат да најдат заедничко решение кое би било прифатливо за двете страни, односно истовремено би ги задоволило потребите и на едната и на другата група. Како можен одговор, освен постигнувањето компромис за двата понудени аранжмани, можно е да се спомене и барањето трета опција која би била посоодветна на потребите на двете групи.

Групите ги презентираат своите решенија и колку се задоволни од нив. По презентациите, наставникот ја резимира спроведената активност преку дефинирање на клучните поими и основните информации важни за наставната содржина:

**Толеранција** претставува почитување на различностите на другите, во однос на нивните ставови, вредности, јазик, национална или религиска припадност, социјален статус и сл. Децата се раѓаат без предрасуди, но во процесот на растење тие ги присвојуваат, учат од околината, од своите врсници, родители или заедница. Предрасудите можат да се надминат преку развивање на толеранцијата. Важно е да се нагласи дека толеранцијата не е само нешто што е добро да се развива, туку е неопходна за добросостојбата на сите луѓе во нашата околина. На пр. во една училница, ако сите ученици треба да постигнат напредок во согласност со нивните цели, многу е важно сите да си помагаат и да се прифатат еден со друг, без оглед на нивните разлики.

Како што расте и се развива една личност, така станува се посвесна за другите околу неа. Нормално и очекувано е дека ќе наиде на друга личност со која ќе има различни ставови, мислења или интереси, што може да доведе до несогласувања, караници и конфликти. Сепак, наместо да се навлегува веднаш во кавги и несогласувања, подобро би било личностите да поразговараат за нивните разлики, да кажат што чувствуваат, што е тоа што за нив претставува проблем. Еднакво е важно и засегнатите личности да умеат меѓусебно да се сослушаат и повремено да постигнат **компромис**, односно решение во кое и двете страни би се откажале од дел од своите барања. Компромисот се постигнува низ комуникација и взаемно прифаќање на условите, при што многу често се отстапува од првичните позиции и барања. Компромисот е значаен дел од успешната комуникација и е процес кој се учи.

Преку споделувања на сопствените чувства, потреби и перспективи луѓето можат да научат да препознаваат што чувствуваат и да препознаат што чувствуваат другите луѓе. На овој начин, тие стануваат посвесни за потребите на другата личност, а можат и да научат да ги прифаќаат другите и нивните гледишта. Секогаш постои можност да се појават нови несогласувања, но тие со тек на време би станале помалку и полесни за решавање.

# *Завршен дел на часот/Активност за рефлексија и евалуација* *(10 мин.)*

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија:

- Што мислите за активноста која ја спроведовме? Дали се согласувате со финалниот исход? (Можни се различни одговори од страна на учениците, од целосно согласување со исходот до искажување на потреба да се постигне поинакво решение и неприфаќање на компромисот.)
- Како би функционирала една ваква ситуација во реалноста? (Очекувани се различни одговори од учениците.)
- Како вие би реагирале во слична ситуација? (Од учениците се очекува да споделат лични ставови и искуства со слични ситуации од секојдневниот живот.)
- Што научивте од оваа вежба? Што можете да искористите и да подобрите во вашето однесување ?

Наставникот извлекува заклучок дека во секојдневниот живот полесно е да се дојде до конфликт наместо до договор, особено кога во комуникацијата не се води сметка за потребите на другата страна. За полесно решавање на конфликтите, важно е сите засегнати страни да бидат ислушани и нивните потреби да бидат земени предвид. Особено е важна толеранцијата кон различните од нас и желбата за постигнување заедничко решение кое ќе ги задоволни двете страни.

# Содржина: Етичност

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да ја анализира и проценува важноста на моралните вредности и норми во општеството и личниот живот на граѓанинот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги дефинира поимите етичност, вредности, морал и морални норми,
- да го идентификува влијанието на моралните вредности и норми во поширок општествен контекст.

## Потребни материјали:

хартија, пенкало, Работен лист 1. 9, Работен лист 1.10, Работен лист 1.11

## Методи, техники, форми:

групна работа, индивидуална работа, групна дискусија, анализа на ситуации.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот ја најавува вежбата „Балон". Ги дели учениците во групи и на сите групи има дава една иста задача, да замислат дека неколку вредности се ставени како мали вреќички во голем балон кој треба да лета (прикажува Слика 1). Летот оди добро до некој момент, по што вреќичките почнуваат да тежат. Секоја група треба да се договори што би исфрлиле и кои три вредности би ги оставиле во кошницата на балонот. Групите ги презентираат своите одговори и наставникот ги повикува да одговараат на прашањата:

1. Дали ви беше тешка одлуката?
2. Зошто така одлучивте?
3. Сте биле ли во ситуација во која требало да изберете помеѓу две работи кои подразбираат различни вредности (на пр. богатство наспроти љубов, искреност наспроти пријателство и сл.)?

Наставникот ја води дискусијата во насока учениците да разберат зошто е тешко да се избира што да се фрли, а што да се остави во корпата на балонот, затоа што не е едноставно да избираме што има поголемо значење за нас.

На крај на дискусијата, наставникот резимира што претставуваат вредностите.

**Вредностите** се општи идеи на луѓето кои го водат однесувањето и им помагаат да ја разберат разликата помеѓу тоа што е правилно и погрешно. Вредностите определуваат колкава важност им даваме на одредени работи или постапки, со цел да одредиме кое однесување е најдобро или кој е најдобриот начин да се живее. Поради тоа, тие претставуваат основа на целокупниот начин на живот на луѓето.

## Главен дел на часот (20 мин.)

Наставникот им дава инструкција на учениците секој за себе да го пополни барањето од работниот лист 1.9- Културолошки вредности. Потоа неколку ученици ги читаат напишаните вредности и сите заедно доаѓаат до објаснување на поимот **културолошки вредности.** Тоа се вредности пренесени од културата на која ѝ припаѓаме. Секоја култура негува свои вредности и му ги пренесува на поединецот преку семејството и средината во која живее, и самата култура во суштина е систем на вредности околу кои човекот го организира животот.

Во продолжение, наставникот на сите ученици им дели Работен лист 1.10 - Лични вредности (или ја прикажува листата на проектор/хамер) кој содржи список на вредности, и од нив бара да ги изберат нивните 10 најважни вредности и истите да ги рангираат од 1 до 10 при што 1 е најважната вредност.

Кога ќе завршат, наставникот ги повикува да најдат пар и да си ги презентираат истите еден на друг. Наставникот повикува неколку парови да презентираат пред другите и да одговараат на следните прашања:

- Како ги одбравте токму овие вредности?
- Што мислите, кога би ја правеле истата вежба по 10 години, дали би добиле ист список?
- Доколку се наоѓате во различна животна ситуација, дали би ги избрале истите вредности?
- Кога ги гледате двете задачи (културолошки наспроти лични вредности), за што станувате свесни? Дали може некоја културолошка вредност да не е наша лична вредност? Пример?

Од добиените одговори наставникот сумира дека нивните **лични вредности** може да потекнуваат од културата на која ѝ припаѓаат, но тоа не е нужно. Тие може да бидат вредности кои сами сме ги стекнале од наше искуство и слободно може да се разликуваат од еден до друг човек, иако припаѓаат на иста култура.

Наставникот ја потенцира развојноста на вредностите т.е. приоритизирањето во текот на животот, што значи дека низ животот, може други работи да станат поважни или повредни за човекот, во зависност од неговото лично искуство. Дополнително, моменталната ситуација или условите во кои живее личноста, исто така, можат да влијаат на давање различен приоритет на вредностите.

## *Завршен дел* *(10 мин.)*

На крајот на часот, наставникот им прикажува на учениците листа со народни поговорки (Табела 1) и ги повикува да се изјаснат (да гласаат) во поглед на тоа дали се согласуваат со (значењето на) поговорките. Објаснува дека поговорките се всушност израз на културолошките вредности кои ги негувало или сè уште ги негува одредено општество. Учениците можат да дискутираат колку во современото општество се задржале вредностите од минатото и колку и кои се измениле.

**Табела 1.** Народни поговорки.

| Народна поговорка | СЕ СОГЛАСУВАМ | НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ |
|---|---|---|
| Брза кучка, слепи кучиња раѓа. | | |
| Арен збор, царски врати отвора. | | |
| Добрината со добрина се плаќа (враќа). | | |
| Дури не посееш, нема што да жнееш. | | |
| Џабе работи, џабе не седи. | | |
| Крушата под круша паѓа. | | |
| Без мака, нема наука. | | |
| Три пати мери, еднаш сечи. | | |
| Долга коса, краток ум. | | |

**Слика 1.** „Балон на вредности“



## *Работен лист 1.9*

### *Културолошки вредности*

Напишете неколку вредности кои мислите дека сте ги добиле од вашите родители, наставници и пријатели кои мислите дека се одраз на културата на која ѝ припаѓате:

# Работен лист 1.10

## Лични вредности

Подолу е дадена листа на лични вредности, наредени по азбучен ред. Означете од 1 до 10 според тоа кои вредности се најзначајни за вас :

_____ Амбиција

_____ Великодушност

_____ Емпатија

_____ Здравје

_____ Искреност

_____ Толеранција

_____ Храброст

_____ Автономија

_____ Алтруизам

_____ Богатство

_____ Емоционална добросостојба

_____ Естетика

_____ Задоволство

_____ Знаење

_____ Креативност

_____ Лично постигнување

_____ Лојалност

_____ Љубов

_____Мудрост

_____ Пријателство

_____ Физички изглед

_____ ______________ ( наведете друго)

# Содржина: Етичност

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да ја анализира и проценува важноста на моралните вредности и норми во општеството и личниот живот на граѓанинот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги дефинира поимите етичност, вредности, морал и морални норми,
- да го идентификува влијанието на моралните вредности и норми во поширок општествен контекст,
- да опишува примери на етички и неетички постапки,
- да предлага начини за владеење на етичноста во општеството.

## Потребни материјали:

Работен лист 1.11, Работен лист 1.12,

## Методи, техники, форми:

индивидуална работа, работа во група, анализа на ситуации, групна дискусија

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Учениците ги добиваат тврдењата од Работен лист 1.11 „Јас би сакал...“ и имаат 5 минути индивидуално да ги прочитаат тврдењата и да проценат што е точно за нив, означувајќи едно од двете тврдења по колона, со знакот √. По пополнувањето, наставникот бара неколку ученици да ги презентираат своите одговори и да одговараат на следните прашања:

- Како се чувствувавте додека избиравте помеѓу двете тврдења?
- Како донесовте одлука кое да го изберете?
- Какви чувства ви предизвикуваше изборот на едното, наспроти другото тврдење?
- Дали при изборот се запрашувавте: Што би рекле другите (семејството, пријателите, општеството) за овој избор?

Наставникот објаснува дека обично ваквите ситуации ги нарекуваме дилеми, кога треба да избираме помеѓу две или повеќе ситуации од кои и двете имаат предности и недостатоци. Дилемите се многу честа појава во нашето секојдневно живеење и честопати ги решаваме, така што се водиме од нашите емоции. Секој од нас има емоционална основа за доброто и лошото, за праведноста и неправедноста, за разумното и неразумното. Затоа при избирање, кај секој од нас (како што беше конкретниот случај со тврдењата) се јавува еден вид „притисок“ дали избираме добро или лошо, дали настапуваме праведно или не, кога треба да преземеме нешто, дали нашиот избор е во склад со нашите вредности, со вредностите на културата на која припаѓаме итн.

Емоциите/чувствата имаат големо влијание во решавањето на моралните дилеми, иако повеќето луѓе не се свесни за тоа колку нивните емоции ги насочуваат постапките. Внатрешно насочените негативни емоции како вина, срам и сл. честопати ги поттикнуваат луѓето да постапуваат етички. Надворешно насочените негативни емоции, од друга страна, имаат за цел да дисциплинираат или да казнат. На пример луѓето честопати се однесуваат со лутина, одвратност или презир кон оние кои делувале неетички, и на тој начин го обесхрабруваат ваквото однесување во иднина.

Позитивните емоции како благодарност и восхит, кои ги чувствуваме кога гледаме дека некој се однесува кон другите со емпатија и добрина, можат да нè поттикнат и нас кон такво однесување. Емпатичноста е главно морално чувство кое мотивира кон соработка, помагање и љубезност.

## *Главен дел на часот* *(25 мин.)*

Наставникот ги дели учениците во групи, и секоја група добива една ситуација од Работен лист 1.12. Учениците имаат 10 минути да ја анализираат ситуацијата преку одговарање на следните прашања:

1. Која е вашата дилема во конкретната ситуација?
2. Кои вредности се спротивставени во ситуацијата?
3. Кои од наведените причини се однесуваат на личниот интерес?
4. Кои од наведените причини се однесуваат на грижата за другите луѓе, за добросостојбата на целото општеството?
5. Дали некои причини се подобри од други? Зошто?
6. Дали е оправдано граѓаните да ги кршат законите за „добри причини“? Зошто да? Зошто не?

Доброволци ги споделуваат одговорите на прашањата со целиот клас и се остава простор за коментари од другите групи. Добиените одговори на прашањата, наставникот ги користи да дојде до дефинирање на клучните поими.

Во основа на **моралот** се нашите основни вредности. Тие поставуваат правила за тоа како да се однесуваме во одредени ситуации. Бидејќи системот на вредности е индивидуален и зависи од искуствата на единката и од културата во која живее, различни луѓе може различно да реагираат во исти ситуации. Па така, оној кој дава поголема вредност на постигнувањето личен успех, ќе се одлучи да препише од соученикот и да го скрие тоа, а оној кој повеќе ја вреднува чесноста, ќе реши да ја каже вистината, за да не му наштети на другиот (Ситуација 3).

Науката која ги истражува човековите постапки и намери од призмата на **доброто** или **лошото** со цел доброто да се реализира, а лошото да се отстрани е **етика** или **наука на моралот**. Моралното однесување е нешто што треба да се пофали, неморалното однесување е нешто што треба да се отфрли.

Наставникот објаснува дека постои **личен морал,** а тоа е кога човекот гради систем на сопствени етички (морални) принципи во основата на личниот идентитет, и **социјален морал** кој претставува еден цел систем на општоприфатени морални вредности во начинот на кој функционира општеството. Социјалниот морал ги вклучува стандардите, очекувањата и правилата кои ги има одредено општество или општествена група за тоа што е „нормално“ и „соодветно“ да се чувствува, мисли и прави. Иако најчесто се непишани, вообичаено се длабоко вкоренети во начинот на функционирање на општеството/групата.

Личниот и социјалниот морал не се секогаш усогласени. Бидејќи етичноста е честопати лична и не е неопходно поврзана со законите, некој може да смета дека одредена постапка

е „добра“ дури и ако со истата го прекршува законот. На пример, иако човекот од Ситуација 4 знае дека не е во ред тоа што го прекршува законот со нелегално сечење дрва, сепак тоа го прави за да обезбеди подобри услови за живеење на неговото семејство. Иако социјалните морални вредности му велат дека тоа не е во ред, неговата лична моралност му вели дека треба да го заштити семејството и тоа има приоритет во неговата одлука. Па така, тој може да ја направи погрешната работа (да украде дрва) поради причина која за него е лично оправдана.

## *Завршен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот го пишува на табла следното прашање: ***Што можеме да направиме за да го подобриме владеењето на етичноста во општеството?*** и бара од учениците секој индивидуално да напише што може тој како поединец да направи, што може семејството, врсниците, училиштето, општината, државата. Додека учениците пишуваат, наставникот на табла црта концентрични кругови (Слика 2) кои потоа ги пополнува со одговорите на учениците кои презентираат.

Особено внимание треба да посветат на тоа што секој од нив може да направи, преку пишување личен етички кодекс кој ќе биде составен од 3-5 основни правила кои секој ученик сака лично да ги почитува и да ги вгради во својата личност (пр. Јас ќе ги сакам и почитувам најблиските и пријателите; Ќе се однесувам кон другите со почит како што сакам со мене да се однесуваат, Ќе им помагам на другите и др.).

**Слика 2.** Кругови на етичност



# *Работен лист 1.11*

## *Јас би сакал....*

| | |
|---|---|
| Да имам многу пријатели, но никој близок | Да имам само еден или двајца блиски пријатели |
| Да бидам најдобар играч во тим кој секогаш губи | Да бидам најслабиот играч во тим кој секогаш победува |
| Да имам строг учител, но кој ќе ме научи многу | Да имам добар учител од кој нема многу да научам |
| Да работам работа која не ја сакам, но многу да заработувам | Да работам работа која ја сакам, иако платата не е многу висока |
| Да имам многу забавен пријател, кој не е многу добар човек | Да имам пријател кој е многу добар, но многу здодевен |
| Да живеам сам и да бидам богат | Да живеам со драги и блиски луѓе и да не сум многу богат |

# Работен лист 1.12

## Морални дилеми

### Ситуација 1

Игор секој ден патува пеш од многу далеку за да стигне на работа. Кога би имал велосипед сè ќе беше поедноставно. Поради тоа направи план за штедење пари од платата, но за да го купи велосипедот кој го посакува, би требало да штеди минимум 18 месеци. . Еден ден на улица, на човекот кој оди пред него му паѓа паричник со пари. Што мислите, дали Игор треба да го земе паричникот и така да го реши проблемот со превоз до работа, или да го врати паричникот на неговиот сопственик?

### Ситуација 2

Гледате како некои ученици во училишниот двор потценуваат и исмејуваат друг ученик. Забележувате дека тоа се оние деца од кои сите се плашат и голема е веројатноста дека ќе ве задеваат и вас, ако се обидете да ги запрете. Како ќе реагирате?

### Ситуација 3

Имате многу важен тест по математика за приемен испит и препишувате од оној што седи до вас без тој да забележи. Добивате исти бодови колку и другиот ученик, а има место само за едниот од вас. Што мислите, дали ќе признаете или ќе премолчите?

### Ситуација 4

Полицијата приведува сиромашен човек кој незаконски сече дрва со цел да ги продаде, за да го прехрани семејството. За ова кривично дело предвидена е казна од најмалку 5 години затвор. Дали треба да се земе предвид неговиот социјален статус при одредување казна?

### Ситуација 5

Линдита е член на група која организира хуманитарна акција за едно многу сиромашно семејство. Некои од групата инсистираат да снимаат интервју со членовите на загрозеното семејство и истото да го објават на социјалните мрежи, сметајќи дека така повеќе луѓе ќе дознаат за нив и ќе се соберат повеќе средства. Линдита мисли дека членовите на семејството не треба да се изложат пред јавноста. Што мислите вие?

## Ситуација 6

Мартин за роденден побара од родителите да му купат нови патики од најпопуларната компанија за спортска опрема. Сепак, за подарок доби патики од друга компанија, поради тоа што неговите родители дознаа дека производите на најпопуларната компанија за спортска опрема се произведуваат од страна на малолетни деца во фабрики со лоши работни услови, за што добиваат многу ниски плати. Родителите на Мартин сметаат дека не треба да ја поддржуваат компанијата со купување на нивните производи. Што мислите вие?

## Ситуација 7

Градоначалникот на едно мало населено место најави отворање нова и модерна фабрика од страна на странски инвеститори, која би овозможила вработување минимум 3 000 граѓани. Сепак, за изградба на фабриката неопходно би било сечење на блиската шума. Активистите за зачувување на животната средина организираат протест против отворањето на фабриката, аргументирајќи дека со сечење на блиската шума ќе се загрозат природните живеалишта на многу животни и ќе се намали квалитетот на воздухот во населеното место. Од друга страна, еден дел од жителите на градот во новата фабрика гледаат можност за обновување на нивната економија и подобрување на квалитетот на живот за минимум 3 000 граѓани. Замислете дека сте градоначалник на ова населено место. Како би постапиле во оваа ситуација?

# Содржина: *Изразување емоции*

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да анализира како врз начинот на однесување влијаат знаењата, емоциите и вредностите.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги објасни поимите емоција, емпатија, сочувство,
- да наведува примери за различни емоционални реакции, искажани чувства, емпатија.

## Потребни материјали:

лист, хартија, табла, креда, Работен лист 1.13, Работен лист 1.14, Работен лист 1.15, работен лист 1.16

## Методи, техники, форми:

индивидуална и групна работа, групна дискусија.

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот го започнува часот, така што ги прашува учениците:

- Како се чувствувате денеска?

Ги чека нивните одговори и продолжува со следно прашање:

- Дали е тешко да се зборува за чувства? Во кои ситуации ви е тешко да зборувате?

По одговорите, наставникот продолжува со активност која се однесува на препознавање емоции.

## Главен дел на часот (35 мин.)

**Активност:**

### Препознавање емоции (15 мин.)

Секој ученик добива работен лист 1.13 со цртежи кои покажуваат некоја емоција. Нивна задача е да препознаат за која емоција станува збор и да ја запишат под конкретниот цртеж. Наставникот бара од некои од нив да ги презентираат одговорите, по што ги прикажува пополнетите цртежи со одговори (работен лист 1.14). Учениците ги споредуваат одговорите, ги дискутираат и ги коригираат погрешните одговори. Наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања :

- Кои емоции ви беа потешки за препознавање? Зошто ?
- Кажете некои типични ситуации кога се јавува одредена емоција?

Наставникот дискусијата ја води во насока учениците да разберат колку умеат да препознаат емоции, кои потешко ги препознаваат и зошто сметаат дека не ги препознале, која емоција е карактеристична за различни ситуации.

На крајот на дискусијата наставникот објаснува што се ***емоции***, нагласува дека постојат низа објаснувања за тоа што се емоции, зависно од пристапот кон оваа тема. Најчестите елементи се:

- Емоција е психички процес кој претставува **реакција** на личноста на некое случување. При реакцијата, случувањето не само што се забележува/перципира туку и се чувствува, што ги прави емоциите различни по квалитет во споредба со другите реакции на личноста (на пр. перцепција, мислење).

- „Случување“ е најчесто некоја **промена** која го нарушила балансот на таа личност и нејзиниот свет, а емоцијата е последица на таа новонастаната ситуација и му помага на човекот да се **адаптира.** На пример, емоцијата на тага ни помага да се прилагодиме на одредена загуба, емоцијата на страв да се прилагодиме на ситуација која нѐ плаши и сл.
- Личноста реагира преку емоционална реакција на оние ситуации кои ги **проценува како важни.** За да се случи емоционална реакција, одредено случување треба да се регистрира (перципира), да му се одреди значење, да му се одреди вредност. Она што личноста го проценува како важно зависи од сопствениот систем на вредности, поради што и луѓето се разликуваат во начините на кои реагираат во иста ситуација.
- Целото ова се случува во самиот **организам** каде што настануваат низа физиолошки промени (на пр. поцрвенување при чувство на срам, силно срцебиење при чувство на страв, плачење при чувство на тага итн.).

Разбирањето на сопствените емоции е особено значајно за да можеме да се разбереме себеси, како и другите луѓе.

Наставникот ги резимира главните елементи на некои од основните емоции, преку описи или примери.

**Страв:** Соочување со неизвесност или егзистенцијална опасност. Личноста проценува дека е загрозена некоја нејзина вредност, а не може соодветно да им се спротивстави на објектите или ситуациите кои ја загрозуваат.

**Срам:** Неуспех да се задоволат сопствените очекувања. Личноста чувствува срам во ситуација кога проценува дека со одредена своја постапка ја потврдила негативната слика за себе пред некоја важна личност или група.

**Тага:** Искусување на ненадоместена загуба на нешто што се проценува како вредно.

**Гнев:** Навредлив напад врз нас или некој наш близок. Може да е предизвикан од лутина или од омраза.

**Завист:** Посакување на тоа што го има (што е) другиот. Вообичаено личноста смета дека „другиот“ незаслужено има некоја вредност која личноста смета дека таа исто или повеќе ја заслужува.

**Среќа:** Постигнување напредок кон реализирање одредена цел, желба, или потврдување на одредена вредност.

**Љубов:** Пријатно чувство кое се јавува кон објект/личност кој се доживува како многу вреден и кој се смета за составен дел на својот интимен живот. Се разликува од заљубеност, која претставува идеализирана претстава за „другиот“.

**Омраза:** Интензивно чувство на несакање, насочено кон некој за кој се верува дека неоправдано загрозува одредена значајна вредност на личноста.

**Активност:**

## *Емоциите како начин на комуникација (20 мин.)*

Учениците се поттикнуваат да ги гледаат емоциите не само како лични доживувања туку и како начин на комуникација. Се очекува да разберат дека истите не се јавуваат во вакуум, туку *во релација со нешто или некого*. За таа цел наставникот ги дели учениците во помали групи и секоја група добива работен лист 1.15. за кој имаат 10 минути да го пополнат. (Наставникот може да ги запише емоциите на табла или да ги проектира на проектор, а учениците да запишуваат во тетратка). Откако по еден ученик од секоја група ги презентира одговорите до кои дошле, наставникот ги поттикнува да ги споредат описите, при што се водат од пополнетата табела (Табела 2) со примери на вид порака која ја испраќаме со одредена емоција.

**Табела 2.** Комуникација преку емоции (потенцијални одговори)

| Емоција | Пораката која ја праќаме изразувајќи ја емоцијата |
|---|---|
| Гнев | Промени го твоето однесување! |
| Страв | Ме загрозува нешто посилно од мене. |
| Љубов | Ти си вредно човечко суштество и јас сакам да те имам во мојот интимен свет. |
| Тага | Поминувам низ период на голема загуба. |
| Среќа | Мојата желба/цел е исполнета. |
| Срам | Знам дека не ги исполнувам вашите очекувања. |

Наставникот нагласува дека е многу важно да бидеме свесни за своите емоции, да знаеме да ги идентификуваме и да ги прифатиме. Да знаеме дека тие се израз на нашата реакција во одредена ситуација, да умееме да ја процениме нивната јачина и да знаеме да посочиме што точно ги предизвикува. На тој начин, ќе знаеме каде и како да ги изразуваме и да ги контролираме. Ќе знаеме како нашите емоции влијаат на другите и ќе можеме да прифатиме одговорност за нивното дејство. Исто така, треба да умееме да ги идентификуваме емоциите кај другите, да ги уважиме, за да можеме соодветно да реагираме на секоја ситуација.

## Завршен дел на часот и рефлексија
**(5 мин.)**

Во последниот дел од часот, наставникот поставува неколку прашања за рефлексија и дискусија:

- Како се гледате себеси? Како емотивно бурна личност или како емотивно мирна и стабилна?
- Како ја оценувате сопствената способност за проценка на емоциите на другите?
- Како се справувате со непосакуваните емоции? Дали некогаш сте се обратиле за помош кај стручната служба на училиштето? Зошто да? Зошто не?
- Дали сте забележале дека луѓето различно реагираат во конкретна ситуација (филм, книга, песна...)? Дајте пример.

# Работен лист 1.13

## Препознавање емоции



# *Работен лист 1.14*

## *Препознавање емоции (одговори)*



# *Работен лист 1.15*

## *Комуникација преку емоции*

| Емоција | Пораката која ја праќаме изразувајќи ја емоцијата |
|---|---|
| Гнев | |
| Страв | |
| Љубов | |
| Тага | |
| Среќа | |
| Срам | |

# Содржина: Изразување емоции

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да анализира како врз начинот на однесувањето влијаат знаењата, емоциите и вредностите.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може:

- да ги објасни поимите емоција, емпатија, сочувство,
- да наведува примери за различни емоционални реакции, искажани чувства, емпатија,
- да споредува емоционални реакции во различни ситуации,
- да ги проценува сопствените реакции во различни ситуации.

## Потребни материјали:

лист, пенкало, табла, креда, Работен лист 1.16, Работен лист 1.17

## Методи, техники, форми:

фронтален метод, индивидуална и  групна работа, анализа на ситуации, групна дискусија

# Воведен дел на часот (5 мин.)

## Групна дискусија: Што е емпатија?

Наставникот го започнува часот со следните прашања:

- Дали некогаш сте слушнале за поимот емпатија? Во кој контекст?
- Дали некогаш сте чувствувале емпатија за некого? Во каква ситуација се јавила таа?

Со овие прашања наставникот проверува кои се предзнаењата на учениците за темата на тековниот час. Се очекува дека иако повеќето ученици имаат искуство со емпатија, не секој знае соодветно да ја идентификува.

# Главен дел на часот (30 мин.)

## Активност:

### Во „кожата“ на другиот

Учениците се делат во пет групи и секоја група добива **една** од ситуациите од работен лист 1.16. Од нив се бара да ја анализираат ситуацијата преку дискусија во групата и одговарање на прашањата (како се чувствува ликот од ситуацијата, зошто, што можат да направат за него и како да го направат тоа). Откако ќе ги анализираат ситуациите, секоја група, на табла ја пополнува следната табела:

**Табела 3. Во „кожата“ на другиот**

| Ситуација | Како се чувствува? | Зошто? | Како би реагирале? |
|---|---|---|---|
| Ситуација 1 | | | |
| Ситуација 2 | | | |
| Ситуација 3 | | | |
| Ситуација 4 | | | |
| Ситуација 5 | | | |

По пополнувањето на табелата, наставникот ги резимира понудените одговори и ги прашува останатите ученици дали би реагирале поинаку. Продолжува со прашања за да утврди колку учениците, при читање на ситуацијата, ја доживеале емоцијата на ликот.

Наставникот објаснува дека ***емпатијата*** претставува способност да го чувствуваме и разбереме тоа што другите го чувствуваат. Тоа значи - не само што знаеме дека некој страда

или тагува, туку да умееме и длабоко да го разбереме неговото чувство и го доживуваме на посебен начин, гледајќи го светот со неговите очи. Вештината да се открие што чувствуваат другите е основна вештина во комуникацијата со другите луѓе и претставува основа за социјално одговорно однесување. Таквото однесување е многу значајно за развој на граѓанското општество и почитување на демократските вредности.

Наставникот објаснува дека некои наши реакции кон дадени ситуации наликуваат на емпатија, но не се емпатија. Најчесто емпатијата ја мешаме со **сочувство,** што се однесува на чувствување и покажување жал за другите. Сочувството наликува, но не е замена за емпатија, затоа што на луѓето вообичаено им е потребно подлабоко разбирање за тоа низ што поминуваат. Емпатијата е всушност поврзана со грижата за другиот. Моралноста и нашите вредности имаат корени во емпатијата. Таа ги тера луѓето да реагираат, да помогнат, па дури да се борат против некоја неправда.

Според тоа, емпатијата е основа за граѓански активизам. Членовите на заедницата треба да се разбираат меѓусебно, да се грижат едни за други, да умеат да комуницираат за проблемите со кои се соочуваат и да преземаат акција за позитивна промена. Дополнително, тие треба да умеат да соработуваат со луѓе кои се различни од нив, по разни основи (на пр. возраст, етничка припадност, професија итн.). Сите овие услови зависат од способноста на личноста за емпатија.

Спротивна на емпатијата е рамнодушноста и суровоста како потполно отсуство на емпатија.

## *Развој на емпатично однесување*

Емпатичното однесување може да се развива во текот на животот. Различни фактори, од самата личност, и од средината можат да бидат фактор за развој на емпатија:

- Семејство кое дава поддршка и покажува грижа кон членовите, членови на семејството кои се отворени кон различни мислења и ги прифаќаат без осудување.
- Група врсници која има позитивни очекувања и вредности во однос на грижата и помагањето на другите.
- Вклученост во воннаставни активности, особено волонтерски организации и/или активности.
- Училиште кое негува демократски вредности, вклучително поддршка од и кон наставниците, вклученост на учениците во различни процеси на ниво на училиште, слобода на изразување и заемно почитување на мислењата.
- Медиуми и медиумски содржини кои презентираат и промовираат соработка, почитување, грижа за другите.
- Висока самодоверба на личноста и уверување дека може да постигне општествена промена.

## Завршен дел на часот и рефлексија

***(10 мин.)***

Наставникот ги поттикнува учениците самостојно да ги разгледаат факторите за развој на емпатија и да проценат колку секој од нив е присутен и развиен во нивниот живот. Тие се повикуваат да размислат на кои од овие фактори можат лично да влијаат, и на кој начин, во насока на нивно насочување кон развој на емпатично однесување во општеството. Преку групна дискусија се сумираат мислењата на класот.

# Работен лист 1.16

## Во „кожата“ на другиот

### Ситуација 1

Учениците од класот го игнорираат Петар и не се дружат со него. За време на одморите тој останува сам во училница бидејќи никој не го вика да јадат или да излезат надвор заедно. Деновите кога наставата завршува порано, тој  чека сам на улицата да пристигне неговиот превоз.

- Како се чувствува Петар?
- Зошто се чувствува така?
- Како би реагирале доколку тој учи во вашето училиште?

### Ситуација 2

Кучето на Рина починало додека таа беше на одмор. Родителите немаа смелост да ѝ кажат се додека таа се врати.

- Како се чувствува Рита?
- Зошто се чувствува така?
- Како би реагирале доколку ви е пријателка?

### Ситуација 3

Пријателката на Азра купи телефон што таа го посакува веќе подолго време. Мило ѝ е што другарка ѝ го има, но не ѝ е сеедно што таа не може да го купи.

- Како се чувствува Азра?
- Зошто се чувствува така?
- Како би реагирал/а доколку си ѝ пријател/ка?

### Ситуација 4

Пред некој ден на Ману му беше роденден. Тој го покани целото друштво на забава. Но, во исто време се одржуваше концерт на позната музичка ѕвезда на кој отидоа најголем дел од друштвото на Ману. Само двајца од пријателите му дојдоа на роденденската забава.

- Како се чувствувал Ману?
- Зошто се чувствувал така?
- Како би реагирал/а ти доколку си негов/а пријател/ка?

## *Ситуација 5*

Во петок, седмиот час  на Нора ѝ беше физичко. Таа беше малку изморена и деконцентрирана и наставникот по физичко ја исклучи од игра. Нора седна на клупата и ги гледаше соучениците како играат.

- Како се чувствувала Нора?
- Зошто се чувствувала така?
- Како би реагирал доколку таа учи со тебе во клас?

*Модуларна единица*

2

# ГРАЃАНСКА ПОВРЗАНОСТ

# Содржина: Комуникација

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги идентификува различните видови комуникација и нивното влијание врз современиот начин на живеење .

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува различни начини на комуникација и услови што влијаат врз ефективната комуникација,
- да ја опишува комуникацијата како основно средство за разбирање меѓу луѓето,
- да прави план за ефективна комуникација (вербална, невербална, дигитална) за да се заврши некоја сложена задача,
- да ја приспособува комуникацијата во зависност од контекстот и достапните форми.

## Потребни материјали:

Проектор, лаптоп, флипчарт, маркери, Работен лист 2.1.

## Методи, техники, форми:

дискусија, индивидуална работа, работа во парови и групи, фронтална форма на работа.

# Воведен дел на часот (15 мин.)

**Активност:**

## „Расипан телефон“

Наставникот најавува дека денешниот час ќе започне со еден „мразокршач“ за кој му треба еден доброволец. Наставникот му дава мало ливче на доброволецот на кое е напишана некоја подолга реченица. Ученикот ја чита реченицата во себе и му ја пренесува тивко со шепот на првиот ученик од која било страна на училницата. Откако ќе ја слушне реченицата, ученикот на истиот начин ја пренесува истата до ученикот покрај него, и така сите по ред до последниот ученик кој откако ќе ја слушне реченицата наставникот бара од него да ја каже на глас. Најчесто (особено зависи од бројот на учениците во класот) крајната реченица е различна и значително пократка од почетната. Доброволецот ја кажува почетната реченица и споредувајќи ја со крајната, учениците сфаќаат дека голем дел од информациите се изгубиле во пренесувањето.

Наставникот ги поставува следните прашања:

- Зошто ја правиме оваа активност? Што воочивте/забележавте во активноста?
- Што се случи во процесот на пренесување на пораката?
- Како го објаснувате тоа што се смени содржината на пораката? Што би значело ова доколку пораката беше многу важна информација за некого?
- Зошто е важна комуникацијата?

На крајот на активноста, наставникот заедно со учениците заклучува дека испраќањето и примањето  пораки е нешто што секојдневно го правиме. Оваа активност покажува колку е значаен овој процес и колку работи треба да се имаат предвид при комуникација.

# *Главен дел на часот* *(30 мин.)*

**Активност:**

## *Што е комуникација? (10-15 мин.)*

Наставникот бара од учениците, секој за себе да дефинира што е ***комуникација***. Кога ќе го направат ова, со ученикот кој е до нив од две дефиниции треба да напишат една заедничка дефиниција која ќе ги содржи елементите од двете претходни. Потоа, два пара се спојуваат и формираат група која, исто така, креира нова дефиниција од две претходни по истиот принцип. Наставникот бара претставник од секоја група да ја прочита дефиницијата, додека тој ги запишува главните елементи на табла. На крајот на презентациите на сите групи, на таблата веќе има голем грозд формиран од сите дефиниции на учениците (Слика 3).

Слика 3. Грозд за дефинирање на поимот комуникација.




Надоврзувајќи се на тоа што е кажано, наставникот нагласува дека поимот комуникација е широк и зависи од областа на која се однесува. Сепак, прифатена дефиниција е дека ***комуникацијата*** е процес на размена на информации низ заеднички систем на сигнали помеѓу различни субјекти.

Системите за комуникација користат два вида сигнали: знаци и симболи. Знаците се сигнали кои се поврзани со пораката која ја пренесуваат. На пример кога некој поцрвенува,

тоа за нас е сигнал дека е засрамен. Симболите пак, се знак на општествен договор помеѓу луѓето во одредена група/заедница. На пример, кога ќе го чуеме или прочитаме зборот „куче“, тоа за нас означува животно кое оди на четири нозе и има крзно. Во друг јазик, исто значење има некој сосема друг збор. Вербалната комуникација честопати вклучува и знаци и симболи. На пример, пријателот ни кажува со зборови дека е вознемирен (симбол), а истото го препознаваме и од неговиот треперлив глас (знак). Честопати, симболичката содржина при комуникацијата придонесува таа да биде поефективна (говорителот подобро да ја пренесе пораката, а слушателот соодветно да ја разбере истата).

Јазикот е само еден од системите на симболи кои луѓето ги користат за да комуницираат. Тој честопати е придружен со бројни други симболи кои пренесуваат значење. На пример, стисната тупаница со кренат палец во некои општества означува одобрување или успех, венчален прстен означува брачен статус, а гримаса на лицето при прашањето: „Како ти се допадна филмот?“ ја означува проценката на личноста за филмот.

За да биде успешна комуникацијата, мора да постојат неколку основни услови: да има испраќач на порака, примач на порака и содржина на порака. Сепак, овие три елементи не се доволни ако се појавуваат пречки во комуникацијата како што се: ограничен капацитет на примачот, претпоставување, конфузна содржина, отсуство на канал на комуникација и др.

Наставникот ги наведува видовите комуникација:

1. Вербална и невербална комуникација,
2. Гласовна и негласовна комуникација,
3. Посредна и непосредна комуникација,
4. Еднонасочна и заемна комуникација.

Преку групна дискусија, наставникот ги поттикнува учениците да размислат во кои ситуации се користи секој вид комуникација, од што ги извлекува следните заклучоци:

Според критериумот дали користиме зборови или не, имаме вербална и невербална комуникација. Тоа значи дека кога користиме јазик, комуникацијата е вербална, додека, пак, кога користиме гестови, мимики, паузи, т.е. кога не се користи говор, таа е невербална.

Според тоа дали користиме глас или не, имаме гласовна и негласовна комуникација. И луѓето и животните комуницираат со испуштање гласови. Кога употребуваме други знаци, гестови, мимики, како и писмо (напишан текст), тогаш комуникацијата е негласовна.

Третиот критериум дефинира дали комуницираме директно со некој или преку други помагала. Кога имаме непосредна комуникација, комуницираме лице во лице, а посредна преку различни апарати како што се телефон или компјутер, писма и сл.

Според тоа каде е насочена комуникацијата, дали кон себе или кон другите, имаме еднонасочна (кон себе) и заемна комуникација (кон другите). Еднонасочни се и средствата за јавно информирање (медиумите): телевизијата, радиото, печатените медиуми, како и писмата без одговор.

Слика 4. Видови комуникација.




***Активност.***

### *Комуникација во различни ситуации (10-15 мин.)*

Наставникот ги дели учениците во мали групи и им го задава работниот лист 2.1, кој содржи неколку ситуации кои е потребно да се искомуницираат. Во тек од пет минути, секоја од групите треба да се договори и да забележи како најсоодветно би ја пренеле информацијата во секоја од ситуациите, имајќи ги предвид претходните информации за видови комуникација.

Секоја група презентира и се очекува наставникот заедно со учениците да заклучат дека постојат многу начини на комуникација, дека една иста информација може да се пренесе на различен начин. Наставникот нагласува дека начинот на кој комуницираме зависи многу од контекстот во кој комуникацијата се случува, како и од тоа со кого комуницираме.

## *Завршен дел на часот и рефлексија*
### *(5 мин.)*

На крај на часот наставникот на табла ги запишува следните тврдења и бара од учениците преку користење емотикони (кои, исто така, се симболи за комуникација) да го означат својот став за секое од нив, во својата тетратка или на табла:

- Часот ми беше интересен.
- На часот научив нешто ново.
- На часот го утврдив она што веќе го знаев.
- Сакам да научам подобро да комуницирам.
- Темата за комуникација е здодевна.
- Не ми е битно како ќе комуницирам со другите.

# *Работен лист 2.1.*

## *Комуникација во различни ситуации*

**Дополнете каков вид комуникација/комуникации користиме при долунаведените ситуации :**

1. Организираме хуманитарен натпревар и сакаме да ги информираме учениците од нашето училиште за истиот.

______________________________________________

______________________________________________

2. Одржуваме претстава со пантомима.

______________________________________________

______________________________________________

3. Пишуваме кратко сценарио за скеч како дел од програма за патронат.

______________________________________________

______________________________________________

4. По долг и напорен ден, седнуваме и медитираме.

______________________________________________

______________________________________________

5. Ја известуваме класната раководителка дека сме болни и дека ќе отсуствуваме тој ден.

______________________________________________

______________________________________________

6. Се консултираме со училишниот педагог кој изборен предмет да го избереме за следната година.

______________________________________________

______________________________________________

# Содржина: Комуникација

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги идентификува различните видови комуникација и нивното влијание врз современиот начин на живеење.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да прави план за ефективна комуникација (вербална, невербална, дигитална) за да се заврши некоја сложена задача,
- да ја приспособува комуникацијата во зависност од контекстот и достапните форми.

## Потребни материјали:

табла, креда, Работен лист 2.2.

## Методи, техники, форми:

работа во парови, индивидуална работа, групна дискусија.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот ја најавува вежбата „Тврдина“ и бара двајца доброволци кои ќе излезат од училницата на кратко. Од сите други ученици бара да станат и да застанат еден до друг, за да направат тесен затворен круг каде што никој нема да може да ги отвори ѕидовите, освен ако каже: „Те молам, може да влезам?“ Потоа наставникот излегува надвор и им кажува на доброволците дека откако ќе влезат внатре еден по еден, имаат иста задача, а тоа е да влезат во тврдината. Доброволците поединечно се обидуваат, со туркање, со сила, поставување столче за да скокаат, но тврдината не се отвора, не се поместува сè додека еден од доброволците не праша дали може да влезе.

Вежбата се прави со цел учениците да видат колку е важна комуникацијата и колку сè темелно се менува и зависи од начинот на кој комуницираме.

## Главен дел на часот (20 мин.)

Ефективната заемна комуникација е процес во кој вербални симболи (на пр. зборови, реченици) и невербални симболи (на пр. поза на телото, изрази на лицето) се споделуваат и се соодветно разбрани од страна на луѓето. Ефективната заемна комуникација подразбира комбинација на различни вештини, како што се: активно слушање, невербална комуникација, способност за препознавање на сопствените емоции и емоциите на личноста со која комуницираме, разбирање на ситуацијата/контекстот во кој се случува комуникацијата итн.

**Активност:**

### Активно слушање (15 мин.)

Учениците се делат во парови и треба меѓусебно да се договорат кој ќе биде првиот говорител, а кој слушателот. Наставникот, на двата члена од парот им дава листа со теми за разговор (Работен лист 2.2). Еден член од парот треба да зборува две минути за темите кои се наоѓаат на листот, додека, пак, другиот го слуша. По завршување на двете минути, слушателот треба да го повтори кажаното, а говорникот може да го поправа и да го дополнува. Потоа, ги менуваат улогите и ја повторуваат активноста.

По завршувањето следува групна дискусија за комуникациските проблеми со кои се соочиле, како на пример: недослушување, користење различен речник, непријатност да се дискутира за одредени работи, предвремено донесување заклучоци, правење претпоставки, игнорирање и сл.

Наставникот објаснува дека доколку се анализира една секојдневна вербална комуникација, може да се заклучи дека таа ретко е во форма на дијалог во кој наизменично се изразуваат говорителот и слушателот. Речениците не се секогаш целосно искажани, слушателите прекинуваат и поставуваат прашања, дополнуваат свои коментари и ги довршуваат речениците на говорителот, темите се менуваат постојано, тоа што е недоискажано може, исто така, да пренесе порака како тоа што е кажано со зборови. Сепак, овие карактеристики не секогаш значат дека комуникацијата е неефективна.

Ефективната комуникација подразбира дека значењето е соодветно пренесено и разбрано. За таа цел, слушателот е добро да: (1) користи невербални знаци кои укажуваат на заинтересираност и грижа за кажаното (на пр. кимање со главата, одржување контакт со очите), (2) го парафразира кажаното за да провери дали е разбрано, (3) користи зборови кои укажуваат на разбирање (на пр. „Да“, „Разбирам“, „Секако“ и сл.). Учениците се поттикнуваат да размислат колку самите ги користеле наведените механизми при комуникацијата (активното слушање) со соученикот.

## *Завршен дел на часот и активност за рефлексија* (15 мин.)

**Активност:**

### *Мојот план за подобро комуницирање*

Наставникот ја црта на табла (или прикажува со проектор) Табелата 4 и бара од учениците, секој за себе, да размисли и да запише во тетратка кој од начините на комуникација (вербална/невербална/дигитална/писмена/устна/посредна/непосредна и сл.) вообичаено ги користи при комуникација со различни личности и групи од својата околина. Секој од учениците треба и да ја процени ефективноста на комуникацијата, врз основа на сознанијата за тоа што претставува ефективна комуникација и да испланира како може да ја подобри размената на информациите и меѓусебното разбирање со различните групи/поединци.

Табела 4. План за подобро комуницирање

| Како вообичаено комуницирам со: | Начин/ефективност | Како да ја подобрам комуникацијата? |
|---|---|---|
| Пријателите | | |
| Членовите на семејството | | |
| Наставниците/наставниот кадар | | |
| Претставниците на институциите на локално и на национално ниво | | |
| Друга значајна личност или група ____________________ | | |

# Работен лист 2.2
## Активно слушање

Се лутам кога ______________________________

Одбегнувам ______________________________

Би сакал/а______________________________

Жал ми е кога ______________________________

Сакам повеќе да научам______________________________

Најмногу се вознемирувам кога______________________________

Се грижам за ______________________________

Се радувам кога ______________________________

# Содржина: Разгледување различни гледишта и ставови

## Резултати од учењето

Ученикот препознава различни **гледишта** за важни општествени прашања и почитува **ставови** различни од неговите/нејзините.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да аргументира свои ставови за различни теми од различни области,
- да дискутира различни гледишта за важни општествени прашања,
- да прифаќа дека постојат различни вредности, ставови и мислења,
- да објаснува како погледите на светот ги определуваат односите меѓу луѓето.

## Потребни материјали:

листови хартија, картички, листа со тврдења, Работен лист 2.3

## Методи, техники, форми:

дискусија, дебата, индивидуална работа (изразување лични ставови), барометар на ставови

# *Воведен дел на часот* (15 мин.)

Наставникот им кажува на учениците дека часот ќе го започнат со кратка активност. Доколку некој од учениците постави прашање, наставникот посочува да ги следат инструкциите онака како што секој од нив ги разбира.

***Активност:***

### *Диплење хартија (10 минути)*

Наставникот им дели на учениците по еден празен лист хартија, потоа ги замолува да ги затворат очите и да ги следат инструкциите кои тој ќе им ги дава.
Инструкции:
1 чекор – свиткајте го листот на половина;
2 чекор – свиткајте го листот на половина уште еднаш;
3 чекор – скинете парче од листот на долниот десен агол;
4 чекор – превртете го листот наопаку;
5 чекор - скинете парче од листот на долниот десен агол.
Наставникот им дава насока на учениците да ги отворат очите, да ги отворат превитканите листови хартија и да ги кренат за секој да може да ги види.

Наставникот, преку поставување на следните прашања, дава можност да се развие кратка дискусија меѓу учениците:

- Што забележувате? (Се очекува учениците да забележат дека листовите на повеќето ученици се различни.)
- Како се почувствувавте кога забележавте дека вашето парче хартија е поразлично од сите останати? (Можни се различни одговори: некои од учениците можно е да помислат дека нешто згрешиле, некои од нив можно е да заклучат дека и покрај истите инструкции има различни резултати, што е во ред.)
- Дали некој од вас помисли дека погрешно ја направил вежбата? (Можно е некои од учениците потврдно да одговорат на ова прашање. Наставникот треба да даде објаснување дека не постои погрешен начин за следење на инструкциите, сите ученици имаат индивидуална креативност и сите имаат различен резултат од следењето на инструкциите. Наставникот треба да заокружи дека убавината е во различностите.)
- Како може да има толку различни парчиња хартија, кога дадов исти насоки за сите? (Наставникот со потпрашања ги води учениците да размислуваат во

- насока на тоа дека и покрај истите насоки од страна на наставникот, секој различно ги разбира инструкциите. Резултатот од тоа се различните листови, а сепак тоа воопшто не е погрешно или лошо.)
- Замислете си дека парчињата хартија ги претставуваат вашите ставови, што ви зборува вежбата за ставовите на луѓето? (Наставникот треба да нагласи дека луѓето имаат различни ставови за многу нешта, но тоа не треба да се гледа како нешто негативно. Напротив, различните ставови ни даваат можности да гледаме на работите од различни аспекти.)
- Зошто може да биде корисно да гледаме на работите од различна перспектива? Што можеме да научиме од тоа? (Наставникот треба да ги поттикне учениците да размислуваат околу придобивките од различните перспективи. На пример, кога ги гледаме работите од различна перспектива имаме можност да си ги прошириме видиците, да ги разбереме работите на различен начин, да имаме повеќе разбирање за луѓето кои имаат поинак ви ставови од нашите итн.).

На крајот од дискусијата, наставникот, заедно со учениците, резимира дека секој има право на свој став, а здравите и квалитетни односи меѓу луѓето подразбираат почитување на туѓите ставови, дури и тогаш кога тие се разликуваат од нашите.

По извлекувањето заклучоци од активноста и дискусијата, наставникот преминува кон краток теоретски дел:

**Ставот** претставува позитивен или негативен однос кон предмети, ситуации и лица што се стекнува преку индивидуално искуство. Луѓето не се родени со своите ставови. Тие се учат и се стекнуваат врз основа на искуство, карактеристики на личноста, воспитување, околина и многу други фактори.

**Ставот** може да се манифестира како склоност да се размислува, чувствува и делува на одреден начин. Психолошката структура на ставот се состои од три компоненти: когнитивна, емоционална и акциона (слика 5).

Слика 5. Психолошка структура на ставови



Луѓето најчесто градат свои ставови за она што ги опкружува и за она што им е важно, а изградените ставови понатаму влијаат на однесувањето на луѓето и го насочуваат. Врз градењето на нашите ставови влијаат многу различни фактори, на пр. членовите на нашето семејство, нашите пријатели, училиштето, медиумите, религиозните организации итн. Токму поради тоа, при градењето на ставовите, треба да сме многу внимателни и да ги проверуваме информациите кои ги добиваме, да се обидеме да дојдеме до фактите и соодветните извори на информации. Исто така, при образложувањето на нашите ставови и гледишта секогаш треба да користиме аргументи и факти.

Гледиштата ги определуваме како мислења, уверувања, идеи или начини на размислување за нешто. Тие се одреден начин на разгледување или проценка на нештата.

# *Главен дел на часот* *(20 мин.)*

Пред почетокот на активноста, наставникот определува два пола во училницата помеѓу кои учениците можат да се движат, при што на едниот пол поставува картичка на која пишува „Се согласувам“, додека на другиот пол поставува картичка на која пишува „Не се согласувам“. Им дава насоки на учениците за начинот на кој можат да се движат во училницата, согласно **ставовите** кои ќе им бидат прочитани.

*Забелешка:* Како алтернативно решение за ситуации каде што просторот не дозволува движење на учениците низ училницата, наставникот може да им подели на учениците зелени и црвени картони. Наставникот би давал насоки, според кои учениците, од местото каде што седат, би требало да подигнат една од картичките. Доколку се согласуваат со наведениот став, треба да ја подигнат зелената картичка, а доколку не се согласуваат со ставот, црвената картичка.

***Активност:***

## *Барометар на ставови*

Наставникот им дава насока на учениците да застанат на средината меѓу двата пола на кои се поставени картичките „Се согласувам“ и „Не се согласувам“. Откако наставникот ќе прочита одредено тврдење, учениците заземаат **став** и се позиционираат на еден од двата пола, при што се формираат две групи ученици.

Предлог тврдења:

- Социјалните мрежи повеќе прават штета отколку корист.

- Не би требало да постојат „женски“ и „машки“ спортски натпревари.
- Средното стручно образование во РС Македонија добро ги подготвува учениците за вработување.
- Зоолошките градини треба да се забранат.
- Носењето униформи во училиштата треба да биде задолжително.

По читање на секое од тврдењата, учениците треба да заземат позиција на барометарот, при што се очекува да формираат две групи кои (не) се согласуваат со прочитаното тврдење. Наставникот повикува доброволци од двете страни на барометарот да ги објаснат своите позиции, со што учениците добиваат можност да ги аргументираат своите ставови и да ги препознаат туѓите гледишта. При изразувањето на **ставовите**, наставникот потенцира дека сите мора да ги почитуваат туѓите **ставови** и да ги слушаат соучениците без прекинување. Откако учениците ќе ги слушнат аргументите на соучениците од спротивната група, имаат и можност да ја променат својата позиција доколку го промениле својот став.

## Завршен дел на часот *(5 мин.)*

Наставникот сумира дека многу е важно учениците внимателно да ги градат своите **ставови** и да умеат да ги аргументираат преку користење факти. За да формираат издржани **ставови**, неопходно е учениците редовно да читаат, да се информираат за случувањата во нивната средина од соодветни извори, внимателно да ги „филтрираат“ информациите кои се пласирани во медиумите и на социјалните мрежи, и по одредено време, да изградат **став** кој ќе можат да го аргументираат на рационален и објективен начин. Исто така, важно е учениците да ги слушаат туѓите **ставови** и **гледишта** без осудување и со почит.

Наставникот потенцира дека воопшто не е погрешно да се менуваат ставовите на поединците доколку аргументите на соговорникот се посилни и го убедиле поединецот во тоа. Напротив, сосема е нормално и здраво е да се менуваат ставовите кога поединецот ќе добие нови информации.

## Активност за рефлексија и евалуација *(5 мин.)*

Наставникот им дели на учениците листа за самоевалуација (Работен лист 2.3) преку која ќе добие впечаток за ефектите и постигнатите резултати за време на часот.

# Работен лист 2.3

## Дескриптивна скала за самооценување

| | Целосно се согласувам | Делумно се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|
| На часот се здобив со нови знаења кои сметам дека ќе ми служат во животот. | | | |
| Имав можност да си го искажам личниот став на различни теми. | | | |
| На часот имав можност подобро да ги запознаам моите соученици преку изразувањето на нивните ставови на определени теми. | | | |
| Полесно ги учам наставните содржини кои ги обработуваме со ваков вид часови. | | | |
| На часот се чувствував пријатно. | | | |

# Содржина: *Разгледување различни гледишта и ставови*

## *Резултати од учењето*

Ученикот препознава различни **гледишта** за важни општествени прашања и почитува **ставови** различни од неговите/нејзините.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може:

- да аргументира свои ставови за различни теми од различни области,
- да дискутира различни гледишта за важни општествени прашања,
- да прифаќа дека постојат различни вредности, ставови и мислења,
- да објаснува како погледите на светот ги определуваат односите меѓу луѓето.

## *Потребни материјали:*

листови, пенкала, Работен лист 2.4.

## *Методи, техники, форми:*

групна дискусија, работа во група, презентација

# *Воведен дел на часот* (15 мин.)

## *Активност:*

### *Поза*

Учениците се седнати во круг. Во средината на кругот, двајца ученици доброволци се позиционираат во чудна/невообичаена поза (испреплетени раце, свртени со грб). Учениците имаат за задача со една до две реченици да запишат што гледаат пред себе. Секој од учениците го споделува своето **гледиште** за она што го гледа пред себе.

*Забелешка:* Како алтернативно решение за ситуации каде што просторот не дозволува седење на учениците во круг, истата вежба може да се спроведе со позиционирање на доброволците во централниот дел од училницата, со што би се овозможиле повеќе различни агли на гледање на нивната поза.

Откако учениците ќе ги споделат своите различни **гледишта,** наставникот започнува кратка дискусија преку следниве прашања:

- Што мислите, зошто вашето **гледиште** е поразлично од она на другите? (Откако ќе ги ислуша одговорите на учениците, наставникот треба да нагласи дека многу е нормално различни личности да имаат различни **гледишта** и **ставови.** Тоа не треба да ги оддалечува и отуѓува, туку напротив, да ги зближува. Различните **гледишта** и **ставови** се интересни бидејќи овозможуваат да се развие дискусија.)
- Дали можете да прифатите дека и туѓите **гледишта** се точни? (Од учениците се очекува да одговорат дека на работите може да се гледа од различен аспект и перспектива.)
- Дали е можно **гледиштата** на секој од вас да се точни? (Можно е учениците да дадат различни одговори. Наставникот треба да извлече заклучок дека секој може да даде образложение за своето **гледиште** и доколку добро го аргументира, секако дека може да се прифатат различни **ставови** и **гледишта** како точни.)
- Што ни покажува вежбата? (Од учениците се очекува да одговорат дека вежбата потврдува дека колку повеќе луѓе, толку повеќе различни **ставови** и **гледишта** на една иста работа постојат. Луѓето гледаат на работите од различни перспективи и имаат различни перцепции на истите. Наставникот нагласува дека учениците треба да се свесни за сето тоа и да го прифатат фактот дека **ставовите** кои се разликуваат од нивните не се погрешни **ставови.**)

На крајот од вежбата, наставникот заокружува дека треба да сме свесни дека секој од нас има различна перцепција и толкување на работите. Ако прифатиме дека сите појави и процеси може да се гледаат од различен аспект, ќе разбереме дека постојат многу **ставови** и **гледишта.** На овој начин можеме да ги прифатиме и разбереме различните **ставови** и **гледишта** на луѓето, а во исто време да ги објасниме своите **ставови** и **гледишта**, аргументирано и со факти.

## *Главен дел на часот* *(25 мин.)*

### *Активност:*

### *Формирање став за одредена тема и групна дискусија*

Наставникот ги дели учениците на четири групи. Секоја група одредува еден член кој на глас го чита текстот пред останатите членови на групата. Текстовите се однесуваат на општествено важни прашања за кои учениците ќе треба да дискутираат во групата и да заземат групен став кој ќе го презентираат пред останатите ученици. При презентирање на групниот став и одговарање на можните прашања и коментари од другите групи, учениците треба тоа да го направат аргументирано и со факти. Времето за групна дискусија е 7-8 минути. Наставникот ги дели текстовите на секоја од групите (Работен лист 2.4) и дава насоки за дискусија во групата.

По завршувањето на групната дискусија, по еден ученик од секоја група го чита текстот и го презентира **ставот** кој го зазела неговата група во однос на општествениот проблем кој го застапува. Учениците од другите групи имаат можност да го споделат своето мислење, доколку имаат различен став, и да поставуваат прашања до групата која презентира. Наставникот постојано потенцира дека учениците треба да се слушаат едни со други и **ставовите** да ги аргументираат.

На крајот од дискусијата, наставникот сумира дека многу е важно учениците да дискутираат различни **гледишта** за важни општествени прашања и да градат **став** за истите.

## Завршен дел на часот (2 мин.)

На крајот на часот, наставникот извлекува заклучок од досегашните активности:

Ставовите на луѓето се формираат под влијание на бројни фактори: групите на кои им припаѓаат, личните искуства и информации со кои располагаат при креирање на ставовите, мотивите и карактеристиките на личноста. Знаењето што го поседуваме влијае на она што ќе го прифатиме како наша позиција, што ќе биде прифатливо за нас, а што не. Низ истиот процес поминуваат сите луѓе што ни овозможува размена на различни ставови, идеи и гледишта. Ова дополнително влијае на развојот и напредокот на општеството, поради тоа што води до нови и креативни начини за решавање на постоечките проблеми. Сепак, процесот на создавање ставови е многу сложен, па не можеме да зборуваме за универзален „рецепт" за формирање ставови, бидејќи луѓето се многу сложени и многу различни.

## Активност за рефлексија и евалуација (3 мин.)

Наставникот ги насочува учениците да размислуваат за претходната активност каде што имаа дискусија во групи и поттикнува дискусија околу следните прашања:

- Како ги оформивте ставовите на ниво на група кои ги презентиравте пред целата паралелка?
- Имаше ли разлики во ставовите помеѓу членовите на групата? Како ги надминавте?
- Колку аргументите на другите влијаеја на вашите ставови и ве убедија да ги промените? На каков начин ви влијаеја?
- Што би ве убедило да го промените ставот за некоја тема за која имате многу цврст став?

# Работен лист 2.4

## Теми за групна дискусија

### Сиромаштија и бездомништво

Сиромаштијата и бездомништвото се светски општествени проблеми. Според Habitat for Humanity, една четвртина од светската популација живее во услови кои се штетни за нивното здравје и безбедност. Многу од нив немаат „покрив над глава" што е основно човеково право за опстанок и егзистенцијална потреба. Ова социјално прашање директно засега повеќе од 25% од популацијата. Поради недостатокот од засолништа (домови) за оваа ранлива популација, под голем притисок се владите и социјалните програми, вклучувајќи ги и образовните и здравствените системи. Дополнителен проблем е тоа што во светот постои нерамномерна распределба на богатството, што им оди во прилог на мала група можни луѓе.

Насоки за дискусија во групата:

- Што мислите, кој има поголема одговорност за сиромаштијата, поединците или државите?
- Зошто се под притисок владите, образовните и здравствените системи?
- Како би можеле државите да се справат со сиромаштијата и бездомништвото?

### Климатски промени

Климатските промени се закана за целиот свет и влијаат врз целото светско население, поради што се препознаваат како еден од најсериозните предизвици за целиот свет (луѓето, човековата околина, и економиите). „Унијата на загрижени научници" го нарекува ова социјално прашање „еден од најопасните проблеми со кои некогаш се соочило човештвото". 800 милиони луѓе кои веќе живеат во крајна сиромаштија, ќе бидат најмногу погодени од климатските промени во следните децении. Низ целиот свет, луѓето веќе забележуваат потопли зими, многу жешки лета, врнежи од дожд и почести пожари. Овие проблеми веќе влијаат врз владите и системите во многу земји, а економските загуби причинети од временските непогоди и катастрофи се значително зголемени во последните години.

Насоки за дискусија во групата:

- Зошто климатските промени се дефинираат како социјален предизвик?
- Како можат државите да се справат со негативните ефекти од климатските промени?
- Што би можеле поединците да направат за спречување на негативните ефекти од климатските промени?

## Пренаселеност

Како што расте популацијата во светот, ресурсите стануваат сè поретки. Обединетите нации известуваат дека сегашното население од 7,7 милијарди луѓе се очекува да порасне во наредните децении, со проекција од 8,5 милијарди луѓе до 2030 година. Најбрзо растечките области на светот, како што е супсахарска Африка, честопати се соочуваат со веќе ограничени ресурси како на пример, земјиште за одгледување земјоделски култури. Бидејќи бројот на населението се зголемува повеќе отколку што може да издржи планетата Земја, луѓето можеби ќе треба да се преселат на друго место за да избегнат глад и бездомништво.

Насоки за дискусија во групата:

- Што мислите за тезата дека Земјата нема да може да ја издржи пренаселеноста на луѓето и дека тие ќе треба да се преселат на друго место за да избегнат глад?
- Што би можеле да направат државите за да се справат со пренаселеноста?
- Како би можеле поединците да се вклучат во решавањето на овој проблем?

## Човекови права и родова нееднаквост

Во РС Македонија постојат значајни разлики во поглед на времето кое мажите и жените го поминуваат во домашни активности (на пример, одржување на домот, подготвување храна, грижа за деца и постари лица, купување, поправки). На пример, во 2014 година, мажите минувале околу 1 час во денот на вакви активности, жените од град - 3 часа, а жените од село 4 часа, без разлика на тоа дали се формално вработени или невработени. Тоа значи дека жените голем дел од времето во текот на еден ден го минуваат во (неплатени) активности врзани за домот, со што им се намалува времето кое би можеле да го посветат на вршење платена работа, образование, културни и социјални активности. Ова создава родова нееднаквост во општеството и оневозможува жените еднакво да се вклучат во голем дел од општествените активности.

Насоки за дискусија во групата:

- Според вас, како може една демократска држава да се бори против родова нееднаквост?
- Што би презеле вие за да се справите со предизвици од ваква природа?
- Кои држави се, според вас, добри примери за конструктивна борба против родова нееднаквост?

# Содржина: Разгледување различни гледишта и ставови

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката го проценува значењето на **припадноста** кон **заедницата** и придобивките на **заедницата** од поединците во градењето на заедничките вредности.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги опишува улогите на поединците и нивниот придонес кон **заедницата**,
- да го објаснува значењето на индивидуалното чувство за **припадност** кон различните **заедници**,
- да го дискутира влијанието на другите врз градењето на **чувство** на **припадност** кон пошироката **заедница.**

## Потребни материјали:

Работен лист 2.5 , Работен лист 2.6 , клопче волница

## Методи, техники, форми:

дискусија, групна работа, презентација, техника мрежа, техника позиционирање.

# Воведен дел на часот (10 мин.)

## Активност:

### Позиционирање (10 минути)

Наставникот им дава насоки на учениците да застанат во круг (или линија). Потоа наставникот ги чита долунаведените искази и дава упатства за поместување чекор нанапред/наназад во зависност од насоките наведени во секој исказ.

Предлог-искази:

1. Ако си женско, направи чекор напред.
2. Ако имаш црна коса, направи чекор назад.
3. Ако си ученик, направи чекор напред.
4. Ако имаш 15 години, направи чекор назад.
5. Ако имаш брат, направи чекор напред.
6. Ако си религиозен/религиозна, направи чекор назад.
7. Ако си патриот, направи чекор напред.
8. Ако си член на училишна секција, направи чекор назад.
9. Ако си патувал/а надвор од твоето место на живеење во последниот месец, направи чекор напред.
10. Ако минатата година поминавте со многу добар успех, направете чекор назад.
11. Ако живеете во куќа, направете чекор напред.
12. Ако сте заљубен/заљубена, направете чекор назад.
13. Ако си бил/а неправедно третиран/а од наставник, направи чекор напред.
14. Ако се сметаш себе си за среќен/среќна, направи чекор назад.
15. Ако те разочарал најдобар другар/ка, направи чекор напред.

По завршувањето на активноста учениците седнуваат на своите места. Наставникот поставува прашања за дискусија:

- Што забележавте за време на активноста? (Се очекува учениците да одговорат дека преку активноста подобро ги запознале своите соученици и сличностите и разликите по различни основи кои ги имаат со нив.)
- Дали позиционирањето според различните искази ви предизвика чувство на припадност кон одредени групи? Ако да, кои се тие групи? (Се очекува од учениците да издвојат различни групи на кои им припаѓаат и со кои се идентификуваат. Наставникот нагласува дека самата информација дека имаат сличност

со некого се очекува да создаде чувство на заедништво, односно припадност кон групата.)

- Како се чувствувавте/би се чувствувале, ако при некој од исказите останавте/останете сами, единствени и различни од сите останати? (Наставникот ги насочува учениците да размислуваат дека и во ситуациите кога се единствени, тоа не е воопшто страшно, ниту лошо. Напротив, на тоа треба да гледаат како оригиналност и посебност.)

На крајот од дискусијата, наставникот, заедно со учениците, резимира дека многу е важно да разбереме дека сите луѓе меѓу себе се разликуваат според интересите, потребите, навиките, вкусовите итн. Не постојат луѓе кои се целосно исти или, пак, целосно различни. Разликите меѓу луѓето се богатство и овозможуваат развој на општеството.

## Главен дел на часот (25 мин.)

### Теоретски дел (5 мин.)

Луѓето отсекогаш се групирале и се организирале во **заедници** со цел да им се олесни животот. Поимот заедница подразбира група луѓе кои се групираат по различни основи како на пример: карактеристики (пол, возраст, етничка припадност), заеднички цели или живот на исто географско место. Како расте и се развива човекот, така станува дел од сè поголем број општествени групи.

Токму членството во различни општествени групи е од особено значење во градењето чувство на идентитет. Социјалниот идентитет е особено значаен аспект на она што значи да се биде човек. Најзначајните општествени групи кои имаат особено влијание врз градењето на идентитетот на поединецот се семејството и групата врсници. Овие два фактора се клучни во процесот на примарна социјализација, кога поединецот ги учи основните вредности и норми на однесување. Подоцна, во текот на секундарната социјализација, врз градењето на социјалниот идентитет влијаат и образовните институции, медиумите, религиозните и професионалните организации итн. Сите овие фактори или т.н. агенси на социјализацијата влијаат врз градењето на идентитетот на поединците преку градење на нивните ставови, гледишта, интереси - со еден збор, нивната личност.

Важен аспект на идентитетот на една личност се улогите кои таа ги исполнува, а придонесуваат за опстанок на заедницата. Луѓето во една заедница соработуваат и живеат во постојани меѓусебни односи за да можат да си ги остварат заедничките интереси и потреби (на пр. поделба на ресурси, организирање на трудот итн.). Секој поединец како

член на заедницата има своја општествена улога за која останатите припадници на заедницата имаат одредени очекувања, а поединците одредени одговорности. За да можат да ги извршуваат своите задачи и одговорности, луѓето се здружуваат во општествени заедници или групи. Само преку заедничка соработка, меѓусебна поддршка и членовите на заедницата можат да придонесат за личниот, но и за развојот на самата заедница. Почитувањето на воспоставените норми во **заедницата** го обезбедува нејзиниот опстанок, а неконформистичкото однесување на младите често придонесува за развој на самата **заедница.** Однесувањето кое излегува од рамките на веќе воспоставените морални норми е карактеристично за супкултурата на младите и често носи промени, го движи општеството напред.

***Активност:***

## *Куќниот ред во една зграда (20 минути)*

Наставникот ги дели учениците на групи по пет ученици и секоја од групите го добива работниот лист 2.5 „Станари“. Наставникот објаснува дека во работниот лист се опишани пет семејства кои припаѓаат на различни култури, а живеат во петте стана во една иста зграда. Задача на секоја група е да ги прочита описите на семејствата кои живеат во зградата, и потоа, врз база на нив, да состави куќен ред за таа зграда. Куќниот ред треба да содржи јасни правила со кои ќе се задоволат потребите на сите станари во зградата, без кој било од станарите да се почувствува загрозен во етничка, културна, јазична или која било друга смисла.

По завршувањето на активностите во група, претставник од секоја група го чита куќниот ред. Наставникот поттикнува дискусија преку поставување прашања.

- Како изгледаше составувањето на куќниот ред во вашата група? Се соочивте ли со некакви тешкотии? (Се очекува учениците да имале тешкотии да напишат куќен ред со кој ќе ги задоволат потребите и интересите на сите семејства во зградата, со оглед на тоа што повеќето имаат различен стил на живот. За да се направи куќен ред, учениците би требало да нагласат дека неопходна е толеранција, соработка и флексибилност од страна на сите станари за да можат да функционираат во една заедница.)
- Дали ќе имавте тешкотии доколку семејствата припаѓаа на исти култури? (Се очекува учениците да одговорат потврдно на ова прашање. Кога станува збор за креирање на куќниот ред, тешкотиите повеќе произлегуваат како резултат на различните потреби и интереси на семејствата поради стилот на живот, отколку како припадници на различни култури.)

Наставникот ја заокружува дискусијата со коментар дека за да се биде дел од една заедница, треба да се почитуваат одредени правила на однесување. Сите заедно треба да дадат придонес за развој на заедницата, со меѓусебна поддршка и соработка. Така членовите на заедницата ќе придонесат за нејзин развој, а во исто време и тие индивидуално ќе имаат поквалитетен живот и ќе бидат позадоволни.

## Завршен дел на часот ( 5 мин.)

Наставникот ги прашува учениците што би се случило кога би се возеле во метро во Јапонија (или која било далечна земја) и некаде близу нив слушнат како некој непознат човек зборува на телефон на нивниот мајчин јазик. Што би направиле учениците и зошто? Учениците се очекува да одговорат дека ќе му се доближат на човекот и ќе почнат разговор бидејќи ќе го почувствуваат како близок, зашто припаѓаат на иста култура.

Наставникот треба да ги поттикне да размислуваат дали би постапиле на ист начин во земјата во која живеат - на непознати луѓе да им се обратат само поради тоа што го зборуваат нивниот јазик? Се очекува учениците да извлечат заклучок дека далеку од сопствената околина на живеење, кога би сретнале некој „свој" ќе се разбуди чувството на припадност и заедништво.

## Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

**Активност:**

### Мрежа

Наставникот ги повикува учениците да застанат во круг за една завршна кратка активност. Во рацете држи клопче волница. Наставникот дава насоки за активноста. Секој го задржува делот од волницата кој стигнал до него, откако ќе сподели која општествена улога во моментов смета дека за него е најважна (пр. ученик/ученичка, спортист/ка, активист/ка итн.) и го подава клопчето на друг ученик. Учениците можат да споделат само по една реченица или збор. На

крајот од вежбата, волницата формирала испреплетена мрежа која симболично покажува колку сме сите ние поврзани.

Наставникот поттикнува кратка дискусија:

- Освен општествената улога која сметате дека во моментов е најважна, кои други општествени улоги ги имате? (Можни се различни одговори: син/ќерка, ученик/ученичка, писател/ка, дебатер/ка итн.)
- Како придонесувате кон конкретната група во која ве сместуваат улогите? (Очекувани одговори од учениците: се однесувам со почит, си ги завршувам обврските, им помагам на другите членови на тимот итн.)
- Во која општествена улога се гледате во иднина? (Се очекува од учениците да споделат различни одговори: на пр. успешна виолинистка, татко на две деца, инженер/ка во успешна компанија итн.)

На крајот од дискусијата, наставникот бара доброволци за следниот час, неколку ученици кои ќе треба да им симулираат една случка од животот на група адолесценти. Учениците ќе треба да изведат кратка социодрама со однапред подготвено сценарио (Работен лист 2.6). Наставникот им го дава работниот лист 2.6 на учениците за да се подготват за следниот час.

# Работен лист 2.5

## Станари

| | |
|---|---|
| Стан 1 | Семејството е составено од три члена. Таткото работи во приватен сектор, а мајката не работи и ја чува малолетната ќерка. Зборуваат ромски, албански и македонски јазик. |
| Стан 2 | Во овој стан живее млад брачен пар. Веќе три години живеат во Скопје, а доселени се од Америка. Жената е активистка за правата на животните и има две домашни миленичиња, а мажот е ди-џеј. Малку зборуваат македонски јазик. Имаат многу пријатели во градот во кој живеат кои често им доаѓаат на гости. |
| Стан 3 | Станува збор за модерно четиричлено семејство. Родителите имаат приватен бизнис, а тригодишниот син и петгодишната ќерка ги чува дадилка. Семејството е религиозно, тие се католици. Родителите многу често се отсутни од дома поради семејниот бизнис. Зборуваат македонски јазик. |
| Стан 4 | Маж и жена на околу 70 години живеат сами. Еднаш неделно прават семеен ручек за своите деца и внуци. Православни христијани се. Зборуваат српски јазик. |
| Стан 5 | Во овој стан живее петчлено семејство. Родителите работат во државна администрација и имаат три деца (двајца студенти и една средношколка). Синот студира на Факултетот за музичка уметност и свири виолина, поголемата ќерка штотуку дипломира и се занимава со компјутери и ИТ-технологија, а помалата ќерка е втора година во средно стручно училиште. Атеисти се. Зборуваат албански и македонски јазик. |

# *Работен лист 2.6*

## Социодрама

Социодрамата е драматична претстава во која неколку поединци глумат според однапред подготвено сценарио со цел претставување на општествен проблем или ситуација. Социо-драмата е техника преку која се учи и има можност да се разрешат определени конфликти во групни или колективни односи. Таа е развиена од општествениот научник Јакоб Морено.

## Сценарио

*Социодрамата е симулација на случка од секојдневниот живот кога еден адолесцент е во конфликт со својата група врсници бидејќи на Инстаграм објавил националистички содржини.*

Тино е ученик во втора година гимназија. Има четворица најдобри другари со кои секој ден го поминува своето слободно време. Многу често зборува за политички теми кои на неговите врсници не им се воопшто интересни. Често споделува и националистички ставови на *Instagram*, што не е прифатливо за неговите врсници кои понекогаш го игнорираат, понекогаш му се спротивставуваат, но најчесто го толерираат. Еден ден Тино забележува дека сите четворица другари престанале да го следат на *Instagram*. Тино многу се вознемирил. Пробал да ги побара на телефон, никој не му се јавувал. Кога дошол во училиште, сите другари го избегнувале. Кога побарал објаснување, тие му кажале дека чувствуваат притисок и нервоза кога се во негово присуство бидејќи постојано наметнува теми кои за нив не се интересни, а и многу често тие коментари знаат да бидат навредливи за некои од неговите другари.

Тино: Здраво брат. (Му се обраќа на Бојан, еден од неговите најдобри другари)

Бојан: Здраво.

Тино: Те барав, што има?

Бојан: (Го игнорира и си заминува во друштвото кај останатите тројца другари.)

Другарите: (Стојат во група и го игнорираат.)

Тино: (Се приближува кон другарите и бара објаснување за нивното нелогично однесување.) Можете да ми објасните барем што се случува? Нешто направив?

Бојан: Веќе подолго време размислувавме како да ти кажеме. Мислиме дека понекогаш претеруваш со твоите „ултрапатриотски“ ставови.

Илир: Извини што те игнориравме периодов, ама неколкупати знаеш да навредиш, а не си ни свесен што предизвикуваш со твоите ставови.

Вилдан: Да, извини и од мене што те игнориравме. Сите си ја сакаме земјата, ама тоа не значи дека ќе ги навредуваме и омаловажуваме различните од нас. Ова што го правиш веќе подолго време тешко ни паѓа.

Тино: Веројатно имате право, претерувам. Ве молам простете за сите навреди и ситуации кои сум ви ги наметнал. Отсега ќе ја избегнувам таа тема. Не можам да си го замислам животот без вас. Од овој момент се менувам. Ветувам.

Сите се поздравиле со нивниот интерен поздрав и заминале на час.

# Содржина: Припадност кон заедницата

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката го проценува значењето на **припадноста** кон **заедницата** и придобивките на **заедницата** од поединците во градењето на заедничките вредности.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да го објаснува значењето на индивидуалното чувство за **припадност** кон различните **заедници**,
- да го дискутира влијанието на другите врз градењето на **чувство** на **припадност** кон пошироката **заедница,**
- да ги промовира вредностите на **припадност** кон својата држава (**патриотизам**) и на светот (**космополитизам**).

## Потребни материјали:

кутија за „аквариум", листови хартија, пенкала

## Методи, техники, форми:

работа во групи, социодрама (играње улоги), дискусија, техника - аквариум.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот започнува насочена дискусија со учениците:

- Кој од вас ученици се чувствува патриот? (Се очекува еден дел од учениците да се изјаснат како патриоти, па зависно од самата паралелка, наставникот ја води дискусијата според следните прашања.)
- Размислете како се развило тоа чувство на патриотизам кај вас. Кои фактори најмногу влијаеле? Во кои ситуации се чувствувате како патриоти? (Се очекува учениците кои се изјасниле како патриоти да споделат дека љубовта кон татковината им е најмногу пренесена преку семејството и вредностите кои ги здобиле уште во примарната социјализација. Тие даваат примери на сопствени искуства и доживувања кога следат национални натпревари со меѓународен успех, кога ја слушаат химната и сл.)
- Размислете зошто не чувствувате особена љубов кон татковината и не се дефинирате себеси како патриоти? (Од учениците кои немаат развиено патриотско чувство се очекува да се изјаснат дека се рамнодушни, дека се чувствуваат како да припаѓаат во целиот свет, а не само во една држава итн.)
- Како би го дефинирале поимот национализам? Според вас, во што е разликата помеѓу национализмот и патриотизмот? (Се очекува од учениците да го дефинираат национализмот како поставување на сопствената нација над другите и во тоа да ја посочат разликата помеѓу поимите).
- Како би го дефинирале поимот космополитизам? (Од учениците се очекува поимот да го поврзат со заедништво меѓу народите на едно повисоко ниво од националните, етничките поделби и сл.)

На крајот на дискусијата, наставникот ги извлекува дефинициите на трите поими како заклучоци.

## Главен дел на часот (25 мин.)

### Теоретски дел (5 мин.)

**Патриотизмот** подразбира љубов во најширока смисла кон својата татковина, држава, заедница. Патриотизмот подразбира гордеење со достигнувањата и културата, карактерот и идентитетот на сите единки што ја сочинуваат заедницата. Луѓето кои се декларираат како патриоти ја сакаат својата земја, но не ги негираат културите на останатите.

**Национализмот** е идеологија на општествено, политичко и културно дејствување која националните интереси и вредности на една нација ги поставува над другите граѓански

вредности и над интересите на другите нации. Луѓето кои се декларираат како националисти, својата земја ја поставуваат над сите останати.

**Космополитизам** е идеја според која луѓето воспоставуваат односи независно на националните, религиозните или државните граници и ги унапредуваат општочовечките односи. Космополитите се залагаат за заедништво и слога меѓу народите низ целиот свет како надвладување на националните, меѓунационалните и другите поделби. Тоа е став според кој сите луѓе се (пред сè) „граѓани на светот", а не припадници на различни колективи како локални, регионални, национални и други заедници.
Космополитизмот не е во конфликт со патриотизмот бидејќи љубовта кон сопствената земја не го спречува поединецот да се залага за заедништво и слога меѓу народите низ светот. Сепак, космополитизмот е спротивен на национализмот бидејќи една индивидуа не може да ја поставува својата земја/нација во надредена положба над сите останати поради тоа што е во конфликт со начелата на космополитизмот кои налагаат заедништво помеѓу народите.

***Активност:***

## *Социодрама (20 минути)*

Наставникот на претходниот час избира доброволци кои би сакале да учествуваат во изведба на кратка социодрама и им дава сценарио. Социодрамата трае 5-6 минути со цел да остане повеќе време за дискусија и можност учениците да ги изразат своите размислувања. Социо-драмата е симулација на случка од секојдневниот живот кога еден адолесцент е во конфликт со своите другари поради неговите националистички ставови.

Наставникот води дискусија со учениците со помош на следните прашања:

- Како се чувствувавте додека ја следевте социодрамата? (Се очекува од учениците да споделат дека се чувствувале напнато, збунето, инспирирано.)
- Колку ситуацијата во социодрамата ви се чини реалистична? Сте имале ли некое вакво или поврзано искуство? (Се очекува од учениците да споделат различни искуства поврзани со изразување на националистички ставови.)
- Како би постапиле да сте на местото на младиот човек кој застапува националистички ставови? (Се очекува од учениците да имаат различни одговори: би барал/а објаснување, би сакал/а да разговараме и да најдеме заедничко решение за ситуацијата, не би ми било грижа, би си нашол нови другари.)

- Како би постапиле да сте на местото на неговите другари кои се навредени од неговите националистички ставови? (Можни се различни одговори: би се налутил, би престанал да се дружам со него, би сакал да му објаснам како се чувствувам, би побарал објаснување за ставовите.)
- Како би можеле овие млади луѓе да спречат вакви конфликти во иднина во нивното друштво? (Се очекува од учениците да предложат различни пристапи: разговор за причините за ставовите, договор за внимателно споделување ставови на социјалните мрежи итн.)

# Завршен дел на часот и активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

**Активност:**

### Аквариум

Наставникот ги замолува учениците на парче хартија со една реченица да запишат како го доживеале часот, што им се допаднало, а што не, дали научиле нешто ново и сл.? Потоа ливчињата ги ставаат во претходно подготвена кутија – АКВАРИУМ. Наставникот почнува да ги влече анонимните ливчиња и ги чита на глас, по што им дава можност на учениците да ги споделат своите ставови за прочитаното.

Оваа техника на наставникот му овозможува да процени дали да продолжи да работи со таква динамика или можеби треба да се менуваат одредени работи и да се прилагоди на потребите на учениците.

# Содржина: Хуманост

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги поврзува хуманоста, човековите права и меѓународното хуманитарно право со положбата на ранливите категории луѓе и се застапува за нивно почитување.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да објасни што е хуманост,
- да наброи ранливи категории луѓе на кои им е потребна хуманитарна помош,
- да ги препознава специфичните потреби на ранливите категории во општеството,
- да ги идентификува институциите што им помагаат на ранливите категории,
- да ги идентификува меѓународните организации (Црвен крст, Црвена полумесечина) кои вршат хуманитарна дејност.

## Потребни материјали:

ЛЦД-проектор, лаптоп, табла, креда, листови, пенкала.

## Методи, техники, форми:

фронтална форма на работа, дијалог, анализа на видеоснимка, анализа на ситуации, групна дискусија.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот прикажува видеоинсерт достапен на YouTube „*Humanity. Change yourself to a better person*“ (линк).

***Забелешка:*** Доколку не постојат технички услови за заедничко гледање на видеото во училница, наставникот може електронски да го сподели видеото со учениците, за да го погледнат пред самиот час.

По гледање на видеото, учениците треба индивидуално да одговорат на прашањата:

- Што размислував додека го гледав видеото?
- Што чувствував додека го гледав видеото?
- Дали видеото ме поттикнува кон одредено однесување?

Наставникот ги поканува учениците накратко да презентираат што запишале и поттикнува дискусија во насока на објаснување на поимот хуманост.

Хуманоста претставува верување во вредноста на човековиот живот и се изразува преку однесување кое подразбира грижа и давање помош на другите луѓе, со цел да се подобри човештвото и да биде поморално и несебично.

Делувањето на хуманистите и хуманитарните организации е тесно поврзано со човековите права и слободи. Основна и појдовна точка за нивното дејствување е „Универзалната декларација за човекови права и слободи“.

## Главен дел на часот (25 мин.)

Начините на хуманитарно делување кои се карактеристични денес ја добиле својата форма со првата „Женевска конвенција“ и формирањето на организацијата на Црвениот крст кон средината на 19-тиот век. Како системски одговор на кризни ситуации, хуманитарното делување вклучува адресирање/одговарање на потребите на лицата кои се засегнати од конфликт, природна катастрофа, епидемија и глад. Во овие кризни состојби, фокусот на хуманитарното делување е на задоволување на основните или непосредните потреби за помош и заштита. Сепак, хуманитарните организации не делуваат само во услови на кризи туку и секојдневно помагаат за обезбедување подобар живот на ранливите и маргинализирани категории луѓе кои постојат во секоја држава. Нивната цел е еднаков третман на сите луѓе, подеднаква грижа за животот и достоинството на секој човек и спречување на страдањата, без оглед на животната ситуација во која се наоѓаат одредени поединци. Тие, исто така, промовираат заемно разбирање, соработка, пријателство и мир помеѓу народите и државите.

**Активност:**

## *Ранливи групи*

Учениците во класот се делат на шест групи. Секоја од групите добива еден од следните идентитети:

- Постари лица
- Деца
- Жени
- Невработени (економски неактивни) лица
- Лица со посебни потреби
- Припадници на етничко малцинство.

Наставникот ја чита следната ситуација:

„Замислете дека сте лица кои преживеале природна катастрофа – земјотрес. Сте морале да ги напуштите своите домови и да се сместите во привремени престојувалишта. Сè уште не знаете кога и дали ќе можете да се вратите во своите домови. Загрижени сте и исплашени."

Секоја од групите треба да размисли и да одговори на следните прашања (можат да бидат запишани на табла или проектирани), од перспектива на идентитетот кој им е доделен:

- Кои се вашите потреби во конкретната ситуација?
- Од што се плашите? Што ве загрижува?
- Од кого очекувате помош? Каков вид помош очекувате?

Можни одговори за секоја од групите:

**Постари лица -** некој да им носи храна и вода, да им помага со движењето, да имаат пристап до здравствена заштита);

**Деца -** образование, место за играње, грижа за основните потреби (храна, безбедност), можност за повторно обединување со семејството (доколку се разделени);

**Жени -** физичка безбедност, пристап до постнатална грижа, да бидат близу до вода и гориво, можности за финансиска заработка, да бидат заедно со децата (доколку ги имаат);

**Невработени (економски неактивни) лица -** пристап до приходи, обезбедување основни продукти (храна, облека);

**Лица со физичка попреченост -** пристап до специфична здравствена заштита, активности со заедницата за поддршка на интеграција;

**Етнички малцинства -** физичка безбедност, застапеност, информации достапни на јазикот кој го говорат, соодветни можности за практикување на религијата или активности карактеристични за културата.

Стравовите и грижите можат да бидат заеднички - страв од неизвесност, од можна повреда врз нив или нивните блиски; грижа дали ќе се вратат на претходниот начин на живот, дали ќе добијат соодветна помош и заштита.

Помошта може да се очекува од формалните институции во државата, на локално ниво (општина, општински центри за социјална грижа, здравствени домови, училишта) и централно ниво (Министерства за труд и социјална политика, за здравство, за образование и сл.). Дополнително, помош може да се очекува од различни домашни и меѓународни хуманитарни организации.

Наставникот наведува дека погорепосочените групи се само дел од групите кои вообичаено се сметаат за ранливи. Ваквиот статус зависи од конкретната ситуација во која се наоѓаат. Сепак, најчесто ова се групите кои имаат поголем ризик од сиромаштија и социјална исклученост од општата популација. Етничките малцинства, мигрантите, инвалидните лица, бездомниците, лицата кои се борат со злоупотреба на супстанции, изолираните стари лица и децата, честопати се соочуваат со тешкотии што можат да доведат до натамошно социјално исклучување, како што се ниско ниво на образование и/или невработеност. На најранливите групи им е потребна посебна заштита на нивните права, земајќи ги предвид нивните физички и психолошки специфичности, со цел да им се помогне да се справат подобро со катастрофи.

Посебната заштита, во одредени ситуации, подразбира и посебна законска рамка за хуманитарна интервенција. За оваа цел, како олеснителна околност, за регулирање и помош на засегнатите страни, на меѓународно ниво е донесен правен документ наречен „Меѓународно хуманитарно право“. Овој систем на правила има за цел лицата кои се во ситуации на вооружен конфликт/окупација да ги заштити од кршење на нивните човекови права и слободи.

Главни подрачја кои се под покровителство на Меѓународното хуманитарно право се:

- Заштита на лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во борбите;
- Ограничување на средствата за војување,
- Заштита на хуманитарните и мировните работници на местата каде што тие дејствуваат.

## *Завршен дел на часот и рефлексија*
***(10 мин.)***

Наставникот бара од учениците да се присетат и, врз основа на она што е дискутирано за време на часот, да размислат кој сака да сподели ситуација во која проценува дека делувал на хуман начин. Учениците треба да размислат и да образложат зошто постапиле на одреден начин и како се чувствувале поради тоа.
Дополнително, наставникот дава листа (Работен лист 2.7) со кратки описи на организации и институции кои имаат мисија да делуваат хуманитарно. Учениците треба, за следниот час, да прочитаат за организациите/институциите и да лоцираат барем една локална или национална организација која се занимава со хуманитарна дејност и да напишат основни информации (150-200 збора) за нејзината работа. (Учениците можат да посочат формална или неформална организација или пак поединец кој важи за хуманитарец во нивната средина)

Запишаните информации ги испраќаат електронски до наставникот, кој ги проверува пред следниот час.

# Работен лист 2.7

# Хуманитарни организации и институции кои имаат хуманитарна дејност во својата работа

## Организација на Црвениот крст и Црвената полумесечина

Најголеми меѓународни хуманитарни организации се организацијата на Меѓународниот Црвен крст и Црвената полумесечина. Тоа е меѓународно хуманитарно движење со околу 97 милиони доброволци ширум светот. Нивна мисија е заштитата на човековиот живот, неговото здравје, безбедност и достоинство, спречување на човековото страдање и дискриминација заснована на националност, раса, религија, класна припадност, политичко уверување.

Како непристрасна, неутрална и независна организација, официјалната мисија на Меѓународниот Црвен крст и Црвената полумесечина е да се залагаат за заштита на животот и достоинството на жртвите на меѓународни и внатрешни вооружени судири. Основните задачи на организацијата се следните:

- да се следи усогласеноста на завојуваните страни со Женевската конвенција,
- да организира медицинска нега и грижа за оние кои се ранети на бојното поле,
- да го надгледува третманот на воените затвореници,
- да помогне при потрага по исчезнати лица во вооружен конфликт (услуга за пронаоѓање),
- да се организира заштита и грижа за граѓанското население,
- да арбитрираат меѓу завојуваните страни во вооружен судир.

Принципите според кои се водат се:

**Хуманост** - Промовирање меѓусебно разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите народи.

**Непристрасност -** Недискриминирање во однос на националноста, расата, верските уверувања, класните или политичките мислења. Настојување да се олеснат страдањата на поединците, водени само од нивните потреби и да им се даде приоритет на најитните случаи на неволја.

**Неутралност -** Движењето не зазема страна во непријателства и не се вклучува во полемики од политичка, расна, верска или идеолошка природа.

**Независност –** Движењето е независно. Иако националните друштва се помошници во хуманитарните служби на нивните влади и подлежат на законите на нивните соодветни земји, секогаш мора да ја одржуваат својата автономија за да можат во секое време да дејствуваат во согласност со принципите на Движењето.

**Доброволна служба** – Тоа е доброволно движење, непрофитабилно и непоттикнувано на кој било начин од желбата за добивка.

**Единство** – Може да има само еден Црвен крст и една Црвена полумесечина во која било земја. Организациите мора да бидат отворени за сите и да ја извршуваат својата хуманитарна работа низ целата територија на земјата.

**Универзалност** – Сите општества имаат еднаков статус и имаат еднакви одговорности и должности да си помагаат едни на други.

Повеќе информации: https://www.icrc.org/en/who-we-are/movement

## *Amnesty International (Амнести интернешнал)*

Организацијата е основана со цел да се бори за заштита на луѓето од тортура и укинување на смртната казна. Нивната дејност низ годините е проширена на различни теми кои се однесуваат на заштита на човековите права низ светот. Дел од темите на кои работат се:

- Контрола на оружје,
- Смртна казна,
- Права на затвореници,
- Дискриминација,
- Исчезнати лица,
- Слобода на изразување,
- Достоинствено живеење,
- Полициско насилство,
- Мигранти, баратели на азил, бегалци.

Повеќе информации: https://www.amnesty.org/en/what-we-do/

## *Доктори без граници (Doctors Without Borders/Médecins Sans Frontières (MSF)*

Мисијата на организацијата е обезбедување медицинска грижа за лицата на кои им е најмногу потребна, особено на популации кои се соочуваат со кризи, жртви на природни катастрофи или катастрофи предизвикани од човекот, како и жртви на вооружени конфликти. Организацијата е основана во 1971 година и има канцеларии во 21 земја и досега има третирано десетици милиони лица низ светот.

Принципите според кои се водат се:

- Сите луѓе имаат право на медицинска нега, без разлика на пол, раса, религија или политички ставови, и
- Потребите на овие луѓе го надминуваат почитувањето на државните граници.

Организацијата се стреми кон давање висококвалитетна медицинска нега на сите пациенти на независен, неутрален начин, без заземање страни.

Повеќе информации: https://www.doctorswithoutborders.org/what-we-do

## *Центар за социјални работи*

Центрите за социјална работа се во состав на Министерството за труд и социјална политика и се распространети низ целата територија на Република Северна Македонија.

Секој од овие центри ги врши следните работи:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми,
- применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно им помага на граѓанин, семејство или група на население,
- ја развива превентивната работа,
- развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита,
- поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување програми за социјална заштита.

Повеќе информации: http://www.mtsp.gov.mk/institucii-ns_article-centar-za-socijalna-rabota.nspx

## *Министерство за труд и социјална политика (МТСП)*

МТСП претставува главна институција која се грижи за заштита на ранливите категории во државата. Нуди заштита на различни права, меѓу кои:

- Гарантирана минимална помош,
- Надоместок поради попреченост,
- Паричен надоместок за помош и нега од друго лице,
- Надоместок на плата за скратено работно време (поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот),
- Додаток за домување,
- Траен надоместок,
- Право на здравствена заштита.

Покрај тоа, МТСП ги нуди и следните услуги:

- Услуги на информирање и упатување,
- Услуги на стручна помош и поддршка ,
- Услуги на советување,
- Услуги во домот,
- Услуги во заедницата,
- Услуги  за вонсемејна заштита.

Повеќе информации: http://mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx

## *Локална или национална организација која се занимава со хуманитарна дејност*

Име на организацијата: ______________________________

Опис на организацијата и дејноста: ______________________________

# Содржина: *Хуманост*

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги поврзува хуманоста, човековите права и меѓународното хуманитарно право со положбата на ранливите категории луѓе и се застапува за нивно почитување.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги препознава специфичните потреби на ранливите категории во општеството,
- да ги идентификува институциите што им помагаат на ранливите категории,
- да ги идентификува меѓународните организации (Црвен крст, Црвена полумесечина) кои дејствуваат хуманитарно.

## Потребни материјали:

работен лист 2.8, пенкала (моливи).

## Методи, техники, форми:

работа во групи, бура на идеи, презентација.

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот ги сумира добиените завршени задачи од учениците за домашни хуманитарни организации и издвојува неколку кои се порелевантни кои учениците треба да ги имаат предвид при изработка на следната активност.

## Главен дел на часот (35 мин.)

Во текот на целиот час, учениците работат во групи на изработка на оперативен план за хуманитарно дејствување. Секоја група треба да идентификува одредена ранлива категорија граѓани во нивната општина или во државата, да опише во што се состои ранливоста, да образложи што тие би можеле да направат за да ја подобрат положбата на оваа група во општеството и/или да ги заштитат нивните права, да наведе кои организации и институции би можеле да помогнат и на каков начин. Групите треба да го пополнат работниот лист 2. 8.

По пополнувањето на работниот лист, групите презентираат што направиле и каков е нивниот план за акција.

Доколку има можност, се препорачува за време на часот да се покани претставник од одредена хуманитарна организација или локална или државна институција (МТСП, Сектор за социјални дејности во општина) за да ги насочува учениците низ чекорите и да сподели искуства за начинот на делување во различни ситуации.

## Завршен дел на часот (5 мин.)

Наставникот, преку следните прашања проверува што научиле и какви вештини стекнале учениците:

- Што ви беше најинтересно за време на денешниот час?
- Што научивте ново?
- Што ви беше најсложено?
- Како би ви користело во животот ова што го работевте за време на часот?

## *Работен лист 2.8*
# *План за хуманитарно дејствување*

**Опис на ранливата категорија граѓани**

- каде живеат
- навики
- вредности
- јазик

**Образложување зошто ги сметаме за ранлива категорија?**

______________________________

______________________________

**Што можеме да направиме? (бура на идеи)**

______________________________

______________________________

**Избор на активности:**

______________________________

______________________________

**Кој може да ни помогне и како?**

Меѓународни хуманитарни организаци ______________________________

Локални (хуманитарни) организации ______________________________

Државни институции ______________________________

**План за акција**

| Задачи по тимови/лица (Кој/што?) | Временска рамка (Кога?) | Проценка на ризици и начини за надминување (Што ако....?) |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

# Содржина: *Прифаќање и почитување на разликите*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката анализира начини на функционирање на разликите во општествата и покажува подготвеност да ги почитува различните од себе.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- да ги преиспитува сопствените ставови и однесувања во конкретни ситуации,
- да дискутира за придобивки и предизвици од животот и работата во општество со **разлики,**
- демонстрира дека секој во општеството е важен и може да **ги прифаќа** луѓето што се **различни** од него/неа.

## *Потребни материјали:*

бели листови А4, пенкала (моливи)

## *Методи, техники, форми:*

работа во парови, квиз, дискусија, Венов дијаграм

# Воведен дел на часот (10 мин.)

## Активност:

### Венов дијаграм

**Наставникот** ги дели учениците во парови и на секој од паровите им дава по еден бел лист А4. Наставникот им објаснува на учениците дека нивна задача е во форма на Венов дијаграм да си пронајдат сличности и **разлики** меѓу себе. Потоа доброволци ги читаат карактеристиките од Веновиот дијаграм пред останатите ученици.

Наставникот поттикнува кратка дискусија со тоа што им поставува прашања на учениците:

- Што ви беше потешко да пронајдете низ разговорот, сличности или **разлики** помеѓу вас? (Се очекува учениците да одговорат на различен начин, во зависност од конкретното искуство.)
- Колку **разликите** кои ги детектиравте влијаат да го смените вашето мислење во однос на тој/таа ученик/ученичка? (Учениците се очекува да споделат дека разликите кои ги детектирале ја направиле дискусијата поинтересна и подинамична и дека врз основа на карактеристиките кои ги детектирале низ дискусијата може да се градат определени ставови за ученикот/ученичката, но не значи дека тие ставови се негативни, напротив, самата дискусија и соработка вообичаено ги зближува поеднинците.)
- Колку сличностите помеѓу вас придонесуваат да се чувствувате поблиски со ученикот/ученичката? (Очекувано е учениците да дадат потврден одговор, но и да надополнат дека разликите воопшто не влијаат на оддалечување, самото запознавање на сличностите и разликите можат да придонесат за зближување на поединците).

Наставникот заклучува дека сите ние можеме да се **разликуваме** по многу нешта, како што имаме сличности. Токму **разликите** го прават светот поинтересен, подинамичен и поубав.

# *Главен дел на часот* *(25 мин.)*

***Активност:***

## *Квиз - Очекувања од „другите“ (10-15 минути)*

Еден ученик ги чита една по друга приказните за личностите А, Б и В. По секоја прочитана приказна, другите ученици избираат еден од понудените одговори за карактеристиките на ликот од приказната. Наставникот ги запишува најчесто избраните одговори на табла. На крајот, наставникот ги кажува точните одговори. Учениците треба да се поттикнат да дискутираат што ги навело да ги изберат опциите кои ги избрале, како размислувале пред да изберат и дали се изненадени од вистинските одговори.

На крајот, учениците треба да наведат зошто секоја од овие личности е значајна за општеството и како може да придонесе за неговиот развој. (На пример. Личност А да предава на факултет во земјата во која е доселена, Личност Б да работи на развој на спортот и спортскиот дух, Личност В да стане уметник преку поттик од околината)

Личност А

**Алмира има 35 години и до неодамна живееше во Сирија. Но, откако во нејзината земја се разгоре војна, со нејзиното семејство решија да емигрираат во Западна Европа за да најдат подобар живот.**

Какво образование има Алмира?

А. Основно

Б. Средно

В. Високо

Г. Магистратура

Д. Докторат

Што работела Алмира во Сирија?

А. Била домаќинка

Б. Учителка

В. Професорка на факултет

Г. Адвокатка

Д. Фотомодел

**(Точни одговори се Д. Докторат и В. Професорка на факултет)**

Личност Б

**Бане е спортист долги години и игра ватерполо за градскиот тим. Има свое друштво со кое сака да излегува за време на викендите, но никогаш не останува по полноќ поради секојдневните тренинзи.**

Каква музика сака да слуша Бане?
А. Рап
Б. Турбофолк
В. Класична
Г. Хевиметал
Д. Р’н’Б

Кое му е омилено јадење на Бане?
А. Хамбургер
Б. Паста Карабонара
В. Пица Маргарита
Г. Пастрмка на жар
Д. Донер/Гиро

**(Точни одговори се Г. Хевиметал и В. Пица Маргарита)**

Личност В

**Во основното училиште во Струга дојде нов ученик од Тајван. Се вика Ванг Веи и носи очила.**

Каков е училишниот успех на е Ванг Веи?
А. Недоволен
Б. Доволен
В. Добар
Г. Многу добар
Д. Одличен

Што најмногу сака да прави Ванг Веи во слободното време?
А. Да игра видеоигри
Б. Да игра фудбал
В. Да црта
Г. Да плива
Д. Да чита

**(Точните одговори се: В. Добар и В. Да црта)**

Наставникот заклучува дека сите имаме тенденција да донесуваме заклучоци за карактеристиките на другите луѓе, дури и кога имаме само малку информации за нив. Тоа многу често го правиме несвесно, без многу размислување и врз основа на нашите претходни искуства и познавање на светот и луѓето, нивните општествени улоги, припадноста на групи и сл. Нашите очекувања кои ги донесуваме за другите честопати го одредуваат и нашето однесување кон нив. Доколку ги процениме како послични на нас или процениме дека припаѓаат на одредена општествена група кон која и самите се стремиме, нашето однесување е поинакво, отколку ако процениме дека се различни од нас.

Ова се случува бидејќи личноста, во текот на животот има потреба да го поедностави светот во кој живее за да може полесно да го разбере. Поради тоа, има тенденција за групирање на „другите" во категории, групи и споредување со нив. Во одредени категории или групи припаѓа и самата личност, додека во други не припаѓа.

На пример: Марио живее во Фиренца, навивач е на локалниот фудбалски клуб, учи во средното техничко училиште. Сите овие карактеристики и припадности го класифицираат како член или припадник на одредени општествени категории и групи. Со тоа, и другите лица кои исто така припаѓаат на „неговите" групи ги доживува како послични на себе и поблиски, а оние кои не припаѓаат (навиваат за друг тим, учат во друго училиште и сл.) како различни и подалечни.

Ваквите категоризации помеѓу општествените групи, сами по себе не се штетни, ниту опасни. Доколку разликите помеѓу „нашите" и „другите" групи се прават на позитивен начин (на пример: нашиот клас има подобра дружба, другиот клас има подобар училишен успех; ние правиме добри филмови, тие прават добра музика), тие можат да придонесат за формирање позитивен групен идентитет, чувство на сигурност и припадност, како и самодоверба. Тоа ѝ помага на личноста да го најде своето место во светот, да разбере која и каква е (а која и каква не е), каде припаѓа и како треба да се однесува.

Проблемите се јавуваат кога групите на кои одредена личност припаѓа, ги смета за подобри од другите и ги идеализира додека другите ги потценува и омаловажува. Тоа може да доведе до непосакувано однесување како што е: озборување, силеџиство, обвинување, физичко насилство и сл.

Поради тоа, иако не е едноставно секогаш да ги контролираме нашите автоматски проценки за другите и нашето однесување, сепак треба да сме свесни дека нашата проценка за лицата кои ги сметаме за различни од нас може да не е соодветна. Ова често го сознаваме кога имаме можност подобро да ги запознаеме другите и да оствариме меѓусебни релации врз основа на работите кои нѐ поврзуваат. Тоа можат да бидат заеднички интереси, потреби за сигурност, мир, добросостојба, како и проблеми со кои заеднички се соочуваме.

## Завршен дел на часот *(5 мин.)*

Наставникот преку проектор (или запишан на табла/хамер) им го прикажува на учениците следниот цитат од Нелсон Мендела и ги остава да го прочитаат и да размислат околу неговото значење.

„Никој не се раѓа со омраза кон друга личност само поради тоа што таа личност има **различна** боја на кожа, различно потекло или различна религија. Луѓето учат како да мразат, тие можат да бидат подучувани и како да сакаат, сакањето е поприродно за

срцето на човекот, отколку спротивното", Нелсон Мендела на неговата инаугурација за претседател на Јужна Африка 1994 година.

Наставникот им дава можност на учениците да го искажат својот став околу наведениот цитат. Се развива кратка дискусија која се насочува кон дефиницијата за толеранцијата на УНЕСКО од 1995 според која **толеранцијата претставува почитување, прифаќање и уважување на богатствата од разлики во светските култури и таа е форма на изразување и начин да бидеме луѓе. Толеранцијата подразбира волја и способност да се прифати и да се дозволи разликата, било да се работи за разлики во политички уверувања, верска и расна припадност или, пак, за разликите меѓу половите.**

Толеранцијата подразбира дух на **почит** кон другиот, кон тој што е различен од нас.

## *Активност за рефлексија и евалуација*

### *(5 мин.)*

Дискусија за рефлексија преку следните прашања:

- Наведете лични примери или искуства од секојдневниот живот за прифаќање или почитување на разликите.
- Размислете за ситуации кога сте донеле избрзани заклучоци за нечии особини/карактеристики и што придонело да ги промените своите ставови. (Се очекува некои од учениците да споделат примери на ситуации кога некои од предрасудите кои ги чувствувале кон луѓето кои се **различни** од нив (во културна, етничка, полова или која било друга смисла) им се намалиле.)
- Како би постапиле следен пат кога ќе бидете во ситуација да процените како да постапувате со некој кој според многу карактеристики е различен од вас? (Се очекува да бидат внимателни во проценката, да бидат свесни за можните предрасуди кои ги имаат, да ги бараат можностите за соработка и размена на знаења и искуства.)

# Содржина: Прифаќање и почитување на разликите

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката анализира начини на функционирање на **разликите** во општествата и покажува подготвеност да ги **почитува различните** од себе.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да опишува како различни идентитети функционираат во едно општество,
- да ги преиспитува сопствените ставови и однесувања во конкретни ситуации,
- да дискутира за придобивки и предизвици од животот и работата во општество со разлики,
- да демонстрира дека секој во општеството е важен и може да ги прифаќа луѓето што се различни од него/неа.

## Потребни материјали:

листови хартија, пенкала (моливи), работен лист 2.9.

## Методи, техники, форми:

работа во групи, индивидуална работа, групна дискусија, презентирање, активност за загревање

## *Воведен дел на часот* (5 мин.)

*Активност:*

### *Ветерот дува*

Наставникот кој претходно ги мести столчињата во круг, им дава насоки на учениците дека оној кој стои во средина (бидејќи само за еден ученик нема столче) кога ќе викне на пример: „Ветерот дува за сите кои имаат кратка коса", стануваат оние со кратка коса и си го менуваат столчето. Оној кој нема да најде столче, дава насоки со „Ветерот дува". (Примери за насоки: „Ветрот дува за оние кои се вљубени, за оние кои имаат црни чевли/патики, за оние кои имаат брат и сл.").

***Забелешка:*** Доколку не постојат просторни услови за реализација на активноста, наставникот може да ги повика учениците секој од нив да си го каже својот прекар (име) и една придавка (атрибут, особина), која ќе биде негово презиме (на пример: „Алек Праведников", а потоа кратко објаснува зошто токму тоа презиме („....бидејќи секогаш се борам за правда").

Наставникот ги прашува учениците дали препознаваат зошто токму оваа активност била предвидена за часот на кој ќе учат за **прифаќање** и **почитување** на **разликите.** Учениците се насочуваат да споделат дека активноста низ забава ни потврдува дека по многу нешта се **разликуваме** и дека тоа не е воопшто лошо или погрешно, туку, напротив, може да биде забавно.

## *Главен дел на часот* (20 мин.)

**Почитувањето** на **разликите** подразбира **прифаќање** на **разликите** и воздржување од вреднување. На пример, носењето шамија е дел од културната традиција во некои култури, во Тибет исплазувањето на јазикот се користи за изразување почит или како поздрав, во Јапонија е прифатливо гласно сркање на супата, итн.

## *Активност:*

### *Воз*

Наставникот им споделува на учениците една хипотетичка ситуација и ги замолува да замислат дека треба да патуваат на долг пат со воз, во купе со четири кревети. Им вели да си замислат дека едниот кревет е за нив, додека за другите три кревети треба да одберат луѓе со кои би сакале да патуваат. Потоа наставникот им дава/прикажува листа на луѓе со различни карактеристики по различни основи. На пример:

- Млада жена со тетоважи и пирсови по целото тело,
- Возрасен маж со телесна попреченост,
- Еврејски свештеник облечен во службената облека,
- Маж мигрант од друга земја,
- Познат глумец во алкохолизирана состојба,
- Мајка со дете со посебни потреби, која не го зборува вашиот јазик,
- Трансродова жена[2] ,
- Баба со мало внуче во рацете.

Откако учениците ќе одберат тројца од замислените ликови со кои би патувале, наставникот повикува доброволци да го споделат својот избор и да образложат зошто токму тие ликови ги одбрале, а поради која причина не ги одбрале останатите.
Учениците се поттикнуваат да размислат што позитивно би можеле да научат од секој од ликовите, без разлика дали истиот го одбрале за патувањето, со цел да го збогатат своето разбирање и прифаќање на „другите".

Се развива кратка дискусија со цел да се укаже дека секој во општеството е важен и може да придонесе во неговиот развој. Очекувано е членовите во општеството да имаат **различни** размислувања, ставови, потреби, интереси, карактеристики. Тие разлики придонесуваат за развој на општеството, така што секој придонесува со она што знае и умее најдобро да го прави. Поради тоа, меѓусебните **разлики** треба да ги **прифатиме** и **почитуваме** како составен дел на нашето живеење.

Како одговор на прашањето на кој начин е можно поединецот да се поттикне на **почитување** на **разликите** и соработка со поразлични од него, често се споменува воспитувањето и образованието на децата со цел развивање вештини на толеранција и вистинско уважување на туѓите мислења и однесувања. Тоа би значело дека на децата треба да им се вгради во нивниот вредносен систем **прифаќањето** на **разликите**, со цел подоцна да ги уважуваат, а не само да ги поднесуваат различните од нив. Првото место каде што се

2 Л о со машки полови карактеристики, но има женски родов идентитет.

учи за **прифаќање** на **разликите** е семејството. Бидејќи децата учат по модел, тие најлесно ќе го пресликаат однесувањето на членовите на нивното семејство. Но, семејството не е единствениот учител. Сите општествени структури треба да се вклучат во градењето на толеранцијата. Особена улога во овој процес имаат училиштата кои треба да покажат дека секој ученик е вреден и неговиот идентитет и разлика се почитува.

Истражувањата покажале дека негативниот однос кон „другите" вообичаено се јавува кога различните групи немале соодветен меѓусебен контакт или, пак, контактот кој го имале бил на нееднаква основа: на пример, едната група воопшто или недоволно го разбирала јазикот на другата, едната група била многу побројна од другата, членовите на групите постојано се среќавале на „територија" на едната група, членовите на групите при контактот биле поттикнувани на меѓусебен натпревар, а не соработка итн.

## Завршен дел на часот (15 мин.)

Наставникот нагласува дека Република Северна Македонија е држава на чиј простор од одамна заедно живеат многу **различни** култури. Нивниот белег е видлив и денес во материјалното и нематеријалното културно наследство, во архитектурата, храната, фолклорот, во секојдневниот живот и обичаите кои ги негуваме. Со цел да ги анализираат придобивките и предизвиците од живеењето во општество со разлики, учениците ја прават следната активност.

Во помали групи, учениците го пополнуваат работниот лист 2.9. Тие треба да размислат и да одговорат какви разлики постојат во рамките на нивното училиште, град/село/општина и држава. Се поттикнуваат да не се ограничуваат на традиционалните разлики (етнички, религиски и сл.), туку да размислуваат пошироко. Потоа треба да размислат кои се придобивките од разликата (што добиваат од неа) и кои се предизвиците со кои се соочуваат.

По завршувањето, групите споделуваат што заклучиле и ги споредуваат своите заклучоци со оние на другите групи.

Можни одговори:

**Разлики** – род, возраст, етничка припадност, религиска припадност, раса, јазик на кој се зборува, супкултура (музика, стил на облекување).

**Придобивки** – можеме да го научиме јазикот на „другите", имаме избор од разновидна (традиционална) храна, музика, се запознаваме со различни вредности и верувања, можеме да научиме од животното искуство на повозрасните, прифаќаме добри начини на однесување карактеристични за другиот род, учиме да бидеме отворени кон разликите, стекнуваме вештини за прилагодување на своето однесување и комуникацијата со различни личности и групи во општеството, стануваме поемпатични.

**Предизвици** - може да не се разбираме поради различниот јазик, културните норми за некои прашања може да бидат спротивни, имаме различни вредности за значајни прашања, или ставовите во поглед на одредени теми ни се спротивни.

## *Активност за рефлексија и евалуација* *(5 мин.)*

Наставникот им поставува прашање на учениците: „Во какво општество посакувате да живеете, општество каде што се негуваат разлики или општество кое би промовирало што поголема хомогеност на граѓаните, каде што неконформистичкото однесување тешко се прифаќа од заедницата во која живеете?"

Се очекува учениците преку своите одговори да го поддржат општеството на разлики, врз основа на придобивките дискутирани за време на претходната активност.

# Работен лист 2.9

## Придобивки и предизвици од живеењето во општество со разлики

| | Какви разлики постојат помеѓу...? | Кои се придобивките од разликите? | Кои се предизвиците поради разликите? |
|---|---|---|---|
| Учениците во нашето училиште | | | |
| Жителите на нашиот град/село/општина | | | |
| Граѓаните во нашата држава | | | |

# Содржина: Мултикултурализам и интегрирано живеење

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги препознава предностите на **мултикултурното** општество и го вреднува квалитетот на **интегрираниот** начин на живот

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува основни карактеристики на **мултикултурно** општество,
- да дефинира што е **мултикултурализам** и **интеграција,**
- да ја препознава **интеграцијата** како начин/предуслов за **интеркултурно** општество.

## Потребни материјали:

Работен лист 2.10, Работен лист 2.11

## Методи, техники, форми:

Работа во пар, дискусија, „Бура на идеи“, „Леден брег“, истражување

# Воведен дел на часот (10 мин.)

## Активност:

### „Леден брег“

Наставникот на табла црта „Леден брег“ (Слика 6) со слободна рака и со хоризонтална линија го дели брегот. Наставникот им објаснува на учениците дека горниот дел треба да ги означува сите елементи на културата кои се видливи и лесно забележливи кај другите луѓе, додека долниот, поголем дел ги означува оние елементи на културата кои не се забележливи, но имаат големо значење. Тоа се првенствено вредности и принципи за што е добро, правилно, пожелно и прифатливо, како и што е лошо, погрешно, непожелно и неприфатливо. Во многу случаи, различни културни групи ги делат сличните основни вредности и принципи.

Учениците се поттикнуваат слободно да споделуваат и запишуваат на таблата асоцијации за видливи и скриени елементи на културата. Во горниот дел од „Ледениот брег“, се очекува да се набројат елементите како: раса, јазик, облека, уметност, обичаи, додека во долниот дел од брегот би се забележале: вредности, норми, колективна меморија, политички гледишта, вештини итн.

Наставникот ги прашува учениците, кои културни карактеристики би ги издвоиле за себе и како видлива карактеристика (во горниот дел од брегот), но и како незабележлива карактеристика (во долниот дел од брегот). Наставникот резимира дека само мал дел од елементите на културата се видливи, додека поголемиот од нив се внатрешни/невидливи надворешно, а многу важни во определбата на културниот идентитет на поединците.

Слика 6. Леден брег на културата



# *Главен дел на часот* *(30 мин.)*

По завршувањето на воведната активност, наставникот може да се надоврзе на заклучоците и/или други елементи од содржината: **Прифаќање и почитување на разликите.** Дополнително, како надоврзување на активноста ја посочува културната разлика во рамките на класот. Потоа ги повикува учениците да размислат дали постои културна разлика на ниво на училиштето и чекор понатаму – на ниво на локалната заедница. Очекувано е учениците да посочат културна разлика во нивната средина. Понатаму, наставникот ги повикува учениците да го искажат нивното сфаќање на зборот **мултикултурализам.** Учениците споделуваат размислувања, а наставникот забележува на табла главни поими кои се однесуваат на определбата на поимот.

***Активност:***

## *Разговор за твојата култура (20-25 мин.)*

Наставникот им го дели работниот лист 2.10 на сите ученици (алтернативно, насоките за дискусија може да се проектираат/запишат на табла), по што им дава насоки на учениците да најдат свој партнер од соучениците (најдобро е тоа да биде некој кого не го познаваат доволно добро).

Во формираните парови, еден од учениците треба да ја има улогата на говорител, додека вториот ја има улогата на слушател. Говорителот треба да се води според тврдењата во работниот лист 2.10 и има 2-3 минути да зборува за неговата култура. Потоа, во тек на 1-2 минути слушателот треба да го повтори сето она што говорителот го кажал, почувствувал и посочил за неговата/нејзината култура. Секој од паровите има по 1-2 минути за размена на мислења помеѓу говорителот и слушателот, за да се анализира колку прецизно слушателот разбрал за културата на говорителот. Потоа учениците си ги менуваат улогите во секој пар (говорителот од првиот разговор сега станува слушател, и обратно) и целосната постапка се повторува (2-3 минути за говорителот да зборува за неговата култура, 1-2 минути за повторување на информациите од страна на слушателот, 1-2 минути за размена на мислења).

По завршувањето на активноста, наставникот иницира дискусија со учениците (во времетраење од 10 минути) преку следните прашања:

- Како ја дефиниравте вашата култура?
- Кои аспекти од вашата култура за вас беа најважни за споделување?
- Дали оние кои беа во улога на слушател доволно јасно ве разбраа?

- Што беше најлесно за оние во улога на слушател да запомнат: специфични факти, настани, чувства? Зошто?
- Како се чувствувавте како говорител, додека ја презентиравте вашата култура?
- Како се чувствувавте како слушател, додека ги повторувавте информациите што ви беа презентирани?
- Дали и како оваа активност може да се спроведе во секојдневниот живот?

Од групната дискусија и одговорите на учениците, наставникот извлекува заклучок за обработуваните теми:

Секоја личност на различен, сопствен начин ја дефинира својата култура. Оние работи кои луѓето одлучуваат да ги манифестираат и искажат за својата култура можат значително да се менуваат од една до друга култура. Поради тоа, разговарањето за различните културолошки особености, но и воочувањето на сличностите се првите чекори за разбирање на културолошки „другиот“, односно различниот од себе. Тоа претставува дел од процесот на интеграција и воспоставување соработка помеѓу различните култури. Во овој процес, степенот на разбирање на различните културолошки особености зависи од индивидуалната подготвеност на секоја личност да ги слушне, види, истражи и да научи повеќе за тие особености. Во спротивно, настануваат недоразбирања и/или погрешно разбирање за другите култури. Иако секогаш е полесно да се запомнат само оние видливи факти и особености од различните култури, процесот на интеграција води кон разбирање и на „невидливите“ културолошки особености во нечие однесување, чувства, ставови и гледишта.

## *Теоретски дел* (5 мин.)

**Мултикултурализмот** е определен како движење/идеологија кое го прифаќа разноообразието во едно општество како основна карактеристика и основен принцип. Ова движење бара сите културни групи да се рамноправни, односно да се зголеми достоинството, правата и признавањето на разликата на тие групи. Мултикултурализмот го става акцентот на културната разновидност во која примарно е зачувувањето на сопствениот културефн идентитет и прифаќањето на другиот. **Мултикултурализмот** упатува на постоење повеќе култури на еден географски простор, коишто не се во задолжителна, секојдневна и природна интеракција. Истовремено, мултикултурализмот подразбира и заштита на одредени заедници, особено во случаи на системски нанесувани неправди врз тие заедници преку дискриминација, опресија и исклучување одредени групи во минатото.
Мултикултурализмот е нужна, почетна основа. Без јасно разработен и усвоен концепт на мултикултурализам, нема прифаќање на сличностите, но ни почитување на разликите. Следниот чекор, односно надградувањето и зајакнувањето на мултикултурноста, се случува во облик на интеркултурност: паралелното живеење еден покрај друг се надминува прераснувајќи во заемна упатеност еден кон друг, поврзаност еден со друг и заемно пот-

пирање еден на друг во обезбедувањето квалитетно живеење во една иста заедница, односно општество. Оттука, **интеркултурализмот** е динамичен концепт и се однесува на развојот на односите меѓу културните групи. Интеркултурализмот е резултат на меѓукултурна размена и дијалог на различните култури кои, преку заемна соработка, зависат едни од други на локално, регионално, национално и меѓународно ниво (Слика 7).

**Слика 7. Споредба на поимите мултикултурализам и интеркултурализам.**

За полесно визуелно објаснување на концептот на мултикултурализам и интеркултурализам, наставникот може да ги нацрта на таблата двете множества подолу. Множеството претставува општество, додека содржината на множеството претставуваат различни културни групи во рамките на општеството.

Предлог - кратка активност: На учениците им се делат ливчиња во различни бои со кои треба да го претстават визуелно нивното поимување на мултикултурализмот и интеркултурализмот. По завршувањето, наставникот може да го претстави визуелниот приказ подолу, во споредба со визуелните прикази на учениците.



**Мултикултурализам**



**Интеркултурализам**

Интеграцијата е повеќе од заедничко живеење на повеќе култури на еден простор, таа е повеќе и од почитување и прифаќање на разликите. Кога заедничкото живеење подразбира соработка и упатеност еден на друг заради обезбедување заедничка егзистенција, тогаш зборуваме за **интеркултура** и **интеграција.** Интеграцијата е процес кој треба активно да се применува и да се охрабрува од сите чинители во општествениот живот, почнувајќи од семејството, образовниот систем, пазарот на трудот, секојдневниот живот во локалната заедница и слично.

# Завршен дел на часот

Учениците се делат во групи, ја добиваат листата со критериуми за интеркултурализам на ниво на училиште, град/општина и спортски клуб (Работен лист 2.11), и им се посочува дека до следниот час секоја група треба да спроведе истражување со цел да ја определи пополнетоста на критериумите во табелата.

# Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

Наставникот поставува неколку кратки прашања за рефлексија:

- Што ново научивте денес?
- Посочете барем една разлика меѓу поимот мултикултурализам и поимот интеркултурализам?
- Кои придобивки можете да ги посочите од животот во мултикултурна заедница?

# Работен лист 2.10

## Разговор за твојата култура

Одвојте 2 минути за да ги разгледате тврдењата и насоките подолу. Многу култури имаат свои особености кои можеби се различно сфатени од останатите луѓе кои не припаѓаат на тие култури. Обидете се да бидете што е можно поотворени и подетални во пренесувањето на информациите кон слушателот во вашиот пар.

- Култура или етникум на која/кој припаѓаш...
- Некоја особеност на твојата култура што најчесто погрешно се разбира од останатите;
- Некоја „нова информација" за твојата култура што сметаш дека соговорникот не ја знаел досега;
- Пример за некој семеен обичај што сметаш дека е поврзан со културата на која ѝ припаѓаш;
- Сподели некоја изрека која сметаш дека е поврзана со културата на која ѝ припаѓаш;
- Што сметаш дека е особено важно останатите да разберат за твојата култура?
- Размисли за некоја поука која ти е мошне важна тебе, но истовремено ти е важна и за другите луѓе;
- За крај, нешто што сметаш дека е доволно интересно или значајно да го споделиш со слушателот.

# *Работен лист 2.11*

# *Критериуми за интеркултурализам*

Истражете за меѓуетничката интеграција и интеркултурализмот во вашето училиште, град или општина, и еден спортски клуб, по ваш избор.

Врз основа на критериумите дадени во следната табела, проценете колку во наведените институции се практикува интеркултурализмот. При истражувањето, можете да користите информации достапни на интернет, но пожелно е и да спроведете и теренска посета на институциите, да спроведете интервјуа со претставници на истите, како и интервјуа со ученици/граѓани, за да утврдите до кој степен е исполнет секој од наведените критериуми. Обидете се да соберете колку што е можно повеќе информации за да ги поткрепите вашите проценки.

| | Да, целосно | Да, донекаде | Не |
|---|---|---|---|
| **Училиште** | | | |
| Информациите кои ги објавува училиштето (на веб-страница, огласна табла) се достапни на различни јазици кои ги говорат учениците. | | | |
| Училиштето има донесено документи (во рамките на годишната програма, акциски план и сл.) за интеркултурализам или меѓуетничка интеграција. | | | |
| Во рамките на училиштето, учениците имаат можности да се среќаваат и да соработуваат со ученици од различни етнички заедници: | | | |
| ➔ како дел од воннаставните активности, | | | |
| ➔ за време на одморите, | | | |
| ➔ како дел од редовната настава. | | | |
| Ученици од различни етнички заедници учествуваат во процесите на донесување одлуки во училиштето. | | | |
| За време на наставата по различни предмети се разговара за разбирање на разликите, учење од „другите“ и разгледување на една појава од различни перспективи. | | | |

| Град / Општина | | | |
|---|---|---|---|
| Информациите кои ги објавува градот/општината (на веб-страница, огласна табла) се достапни на различни јазици кои ги говорат граѓаните. | | | |
| Во органите на управување (Совет, локални институции) има претставници на различни етнички заедници кои живеат во градот/општината. | | | |
| При дискутирањето и донесувањето одлуки се води грижа за интересите и потребите на сите заедници, постигнување заемно разбирање и заедничко добро. | | | |
| Се промовираат заеднички места за културно-забавен живот, каде што можат да се среќаваат и дружат претставници на различни етнички/јазични заедници. | | | |
| Градот/општината има донесено документи (стратегија, акциски план и сл.) за интеркултурализам или меѓуетничка интеграција. | | | |
| **Спортски клуб** | | | |
| Клубот има објавено изјава дека нема да толерира национализам и расизам и ќе презема акција против оние кои скандираат националистички/расистички пароли/песни. | | | |
| Клубот предвидува санкции (казни) за играчите кои промовираат национализам и/или расизам. | | | |
| Клубот спроведува политика на еднакви можности за зачленување, напредување и плаќање, без разлика на етничката или расна припадност. | | | |

# *Содржина: Мултикултурализам и интегрирано живеење*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката ги препознава предностите на **мултикултурното** општество и го вреднува квалитетот на **интегрираниот** начин на живот

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- да дискутира и да наоѓа решенија за сложени прашања и ситуации за кои е потребно да се почитуваат културните разлики.

## *Потребни материјали:*

Работен лист 2.11; хартија, пенкала

## *Методи, техники, форми:*

Работа во групи, дискусија, презентација

# *Воведен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот го започнува часот со поставување прашања за дискусија:

- Какво општество е нашата држава? (Се очекува учениците да одговорат дека живеат во општество на разлики, односно мултикултурно општество.)
- Можете ли да посочите држава која е културно хомогена? (Се очекува дека учениците не би можеле да се сетат на држава каде што граѓаните припаѓаат само на една култура.)
- Што за вас претставува поимот **интеграција**? (Се очекува од учениците да споделат дека често го слушаат поимот и знаат дека претставува процес на успешно поврзување на различни групи луѓе.)
- Кои се предностите од живеењето во **мултикултурно** општество? (Се очекува учениците да споделат дека животот во мултикултурна заедница овозможува да се запознаат различни култури, што нуди поголема динамика и е поинтересен. Учениците кои маат радикално спротивен став, наставникот ги поттикнува да размислуваат со пошироки хоризонти преку следните прашања.)
- Дали имате пријатели или соседи кои припаѓаат на култура различна од вашата? Како тие (соседите, пријателите) би се чувствувале доколку не бидат прифатени од средината во која живеат? Како вие би се чувствувале доколку бидете отфрлени поради некоја ваша културна карактеристика?

Наставникот дополнува:

Најголем број земји во светот се културно хетерогени. За само неколку земји во светот може да се каже дека нивните граѓани делат ист јазик и дека припаѓаат на иста етничка заедница.

# *Главен дел на часот* (25 мин.)

Учениците, по групи ги презентираат наодите од своето истражување на интеркултурните принципи (Работен лист 2.11). При презентацијата објаснуваат врз основа на кои информации ги направиле проценките и истите ги споредуваат помеѓу групите.

Откако ќе ги усогласат проценките за секој критериум, во три групи, подготвуваат писмо со препораки до секоја институција за унапредување на интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција. Писмата ги праќаат до институциите и во текот на годината следат дали нивните препораки се спроведуваат.

# Завршен дел на часот (5 мин.)

Часот завршува со дискусија за придобивките од живеење во интегрирано општество:

- Зошто е важна меѓуетничката интеграција во едно општество? (Очекувани одговори: За сите заедници да имаат можност да бидат застапени и претставени во институциите, да се чувствуваат еднакви, да соработуваат меѓусебно за остварување на заеднички цели, да учат едни од други и да гиползуваат меѓусебните разлики за унапредување на општеството, итн.)
- Како можеме да ја подобриме меѓуетничката интеграција? (Очекувани одговори: преку вклучување на принципите на интеграција во формалните документи, овозможување учество и претставеност во формалните и неформалните институции, овозможување услови за заемна соработка помеѓу етничките заедници, потенцирање на заедничките интереси и потреби, развивање вештини да ја видиме перспективата на „другиот“, создавање можности разликата да се разбере како придобивка, итн.)

Наставникот резимира дека во ова современо живеење особено е важно да го препознаваме мултикултурализмот како концепт на прифаќање и почитување на разликите, но многу поважно е дека како општество треба да се стремиме преку интеграција да постигнеме висок степен на интеркултурализам во нашето живеење, особено во нашите локални заедници.

# Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

**Активност:**

## Поврзување поими

Наставникот им дава насока на учениците да работат во пар. Им дели по една листа со поими за поврзување (работен лист 2.12) на секој пар и им дава 5-6 минути да работат на активноста. По завршување на активноста, сите заеднички споделуваат како ја изработиле активноста при што се поттикнува кратка дискусија за секој од поимите.

# *Работен лист 2.12*
## *Поврзување поими*

Со линии поврзете ги поимите на левата со поимите на дсната страна, при што внимавејте да бидат компатибилни!

| | |
|---|---|
| СОРАБОТКА | |
| ПРИФАЌАЊЕ | МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ |
| ПОЧИТУВАЊЕ | |
| ИНТЕРАКЦИЈА | ИНТЕГРАЦИЈА |
| ТОЛЕРАНЦИЈА | ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗАМ |
| КОЕГЗИСТЕНЦИЈА | |

# Содржина: Справување со конфликти

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката анализира **конфликти** на локално, национално и глобално ниво и предлага различни начини за нивно разрешување.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да го дефинира поимот конфликт,
- да идентификува различни видови конфликти – причини, последици,
- да ги проценува причините за конфликтот во однос на различните потреби на вклучените страни.

## Потребни материјали:

бели листови А3 или флипчарт хартија, маркери, Работен лист 2.13.

## Методи, техники, форми:

групна работа, илустрација, „Дрво на конфликтот", презентирање, дискусија.

# *Воведен дел на часот* (15 мин.)

## *Активност:*

### *Како реагирам на конфликт? (8 минути)*

Наставникот на средината на училницата поставува одреден предмет (на пр. шише, тетратка, чадор) и им вели на учениците: „Замислете си дека овој предмет претставува **конфликт**. Размислете како обично реагирате кога ќе доживеете **конфликт** или сте сведоци на **конфликт** кој се случува во близина." Потоа наставникот им дава насоки на учениците да застанат некаде во училницата во однос на предметот, на начин кој би укажувал на нивната првична реакција при соочување со **конфликт**. Наставникот ги насочува учениците да ги земат предвид нивната положба на телото, чувствата со кои се соочуваат, положбата и оддалеченоста во однос на предметот, кој во случајов го претставува конфликтот.

Откако учениците ќе најдат позиција во однос на **конфликтот**, наставникот повикува доброволци да споделат зошто стојат таму каде што се наоѓаат. Наставникот ги поттикнува учениците да размислат: „Ако ова претставува вашата првична реакција, каква би можела да биде вашата реакција откако ќе размислите за **конфликтот**?" Наставникот ја заокружува дискусијата коментирајќи дека оваа активност е добар начин за спознавање на сопствените и реакциите на соучениците во конфликтни ситуации.

***Забелешка:*** Доколку движењето низ училницата е отежнато/тешко за изведување, наставникот може на учениците да им даде насоки да замислат и посочат каде во училницата би се поставиле во однос на предметот кој го претставува конфликтот.

По кратката дискусија за индивидуалните доживувања и реакции на учениците, во однос на одредени конфликтни ситуации, наставникот ги насочува учениците да размислуваат како би го дефинирале поимот конфликт, но без да користат зборови со негативна конотација. Притоа, учениците можат да користат и алтернативни форми на изразување (на пр. цртеж, звук, пантомима, итн.). По неколку минути додека учениците размислуваат за дефинициите, наставникот повикува доброволци да ги споделат своите идеи. Откако ќе заклучи дека споделените дефиниции имаат допирни точки со поимот конфликт, наставникот преминува кон споделување на теоретските дефиниции и ги охрабрува учениците да направат споредба со дефинициите кои сами ги смислиле.

## *Теоретски дел* **(5 мин.)**

**Конфликтите** се вообичаен и неизбежен дел од секојдневниот живот, и составен дел од меѓучовечките односи. Поимот **конфликт** подразбира судир, борба или несогласување помеѓу две или повеќе страни (поединци, групи, заедници, итн.) кои своите потреби, цели или интереси ги перципираат како некомпатибилни или спротивставени. Како најчести причини за конфликт се споменуваат ограничени ресурси, незадоволени примарни потреби, различни вредности и различни цели.

Конфликтот може да се дефинира и како динамичен процес во кој структурата, ставовите и однесувањето на спротивставените страни постојано се менуваат и влијаат едни на други. Алтернативно, конфликтот може да се гледа и како форма на конкурентно однесување помеѓу различни страни, која се јавува како две или повеќе страни се натпреваруваат за различни перцепции, некомпатибилни цели или ограничени ресурси.

Во разговорниот јазик поимот **конфликт** често има негативна конотација, спротивно од соработка, хармонија, договор или мир. Многу често се изедначува со насилство и многу луѓе **конфликтот** го сметаат за деструктивен. Сепак, **конфликтот** како социјална појава е мултидимензионален и не може категорично да се определи како негативен или позитивен. Конфликтите се често присутни во нашиот секојдневен живот, а тоа не води секогаш кон насилство. Она што би можело да го категоризира **конфликтот** како позитивна или негативна појава е всушност начинот на кој луѓето се справуваат со него. Зависно од однесувањата, изборите и вештините на поединците, на конфликтот може да се гледа како нешто позитивно или негативно.

Различните размислувања и разбирања на работите не се сами по себе негативни. Соочувањето на спротивставените, различни ставови, многу често може да ги трансформира двете страни. Со други зборови, разликите не водат секогаш кон разединување и конфликт. Разрешувањето и трансформирањето на **конфликтот** подразбира изнаоѓање начини за создавање услови кои поттикнуваат и обезбедуваат помирување на спротивставените актери, земајќи ги предвид нивните потреби и гледишта.

***Забелешка***: Дадените дефиниции за конфликт наставникот може и да ги напише на табла/ да ги прикаже со проектор, за учениците да имаат повеќе време за споредување со своите дефиниции, за да видат кои аспекти на конфликтот ги идентификувале, кои ги испуштиле, итн.

# Главен дел на часот (25 мин.)

Како трансформација на **конфликт** може да се дефинира секој процес на менување на различните елементи кои го сочинуваат поимот конфликт (на пр. односите меѓу вклучените страни, нивните интереси, потреби и обрасци на однесување и/или социјалните контексти во кои се случува конфликтот), со главна цел - постигнување мир. Некои од начините за трансформација на конфликтот се медијација, арбитража, преговарање итн.

**Медијацијата** е процес на разрешување конфликт, во кој неутрален медијатор им помага на засегнатите страни конструктивно да разговараат и преговараат за нивните проблеми и потреби. Целта е постигнување решение кое е прифатливо за сите засегнати страни.

**Арбитражата** е алтернативна форма на разрешување конфликти надвор од судскиот/правниот процес. Решението го носат една или повеќе личности (арбитрери), по што тоа е правно обврзувачко за двете вклучени страни.

**Преговарањето** е најчесто дијалог помеѓу две или повеќе засегнати личности/страни, кои се трудат да постигнат решение за конфликтот кое би донело придобивки за двете страни.

## Активност:

### Дрво на конфликтот (20 минути)

Наставникот ги дели учениците на неколку групи (во зависност од бројот на ученици во паралелката) и на секоја од групите им дава по еден голем лист или хамер (според можностите). Потоа, на секоја од групите им дава по една конфликтна ситуација од предложените во работниот лист 2.12.

Откако ќе ја прочитаат ситуацијата, на поделените листови учениците треба да нацртаат форма на дрво со корен, стебло и гранки. На коренот учениците треба да ги запишат причините поради кои се појавил конфликтот, на стеблото треба да се запише проблемот, а на гранките ефектите од настанатиот конфликт. Откако ќе завршат со анализата на причините и ефектите на конфликтите, учениците треба да изнајдат соодветни решенија, односно начини на трансформација на конфликтите. Можните решенија ги запишуваат на листовите на дрвото. Учениците имаат 10 минути за извршување на оваа задача.

По завршувањето на активностите, секоја од групите ја презентира својата проблематична ситуација и презентира што сработила во текот на 2-3 минути. Наставникот ги охрабрува останатите ученици да поставуваат прашања и слободно да ги споделуваат своите ставови.

## *Завршен дел на часот* (3 мин.)

По кратката дискусија за анализите презентирани од страна на различните групи, наставникот го резимира наставниот час:

Анализата на конфликтите е важна за идентификување на соодветни конфликтни решенија. Таа помага и во јакнење на способностите кога и како може една личност да реагира или интервенира во случај на конфликт. Поради ова, анализата на конфликтите е клучна алатка за трансформација на конфликтите. Таа овозможува подлабок увид во однесувањето на вклучените страни, помага во откривање на основните причини за конфликтот, потребите на страните вклучени во конфликтот итн. Анализата на конфликтот честопати укажува дека конфликтот е динамичен и дека многу брзо се менува.

## *Активност за рефлексија и евалуација* (2 мин.)

На крајот на часот наставникот ги прашува учениците:

- Што ви беше најтешко при анализа на конфликтните проблематични ситуации? (Од учениците се очекува да ги споделат предизвиците со кои се соочиле на часот.)
- Што научивте ново? (Се очекува учениците да споделат конкретни нови информации и вештини кои ги стекнале на часот.)
- Доколку во иднина се соочите со конфликтна ситуација, дали можеби ќе пробате да примените нешто што научивте на овој час? Ако е така, што би примениле? (Се очекува од учениците да споделат дека би се обиделе да ги пронајдат конкретните причини поради кои настанал конфликтот и да најдат соодветно решение за негово надминување).

***Забелешка:*** Наставникот овие прашања може да ги зададе и како прашања за рефлексија на наученото, кои учениците би ги одговориле писмено во своите дневници за рефлексија.

# Работен лист 2.12.
# Ситуации

## Конфликтна ситуација 1

Ален и Марко имаат по 16 години и се најдобри другари. Денес се договараат каде да излезат вечерва. Ален сака да одат во едно ново кафуле, каде што очекува да си ја види симпатијата во која неговиот другар знае дека е многу вљубен. Марко инсистира да одат во кафулето каде што најчесто излегуваат, бидејќи таму ќе бидат останатите другари од нивното друштво. Веќе половина час се расправаат и дискусијата преминува во вербален **конфликт** кој изгледа дека може да влијае на нивното понатамошно пријателство. Ален му вели на Марко дека секогаш е егоистичен и се грижи само за своите потреби. Марко му рекол на Ален дека е класичен „папучар" кој заради девојка заборава на другарите. На навредата „папучар", Ален му рекол на Марко дека се чуди колку многу е љубоморен. Марко саркастично се насмеал и си заминал.

## Конфликтна ситуација 2

Нела има 19 години и работи во ресторан каде што традиционално добиената напојница (бакшиш) на крајот на вечерта го делат сите вработени. Но, бидејќи таа веќе подолго време добива најголем процент од напојницата, инсистира традицијата да се прекине и секој да си ја добие напојницата која ја заработува. Нела инсистира да се свика состанок на кој ќе го каже својот став. Состанокот преминал во **конфликтна** ситуација бидејќи повеќето вработени не се согласиле со идејата на Нела. Раководителот на смена на состанокот не зазел став и им дал можност на своите вработени да изнајдат решение за новонастанатата ситуација. На крајот на состанокот не е изнајдено заедничко решение, сите си заминале дома нервозни и вознемирени.

## Конфликтна ситуација 3

По завршување на фудбалски натпревар, се сретнуваат членови на две навивачки групи, од кои едните се особено задоволни и среќни поради победата на тимот за кој навиваат, додека другите се видно вознемирени поради загубениот натпревар. Двете групи започнуваат меѓусебни вербални провокации, кои преминуваат и ескалираат во физичка пресметка. Еден од групата „победници" возбуден од среќа, замавнал со шише полно со сок кон другата група, што предизвикало неконтролирана групна физичка пресметка. За среќа, во моментот поминала полициска патрола во близина и сите членови на навивачките групи се разбегале на различни страни.

## *Конфликтна ситуација 4*

Дамир и Андреј учат во ист клас и се најдобри другари. Дамир е најдобар по математика, а на Андреј математиката воопшто не му оди. Андреј сака да седат заедно на тестот по математика за да може Дамир да му помогне, доколку е возможно. Дамир се согласил. На тестот Андреј видливо препишувал и го вознемирувал Дамир, па наставникот го забележал тоа. Ги казнил и двајцата ученици, со тоа што им ги зел тестовите. Дамир бил многу лут, а Андреј сосема рамнодушен на постапката на наставникот. По часовите Дамир и Андреј имале жестока расправија. Дамир му рекол на Андреј дека не сака веќе да разговара со него. Андреј многу се вознемирил.

# Содржина: *Справување со конфликти*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката анализира **конфликти** на локално, национално и глобално ниво и предлага различни начини за нивно разрешување.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- да застапува мирно разрешување конфликти,
- да предлага конструктивни начини за решавање, справување и премостување **конфликти.**

## *Потребни материјали:*

меко топче, листови, пенкала.

## *Методи, техники, форми:*

работа во парови, играње улоги, презентација, дискусија.

# *Воведен дел на часот (5 мин.)*

***Активност:***

***„Се лутам кога...“***

Учениците и наставникот стојат исправено (или во круг, ако дозволуваат условите) во училницата и си подаваат меко топче. Со додавањето на топчето кон секој ученик, учениците споделуваат **конфликтна** ситуација почнувајќи реченица со „Се лутам кога...“ или „Навреден/а сум кога...“. Со оваа активност учениците стануваат свесни за мислењата и чувствата на другите и по пат на споделување сфаќаат како да не постапуваат доколку се најдат во иста или во слична ситуација. Наставникот извлекува заклучок од активноста за постоењето на различни причини за настанувањето на конфликтни ситуации и ги насочува учениците да размислуваат за начини на разрешување на конфликтите кои ги споделија.

# *Главен дел на часот (35 мин.)*

## *Теоретски дел (10 мин.)*

Во секојдневието луѓето можат да доживеат **конфликти** самите со себе, со останатите, со општеството. Додека повеќето луѓе конфликтот го сметаат за деструктивен, тој може да биде можност за созревање и учење. Ако луѓето ги развиваат своите вештини за справување со конфликти, тие ќе можат да ги анализираат општествените состојби и да донесуваат мудри одлуки за дејствување, како и за преземање на одговорноста за последиците од нивното дејствување. Способностите за конструктивно справување со конфликтите и нивно разрешување, не само што придонесуваат за менталното здравје на поединецот туку и позитивно влијаат на општеството како целина.

Важно е да се нагласи дека термините „справување со конфликти“ и „разрешување конфликти“ не се синоними. Разрешувањето конфликти е потесен термин кој ги опишува вештините и стратегиите корисни само за разрешување на конфликтите. Справувањето со конфликти е поширок термин, кој опфаќа разновидни вештини и стратегии корисни за конструктивно однесување во конфликтни ситуации. Иако определени конфликти не може да бидат разрешени, сепак сите имаат позитивен потенцијал (на пр. промена во однесувањето, стекнато ново знаење за себеси/другата страна и сл.). Па така, два ученика кои спорат можеби нема да најдат решение за нивниот конфликт, но нивниот однос може да се подобри.

Сите луѓе имаат свои начини за тоа како се справуваат со конфликтите: некои се однесуваат агресивно, викаат и навредуваат, други, пак, молчат и се повлекуваат. За успешно справување со конфликтите и нивно разрешување може да се користи следната стратегија составена од пет скалила(Слика 9). Оваа стратегија добро е да стане нераскинлив дел од вообичаеното однесување на сите ученици и луѓето, во конфликти ситуации.

На почеток, личноста мора да го препознае конфликтот кој се случува (прво скалило). Понатаму, таа треба да ги земе предвид потребите, чувствата и ставовите на сите засегнати страни (второ скалило), но и да открие кои се нејзините интереси и интересите на другата страна која е вклучена во конфликтот (трето скалило). Како следен чекор, личноста треба да размисли за сите можни начини на кои страните вклучени во конфликтот би можеле да го добијат она што го сакаат и да предложи идеи за различни решенија на конфликтот (четврто скалило). На крај, личноста треба да го препознае решението кое на најдобар начин ќе ги задоволи интересите на сите страни вклучени во конфликтот, а потоа и да се договори за неговото спроведување со останатите страни (петто скалило).

**Слика 9. Скала за разрешување конфликти.**




Еден од можните конструктивни начини за разрешување конфликти е компромисот. Сепак, поради тоа што сите засегнати страни треба делумно да се откажат од нешто за да се најдат на средина со спротивната страна, компромисот не е секогаш најдобриот начин за разрешување одредена конфликтна ситуација.

Најдобриот начин на конструктивно решавање конфликти е соработката, поради тоа што сите засегнати страни еднакво се вклучени во изнаоѓање решение за конфликтот кое ќе биде прифатливо за сите вклучени актери.

Откако наставникот теоретски ги образложи петте чекори на скалата за справување со **конфликти**, ги воведува учениците во главната активност:

„Сите луѓе на светот имаат исти интереси кога се работи за проблемите кои се поврзани со животната средина. Таа влијае врз сите нас, без разлика дали сме претседател на држава или директор на голема фабрика која предизвикува загадување.

Ако сите имаме интерес да се разрешат проблемите поврзани со животната средина, се поставува прашањето, зошто тогаш тие не се разрешени? Една од причините е тоа што многу е тешко да се дојде до согласност. Разрешувањето на конфликтите поврзани со животната средина често подразбира вмешаност на економските, социјалните, демографските, културните и етничките фактори. Бидејќи во конфликтите поврзани со животната средина се вмешани многу страни, често се формираат сојузи кои преговараат и ја зголемуваат ефикасноста во донесувањето одлуки. Има различни групи кои заземаат различни страни во конфликтите поврзани со животната средина. На пример, претставниците на индустрискиот сектор, локалните власти, научните институции, министерствата и владините служби, невладините организации често имаат различни погледи за тоа како треба да се решат проблемите кои се однесуваат на животната средина. Бидејќи проблемите поврзани со животната средина може да ги надминат државните и меѓународните граници, прашањето на животната средина е грижа на секоја единка. Оваа активност се занимава со тешкотиите кои се јавуваат при обидите за разрешување на конфликтите поврзани со животната средина.“

**Активност:**

## *Качување на скалата за разрешување конфликт поврзан со животната средина (20 минути)*

Наставникот ги групира учениците по двајца. На едната половина од двојките им кажува дека сега не се ученици, туку се претставници на една голема фабрика. Фабриката произведува многу производи корисни за заедницата. Бројот на вработени во фабриката е голем, и ако случајно престане да работи, многу семејства ќе останат без егзистенција. И на другата половина од двојките наставникот им кажува дека сега не се ученици, туку се жители на градот каде што се наоѓа фабриката. Тие сметаат дека треба да се затвори фабриката, бидејќи го загадува

градот. Фабриката отпадот го исфрла во реката од која жителите на градот добиваат свежа вода за пиење. Загадената вода лошо влијае врз здравјето на жителите.

Наставникот им дава насоки на учениците во следните неколку минути да си ги запишат, потребите, интересите, ставовите и чувствата, а потоа и да поразговараат околу темата со својот партнер и да се договорат околу стратегијата и пристапот за изнаоѓање решение за конкретната ситуација. Потоа, наставникот ги насочува учениците секој од паровите да си одбере уште еден пар и жителите на градот да започнат дискусија со претставниците на фабриката, со што решението треба да го донесат за 10 минути. Наставникот ги потсетува учениците на стратегијата „Качување на скалата" и им посочува да ја користат стратегијата при справувањето со **конфликтот**.

## *Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

По завршувањето на активноста наставникот започнува кратка дискусија со учениците:

- Како се одвиваше дискусијата во групата? (Можно е некои од групите воопшто да не дошле до некое решение, а другите да смислиле и повеќе.)
- Со кои предизвици се соочивте низ процесот на справување со конфликтот? (Очекувано е најголемите предизвици да ги споделат учениците од групите кои не дошле до решение, но добро е наставникот да ги поттикне сите ученици да размислуваат околу ова прашање).
- До какави решенија дојдовте?
- Дали можете да препознаете позитивни аспекти на конфликтот со кој се справувавте? Ако да, кои се тие?

*Модуларна единица*

# 3

# ГРАЃАНИН ВО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

# Содржина: Улогата на граѓанинот во општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да ја препознае својата улога како граѓанин и да ги идентификува можностите за активно вклучување во општествениот живот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да дефинира што е граѓанин и граѓанско општество,
- да ги наброи карактеристиките на граѓанското општество.

## Потребни материјали:

стикери во две бои, хартија, пенкала, работен лист 3.1.

## Методи, техники, форми:

фронтална(заедничка) форма (предавање), индивидуална работа, работа во групи, демонстративен метод, дискусија, анализа на ситуации.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот на почетокот на часот на учениците им дели стикери во две бои (пример, зелени и жолти) и им дава задача на тие што извлекле жолти стикери (една половина од учениците - жолта група), да напишат два или три асоцијативни зборови за поимот граѓанин, а на тие што извлекле зелени стикери (втората половина од учениците - зелена група), да напишат на стикерите два или три асоцијативни зборови за поимот граѓанско општество. Стикерите за поимот граѓанин (жолтата група) се лепат на едната страна од училницата, а стикерите за поимот граѓанско општество (зелената група) се лепат на ѕидот од другата страна на училницата.

Следува кратка галериска прошетка низ училницата. Се очекува асоцијативните зборови да се слични и да се повторуваат на обете страни. Доколку не се случи тоа, наставникот треба да поведе дискусија за да ги насочи кон „заедничките" карактеристики што ги дефинираат граѓанин и граѓанско општество (на пр. активност, одговорност, учество, демократија, права и одговорности, заштита на правата, почитување закони, унапредување на правата и законите итн.)

Потоа наставникот им дава задача на учениците од зборовите на стикерите, но и од претходно научениот материјал, да се обидат да ги дефинираат поимите граѓанин и поимот граѓанско општество.

Можни дефиниции на поимите:

**Граѓанин** е човек кој има права, слободи и одговорности, е еднаков со другите граѓани и има активна улога во општествениот живот во заедницата (државата).

**Граѓанско општество** е заедница на граѓани кои се носители на определени права, слободи и одговорности и работат во интерес на сите граѓани.

## Главен дел на часот (30 мин.)

### Теоретски дел (5 мин.)

Човекот природно е предодреден да живее во заедница. Тој заедно со другите луѓе живее, создава, ги задоволува своите животни, духовни и културни потреби. За луѓето да живеат заедно и да соработуваат, односите меѓу нив во заедницата мора да бидат уредени со правила. Тоа се сретнува во сите општества во историјата. Државата ги пропишува правилата што луѓето претходно ги воспоставуваат како општествен договор. Тие

вообичаено се нарекуваат **закони.** За спроведување на законите се грижат **институциите** на државата. Во демократските општества со законите се гарантираат и човековите права и слободи.

Иако честопати граѓанинот се дефинира како државјанин на одредена земја, со што му/ѝ следуваат одредени права, концептот има пошироко значење и се однесува на личното чувство на припадност кон одредена заедница, во која граѓанинот може да делува и да влијае. Заедницата може да биде одредена географски, врз основа на тоа каде живее личноста (локална заедница), но и врз основа на државата на која ѝ припаѓа. Но, припадноста се одредува и врз основа на споделување исти вредности, како дел од идентитетот на една личност.

Кога сме дел од одредена заедница, можеме да влијаеме на нејзиниот развој и да придонесуваме кон добросостојбата. Гледана на овој начин, улогата на граѓанинот се одредува како практика на активно учество во општеството. **Активното граѓанство** всушност подразбира работа на подобрување на заедницата и животот на сите нејзини членови. **Демократското граѓанство** е сроден концепт кој подразбира дека граѓаните треба да делуваат врз основа на демократските принципи и вредности, како што се плурализмот, почитувањето на човековото достоинство и владеењето на правото.

Се очекува граѓаните да ги прифатат основните вредности и принципи на демократијата, да преземаат задолженија за демократско функционирање на државата, но и да работат кон постојано нивно унапредување. Граѓанинот воедно треба да биде независен во своето одлучување, а со тоа и моќен да го менува општеството за да биде подобро за сите. Од граѓаните се очекува да делуваат за доброто на сите, односно во името на **јавното добро.**

Наставникот, во текот на презентација на содржината, може да поттикне дискусија преку следните прашања:

- Кон кои заедници лично чувствувате припадност? (Можни се различни одговори од страна на учениците: училишната заедница, семејната заедница, општината, државата итн.)
- Колку се сметате себеси за активни граѓани? Зошто? (Се очекува учениците да споделат лични ставови и искуства).
- Што можете да направите доколку не се согласувате со некои правила, закони? (Можни одговори: да се обидам да ги сменам, да ја подигнам јавната свест за тоа, да учествувам во дискусии околу нив итн.)
- Како би постапиле доколку забележувате дека некој не ги почитува законите? (Очекувани одговори: ќе изреагирам, ќе посочам какви се законите, ќе премолчам, ќе се преправам дека не сум забележал/а и сл.)

- Како би реагирале доколку забележите дека некој постапува само за да обезбеди лично добро, а притоа, не води грижа за другите во заедницата? (Очекувани одговори: ќе реагирам, ќе вршам притисок да се земат предвид другите во заедницата итн.)

**Активност:**

### *Анализа на ситуации (25 мин.)*

Учениците се делат на четири групи. Секоја група добива по една проблемска ситуација од работен лист 3.1. Ситуациите се однесуваат на хипотетички, но реални проблеми во граѓанското општество. Секој ученик самостојно ја чита ситуацијата, а потоа се развива дискусија во групата. Групата треба да понуди премостување на проблемите преку неколку издржани решенија.

Откако ќе заврши дискусијата во група, дискусијата се проширува на ниво на паралелка. Ситуациите се читаат пред сите ученици и потоа се кажуваат решенија за ситуациите на ниво на група, а другите групи можат да дадат свои предлози за други можни решенија на презентираната ситуација. Нема точни и неточни решенија на проблемските ситуации. Целта е учениците критички да размислуваат при решавање проблемски ситуации од секојдневниот живот. Наставникот може да ги користи следните прашања за да ја води дискусијата.

- Колку ви беше тешко да дојдете до решенија на ситуацијата? Зошто? (Се очекува од учениците да споделат дека ситуациите не се едноставни за решавање, а земањето предвид на потребите на сите страни е комплексно.)
- Какви решенија понудивте? Дали сите страни ќе бидат задоволни од решенијата? (Се очекува од учениците да ги анализираат понудените решенија од повеќе аспекти, обрнувајќи особено внимание на различните потреби на засегнатите страни.)
- Дали препознавате слични ситуации во вашата непосредна околина или сте слушнале за слични ситуации од медиумите? (Се очекува од учениците да споделат лични искуства и примери од секојдневниот живот.)
- Како се одвиваше дискусијата во групите? Колку различните мислења беа земени предвид? Како се одлучивте за едно решение? (Се очекува од учениците да споделат информации за начинот на работа во групите, проблемите со кои се соочиле, механизмите со кои ги решиле итн.)
- Колку развиеноста на граѓанската одговорност има влијание на појавата на вакви и слични ситуации? (Очекувани одговори: големо влијание - ако луѓето се поодговорни, нема да има вакви ситуации, мало влијание - дури и ако не-

кои луѓе се поодговорни, тоа не значи дека сите ќе работат на спречување вакви ситуации и сл.)
- Каков пристап ни е потребен за решавање на проблемите? (Се очекува од учениците да ја потенцираат потребата за земање предвид на различните потреби на сите засегнати страни.)
- Што вие лично можете да направите за да ги примените решенијата што ги смисливте за да се спречат вакви ситуации во иднина? (Се очекува од учениците да споделат лични идеи околу можната примена на понудените решенија).

Се заклучува дека вакви ситуации има во секојдневниот живот, но колку е поразвиено општеството, граѓанската одговорност е поголема и решенијата кои се наоѓаат имаат за цел да ги задоволат потребите на сите страни. Сите граѓани имаат обврска да работат на превенција за да не дојде до вакви комплицирани проблемски ситуации, преку јакнење на институциите и создавање свесни и одговорни граѓани. Наставникот може да ги поттикне учениците да споделат проблеми со кои се соочуваат во нивното секојдневие и можни начини на кои би ги решиле. Споделените проблеми може да се искористат и во текот на следниот час кога се обработува граѓанското/младинското учество.

## *Завршен дел на часот /Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Во завршниот дел наставникот ги прашува учениците да спомнат неколку карактеристики на граѓанското општество.

Можни одговори на учениците за карактеристики на граѓанското општество:

- Почитување на човековите права и слободи;
- Почитување и прифаќање на различностите;
- Хуманост и недискриминација;
- Слобода на говор (изразување мислење);
- Слобода на групирање, организирање и собирање;
- Доброволни активности на граѓаните во функција на јавното добро.

Наставникот отвора дискусија за следните прашања:

- Како нашето општество да ги постигне карактеристиките на граѓанското општество?
- Што може вие да направите?

# Работен лист 3.1.

## Анализа на проблемски ситуации

### Ситуација 1

Во приградскиот дел на градот се гради нова урбана населба. Проектот на населбата предвидува да се изгради модерно основно училиште во централниот дел од населбата. Меѓутоа, дел од селаните од соседното село на таа локација имаат имот кој не сакаат да ѝ го продадат на државата. Поради тоа се предлага да се промени првичниот план и училиштето да се гради на крајот на населбата, веднаш до главната улица која е двонасочна, по која се вози брзо и има тротоар само од едната страна. Повеќето од родителите ќе треба да ги носат со автомобили своите деца, а нема место за паркинг.

### Ситуација 2

Во едно средно училиште по проект на ученичкиот парламент целосно се преуредува училишниот двор со повеќе катчиња за дружење на учениците и училници на отворено, паркинг за велосипеди и ново зеленило. Преуредувањето го прави училишното раководство финансирано од буџетот на училиштето. Поголемиот дел од учениците волонтираат при преуредувањето. Училиштето се наоѓа во урбана населба во која нема парк. Граѓаните сакаат да го користат училишниот двор како парк, на што се противи ученичкиот парламент, но против тоа е и училишното раководство. За да ги задоволи граѓаните, општината дозволува да се користи училишниот двор, па дел од зеленилото и опремата е уништена од несовесни граѓани.

### Ситуација 3

Во едно планинско село од еден инвеститор се градат куќи за развивање селски туризам. Изградени се 20 убави куќи со убави дворови. Во исто време инвеститорот започнува да гради зграда со 20 стана во градот. Становите уште неизградени ги купуваат граѓани на возраст од 22 до 35 години. Во меѓувреме инвеститорот банкротира. Ги обештетува граѓаните кои купиле станови во неизградената зграда со куќи во планинското село кое е 55 км оддалечено од градот. Граѓаните кои ги купиле становите со станбени кредити мораат да го прифатат обештетувањето и поголемиот дел од нив се населуваат во селото. Од селото до градот нема јавен превоз.

### Ситуација 4

Во училишната младинската организација (МО), учениците вообичаено се собираат за реализација на воннаставни активности кои се од нивен особен интерес. Конкретно во моментот учениците на компјутерите во МО спремаат говори за ораторската вечер која е планирана да се случи за неколку месеци. Во меѓувреме во училиштето се запишува нов ученик со оштетен вид кој има интерес да земе учество на ораторската вечер. Во МО, а и во училиштето нема тастатура и компјутер соодветни за ученици со оштетен вид. МО нема средства да купи таква опрема. МО не знае што да преземе за да обезбеди услови за соученикот со оштетен вид да подготвува говор во училишната младинска организација и активно да се вклучи во ораторската вечер.

# Содржина: Улогата на граѓанинот во општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да ја препознае својата улога како граѓанин и да ги идентификува можностите за активно вклучување во општествениот живот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги идентификува можностите за ангажирање во граѓанското општество,
- да демонстрира активно учество во општествените процеси.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, работен лист 3.2

## Методи, техники, форми:

групна работа, дискусија, фронтална (заедничка) форма

# Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот го започнува часот со поставување прашања за сите ученици што се однесуваат на ученичко/младинско учество.

- Дали знаете што значи ученичко учество? (Се очекува од учениците да се потсетат на знаења стекнати во осмо и деветто одделение, по предметот Граѓанско образование.)
- Што подразбирате под активно учество, а што под младинско учество? (Можни се различни одговори од страна на учениците, во зависност од нивните дотогашни искуства.)
- Дали сте слушнале за скалата на учество на Роџер Харт? Што знаете за неа? (Можни се различни одговори.)
- Дали сте учествувале во некоја ученичка иницијатива или младинска иницијатива? Каква била таа иницијатива (организирана, стихијна и сл.)? (Се очекува од учениците да споделат лични искуства.)

Неколку ученици можат да презентираат накратко ученичка или граѓанска иницијатива во која биле вклучени или за која слушнале.

Се отвора кратка дискусија на ниво на паралелка. Наставникот ја истакнува важноста на автентичното учество на младите во општествените процеси, кое е присутно како посебна група права во Конвенцијата за правата на детето, кој, пак, е обврзувачки документ ратификуван од Собранието на РС Македонија.

# Главен дел на часот (30 мин.)

На учениците им се пушта видеоклип: https://www.youtube.com/watch?v=GIPIARPTaqc
Видеото е инспирација за дискусија меѓу учениците која наставникот ја води преку поставување прашања како на пример:

- Колку учеството на младите во општеството може да го промени светот?
- Кои се заедничките особености на младите коишто се граѓански активисти?

# *Теоретски дел* *(5 мин.)*

## *Граѓанско учество*

Граѓаните делуваат на одлуките на власта преку демократски избори кога ја избираат власта, но избори се одржуваат на 4 години, а граѓаните треба постојано да делуваат на одлуките на власта. Друг начин како да се делува на одлуките на власта е преку **самоорганизирање, граѓански иницијативи** и други форми на делување.

Граѓаните врз основа на граѓанското право за слобода на здружување и организирање можат самите врз основа на нивните интереси, да се самоорганизираат во разновидни **граѓански здруженија.** Здруженијата претставуваат невладини, непартиски и непрофитни организации во кои граѓаните се здружуваат заради остварување еколошки, социјални, културни, научни, хуманитарни, образовни, спортски и други интереси и уверувања.

Исто така граѓанин, група граѓани или здруженија на граѓани може да покренат **граѓанска иницијатива** произлезена од потребите и интересите на граѓаните и да ја достават до локалната или централната власт.

Граѓаните со поврзување, здружување, самоорганизирање, доставување граѓански иницијативи, петиции и проекти од разни области, кои се произлезени од потребите и интересите на граѓаните, влијаат врз демократската власт да преземе активности за јавното добро.

## *Младинско учество*

Наставникот напоменува дека е многу важно учениците да се активираат во училиштето и во општеството, бидејќи и тие се граѓани во граѓанското општество и веќе од 15 години можат да членуваат и основаат граѓански здруженија со дозвола од родител/старател. Преку учество и ангажирање во заедницата, младите учат што значи да се биде активен граѓанин и истото го практикуваат. Учениците можат да се ангажираат во лоцирање и решавање конкретни проблеми во заедницата. Поттикнувањето и поддржувањето на учениците да спроведуваат ученички иницијативи се смета за особено значајно за развивање на граѓанско однесување, кое нема да биде ограничено само на училницата туку ќе се пренесе и во рамки на заедницата преку директно учество за иницирање на посакуваната општествена промена, волонтирање и сл.

Според Скалата на младинско учество на Роџер Харт (Слика 10), важно е учениците да бидат информирани за активностите и да добијат можност да ги иницираат и спроведуваат замислените активности.

За една ученичка иницијатива да биде успешна, треба да е добро организирана и препорачливо е да помине низ неколку фази.

**Активност:**

### *Ученички/граѓански иницијативи (20 мин.)*

Учениците се делат на групи и секоја група го добива работниот лист 3.2. Врз основа на воведната дискусија за време на која учениците споделиле лични искуства со учество во ученички иницијативи, тие треба да ја проценат успешноста на иницијативата (процесот и резултатите), преку одредување кои од наведените карактеристики/индикатори биле исполнети и во кој степен.

Доколку учениците воопшто немале искуство во спроведување ученички иницијативи, се насочуваат да размислуваат за иницијатива која би сакале да ја спроведат. Во тој случај, треба да се фокусираат кон пополнување на првите три фази од формуларот (работниот лист 3.2).

По завршување на работата во групи, секоја од групите го презентира сработеното.

## Завршен дел на часот (5 мин.)

Во завршниот дел наставникот поттикнува дискусија за придобивките од ученичките/младинските иницијативи и посочува неколку:

- Развивање чувството за другите;
- Развивање чувство за проблемите во местото каде што живееме;
- Поттикнување лична и општествена одговорност;
- Подобрување на самодовербата;
- Чувство на припадност и лојалност кон училиштето/заедницата.

**Слика 10. Нивоа на учество според Скалата на младинско учество (Роџер Харт).**



## Работен лист 3.2

# Проценка на ученичка/ граѓанска иницијатива

***Краток опис на иницијативата:***

## *Фаза 1:*

### *Идентификување состојби/потреби/проблеми*

Учениците разговараат за потребите на нивното училиште/заедница или анализираат области кои треба да се подобрат.

Проценка:

## *Фаза 2:*

### *Избор на потреба/проблем преку демократски методи*

Од наведените потреби/проблеми, на демократски начин (јавно или тајно гласање, компромис) е избран еден проблем на кој сите ученици се согласуваат да работат.

Проценка:

## Фаза 3.

### *Планирање на начинот на кој ќе се решава проблемот*

Учениците прават план на активности кои треба да ги преземат за да се реши проблемот. Планот вклучува:

- Какви активности треба да се преземат
- Колку време ќе трае активноста (по фази)
- Поделба на улоги (кој што ќе прави од учениците, формирање тимови)
- Надворешна помош (кои надворешни фактори можат да се вклучат и како)

Проценка:

## Фаза 4.

### *Реализација на активностите во рамките на иницијативата*

Учениците преземаат конкретни активности со цел да го решат лоцираниот проблем, при што:

- Активно се вклучени во реализација на активностите,
- Третирани се како еднакви на возрасните,
- Меѓусебно соработуваат, комуницираат,
- Имаат значајна улога во носењето одлуки при реализација на активноста,
- Активно слушаат и слободно ги изразуваат своите мислења и ставови,
- Активностите се реализираат преку соработка на ученици кои учат на различни наставни јазици (Доколку училиштето има настава на повеќе јазици).

Проценка:

## Фаза 4А.

## *Вклученост на други субјекти*

Секогаш кога има можност, се препорачува да се вклучи и заедницата, особено за подолгорочни активности, кои подразбираат одржливо решение. При вклучувањето, тимовите од ученици испраќаат дописи, закажуваат состаноци и сл. со тие за кои сметаат дека може да помогнат, како на пример:

- Различни чинители во училиштето (директор, стручна служба, други наставници, ученичка заедница);
- Поддршка од Совет на родители и вклучени родители во акцијата;
- Вклучени се претставници од општината од Советот на општината или општинската администрација;
- Вклучени се претставници од бизнис-секторот;
- За реализација на активноста е добиена (финансиска, техничка) поддршка од Општината;
- За реализација на активноста е добиена (финансиска, техничка) поддршка од биз-нис- секторот.

<u>Проценка:</u>

## Фаза 5.

## *Резултати од активностите*

Во зависност од нејзиниот вид, иницијативата може да резултира со различни исходи. Дел од нив се конкретни и веднаш видливи, а дел се однесуваат на промени во знаењата, ставовите, вредностите (подигнување на свеста за одредено прашање/тема):

- Активноста резултира со физичка промена во средината,
- Активноста резултира со подигната свест за одредено прашање,
- Активноста резултира со покренување на одредено прашање/проблем на повисоко ниво,
- Активноста резултира со помагање/подобрување на состојбата на одредени ранливи категории граѓани.

<u>Проценка:</u>

## *Фаза 6.*

## *Рефлексија за спроведеното*

По завршувањето на иницијативата, се прави рефлексија со следните прашања:

- Што ново дознавте/научивте?
- Што ви беше тешко/лесно/предизвик?
- Како се чувствувавте?
- Што би направиле поинаку?

Проценка:

**Проценето ниво на вклученост според Скалата на учество на Роџер Харт (види слика 10)**

# Содржина: Права и одговорности

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги идентификува човековите права, граѓанските права и слободи за да ги почитува во секојдневните ситуации и е способен/способна да ги поврзува со соодветни одговорности

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да го опишува развојот на човековите права,
- да дебатира за почитување на правата и одговорностите на граѓаните во својата средина.

## Потребни материјали:

LCD-проектор, интернет, листови/хамер, пенкала,

## Методи, техники, форми:

заедничка форма на работа, работа во групи, бура на идеи, насочен разговор(дискусија).

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот го започнува часот со кратка дискусија според следните прашања:

- Како било во минатото, дали луѓето отсекогаш имале права? Објасни преку пример. (Се очекува од учениците да посочат дека луѓето немале права отсекогаш; многу чести биле појавите како робовладетелство, расизам, антисемитизам, родови нееднаквости и сл.)
- Во кој документ се регулирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот во Република Северна Македонија? (Се очекува од учениците да посочат на Уставот на РСМ.)
- Знаете ли некој меѓународен документ кој е дел од борбата за човекови права? (Можни одговори: Универзална декларација за човековите права, Европска Конвенција за човековите права, Магна Карта и сл.)
- Дали правата и слободите кои се загарантирани во Уставот и законите секогаш се исполнети? (Се очекува од учениците да посочат примери за непочитување на човековите права (етнички, родови, социјални, културни и сл.) кај нас или пошироко.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и нагласува дека човековите права и одговорности се многу важен дел од модерните демократски општества, затоа што овозможуваат гарантирана еднаквост помеѓу граѓаните и можности за општествен развој.

## Главен дел на часот (30 мин.)

## Теоретски дел

Иако идејата за регулирање на човековите права и слободи, во некаква основна форма, може да се каже дека постои речиси 4 000 години, со донесувањето на Хамурабиевиот законик од страна на шестиот вавилонски крал Хамураби (XVIII век пр.н.е.), сепак како голем и мошне значаен пресврт во оваа област се смета донесувањето на Големата повелба на слободата (Magna Carta Libertatum) во XIII век од н.е. во Англија како обврзувачки акт за кралот Јован Безземниот (John Lackland). Со оваа повелба кралот бил обврзан да почитува одредени законски процедури при постапувањето со своите граѓани и нивните слободи. Со овој акт за првпат формално се ограничува дотогаш неограничената кралска моќ.

Современиот темел на меѓународна промоција на човековите права и слободи е Универзалната декларација за човековите права усвоена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 година, како резултат на научена лекција од Втората светска војна. За првпат во историјата на човештвото, овој документ го гарантира и заштитува универзалниот карактер на човековите права.

***Активност:***

### *Дискусија за човековите права (15 минути)*

Наставникот проектира видеоклип со наслов „HUMAN RIGHTS STORY - ПРИКАЗНА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА" достапен на YouTube (линк). Доколку нема можност за проектирање за време на часот, задачата да го изгледаат клипот им се задава на учениците за дома, пред почетокот на часот.

Наставникот поттикнува дискусија за содржината на видеата. Се споделуваат впечатоци за развојот на човековите права, учениците го коментираат делот со свеста и познавањето на луѓето за човековите права. Наставникот ја насочува дискусијата преку различни прашања:

- Зошто треба да ги знам моите права? (Очекувани одговори: за да бидам свесен и активен граѓанин, да можам да ги уживам и заштитам моите права треба да знам кои се...)
- Зошто треба да внимавам на туѓите права? (Очекувани одговори: морална и законска обврска да не се повредуваат правата на другите луѓе, поради осуда од општеството, санкции од државата итн.).

Наставникот може да предложи и друга тема за дискусија по свој избор.

По завршување на дискусијата во однос на предложените видеа, се продолжува со следната активност, чија цел е да укаже дека уживањето на различните права подразбира и предуслови кои ги овозможуваат човековите права.

**Активност:**

## *Дрво на човековите права (15 минути)*

**Насоки за наставникот:**

Поделете ги учениците во неколку мали групи. Секоја група треба да нацрта дрво на човековите права. Насоките се следни:

- На дрвото, (во форма на гранки, листови, цветови, овошки) нацртајте ги и обележете ги оние човекови права кои мислите дека им се потребни на луѓето за да живеат достоинствен и праведен живот.
- Меѓутоа, дрвото на човековите права, како и сите дрва, има свои корења, кои му се потребни за да расте и да цути. Па така, нацртајте ги и бележете ги корењата со оние работи кои ги овозможуваат човековите права.
- Пример за права: Право на живот; Слобода од измачување; Слобода од ропство; право на слобода и сигурност; право на праведно судење; право на ефективно поправање, ако некое човеково право е прекршено; Слобода од дискриминација, право на еднаквост; право да се биде признат како човек; право на националност; право на приватност и семеен живот; право на брак; право на сопственост; право на движење на луѓето; право на азил; слобода на мислата, совесност и религија; слобода на изразување; слобода на собирање и здружување; право на здравствена заштита; право на образование; право на вработување; право на одмор и слободно време; право на социјална заштита; право на политичко учество; право на учество во културниот живот; забрана за кршење на човековите права...
- Пример за фактори кои придонесуваат за примена на човековите права: стабилна економија, владеење на правото, интегрирано општество, квалитетен образовен и здравствен систем и сл.

Овие цртежи може да се закачат во училницата.

На крајот од вежбата, неколку волонтери можат да споделат што напишале на нивното Дрво на човекови права.

## *Завршен дел на часот* ***( 5 мин.)***

Наставникот извлекува заклучок од содржината:

Развојот на човековите права бил долг историски процес, кој сè уште не е завршен. Тоа е динамичен процес кој ќе продолжи и во иднината. Поради тоа, државите треба да работат на проширување на спектарот на човекови права (преку регулирање на правата на различни маргинализирани заедници, правата кои треба да произлегуваат поради климатските промени и сл.). Познавањето на човековите права им овозможува на луѓето да ги уживаат, но и да ги заштитат своите права во случај кога ќе им бидат прекршени. Главната одговорност на граѓаните е да не ги нарушуваат правата на другите луѓе.

Како подготовка за следниот час, наставникот електронски ги споделува со учениците дигиталните верзии од Уставот на РСМ и Универзалната декларација за човекови права:

Устав на РСМ: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

УДЧП: https://www.ohchr.org/EN/UDHR/Pages/Language.aspx?LangID=mkj

## *Активност за рефлексија и евалуација* ***(5 мин.)***

Наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања:

- Што ново научивте на часот?
- Што од наученото најмногу ќе ви користи во секојдневието?
- Колку околу вас согледувате почитување или непочитување на човековите права?
- Што можете да направите вие како ученици за да спречите непочитување на човековите права?

# Содржина: Права и одговорности

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна:

- да ги идентификува човековите права, граѓанските права и слободи,
- да ги почитува во секојдневните ситуации и да е способен/способна да ги поврзува со соодветни одговорности.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува видови права и одговорности,
- да групира права и одговорности на граѓаните во граѓанското општество.

## Потребни материјали:

Уставот на РСМ, Работен лист 3.3, Работен лист 3.4, Работен лист 3.5, табла, маркер/креда.

## Методи, техники, форми:

Работа во групи, бура на идеи, дискусија, насочен разговор, Т-листа

## *Воведен дел на часот* (5 мин.)

Наставникот го започнува часот со кратка дискусија преку бура на идеи:

- Што е првото нешто на што ви асоцира зборот **право,** како човеково **право**? (Можни одговори: слобода да постапам на одреден начин, обврска да не постапам на одреден начин, еднаквост на луѓето итн.)
- Зошто е потребно државата да ги гарантира човековите права? (Можни одговори од учениците: за да се чувствуваме безбедно и сигурно, да се спречи можноста некој слободно и без санкции да ни ги нарушува правата и сл.)
- Дали **правата** се неограничени или има некоја граница до која досегаат? Зошто би биле ограничени? (Очекувани одговори: додека уживањето на моето право не загрозува туѓо право, во одредени ситуации државата може да ги ограничи нашите права).
- Дали **правото** подразбира да се однесуваме како сакаме? Зошто? (Се очекува од учениците да одговорат дека однесувањето мора да е во согласност со законите и само до оној степен до кој ги имаме правата може да се однесуваме слободно).

## *Главен дел на часот* (20 мин.)

Идејата за заштита на човековото достоинство на сите луѓе е клучна за концептот на човековите права. Човековите права и слободи се својствени за сите луѓе, без оглед на расата, полот, националноста, етничката припадност, јазикот, религијата или кој било друг статус.

Уставот на Република Северна Македонија од 1991 година, како најважен правен и политички акт во една демократска држава, им придава особено значење на човековите права и слободи. Тоа е и очекувано, со оглед на фактот дека нашата држава се стреми да биде современа демократска држава со вградени европски и универзални вредности.

Според Уставот на РСМ, основните слободи и права на човекот и граѓанинот, кои се и меѓународно признати, се поделени во две поголеми групи:

1. Граѓански и политички слободи и права и
2. Економски, социјални и културни права.

Овие права често се нарекуваат и прва генерација човекови права. **Граѓанските права** претставуваат показател за тоа каква е положбата на граѓаните во општеството: каков е односот помеѓу граѓаните и државата, каков е меѓусебниот однос на граѓаните и кои се

механизмите за заштита на правата, доколку тие евентуално се прекршат. Со **политичките права**, пак, се овозможува граѓаните да станат активни чинители во политичкиот живот; се утврдуваат условите и околностите во кои би се нашол граѓанинот доколку одлучи активно да се вклучи во јавниот живот.

**Економските, социјалните и културните права** се директно поврзани со квалитетот на животниот стандард на граѓаните. Овие човекови права се однесуваат на основните социјални и економски услови што се потребни за да се живее живот со достоинство и слобода, во врска со работата и правата на работниците, социјалното осигурување, здравството, образованието, храната, водата, домувањето, здравата животна средина и културата.

Карактеристики на човековите права се универзалност, неотуѓивост, неделивост и апсолутност. (Слика 11)

**Слика 11. Карактеристики на човековите права**

**УНИВЕРЗАЛНОСТ**

**– правата важат за сите луѓе, без разлика на нивната раса, етникум, сексуална ориентација, пол, род, јазик, социјална припадност и општествена положба;**

**НЕОТУЃИВОСТ**

**– правата не можат да се отуѓат на друг;**

**НЕДЕЛИВОСТ**

**– правата не можат да се разделат (право на вработување е неразделно со правото за платен надоместок)**

**АПСОЛУТНОСТ**

**– правата важата во целот на територија на целата држава.**

Одговорностите се логична последица на постоењето на човековите права. Од секое право произлегуваат низа одговорности кои ние, како граѓани, ги имаме – кон другите луѓе, но и кон самата држава. Иако, најголемиот товар во заштита на човековите права паѓа на грбот на државата, сепак секој од нас, индивидуално, треба да се заложува за почитување и промовирање на човековите права и слободи. Механизмите на заштита на човековите права вклучуваат: поднесување претставки до Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација, како и поднесување тужби пред редовните судови или, пак, поднесување иницијативи до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

## Активност:

### Каква одговорност имаат нашите права? (15 минути)

Наставникот ги дели учениците во две групи. Едната група го добива работниот лист 3.3 за Граѓански и политички права, додека другата група го добива работниот лист 3.4 за Економски, социјални и културни права. Дополнително, секоја од групите добива и соодветно исечени ливчиња од правата и одговорностите, согласно групата на права на кои работи.

Секоја група ги поврзува правата и одговорностите, за на крај да ги презентира јавно. Наставникот ги споредува поврзувањата согласно примерот за правилно поврзување. По завршувањето на презентациите, наставникот ги прашува учениците дали и какви дилеми имале во поврзување на правата и одговорностите? За кои од наведените права или одговорности слушаат првпат?

Важна напомена: Наставникот им посочува дека наведените примери не се единствените обврски кои произлегуваат од наведените права. Многу често – правата и одговорностите се испреплетуваат, зависно од областа од која произлегуваат.

## Пример за наставникот за правилно поврзување на права и одговорностите:

| ГРУПА 1: ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ СЛОБОДИ И ПРАВА | |
|---|---|
| **Право** | **Одговорност** |
| Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. | Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување од еден кон друг човек. |
| Слободата на човекот е неприкосновена. | Освен државата, никој друг не може да му ја ограничи слободата на човекот. |
| Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. | Одговорност за некористење говор на омраза. |
| Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци | Несподелување туѓи лични податоци. |

| | |
|---|---|
| На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. | Забрането здружување со цел насилно уривање на уставниот поредок на државата и кон поттикнување или повикување воена агресија на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. |
| Се гарантира неповредливоста на домот. | Забрането насилно влегување во туѓ дом. |
| Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право слободно да се движи на територијата на државата. | Не е дозволено ограничување или оневозможување на слободата на движење од страна на други лица. |
| Право на еднаквост. | Забрането дискриминирачко однесување по различни основи кон другите. |
| Право на протест и јавен собир. | Совесно и ненасилно однесување за време на протестот. |
| Избирачко право | Забрана за вршење притисок за начинот на гласање на граѓаните за време на избори. |

| ГРУПА 2: ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ | |
|---|---|
| **Право** | **Одговорност** |
| Право на сопственост. | Недозволено одземање туѓи предмети. |
| Право на образование | Редовна присутност во образовниот процес. |
| Право на здравствена заштита. | Чување и унапредување на сопственото здравје и здравјето на другите. |
| Право на човекот слободно да одлучува за создавање деца. | Грижа за воспитување и издржување на децата. |
| Право на здрава животна средина. | Чување, унапредување и заштита на животната средина и природата. |
| Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. | Да се почитуваат авторските права на авторот на делото. |
| Заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. | Почитување на различностите во општеството. |
| Право на работа. | Пријавување персонален данок на доход. |
| Право на штрајк. | Одговорност на работниците да го известат работовачот за планираниот штрајк. |
| Право на пензија. | Плаќање придонеси за пензиско осигурување. |

## *Завршен дел на часот* ***(5 мин.)***

На крајот на часот, наставникот извлекува заклучок од содржината:

Правата и одговорностите се тесно поврзани, така што за да постигнеме целосна гаранција на човековите права треба целосно да ги извршуваме и почитуваме нашите одговорности. Одговорноста за заштитата на човековите права и слободи ја имаме индивидуално, но и колективно. Стабилните демократски држави имаат развиени системи и механизми за заштита на човековите права, при нивна повреда.

## *Активност за евалуација и рефлексија* ***(5 мин.)***

Наставникот поттикнува групна дискусија преку следните прашања:

- Сметате ли дека има дополнителни права кои треба да ги имаат луѓето, а не се вклучени во Уставот или Универзалната декларација за човекови права? Кои се тие?
- Зошто почитувањето на човековите права не е еднакво секаде во светот?
- Кои од обврските вам ви се најтешки за почитување?

# Работен лист 3.3.

## Граѓански и политички права

| ГРУПА 1: ГРАЃАНСКИ И ПОЛИТИЧКИ СЛОБОДИ И ПРАВА | |
|---|---|
| Право | Одговорност |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# Работен лист 3.4.

## Економски, социјални и културни права

| ГРУПА 2: ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ | |
|---|---|
| Право | Одговорност |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# Работен лист 3.5.

## Листа на права и одговорности

### Група 1

| | |
|---|---|
| Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. | Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување од еден кон друг човек. |
| Слободата на човекот е неприкосновена. | Освен државата, никој друг не може да му ја ограничи слободата на човекот. |
| Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. | Одговорност за некористење говор на омраза. |
| Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. | Несподелување туѓи лични податоци. |
| На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. | Забрането здружување со цел насилно уривање на уставниот поредок на државата и кон поттикнување или повикување на воена агресија на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. |
| Се гарантира неповредливоста на домот. | Забрането насилно влегување во туѓ дом. |
| Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право слободно да се движи на територијата на државата. | Не е дозволено органичување или оневозможување на слободата на движење од страна на други лица. |
| Право на еднаквост. | Забрането дискриминирачко однесување по различни основи кон другите. |
| Право на протест и јавен собир. | Совесно и ненасилно однесување за време на протестот. |
| Избирачко право. | Забрана за вршење притисок за начинот на гласање на граѓаните за време на избори. |

### Група 2

| | |
|---|---|
| Право на сопственост. | Недозволено одземање туѓи предмети. |
| Право на образование | Редовна присутност во образовниот процес. |
| Право на здравствена заштита. | Чување и унапредување на сопственото здравје и здравјето на другите. |
| Право на човекот слободно да одлучува за создавање деца. | Грижа за воспитување и издржување на децата. |
| Право на здрава животна средина. | Чување, унапредување и заштита на животната средина и природата. |
| Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво. | Да се почитуваат авторските права на авторот на делото. |
| Заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. | Почитување на различностите во општеството. |
| Право на работа. | Пријавување на персонален данок на доход. |
| Право на штрајк. | Одговорност на работниците да го известат работовачот за планираниот штрајк. |
| Право на пензија. | Плаќање придонеси за пензиско осигурување. |

# Содржина: Граѓанинот и одрживиот развој

## Резултати од учењето

Го разбира значењето на одрживиот развој и рационалното користење на ресурсите на планетата Земја

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да го опишува значењето на одрживиот развој во поединечните сегменти од живеењето,
- да изработува план за рационално користење на ресурсите.

## Потребни материјали:

листови, пенкала

## Методи, техники, форми:

Текст-метод, насочен разговор, вежба (решавање проблемска ситуација), дискусија.

## *Воведен дел на часот* *(7 мин.)*

Наставникот внимателно го чита текстот со цел учениците да можат да ја замислат ситуацијата:

„Замислете ја планетата Земја како вселенски брод кој е во Галаксијата и е во постојано движење за што му е потребно гориво кое се прави од мешавина на вода, нафта и дрво. За да продолжи да се движи вселенскиот брод со одредена брзина, потребна му е одредена количина гориво и таа мора постојано да се дополнува. Сепак, вселенскиот брод не може да застане за да го дополни горивото, постојано мора да се движи и постојано мора да има гориво. Бројот на патниците на вселенскиот брод постојано се зголемува и за неговото движење е потребно сè повеќе гориво. Доколку застане, тоа би било погубно за патниците на бродот. Но **ресурсите** од кои се прави горивото постојано се намалуваат. Постои опасност патот на нашиот вселенски брод во Галаксијата да стане неизвесен. Во опасност се неговите патници. Патниците се свесни за состојбата и се обидуваат да најдат решение."

Наставникот поставува прашања со што ќе развие дискусија:

- Како се чувствувате по слушањето на краткиот текст? (Од учениците се очекува да дадат различни одговори: љубопитно, исплашено, неизвесно, вознемирено итн.)
- Кои елементи од текстот симболично прикажуваат реални состојби? (Можни се повеќе одговори: патниците на бродот како симбол за населението на планетата Земја и пренаселеноста, трошењето ресурси поради поголема потрошувачка, опстанокот на планетата Земја, свесноста на луѓето за состојбата и барањето решенија.)
- Кога би биле патник на овој брод какво решение би понудиле? (Се очекуваат различни одговори: рационално користење на ресурсите, менување на типот на гориво кое се користи и сл.)

На крајот на дискусијата, наставникот извлекува краток заклучок:

Во секојдневниот живот, на секој од нас му е потребна одредена количина ресурси за оптимално функционирање. Сепак, ова не значи дека секој треба да троши најмногу што може. Напротив, треба да имаме предвид дека одредени ресурси се ограничени и да работиме кон одржлив развој на општеството.

## *Главен дел на часот* *(30 мин.)*

Наставникот ги објаснува клучните поими предвидени за овој час: **ресурси, одржлив развој, енергенси**.

**Одржлив развој** е развој што ги задоволува потребите на сегашноста, без да ја става во опасност можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Тоа подразбира дека **ресурсите** кои ги трошиме од земјата, треба да ги обновуваме, чуваме, штедиме и/или домаќински да се однесуваме кон нив, за да има и за следните генерации.

**Ресурси** се материјалите кои ги користиме како храна или за добивање **енергија** или суровини. Тие можат да бидат обновливи (ветер, вода, сонце) и необновливи (нафта, гас). Земјите кои имаат политики на **одржлив развој** се обидуваат да користат **обновливи ресурси**, а за необновливите науката наоѓа замени или алтернативи.

Потрошувачката на енергија и **енергенси** е составен дел од секојдневието на секој поединец, индустријата и сите останати сегменти на општеството. **Енергенсите** се користат за производство на енергија, а енергијата е двигател на сите активности. Затоа е особено важно **енергенсите** кои се користат да бидат еколошки и да не загадуваат (сонце, ветер, гас, вода).

Еден од начините да се намали загадувањето е повторната употреба или користење на отпадот за нова цел. **Рециклирање** е повторно користење на материјалите кои ги користиме, но му претходи важен процес на селектирање и шансата она што се фрла повторно да се употреби како **енергенс,** суровина, предмети за широка потрошувачка и сл. Важен дел од политиките на **одржлив развој** е **рециклирањето** и тенденцијата да се користат материјали кои се обновливи или можат да се рециклираат.

***Забелешка:*** Во текот на дискусијата, наставникот ги потсетува учениците што е **рециклирање**, зошто е важно, на кој начин се поттикнува овој начин на заштита на природата во земјата. Се потсетуваат на веќе стекнати знаења, искуства и вештини од претходните години и од други наставни предмети.

***Активност:***

### ***Анализа на животните навики (20 мин.)***

Наставникот ги дели учениците во 5 групи. Секоја група има задача за 5 минути да направи анализа на животните навики. Во исто време прави и критички осврт на менувањето на личните навики и навиките на заедницата во која живее.

***Забелешка:*** На крајот на оваа активност се очекува учениците, со помош на наставникот, да направат листа на предлози кои би можеле да се имплементираат во училиштето, во насока на одржливо користење ресурси. Оваа листа на предлози треба да се зачува и да се користи и во текот на следниот час, каде што на крајот ќе се изработи план за одржливо користење ресурси во училиштето кој учениците можат да му го предложат на училишното раководство.

Секоја група треба да опфати три сегменти во анализата:

- Моментална состојба (Какви се секојдневните навики, мои и на луѓето во мојата околина?)
- Последици од однесувањето (Какви се долгорочните последици од нашите секојдневни навики?)
- Предлози (Како би можела да се подобри состојбата?)

## ***Предлог-теми за анализа:***

### ***Транспорт***

Очекувани одговори на групата:

- Моментална состојба: Се користи јавниот превоз дури и за кратки релации, домашните користат автомобили, на патувања над 300 км патуваат со авион и сл.
- Последици: Загадување на воздухот, трошење на нафтата како необновлив ресурс чија цена постојано расте и сл.
- Предлози: Користење велосипед, пешачење наместо користење автомобил, јавен превоз, замена на авионскиот превоз со автобус/воз и сл.

## *Вода*

Очекувани одговори на групата:

- **Моментална состојба:** Водата од јавен водовод (питка вода) се користи за наводнување, се троши неекономично, јавните чешми се нееколошки поради големата потрошувачка и сл.
- **Последици:** Поскапување на водата поради нерационално користење, намалување на резервите на вода како важен енергенс и ресурс.
- **Предлози:** Техничка вода за наводнување, чешми со сензор, развивање свест за важноста на водата.

## *Пластика*

Очекувани одговори на групата:

- **Моментална состојба:** Употреба на пластика во голем обем (пр. шишиња, кеси, пластични цевчиња).
- **Последици:** Еколошки неоправдана употреба на пластика (особено пластиката која не се рециклира), голем загадувач.
- **Предлози:** алтернативи за користење на пластична амбалажа (пр. од стакло), платнена торба наместо кеса, цевче од метал наместо од пластика, материјали кои се рециклираат.

## *Хартија*

Очекувани одговори на групата:

- **Моментална состојба**: Многу се троши ресурсот дрво за обработка, често неекономично се троши во големи количини, не се рециклира доволно, иако тоа е можно.
- **Последици:** Намалување на шумскиот фонд како важен ресурс, губење „сојузници“ во борбата против загадувањето на воздухот.
- **Предлози:** Двострано печатење содржини, користење на двете страници од листот, платнени, наместо хартиени кеси, селектирање и рециклирање на хартијата, пошумување, замена за греење на дрва со друг енергенс (струја произведена од сонце или ветер, гас).

## *Струја*

Очекувани одговори на групата:

- **Моментална состојба:** Без струја не може да се замисли секојдневието, често се користи нерационално, производството на струја во голем степен зависи од вода, еколошки е поoправдан енергенс од нафта.
- **Последици:** Висока цена, водата како ресурс може да недостига, секојдневното функционирање е отежнато кога нема струја.
- **Предлози:** Користење техника со енергетска ефикасност (помала потрошувачка на струја), замена на нафтата во автомобилската индустрија, штедење преку употреба на т.н. штедливи сијалици, производство на струја од сонце и ветер и сл.

Откако ќе ги изработат анализите, во следните 10-15 минути учениците го презентираат сработеното. Останатите ученици и наставникот имаат можност да дополнат со свои видувања и идеи. Во текот на презентациите, наставникот на таблата ги запишува сите идеи за одржлив развој кои можат да се имплементираат во училиштето (пр. промена на чешми, сијалици, заштеда на хартија, намалување на употреба на пластика и пластична амбалажа, селектирање, рециклирање). Учениците во своите тетратки ги запишуваат идеите за одржлив развој во училиштето, согласно со информациите кои ги запишува наставникот на табла, како подготовка за изработка на план за одржливо користење на ресурси во училиштето.

***Забелешка:*** Наставникот може по свој избор да направи промени на темите, зависно од структурата на учениците и нивните навики или зависно од струката за која се образуваат. На пр. дрво во места каде што се користи за огрев, текстилната индустрија како загадувач, менаџирање со е-отпад и отпадоци од храна и сл.

## Завршен дел на часот (5 мин.)

Наставникот резимира дека промените на навиките на поединецот може да имаат клучна улога во **одржливиот развој**. Отвора дискусија со учениците по следните прашања:

- Како ја разбирате мислата на Алберт Ајнштајн „Не можеме да ги решиме проблемите на ист начин на кој сме ги создале“ во контекст на екологијата? (Се очекува од учениците да посочат дека проблемот со загадувањето не може да се реши со користење ресурси кои загадуваат.)
- Како би го опишале однесувањето на луѓето кои не се грижат за **одржливиот развој**? (Очекувани одговори: себично, неодговорно.)

- Со какви пречки би можеле да се соочиме доколку се обидеме да го промениме однесувањето на луѓето кои не се грижат за одржливиот развој? (Се очекуваат различни одговори од учениците: игнорирање на темата, лутина, финансиска неможност итн.).
- Како би можеле да ги надминеме тие пречки? (Можни се различни одговори, но наставникот треба да ги поттикне учениците да размислуваат за конкретни и спроведливи решенија).

Наставникот дава насоки за следниот час и се формираат групи. Објаснува дека ќе се работи на креирање онлајн кампања, ја објаснува целта, начинот на изработка, материјалите и информациите кои учениците треба да ги имаат. Учениците и наставникот користат и онлајн алатки за координација.

## Активност за рефлексија и евалуација *(3 мин.)*

Наставникот им дава насоки на учениците да размислуваат за првата промена која би сакале да ја направат во однос на сопственото однесување и навики, а која ќе придонесе за одржлив развој. На пр., купување вода исклучиво во стаклени шишиња, селектирање отпад за рециклирање, користење велосипед наместо автобус, внимателно користење ресурси итн.

# Содржина: Граѓанинот и одрживиот развој

## Резултати од учењето

Го разбира значењето на одрживиот развој и рационалното користење на ресурсите на планетата Земја

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува и да дискутира за позитивни примери од одржлив развој и заштеда на ресурсите.
- да истражува и да предлага модели на одржлив развој што може да се применат.

## Потребни материјали:

Интернет, компјутер

## Методи, техники, форми:

заедничка форма на работа, истражување, пребарување по клучен збор, анализа-синтеза на материјал, насочен разговор, дискусија.

## *Воведен дел на часот* ***(10 мин.)***

Наставникот преку насочен разговор ги повторува со учениците усвоените знаења **за ресурси, одржлив развој, енергенси, рециклирање** од минатиот час. Ги навраќа учениците на текстот со вселенскиот брод, сега веќе со јасна алузија на планетата Земја.

- Какви ресурси користат патниците на вселенскиот брод? (Се очекува од учениците да одговорат дека на вселенскиот брод се користат необновливи ресурси и тоа го загрозува неговиот опстанок.)
- Каква политика за употреба на ресурси има бродот? (Се очекува од учениците да нагласат дека бродот моментално нема политика на одржлив развој и дека таа треба да се промени.)
- Што треба да се преземе за патувањето на вселенскиот брод да не биде во опасност? (Можни одговори на учениците: промена на горивото, изнаоѓање алтернативно гориво кое може да биде и од рециклирани суровини, контрола и планирање на бројот на патниците, управување со отпадот и негово рециклирање, користење обновливи ресурси, и сл.)
- Како се чувствувате сега откако најдовте идеи за решение на проблемот на нашиот вселенски брод? (Можни одговори: одговорно, спокојно, сигурно, загрижено.)

Наставникот ги користи одговорите на учениците за да извлече заклучоци од воведниот разговор и да ги насочи кон главната активност на часот.

## *Главен дел на часот* ***(30 мин.)***

Учениците се веќе запознаени со задачата за овој час и ги имаат информациите кои им се потребни. Задачата се состои во изработка на онлајн кампања за заштита на животната средина.

Пред да започнат со работа, за да ги инспирира, наставникот отвора кратка дискусија (5-8 минути):

- На што прво помислуваш кога размислуваш за тоа што треба да се „спаси“ во твојата околина? (Можни одговори: блиската река, училишниот двор, општинскиот парк.)
- Зошто е тоа така? (Од учениците се очекуваат различни одговори: проблеми со загадувањето на воздухот, свесност за ограничените количини на вода за пиење итн.)
- Како би можел да придонесеш кон негово „спасување“? (Можни одговори: апели до граѓаните, барање до локалната заедница за решавање на проблемот, организирање еколошка акција итн.)

Наставникот дава конкретни насоки за изработка на кампањата, како што се:

- Учениците се делат во тимови според афинитетите кои ги имаат (на пр. пишување текст, пребарување на интернет, дизајн, промоција, мото на кампањата и сл.). Сите тимови избираат лидери кои ќе продолжат со работа и во следната фаза. Поделбата на тимови е пожелно да е веќе направена на минатиот час, со што учениците би знаеле што да работат и што се очекува од нив.
- Секој тим работи на конкретната задача која ја има и откако ќе биде сработено се спојува во една целина, заедничка кампања на ниво на клас.
- Сите визуелни материјали задолжително да го содржат знакот за **рециклирање** со објаснување, како и  клучните поими **одржлив развој, ресурси и енергенси**.
- Учениците треба да смислат мото под кое ќе биде именувана кампањата.
- Учениците можат да користат примери од пребарување на интернет (на пр. информации за политиките на најеколошките држави како што се Финска, Исланд, Шведска, Данска и Словенија, примери на луѓе, компании и граѓански организации кои се занимаваат со **одржливиот развој**, примери од локалната заедница и сл.).

За време на часот се изработува работна верзија која потоа лидерите на тимовите ја доработуваат во финална кампања, при што повторно се користат онлајн алатките за соработка и координација. Сите ученици треба да учествуваат во работата во нивниот тим и да даваат предлози околу мотото на кампањата, начинот на нејзино промовирање, целната група на која е насочена (деца, возрасни, тинејџери, медиуми, екоактивисти, локална заедница и сл.).

Откако ќе бидат изработени работните верзии, неколкумина волонтери ја презентираат работната верзија пред наставникот и споделуваат информации околу нивните идеи, целта на кампањата, начинот на истражување и прибирање информации, интересни податоци до кои дошле, примери на позитивни практики и сл. Идеите кои се употребливи и релативно остварливи, заедно со идеите за одржливо користење ресурси во училиштето кои учениците ги запишаа минатиот час, можат да ги предложат на училишното раководство во форма на план за одржливо користење на ресурси во училиштето.

*Забелешка:* Консултациите на наставникот со учениците, но и помеѓу учениците околу правилата, материјалите, насоките и сл. може да се реализираат и преку онлајн алатки кои веќе ги користи (платформа, блог, социјална мрежа, YouTube канал и сл.) поради специфичноста и обемот на активноста, но и со цел користење на наведените алатки.

## *Завршен дел на часот* ***(5 мин.)***

Наставникот го нагласува глобалниот карактер на еколошките проблеми, но и нужноста промената да појде од поединецот и неговиот однос кон природата и важноста на начелото „Мисли глобално, делувај локално".

Наставникот им дава домашна задача на учениците да направат индивидуален план за промена во своето однесување во наредните 2 години, со активности што се клучни и во функција на одржливиот развој. Може да ги потсети учениците на навиките за кои веќе разговараа на минатиот час, а би можеле лесно да ги променат. Најчесто споменуваните лични предизвици/навики учениците и наставникот ги планираат во форма на 30-дневен заеднички предизвик во паралелка (на пр. селектирање и рециклирање отпад, употреба на стаклени шишиња за вода, одење на училиште со велосипед и сл.).

# Содржина: Граѓанинот како иноватор и претприемач

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може да ја препознае потребата од иновација и претприемништво заради следење на динамиката на развојот на современото општество.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги објасни поимите иноватор и претприемач.

## Потребни материјали:

Табла, креда/маркер, тетратки, пенкала, работен лист 3.6.

## Методи, техники, форми:

заедничка форма на работа, бура на идеи, текст-метод, насочен разговор/дискусија, работа во групи

## *Воведен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот го започнува часот со кусо објаснување:

„На секоја листа на најважни изуми во историјата на човечкиот род може да се најдат огнот и тркалото, а во последните неколку декади се споменува и силиконскиот чип кој доведе до револуција во глобалната поврзаност и технолошкиот развој. Но овие три изуми се разликуваат по неколку карактеристики. На пр., огнот не било потребно да се измисли (затоа што тој постоел во природата), но било потребно да се смисли начин огнот да се одржува и да се контролира. Од друга страна, тркалото не постои во природата во тој облик, па неговото откривање е многу важно за човечкиот род. Различно од овие два изума, силиконскиот чип е резултат, меѓу другото, и на интелектуалниот труд на многу луѓе кои во годините пред самото изработување на првиот силиконски чип придонеле кон напредокот во технологијата и науката потребна за овој изум. Сепак, имињата на изумителите на тркалото и првите начини за контролирање и одржување на огнот никогаш нема да ги дознаеме, додека ги знаеме имињата на Роберт Нојс и Џек Килби кои ги измислиле првите силиконски чипови и така придонеле кон финансиската добивка на компаниите за кои работеле."

Наставникот започнува кратка дискусија:

- Зошто токму тркалото, огнот и силиконскиот чип се сметаат за важни откритија? (Се очекува од учениците да посочат дека со нивното пронаоѓање се олеснуваат/стануваат возможни многу нови и дотогаш непознати активности за луѓето.)
- Размислете за производите кои ги користиме секојдневно (на пр. пенкала, телефони, патики, ранец, облека, шише). Како настанале овие производи и зошто изгледаат токму така? (Очекувани одговори: како резултат на потреба, се користат за одредена цел, изгледот се менувал според потребите на луѓето итн.)
- Според вас, како изгледа процесот во кој некоја личност смислува нов производ во денешно време? Кои се факторите кои влијаат? (Можни се различни одговори од учениците: истражување на интернет, решавање на некоја потреба, влијанието на економската состојба во која се наоѓа личноста итн.)
- Како денеска ги нарекуваме луѓето кои откриваат или пронаоѓаат нешта? (Можни одговори: иноватори, пронаоѓачи, изумители.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок од дискусијата: Откривањето, односно смислувањето на нови производи најчесто се случува од страна на креативни луѓе кои имаат одредена визија за решавање на некој проблем или потреба. На овие луѓе често им се потребни и средства и материјали со кои би можеле да ги изработат осмислените производи.

## *Главен дел на часот* *(25 мин.)*

Наставникот го запишува насловот на наставната единица на табла „Граѓанинот како **иноватор** и **претприемач"**, потоа ги дели учениците во 6 групи и на секоја група ѝ дава однапред испечатен текст (работен лист 3.6). Во работниот лист, дадени се десет примери на иноватори и/или претприемачи, при што целта е учениците практично да ги согледаат разликите помеѓу поимите. Наставникот може да ги одбере најсоодветните примери за струката која ја изучуваат учениците или, пак, понудените примери да ги замени со нови.

При читањето на приказните, секоја од групите треба да одговори на следните прашања за еден од примерите во работниот лист (во времетраење од 5-7 минути):

- Што измислиле/откриле, односно каков бизнис започнале луѓето спомenати во примерите? (Се очекува од секоја од групите да посочи на главната иновација/бизнис-идеја во примерите).
- Што се случило откако луѓето во примерите ги измислиле своите иновации т.е. ги започнале своите компании, каков бил нивниот животен пат? На пр. Оствариле финансиски профит, добиле научно/општествено признание итн. (Очекувани се различни одговори, согласно примерите).
- Кои карактерни особини ги имаат луѓето спомenати во приказните? (Можни одговори: Храброст, упорност, иновативност, креативност, интелигенција, трудољубивост, преземање ризик, самодоверба, одговорност...)

Откако сите групи ќе завршат со одговарање на прашањата, секоја група го презентира сработеното (по 1-2 минути од група) и клучните забелешки се запишуваат на табла. По презентациите од сите групи, наставникот ги насочува учениците кон воочување и коментирање на заедничките особини/карактеристики на луѓето спомenати во примерите, но и разликите помеѓу поимите *иноватор* и *претприемач.*

Наставникот ја резимира активноста преку краток теоретски дел (5 мин.):

Иако често се споменуваат заедно, поимите *иноватор* и *претприемач* се однесуваат на различни активности кои често, но не и секогаш, се поврзани.

**Иноватор** е посебно талентирана личност која со примена на инвентивен пристап во решавањето на проблемите создава нова идеја, производ, услуга и сл. Во современите општества особено се ценат и почитуваат **иноваторите** и **иновациите** како ресурс кој е неопходен за конкурентноста на националната економија и општествениот напредок, но и за полесно функционирање на општеството поради решавање социјални проблеми. Најдобар начин да се дојде до нови можности за **иновација** е да се навлезе во потребите или желбите на луѓето и да се погледне во производот или услугата која се нуди или се планира да се понуди, од перспектива на купувачите и/или корисниците. Едноставно кога станува збор за **иновација** не може однапред да се прашаат луѓето што сакаат да се

пронајде. Поради тоа што најчесто се работи за потполно нова идеја, производ или услуга, луѓето не можат да знаат дали/колку им е потребна во секојдневниот живот (на пр. некој нов електричен уред без кој дотогаш се функционирало).

**Претприемач** е најчесто сопственик на претпријатие и личност која управува со ресурсите со кои претпријатието располага, често преземајќи ризици за да оствари добивка. **Претприемачот** вообичаено е сопственик на претпријатието, а доколку и управува со него, тогаш е и менаџер. Сепак, за да се биде **претприемач** не е доволно само да се започне со мал бизнис - тоа се луѓе кои имаат талент за гледање можности на пазарот на трудот, и способности и вештини да ги развијат тие можности во претпријатија кои ќе остваруваат добивка. Претприемачите имаат талент да препознааат трендови кои се случуваат околу нив и ги користат за да создадат сосема нов производ/услуга или да ги подобрат постоечките производи/услуги. Во традиционална смисла, претприемништвото се поврзува со задоволување на потребите на потрошувачите и креирање нови потреби кои потоа треба да се задоволуваат со поголема потрошувачка. На пр., пронаоѓањето на мобилните телефони претставува голем изум, а на денешните луѓе мобилниот телефон им прерасна во потреба. Самиот мобилен телефон со себе повлече и низа нови пронајдоци како држачи, футроли, заштитни и украсни маски и сл. Сепак, во последната декада, **претприемништвото** доби нова социјална димензија поради насоченоста кон креативно и иновативно решавање на проблемите со кои луѓето се соочуваат во секојдневниот живот. Во двата случаи, главен извор на **претприемачки** идеи е јасното разбирање на потребите на луѓето.

## Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

Наставникот развива дискусија помеѓу учениците:

- Што знаевте за претприемништвото и иновациите претходно, а што научивте на овој час? (Очекувани се различни одговори од учениците.)
- Според вас, зошто се потребни и важни иновациите во денешното општество? (Можни одговори: општествен напредок, подобра економија, решавање проблеми кои долго време постојат итн.)
- Што мислите, зошто иднината на современите општества е во развивањето на (социјалното) претприемништво? (Можни одговори: потреба за пронаоѓање решенија на проблемите со кои луѓето се соочуваат, преземање поголема одговорност, поголем профит итн.).
- Би сакале ли вие да станете иноватор и/или претприемач? Ако да, кои услови би ви биле потребни за успешна работа? (Очекувани се различни одговори од учениците).

# *Работен лист 3.6*

## *Примери за успешни иноватори и/или претприемачи*

1. Македонската компанија „Веда“, во сопственииштво на **Борис Јанковски**, во 2018 година за првпат изработи аеросолен систем за брзо гаснење пожари. На иновацијата работел широк мултидисциплинарен тим (меѓу кои и 15 доктори на науки во различни полиња) повеќе од две децении. Самата иновација се потпира на цврста композитна супстанца, која по нејзиното иницирање согорува и произведува голема количина гас. Хемискиот состав на произведениот гас го спречува процесот на горење и за многу кратко време може да го изгасне пожарот. Поради тоа што брзината е многу важна при гаснење пожари, овој изум има голема предност во споредба со останатите кои постојат. Со помош на Фондот за иновации и технолошки развој, „Веда“ започна со процесот на сертифицирање на уредот, по што се подготвуваат за учество на светскиот пазар.
2. **Патриција Бат** е првата жена-докторка од африканско потекло на која ѝ бил доделен патент за иновација за медицински цели во САД. Иновацијата на Бат се нарекува „Laserphaco Probe“ - медицински уред кој брзо и безболно ги разложува катарактите во очите со помош на ласер, по што го „чисти“ окото за лесно вметнување леќи за подобрување на видот. Откако Бат го измислила уредот во 1981 година, тој се користи низ целиот свет како брз и безбеден начин за спречување на слепило поради катаракти. Бат е и основачот на нова научна дисциплина (наречена офталмологија на заедницата) која се фокусира на овозможување офталмолошки услуги за целата популација, без разлика на финансиските приходи на луѓето.
3. **Хенри Форд** е основач на компанијата „Форд Мотор“ и се смета за татко на модерната лента за склопување која се користи за масовно производство. Неговиот Модел Т, кој започнал да го произведува во 1908 година, ги модернизирал транспортот и американската индустрија. Како единствениот сопственик на компанијата, тој станал еден од најбогатите и најпознатите луѓе на светот. Форд го измислил фордизмот, т.е. масовното производство на голем број евтини автомобили со користење лента за склопување и со високи плати за неговите работници (пет долари на ден во 1914 година). И покрај тоа што Форд не бил многу образован, тој имал глобална визија и ја гледал потрошувачката како клучен фактор за мир. Тој бил еден од водечките пацифисти во Првата светска војна, но ја пренаменил својата компанија да произведува воени материјали и во двете светски војни.

4. Додека американската хемичарка **Стефани Кволек** работела на алтернативни решенија за употребата на железо во автомобилските гуми, случајно го развила материјалот за кој се верува дека има спасено илјадници животи поради употребата во панцири кои штитат од куршуми. Во 1964 година, Кволек спроведувала експеримент за промена на агрегатната состојба на полимерни материјали (од тврди во течност), при што забележала дека влакната во направената течност биле и до пет пати посилни од железо. Изумот на Кволек се користи во многу области (од издржливи чевли за пожарникари, до делови на вселенски летала), но најпозната е употребата во панцири кои штитат од куршуми.
5. Во текот на 2019 година, средношколецот **Сашо Јандрески** од Прилеп, со помош на неколкумина професори експерти од Министерството за здравство и Медицинскиот факултет во Скопје, измисли повеќекоморен шприц кој целосно ги заштитува пациентите и медицинскиот персонал од хепатитите Б и Ц и ХИВ вирусот. Изумот е прв од ваков вид во светот и овозможува брза, лесна и прецизна употреба во секаков вид терапии (дермална, епидермална, мускулна и интравенозна). Додека волонтирал во итната медицинска помош во Прилеп, Јандрески дошол до идеја да направи ваков шприц кој може да се користи и во возилата на итната медицинска помош кога со голема брзина се пренесуваат пациенти кои се борат за живот - постапката за давање на лекот од минута и 20 секунди со новиот изум се намалува на 40 секунди со 100% прецизност. Новиот медицински шприц е патентиран, а интерес за негова изработка покажале и странски компании.
6. Французинката **Жан Вилпре – Поуер** стои зад изумот кој им овозможува на научниците полесно да ги изучуваат организмите кои живеат во вода: аквариумот. Вилпре - Поуер истражувала специфичен тип октопод (наречен аргонаут) за кој во тоа време многу научници мислеле дека ја презема својата школка од друг организам. Во 1832 година, за да може да дефинира дали оваа претпоставка е точна, Вилпре - Поуер одлучила дека е потребно подолго време да го набљудува октоподот, по што го направила првиот стаклен аквариум за набљудување на водни организми во контролирани услови и докажала дека аргонаутот сам ја прави својата школка. Подоцна, Вилпре - Поуер смислила уште две варијанти на аквариумот (стаклена направа која се поставува во кафез за изучување на организми што живеат во плитка вода и аквариум како кафез кој може да се користи на различни длабочини). Како награда за својата работа, Вилпре - Поуер станала првата жена член на Академијата на Катаниа, Италија (каде што работела и живеела), како и на други научни академии.

7. **Никола Тесла** е српски научник, истражувач и пронаоѓач на полето на електротехниката и радиотехниката. Иако е познат како татко на наизменичната струја и бројни футуристички пронајдоци, најпознат е по своите револуционерни откритија во областа на електромагнетизмот кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Патентите на Тесла и неговата теориска работа стануваат основа за формирањето на целокупниот систем на наизменична струја, вклучувајќи го и конструирањето на трофазните системи, како и индукциониот мотор со кој станува предводник на Втората индустриска револуција. По неговата демонстрација на радиото како медиум за безжична комуникација во 1893 година, станува еден од најпочитуваните и најголемите американски и светски научници. Голем дел од неговата најрана работа ќе стане основа за модерното инженерство, а многу од неговите откритија се од непроценлива важност за развојот на модерната цивилизација. Сепак, поради неговиот ексцентричен карактер и понекогаш фантастични тврдења за можни научни и технолошки откритија, Тесла бил често исмеван.
8. Студентката **Франка Граждани** во 2019 година дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје со изум - паметни влошки за патики кои произведуваат електрична енергија. Иако слични изуми веќе постоеле кога истражувала за својата дипломска работа, младата инженерка се одлучила за користење евтини материјали за да го истражи функционирањето на „претворувачите“ (метални дискови со пизоелектричен кристал, кои генерираат струја кога се деформираат). На овој начин, Граждани изработила влошка која може да се стави во какви било обувки, направена од „претворувачи“. Кога човекот гази додека оди, „претворувачите“ се деформираат со што се генерира струја која се зачувува во батерија, а излезот е USB-кабел кој влегува во уредот кој се полни. Свесна за комерцијалниот потенцијал на еден ваков продукт, Граждани размислува и за проширување на дипломскиот проект кон вградување слични „претворувачи“ во возила и машини кои генерираат вибрации, за на таков начин да се добива струја од нив.

9. Во 2009 година, **Кевин Систром** во своето слободно време научил да програмира и направил прототип за апликација наречена Burbn, која на своите корисници им овозможувала да ја означат својата локација, да ги објават своите планови за следни активности и да споделуваат фотографии. Откако успеал да собере првични средства за понатамошен развој на апликацијата, Систром започнал да работи со долгогодишниот другар **Мајк Кригер.** Заедно ја анализирале направената апликација Burbn и одлучиле да се фокусираат само на можноста за споделување фотографии фотографирани со мобилни телефони. По анализа на најпознатите апликации за фотографирање во тоа време, Систром и Кригер одлучиле да вметнат и можност за споделување на фотографиите на социјални мрежи, како и можности за коментирање и „допаѓање" на фотографиите. Така стигнале до денешната форма на Instagram. Во текот на првиот ден од објавувањето на новата апликација, повеќе од 25 000 луѓе започнале да ја користат апликацијата, по што станала светски позната.

10. На пат кон Њујорк во 1902 година додека врнел обилен дожд, **Мери Андерсон** забележала дека возачот на автомобилот често морал да ги отвора панелите на предниот прозорец за да може да гледа каде го управува автомобилот. Веднаш по своето враќање дома во Алабама, Андерсон одлучила да смисли решение за овој проблем. Иако претходно постоеле слични решенија, изумот на Андерсон бил првиот ефективен модел на бришачи на автомобилски прозорци, кои се активирале откако ќе се притисне лост поврзан со самите бришачи. На почетокот, производителите на автомобили го одбивале изумот на Андерсон велејќи дека истиот нема никаква комерцијална вредност. Сепак, во 1922 година производителите на Кадилак започнале да го вклучуваат нејзиниот изум во сите нивни автомобили. Откако патентот на име на Андерсон истекол, бришачите за автомобили брзо станале стандардна опрема во автомобилите.

# Содржина: Граѓанинот како иноватор и претприемач

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може да ја препознае потребата од иновација и претприемништво заради следење на динамиката на развојот на современото општество

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги објасни факторите што му овозможуваат на граѓанинот да биде **иноватор** и **претприемач**,
- да опишува и дискутира за можностите за претворање на идејата во проект.

## Потребни материјали:

табла, креда/ маркер, тетратка, пенкало, работен лист 3.7.

## Методи, техники, форми:

заедничка форма на работа, насочен разговор, индивидуална работа, дискусија

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот го започнува часот со кратка дискусија:

- Се гледате ли себеси во улога на иноватор и/или претприемач? Колку ви звучи примамлива оваа можност? (Можни се различни одговори.)
- Можете ли да замислите што би ви претставувало пречка на патот кон станувањето иноватор/претприемач? Како би ги решиле овие проблеми? (Се очекува од учениците да споделат различни идеи: финансии, материјали, средина која не ги охрабрува, несигурност итн.)
- Кои иновации оставаат најголем впечаток на вас? (Можни се различни одговори.)
- Колку е можно да се биде креативен и иновативен во современото општество? Зошто е тоа важно? (Се очекуваат различни одговори од учениците: сè е веќе измислено, постои можност за креативност ако се анализираат потребите на луѓето, важно е за напредок на општеството итн.)

На крајот на дискусијата, наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

За еден човек да стане претприемач и/или иноватор, многу се важни факторите кои влијаат врз него: економската клима, условите кои ги има за работа и живеење, поттикнување од околината, сопствената мотивација и сл.

## Главен дел на часот (30 мин.)

Наставникот објаснува дека целокупната општествена состојба влијае врз развојот на претприемништвото и иновацискиот дух кај граѓаните. Државата има голем интерес да ги поттикнува граѓаните да го развиваат својот претприемнички и иновациски дух, бидејќи така се гради основата за развој на модерното општество.

Меѓу факторите кои најмногу влијаат на претприемништвото и иновациите, често се споменуваат економските фактори: слободниот пазар и конкуренцијата, економските политики на големите бизниси, различните форми на мотивирање на граѓаните за претприемништво преку кампањи за самовработување и отворање бизниси, (не)поволноста на потребните кредити за обезбедување на потребните средства итн. Исто така, образовните фактори имаат значаен удел во развојот на претприемничкиот дух кај младите: организирање саеми и конкурси, натпревари за иновации, субвенции и финансиска помош, дополнително образование и тренинзи итн.

Еден од важните фактори кои влијаат на претприемничкиот дух е и личната мотивација на граѓанинот. Да се биде претприемач значи да се има сопствен бизнис, работно време и обврски за кои одлучува самиот претприемач, поголема мотивација за успешност и со тоа максимално искористување на сопствените потенцијали.

**Активност:**

### *Како до своја претприемничка идеја/иновација? (25 минути)*

Наставникот им најавува на учениците дека преку оваа активност ќе имаат можност да влезат „во кожата" на претприемачите и иноваторите, затоа што за задача ќе имаат да смислат и да презентираат своја претприемничка идеја и/или иновација од област која ги интересира. Наставникот го дели работниот лист 3.7 по што им дава насоки на учениците да се поделат во групи (3-6 ученици), во кои ќе имаат 15 минути да развијат идеја според насоките од работниот лист. Наставникот ги насочува учениците да размислуваат за можни начини на унапредување на животот во нивната заедница, подобрување на алатите и опремата кои ги користат во одбраната професија, решавање лични проблеми со кои често се среќаваат во секојдневниот живот итн. Наставникот најавува дека по времето дадено за развој на идеите, доброволци ќе добијат можност да направат т.н. „презентација во лифт" (на анг. Elevator pitch) во времетраење од 30-60 секунди пред целиот клас при што ќе ги презентираат клучните информации за идејата на нивната група.

Откако ќе поминат дадените 15 минути, групите започнуваат со презентирање, а наставникот ги запишува идеите на табла. Доколку некоја од групите нема смислено идеја/не се чувствува подготвено да презентира, наставникот објаснува дека тоа е сосема нормално и дава можност за презентирање на идејата на почетокот на следниот наставен час.

## Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

Наставникот започнува групна дискусија преку следните прашања:

- Која од презентираните идеи ви остави најголем впечаток? Според кои критериуми? (Се очекуваат различни одговори од учениците.)
- Ако ги земете предвид оригиналноста на идеите, потенцијалот за решавање на општествени проблеми и потенцијалот за финансиска заработка, која од презентираните идеи ги исполнува сите три услови најдобро? Дали одговорот на ова прашање се разликува од вашиот личен фаворит? (Се очекува дел од учениците дека користеле поинакви критериуми од наведените при одбирањето на личниот фаворит.)
- Според вас, кои услови се потребни за вашиот личен фаворит да се преточи во реалност? А за идејата која најдобро ги исполнува претходно наведените три услови? (Можни одговори: поттикнувачка околина, финансии и материјали, самодоверба, дополнително образование, поддршка од државата итн.)
- Кој дел од часот за вас лично беше највпечатлив и интересен? (Се очекуваат различни одговори од учениците.)
- Што би ве поттикнало да станете иноватор/претприемач? Што би ве спречило? (Можни одговори: повеќе часови каде што би се работело на сопствени идеи, натпревари и конкурси, дополнителни тренинзи и размени, немање доволно финансии, ниска поддршка од околината итн.)

# *Работен лист 3.7*

## *Шест шешири за размислување*

Техниката „Шест шешири за размислување“ ја смислил Едвард де Боно, а се користи во многу различни области. Подолу се дадени различни прашања за секој од шесте шешири за размислување, прилагодени за процесот на развивање на нова претприемничка идеја и/или иновација. Во вашата група, потрудете се да ги одговорите сите прашања следните 15 минути.

1. **Зелен шешир - Креативност:** Што е вашата претприемничка идеја и/или иновација? Пробајте да ја опишете во една реченица.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

2. **Бел шешир - Факти:** Зошто вашата претприемничка идеја и/или иновација е важна/ потребна во денешното општество? Поткрепете ја идејата со користење факти, примери, статистики и сл.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

3. **Син шешир - Процес:** Како би ја изработиле вашата идеја? Размислете за процесот.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

4. **Црвен шешир - Чувства:** Какви чувства буди проблемот/потребата кој/која сакате да го/ја решите со вашата претприемничка идеја и/или иновација кај луѓето? Какви чувства би разбудила примената на вашата идеја? Обидете се да влезете „во кожата на просечниот граѓанин“.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

5. **Жолт шешир – Придобивки:** Какви придобивки ќе добијат граѓаните од вашата претприемничка идеја и/или иновација? Што ќе подобрите во модерното општество и секојдневниот живот на граѓаните? Размислувајте на различни нивоа (индивидуа, семејство, училиште, општина, држава, целиот свет) и во различни временски периоди (ден, седмица, година, декада, век).

________________________________________________

________________________________________________

6. **Црн шешир – Ризици:** На какви ризици треба да внимавате доколку одлучите да ја спроведете вашата претприемничка идеја и/или иновација? Какви ризици би можела да донесе за просечните граѓани? Повторно, важно е да размислувате на повеќе нивоа и за различни временски периоди.

________________________________________________

________________________________________________

# Содржина: Граѓанинот како потрошувач и штедач

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги анализира личните потреби, ги определува приоритетите и го планира нивното финансирање.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Разликува начини и форми за обезбедување пари (пр. заработка, штедење, позајмување, инвестирање).

## Потребни материјали:

тетратка, пенкало, табла, креда/маркер, работен лист 3.8.

## Методи, техники, форми:

бура на идеи, насочен разговор, индивидуална работа.

## Воведен дел на часот *(20 мин.)*

Наставникот на учениците им го дели работниот лист 3.8 и им дава 5-10 минути за самостојно пополнување на прашалникот. Како алтернатива, наставникот може да ги напише прашањата на табла или да ги проектира, а учениците да ги запишуваат своите одговори во тетратките.

Откако учениците ќе го пополнат работниот лист, наставникот повикува неколку доброволци да ги споделат одговорите на трите отворени прашања. Потоа наставникот започнува групна дискусија (во времетраење од 10-15 минути) преку следните прашања:

- Колку вашите потреби и желби што беа споменати се слични на потребите на вашите родители кога биле на ваша возраст, а колку сега? (Се очекува од учениците да посочат дека нивните потреби се разликуваат од потребите на нивните родители.)
- Кој ви овозможува да бидете потрошувачи, односно да трошите пари за купување одредени производи? Како најчесто доаѓате до пари? (Очекувани одговори: џепарлак од родителите, подароци за роденден и поважни настани, заработка, штедење, стипендија.)
- Како одлучувате дека ќе ги потрошите парите кои ги имате? Ги задоволувате ли сите ваши желби или понекогаш сте соочени со тежок избор? (Можни одговори: одлучувам според моменталното расположение, долго размислувам, се консултирам со родителите.)
- Како се чувствувате кога сите околу вас трошат (на пр. во трговски центар или во продавница), а вие немате можност или прилика да се однесувате како останатите? (Се очекува од учениците да споделат дека не се чувствуваат удобно и посакуваат и тие да можат да трошат.)
- Сте се запрашале ли некогаш колку е неопходно тоа што го посакувате и колкава е неговата реална вредност за вас? (Можни се различни одговори од страна на учениците: купувањето нов телефон ќе ми го промени животот на подобро, не ми е важно колку чини тоа што го посакувам, важно ми е да го имам и сл.)
- Како сѐ се нарекува современото општество? (Можни одговори: капиталистичко, индустриско, потрошувачко, општество на знаење и сл.)
- Кое име најмногу одговара на современото општество според навиките и однесувањето на луѓето кои ги споменавте? (Се очекува од учениците да посочат на придавката „потрошувачко“).

За време на дискусијата, наставникот ги запишува клучните поими од одговорите на учениците на табла (на пр. штедење, проценка на придобивки и трошоци, буџетирање, заработка, позајмување, потрошувачка). Потоа, преку резимирање на одговорите на учениците, наставникот извлекува заклучок од дискусијата:

Како што кажува и самиот термин, потрошувачкото општество се потпира на потрошувачката на материјални добра и услуги, што стануваат достапни на сè поголем дел од населението. Ова понекогаш води и до многу изненадувачки ситуации. На пр. на денот на пуштањето во продажба на нов модел мобилен телефон, луѓето чекаат со часови да се отворат продавниците, а понекогаш и спијат пред нивните врати. За време на големи попусти како што се случува на „Црниот петок“, некои луѓе понекогаш и физички се пресметуваат за производот кој сакаат да го купат.

## *Главен дел на часот (15 мин.)*

### *Теоретски дел (5 минути)*

За разлика од поранешните типови општества, **потрошувачкото општество** подразбира масовно производство на добра и понуда на услуги кои далеку ќе го надминат потрошувачкиот минимум, односно понудата ориентирана на задоволувањето на основните потреби.

Процесот на „претворање“ на работникот во **потрошувач** бил долготраен. Во претпотрошувачкото општество работникот бил навикнат да работи за добробитта на богатите, оние за кои биле наменети добрата и услугите, а тој самиот да се задоволува само со обезбедување на основните егзистенционални потреби. Масовното производство, а со тоа и падот на цените на производите наменети за широкиот пазар, доведува до зголемување на работничкиот стандард, па со тоа и можност работникот да се најде и на другата страна, како **потрошувач** на добрата и услугите кои се нудат.

Ефектите од потрошувачкото општество можат да бидат и позитивни и негативни врз личноста и општеството. Од една страна, желбата да се поседува нешто и можноста таа желба да се задоволи придонесуваат за чувство на задоволство, а придонесуваат и за зголемување на економскиот раст и повеќе вработувања. Од друга страна, ситуации во кои често посакуваме нешта кои не можеме да си ги дозволиме, а навидум ни се достапни и ги гледаме околу нас, може да доведат до фрустрации и незадоволство, а во некои случаи и до непотребно задолжување.

Секако, за некој да биде **потрошувач**, мора да **заработува**. Заработувачката на денешните луѓе им е многу важна, а постојат повеќе начини за да се дојде до пари.

**Активност:**

## *Бура на идеи - Како се обезбедуваат парите потребни за потрошувачка? (10 минути)*

Наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат за можните начини за обезбедување пари и нивните одговори ги запишува на табла. Во случајот кога некои од нив биле веќе споменати на почетокот на часот од страна на учениците и се запишани на таблата, наставникот посочува кон нив и ги поттикнува учениците преку бура на идеи да ги објаснат наведените поими. Доколку е потребно, наставникот ги дополнува одговорите на учениците со поимите кои тие не ги спомenале и истите ги објаснува.

**Заработка** е износот кој вработениот го добива за одреден вложен труд (физички или интелектуален) и му овозможува да ги задоволи своите основни потреби. Иако потрошувачкото општество преку рекламите, трговските центри, начинот на пласирање на производите, го зголемува нашиот апетит за трошење, нуди и различни можности како да се дојде до **заработка.** Минатиот час зборувавме за претприемништвото и иновациите кои се одлична можност за добра **заработка.**

Меѓу можните начини за обезбедување пари постојат и **инвестирањето** во акции, имот или претпријатија со цел да се добие профит, **позајмувањето** од банките во вид на кредити и **штедењето.** Штедењето претставува чување на заработените/добиените пари, со цел нивно користење во иднина. Еден од најчестите начини на штедење е чувањето на парите во банка, за што се добива камата од страна на банката.

На крајот на активноста, наставникот извлекува заклучок:

Знаењето и вештините кои секоја единка може да ги стекне во текот на формалното и неформалното образование го прават секој поединец конкурентен на пазарот на труд, со што тој може да заработува, позајмува, штеди и инвестира пари за да ги задоволи своите потреби. На тој начин, се затвора кругот на потрошувачкото општество кој зависи од заработувачката на граѓаните и нивниот стандард, односно потрошувачката моќ која ја имаат. Овие два фактора заедно овозможуваат развој на индустријата и поголемо производство на добра и услуги.

# *Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација* *(10 минути)*

Наставникот ги насочува учениците повторно да ги прочитаат своите одговори на прашањата од работниот лист 3.8 и започнува групна дискусија:

- Откако дознавте повеќе информации за тоа како функционира потрошувачкото општество и начините на кои се обезбедуваат пари, кои од желбите што би сакале да ги остварите во следниот период ви се чинат најважни? Зошто?
- Како ги проценувате своите потрошувачки и штедачки навики?
- Што од тие навики би промениле во секојдневниот живот? Зошто?

# *Работен лист 3.8*

## *Какви се моите потрошувачки и штедачки навики?*

Упатство: Направи проценка на своите потрошувачки и штедачки навики, па впиши ја буквата која се однесува на вредноста на одговорите. Оваа скала на проценка е анонимна.

**А - Секогаш, Б - Најчесто; В - Понекогаш; Г - Ретко; Д - Никогаш**

| Тврдење | Вредност |
|---|---|
| **1.** Во слободно време разгледувам излози на продавници. | |
| **2.** Кога сакам да си купам нешто ново, најчесто правам споредба на цените на производот во повеќе продавници. | |
| **3.** Се информирам што има ново во продавници чии производи ме интересираат (на пр. облека, козметика, книги, музика, мотори, видеоигри). | |
| **4.** Од парите што ги добивам/заработувам, штедам одредена сума секој месец. | |
| **5.** Кога ќе дознаам за голем попуст на производ кој го посакувам, веднаш го купувам. | |

На што најчесто и најмногу трошите во секојдневниот живот? Размислете и запишете ги одговорите.

________________________________________________

________________________________________________

Кој е најскапиот производ што го поседувате? Како одлучивте дека токму тој производ сакате да го купите? Колку задоволство ви донесе производот кога го купивте, а колку сега? Колку брзо посакавте да си купите нешто ново? Размислете и запишете ги одговорите.

________________________________________________

________________________________________________

Запишете пет желби кои сакате/планирате да ги остварите во следниот период (на пр. патување во странство, нов телефон, видеоигра итн.) и подредете ги според приоритет/ важност за вас. Размислете на кој начин би обезбедиле средства за нивно остварување.

________________________________________________

________________________________________________

# Содржина: Граѓанинот како потрошувач и штедач

## Резултати од учењето

Ги анализира личните потреби, ги определува приоритетите и го планира нивното финансирање

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ја објасни улогата на граѓанинот како потрошувач и како штедач,
- да идентификува ситуации како се менуваат финансиските потреби на граѓаните,
- да прави проценка на придобивките и ризикот од користењето на услугите за штедење/ позајмување во банка.

## Потребни материјали:

табла, креда/маркер, работни листови/ тетратка, пенкало, работен лист 3.9.

## Методи, техники, форми:

Барометар на ставови, бура на идеи, насочен разговор, работа во групи.

## *Воведен дел на часот* (10 мин.)

**Активност: Барометар на ставови**

Наставникот им дава насока на учениците да застанат на средината меѓу два пола на кои се поставени картички на кои пишува „Се согласувам“ и „Не се согласувам“. Откако наставникот ќе прочита одредено тврдење, учениците заземаат став и се позиционираат на еден од двата пола, при што се формираат две групи ученици.

Предлог-тврдења:

1. Денес штеди, утре уживај.
2. Заработувај повеќе, троши помалку, остатокот инвестирај го.
3. Користи кредитни картички, позајмувај и опушти се, еднаш се живее.

По читање на секое од тврдењата, учениците треба да заземат позиција на барометарот, при што се очекува да формираат две групи кои (не) се согласуваат со прочитаното тврдење. Наставникот повикува доброволци од двете страни на барометарот да ги објаснат своите позиции, со што учениците добиваат можност да ги аргументираат своите ставови. Откако учениците ќе ги слушнат аргументите на соучениците од спротивната група, имаат и можност да ја променат својата позиција доколку го промениле својот став.

Доколку е потребно, наставникот може да ја насочи дискусијата со поставување дополнителни прашања:

- Што е основната разлика помеѓу трите тврдења?
- Кое од тврдењата најмногу одговара на вашите моментални потрошувачки и штедачки навики?
- Кое од тврдењата најмногу одговара на навиките кои би сакале да ги развиете/достигнете?

На крајот на дискусијата, наставникот ги резимира ставовите на учениците.

***Забелешка:*** Како алтернатива, наставникот може да им подели на учениците црвени/зелени картички за изразувањето (не)согласност со прочитаните тврдења.

## *Главен дел на часот* (20 мин.)

Наставникот напоменува дека меѓу начините за заработка кои беа обработувани на минатиот час споменати беа и **позајмувањето** и **штедењето**. Најчесто граѓаните, пред да се одлучат за овие начини на заработка, прават анализа на придобивките и трошоците кои би ги имале доколку применат некој од овие начини. Кога станува збор за **позајмувањето** (во форма на кредити од банки), важно е да се земат предвид условите за позајмување кои банките ги нудат (на пр. процентот на камата на позајмените пари, разликата помеѓу фиксна и флексибилна каматна стапка, временска рамка за отплата на кредитот, разликата во сумата помеѓу позајмените и вратените пари итн.), како и да се направи реалистичен план за отплаќање на кредитот според финансиските можности на граѓанинот. Кога станува збор за **штедење** (во форма на чување на парите во банка, за што граѓаните добиваат камати), условите кои треба да се земат предвид се разликуваат (на пр. процентот на камата кој би го добил граѓанинот, времетраењето на орочувањето на средствата, можност за користење на орочените средства пред истекувањето на предвидениот термин итн.).

*Активност:*

### *Проценка на начини на финансирање на различни потреби (15 минути)*

Наставникот им го дели работниот лист 3.6 на учениците. Како алтернатива, наставникот може да го проектира работниот лист со проектор. Поделени во 4-6 групи (зависно од големината на класот), учениците го пополнуваат работниот лист во времетраење од 7-10 минути. Учениците имаат задача во втората колона да ги детектираат и напишат начините за менаџирање со средствата кои се дадени во наведените ситуации, а во третата колона да предложат решенија поинакви од понудените.

## *Пример за наставникот* *Пополнет работен лист*

| | Одбран начин на финансирање | Предлог за поинакво решение |
|---|---|---|
| Миа е средношколка и ова лето цврсто одлучи дека покрај годишниот одмор со родители, ќе оди и на музичкиот фестивал во Дојран. Родителите ѝ најавија дека немаат пари за двете задоволства, па таа одлучи за време на распустот да се вработи во блиската трафика и да заштеди за фестивалот. | Заработка со вработување<br>Штедење | Откажување од едно од патувањата |
| Лејла ги посакува новите фармерки кои се во излогот веќе неколку дена. Нема време и можност брзо да заработи, но може да искористи некои средства кои ги има заштедено од роденденот кој ѝ беше минатиот месец. Така одлучува да ги купи новите фармерки. | Штедење | Заработка<br>Позајмување од родителите |
| На семејството Стошиќ им се расипа автомобилот кој им е многу потребен, но овој настан се случи во период кога ја реновираат куќата. Веќе ги трошат семејните резерви од буџетот, па решаваат да го искористат дозволениот минус на кредитната картичка кој потоа постепено ќе го враќаат. | Заштеда<br>Позајмување од банка | Заработка преку дополнителна работа |
| Семејството Османи одлучува да го реши својот станбен проблем, со оглед на тоа дека семејството се прошири и потребен им е поголем простор. Цените на становите се високи и не располагаат со толкав износ. Имаат заштедено за учество, но поголемиот дел од сумата ќе ја обезбедат со станбен кредит. Сега се во потрага по банка која нуди најниска камата за кредитот. | Заштеда<br>Кредит<br>Позајмување | Заработка преку дополнителна работа |
| Марко сонува да има мотор веќе неколку години, особено откако сите другари од друштвото веќе купија мотори. Неговите родителите имаат друг план - штедат за неговите магистерски студии и не мислат дека моторот е приоритет. Марко одлучува да работи за викенди и платата да ја заштеди за мотор. Родителите се согласуваат со неговата одлука, под услов да не попушти со факултетскиот успех. | Заработка<br>Штедење | Позајмување од родителите |
| Сара знае дека наредната учебна година се оди на повеќедневна екскурзија во странство и е свесна дека тоа за нејзиното семејство ќе биде проблем поради финансиите. Одлучува да преземе иницијатива. Нејзината баба има прекрасен двор со цвеќиња кои ги продава на блискиот пазар. Од малата заштеда која ја има, Сара купува нови семиња цвеќе, различни хартии за пакување и неколку машни во различни бои. Заедно со баба ѝ, одлучува да го зголеми производството на цвеќе и да продава интересно спакувани цвеќиња на пазарот. Сара планира парите од продажбата на цвеќињата да ги искористи за екскурзијата. | Заштеда<br>Инвестиција | Заработка преку вработување |
| Семејството Ордевски доби наследство од 50 000 евра. Станбено се обезбедени, имаат добри работни места со солидни плати, па овие пари во моментот не им се неопходни. Отсекогаш планирале да направат фонд за образование на нивните три малолетни деца. Брачниот пар одлучува да купи стан кој ќе го изнајмува и парите од кирија ќе ги користи за штедење за образование на нивните деца. | Инвестиција<br>Штедење | Штедење на наследените пари |

Откако учениците ќе ги пополнат работните листови, неколку групи ги споделуваат своите одговори. Наставникот поттикнува дискусија (во времетраење од 7-10 минути) со цел учениците да ги воочат различните начини за обезбедување финансии, да идентификуваат ситуации како се менуваат финансиските потреби на граѓаните, но и да ги проценат придобивките и ризикот од услугите на банките:

- Со какви предизвици се сретнаа ликовите од ситуациите и како ги решаваа? (Очекувани одговори: ликовите треба да најдат решение за парите кои им се потребни, ги решија на различни начини.)
- Кои се предностите од штедење во банка, а кои „опасностите" од позајмување? (Се очекува од учениците да посочат различни ситуации преку кои ќе објаснат дека, на пр. парите заштедени во банка не можат лесно да се потрошат, ратите за позајмување може да се многу високи и сл.)
- Кои фактори влијаат на изборот на ликовите од ситуациите за тоа како финансиски ќе ја решат ситуацијата? (Очекувани одговори: ситуацијата во која се наоѓаат се разликува, не е исто решавање на станбено прашање и купување мотор/фармерки.)
- Што ве наведе вас да донесете поинаква одлука во посочените ситуации? (Се очекува од учениците да ги објаснат начините на финансирање кои ги предлагаат како група.)
- Колку дадените ситуации можете да ги поврзете со вашите финансиски потреби и потребите на вашето семејство, соседите, пошироко семејство, пријателите? (Се очекува од учениците да искоментираат за реалистичноста на ситуациите.)
- Колку вашите лични финансиски потреби се разликуваат од потребите на останатите членови на вашето семејство и вашите пријатели? (Очекувани одговори: многу се разликуваат со родителите, малку се разликуваат со пријателите.)
- Кои беа вашите приоритети за потрошувачка и заработка пред 10-тина години, за што ви требаа пари? Кои се вашите приоритети сега? (Се очекува од учениците да споделат лични искуства околу разликите во приоритетите.)
- Според вас, зошто и како се менуваат приоритетите за потрошувачка и можностите за заработка во текот на животот? (Се очекува од учениците да коментираат за различните фактори кои влијаат врз луѓето: потреба за високо образование, решавање станбено прашање, обезбедување сигурна иднина за идните генерации итн.)

На крајот од дискусијата, наставникот ги резимира дадените одговори на учениците и извлекува краток заклучок:

Во текот на животот на една личност, приоритетите за потрошувачка и можностите за заработка постојано се менуваат и врз нив влијаат многу фактори. Поради ова, особено е важно граѓаните да работат на подобрување на својата способност за ракување со парите (т.н. финансиска писменост). На тој начин, граѓаните би можеле да прават одговорни одлуки како потрошувачи и штедачи во едно општество.

## *Завршен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот чита краток текст:

„Замислете си дека одамна сонувате на крајот на оваа учебна година да одите на некое далечно патување, за кое ви треба голема сума пари. Разговаравте со родителите околу вашите можности како семејство, но за жал тие нема да бидат во можност да ви помогнат со финансирањето на патувањето. Ве советуваа добро да размислите и да одлучите што да направите."

Наставникот поттикнува групна дискусија преку следните прашања:

- Што би направиле вие во ваква ситуација? (Можни се различни одговори од учениците: позајмување пари, сезонска работа, штедење итн.)
- Кои фактори и како би влијаеле на вашата одлука? (Се очекува од учениците да споделат лични искуства околу факторите кои влијаат врз нивните финансиски одлуки).
- Замислете си дека единствениот начин да го финансирате посакуваното патување е позајмување пари од банка. Кои прашања би си ги поставиле пред да одлучите дали ќе го направите тоа? (Можни се различни одговори: дали би можел да го одложам патувањето за следна година, колку навистина ми е неопходно/потребно, дали би можел да ги вратам позајмените пари итн.)
- Доколку одлучите да позајмите пари, на што би обрнале внимание? (Можни се различни одговори од учениците: камата, рок за отплата, проценка на сопствените можности за враќање на парите итн.)
- Кога и за што последен пат сте позајмиле пари? Како се чувствувате кога должите или некој вам ви должи пари? (Се очекува од учениците да споделат различни ситуации).

## *Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот ги поттикнува учениците на дискусија преку следните прашања:

- Што ново научивте за време на часот?
- Како тоа ќе ви користи во животот? Би промениле ли некои од вашите потрошувачки и штедачки навики?
- Зошто е важно граѓанинот да умее да заработува, но и да заштеди?
- Зошто е важно да се троши? Што би се случило кога би трошеле само за основните потреби, а останатите пари би ги чувале дома?

***Забелешка:*** Наставникот овие прашања може да ги зададе и како прашања за рефлексија на наученото, кои учениците би ги одговориле писмено во своите дневници за рефлексија.

# *Работен лист 3.9.*

## *Проценка на начини на финансирање на различни потреби*

| | Одбран начин на финансирање | Предлог за поинакво решение |
|---|---|---|
| Миа е средношколка и ова лето цврсто одлучи дека покрај годишниот одмор со родители, ќе оди и на музичкиот фестивал во Дојран. Родителите ѝ најавија дека немаат пари за двете задоволства, па таа одлучи за време на распустот да се вработи во блиската трафика и да заштеди за фестивалот. | | |
| Лејла ги посакува новите фармерки кои се во излогот веќе неколку дена. Нема време и можност брзо да заработи, но може да искористи некои средства кои ги има заштедено од роденденот кој ѝ беше минатиот месец. Така одлучува да ги купи новите фармерки. | | |
| На семејството Стошиќ им се расипа автомобилот кој им е многу потребен, но овој настан се случи во период кога ја реновираат куќата. Веќе ги трошат семејните резерви од буџетот, па решаваат да го искористат дозволениот минус на кредитната картичка кој потоа постепено ќе го враќаат. | | |
| Семејството Османи одлучува да го реши својот станбен проблем, со оглед на тоа дека семејството се прошири и потребен им е поголем простор. Цените на становите се високи и не располагаат со толкав износ. Имаат заштедено за учество, но поголемиот дел од сумата ќе ја обезбедат со станбен кредит. Сега се во потрага по банка која нуди најниска камата за кредитот. | | |
| Марко сонува да има мотор веќе неколку години, особено откако сите другари од друштвото веќе купија мотори. Неговите родителите имаат друг план - штедат за неговите магистерски студии и не мислат дека моторот е приоритет. Марко одлучува да работи за викенди и платата да ја заштеди за мотор. Родителите се согласуваат со неговата одлука, под услов да не попушти со факултетскиот успех. | | |
| Сара знае дека наредната учебна година се оди на повеќедневна екскурзија во странство и е свесна дека тоа за нејзиното семејство ќе биде проблем поради финансиите. Одлучува да преземе иницијатива. Нејзината баба има прекрасен двор со цвеќиња кои ги продава на блискиот пазар. Од малата заштеда која ја има, Сара купува нови семиња цвеќе, различни хартии за пакување и неколку машни во различни бои. Заедно со баба ѝ, одлучува да го зголеми производството на цвеќе и да продава интересно спакувани цвеќиња на пазарот. Сара планира парите од продажбата на цвеќињата да ги искористи за екскурзијата. | | |
| Семејството Ордевски доби наследство од 50 000 евра. Станбено се обезбедени, имаат добри работни места со солидни плати, па овие пари во моментот не им се неопходни. Отсекогаш планирале да направат фонд за образование на нивните три малолетни деца. Брачниот пар одлучува да купи стан кој ќе го изнајмува и парите од кирија ќе ги користи за штедење за образование на нивните деца. | | |

# Содржина: Граѓанските организации и групите на застапување

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката умее да ја оцени улогата на граѓанските организации и групите на застапување во граѓанското општество и да ги користи придобивките од нив како граѓанин/граѓанка.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- идентификува граѓански организации и групи на застапување,
- ја објаснува улогата на граѓанските организации и групите на застапување,
- знае да ги објасни предизвиците со кои се соочуваат граѓанските организации во текот на нивното дејствување.

## Потребни материјали:

табла, маркер, креда, ЛЦД-проектор, компјутер

## Методи, техники, форми:

бура на идеи, дискусија, фронтално

## *Воведен дел на часот* (5 мин.)

На почетокот од часот наставникот поставува прашање дали учениците би можеле да наведат неколку граѓански организации. Доколку учениците не знаат да наведат примери, наставникот може да издвои неколку организации, по можност - локални, специфични за местото на живеење и потребите на локалната средина. Наставникот дава кратко објаснување за организациите и нивните активности.

Од описот на наставникот, учениците се поттикнуваат да ги посочат заедничките карактеристики за **граѓанските организации**. Очекувани одговори се: подобрување на условите за живот во заедницата, државата или светот**,** заштита на околината, животните, правата на различни ранливи категории граѓани (жени, деца, стари лица, лица со посебни потреби, бездомници и сл.). Одговорите се бележат на табла.

***Доколку има можност, за време на овој или следниот час, наставникот може да покани претставник на граѓанска организација/група на застапување со цел споделување искуства со учениците и давање можност за директно поставување прашања.***

## *Главен дел на часот* (25 мин.)

**Граѓаните се здружуваат во организации** заради остварување на нивните цели, дејности и заштита на права, интереси и уверувања на нивните целни групи. Тие работат на подобрување на некои прашања од важност на локален, државен или светски (глобален) план. Некои од главните карактеристики се тоа што не остваруваат профит/добивка, функционираат на доброволна основа и најчесто се финансираат од грантови, донации и членарини. Според Законот за здруженија и фондации, од граѓанските организации се очекува да делуваат независно и да работат на транспарентен начин, а потребно е да им се даде слобода за искажување и промовирање на своите ставови и мислења за различни прашања кои ги засегаат, да поведуваат иницијативи, да учествуваат во градење јавно мислење и креирање политики.

Делувањето на **граѓанските организации** дава добра основа за унапредување на системот преку којшто се артикулираат основните начела на демократското општество (на пр. почитување на човековите права, намалување на социјалната исклученост и сл.). Преку ангажманот на **граѓанските организации**, општествата на непосреден начин и поефикасно можат да одговорат на потребите на граѓаните и да ги **застапуваат** нивните интереси.

**Застапување** е преземање конкретна акција, која има за цел да предизвика одредена промена (на закон, политика, одлука). Целта на групите на застапување е да се „сврти“

вниманието на јавноста и носителите на одлуки кон одредено прашање, да се стави некој проблем на агендата за решавање, преку изнаоѓање решенија за истиот, но и градење поддршка за решението и за акциите потребни за имплементација. Сепак, основната цел на застапувањето останува промена на некоја практика или политика.

**Волонтерство** е практика на луѓето кои работат за добро на останатите без материјална добивка. Волонтерството се смета за алтруистичка активност наменета за подобрување на квалитетот на животот. Волонтерите можат да се приклучат во некоја граѓанска организација (пр. за носење храна до социјално загрозени семејства, вдомување животни, грижа за животната средина), но можат да делуваат и поединечно.

***Активност:***

### *Дискусија по следење на видеоинсерти (20 мин.)*

По воведниот дел, наставникот користи ЛЦД-проектор и компјутер за да можат учениците да го визуелизираат тоа што претходно е кажано. Наставникот користи кратки видеа. Освен предложените, наставникот може да одбере и други видеоматеријали или текстови кои се релевантни за темата.

Наставникот проектира два видеоклипа. Доколку нема можност за проектирање за време на часот, учениците линковите ги добиваат електронски и треба да ги погледнат од дома.

- „Жени на велосипед за поголеми права во Пакистан“, достапен на Youtube (линк)
- „Да ти нацртам: НОСИТЕЛИ НА ПРОМЕНИ - Критична маса“, достапен на Youtube (линк).

Откако ќе се изгледаат двете видеосодржини, се поттикнува дискусија по следните прашања:

- Кои се причините за **граѓанско организирање и активизам** во двата примера**?** (Се очекува учениците да посочат дека во двата случаи се забележува важноста на граѓанското организирање за постигнување одредена позитивна промена во општеството. **Во првото видео акцијата е организирана од формална граѓанска организација, а во второто од неформална група на застапување, т.е. неформално организирано движење.** Иако двата случаи се однесуваат на возењето велосипеди низ градовите, во едниот случај потребата потекнува од поголемата мобилност на жените и нивна застапеност во јавниот простор, а во вториот случај потребата е намалено загадување на

- воздухот, подобрено здравје на жителите на општината и застапување за по-добра велосипедска инфраструктура.)
- На какви тешкотии наидуваат активистите и од кого? (Очекувани одговори: ставови и предрасуди на други членови на заедницата, недоволна ажурност на властите (општински и државни), недостаток на финансиски средства и сл.)
- Кој им е потребен за реализирање на идејата? (Се очекува од учениците да посочат дека за реализирање на идеите, потребна е поддршка од системот).
- Колку е тешко или лесно да се реализира одредена граѓанска иницијатива? (Можни се различни одговори од учениците).

- Наставникот резимира дека активната улога на граѓанинот во општеството претставува можност да се делува на различни начини и преку различни форми, со цел да се подобри животот во заедницата и во општеството.

## Завршен дел на часот (5 мин.)

Учениците се поттикнуваат да размислуваат во насока дека во секое општество постојат проблеми и потреба од граѓански организации. Притоа, имаат задача за следниот час да размислат за одреден општествен проблем во чие решавање би сакале да се вклучат.

За да им ја олесни работата, наставникот им дава неколку области (ги запишува на табла):

- врсничко насилство,
- почитување на правата на децата,
- намалување на бездомништвото,
- грижа за уличните животни,
- помагање на жените - жртви на семејно насилство,
- подобрување на квалитетот на живот на лицата со посебни потреби,
- подобрување на образованието,
- промовирање на урбана култура и сл.

Воедно, наставникот ги дели учениците на 5 групи со идеја дека следниот час тие (учениците) ќе треба да направат своја фиктивна граѓанска организација на која ќе ѝ дадат име, ќе определат приоритети на делување и начини за нивно решавање. До следниот час групите треба да размислат околу идеите и да одберат тема. При одлучувањето, можат да се водат од претходно реализираните активности во рамки на содржините:

Хуманост (идентификување ранливи лица, потреби и поддршка) и Улогата на граѓанинот во општеството (фази во спроведување ученичка иницијатива).

Во текот на работата во групи, учениците комуницираат електронски, меѓусебе и со наставникот.

## *Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот започнува групна дискусија:

- Според вас, каде во вашата средина има најмногу потреба за граѓанско интервенирање?
- Колку граѓаните во нашата држава се организираат во граѓански организации и групи на застапување за решавање одредени прашања кои ги засегаат?
- Какви се резултатите кои сметате дека можат да се постигнат со **граѓанското застапување**?
- Во каква организација (би сакале) да членувате?

***Забелешка:*** Наставникот може да ги насочи учениците овие прашања да ги одговорат во своите дневници за рефлексија.

# *Содржина: Граѓанските организации и групите на застапување*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката умее да ја оцени улогата на граѓанските организации и групите на застапување во граѓанското општество и да ги користи придобивките од нив како граѓанин.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- анализира начини и форми на дејствување на граѓанските организации и групите на застапување.

## *Потребни материјали:*

хартија, маркери, боички, табла, интернет, пенкало, Работен лист 3.10, Работен лист 3.11

## *Методи, техники, форми:*

групна работа, дискусија

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Учениците се потсетуваат на активната улога на **граѓанинот во општеството** и се потсетуваат дека за денешниот час треба да имаат определено идеи за формирање **граѓанска организација.** Групите се формирани од претходниот час, а наставникот на веќе подготвен хамер им ги дава насоките за формирање на фиктивната **граѓанска организација.**

## Главен дел на часот (30 мин.)

**Активност:**

### Форми на дејствување на граѓанските организации и групите на застапување (10 мин.)

Учениците го добиваат Работниот лист 3.10 и треба да ги разгледаат описите на организациите/групите кои се претставени. За заштеда на време, наставникот може да им го испрати работниот лист по електронски пат на учениците, за да го прочитаат пред часот.

Откако ќе ги разгледаат примерите, наставникот поттикнува дискусија според следните прашање:

- Кои од примерите се формални граѓански организации, а кои неформални групи на застапување? По што заклучивте? (Очекувани одговори: првите три и шестата се формални граѓански организации а четвртата и петтата – неформални групи кои делуваат во потесна област; првите имаат јасна структура, статут, членови кои вообичаено се формално вработени во организацијата, додека вторите немаат јасна структура и вообичаено делуваат на волонтерска основа.)
- Кој вид организирање на граѓаните сметате дека има поголемо влијание во постигнување на нивните цели? (Може да се очекуваат различни одговори, но би требало да се заклучи дека влијанието не мора да биде поврзано со тоа дали организацијата е формална или неформална, дали делува на волонтерска основа или не. Доколку активностите кои ги спроведува се соодветно насочени и доколку успешно ги презентираат своите интереси, граѓаните организирани на различни начини можат да ги постигнат своите цели. Сепак, за да можат да конкурираат за средства од страна на различни донации/фондации, граѓаните треба да бидат формално организирани во согласност со Законот за здруженија и фондации.)

**Активност:**

### *Нашата граѓанска организација (20 мин.)*

Во рамки на групите определени за време на претходниот час, учениците треба да работат на формирање фиктивни граѓански организации, при што треба да определат име на организацијата, главна тема на интерес од следните области - по избор (врсничко насилство, почитување на правата на децата, намалување на бездомништвото, грижа за уличните животни, помагање на жените жртви на семејно насилство, подобрување на квалитетот на живот на лицата со посебни потреби, подобрување на образованието, промовирање на урбана култура или друго), програма за работа и сл. преку следење на насоките определени од наставникот.

Наставникот им дава насоки за работа на хамер (претходно изработени) или во форма на Работен лист 3.11.

## *Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)*

Секоја група треба преку презентација од 2 минути да ја презентира својата организација. Притоа, треба да одговорат на прашањата:

- Што би сакале да сменат со нивниот ангажман?
- Пред кого би требало да се презентираат идеите, од кого да очекуваат помош и какви очекувања би имале од нивната активност?

# *Работен лист 3.10*

## *Граѓански организации и групи на застапување*

### *Здружение на граѓани „Сумнал“*

Здружението е основано во јуни 2004 година со цел да им излезе во пресрет на училиштата и населението од населбата Топаана, кои се соочуваат со висока стапка на осипување од училиштата, неписменост и недоволна свесност за важноста на образованието. За да се бори со овие проблеми, „Сумнал“ организира и изведува различни образовни и општествени активности, како и активности кои го градат карактерот. Преку соработка со заедницата, соработка со Советот на родители и воспоставување блиски односи со локалните училишта, „Сумнал“ е во можност да ги идентификува и да започне да им излегува во пресрет на дополнителните потреби на заедницата. Денес, како дополнување на повеќе од 60 часа неделно образовни активности кои им се нудат за децата, „Сумнал“ обезбедува широк спектар на образовни можности за сите членови на заедницата. Овие можности вклучуваат: едукација за правата на жените, подучување, посетување јавни настани, регистрација на граѓани, борба со сиромаштијата која е честа во околината, семејно насилство, хигиена и санитетско-здравствени мерки, вакцинирање, права на децата, описменување возрасни, демократско учество.

**Визија:** Ромите се интегрирани во општеството и даваат поголем придонес во развојот на државата.

**Мисија:** Да се зајакне ромската заедница во Република Северна Македонија преку подобрување и развој на образованието, културата, креативниот развој на децата и младите, социјална вклученост, економски развој, здравство и заштита на животната средина.

### *„ХЕРА“ – Асоцијација за здравствена едукација и истражување*

„ХЕРА“ – Асоцијација за здравствена едукација и истражување е здружение формирано во јануари 2000 година од страна на шест волонтери, студенти по медицина решени да преземат нешто околу недоволната едукација за ХИВ и СИДА и недостигот на лекови и грижа за луѓето кои живеат со ХИВ во Македонија. Малку подоцна, ХИВ станува само еден од аспектите на сексуалното и репродуктивното здравје и сексуалните права за чие унапредување се застапува организацијата.

Низ годините, „ХЕРА“ се застапува за подобри политики бидејќи верува во слободата на избор и во различностите. Обезбедува бесплатни и доверливи сервиси за сексуално и репродуктивно здравје и за родово базирано насилство затоа што пристапноста, достапноста и доверливоста се неделиви од здравјето на граѓаните. Едуцира за сексуалните права бидејќи силно граѓанство и одржливо демократско општество се недостижни без сеопфатна информираност и младинско учество. Им дава моќ на маргинализираните групи бидејќи за да биде инклузивно, општеството мора да почива на социјалната правда.

Мисија: „ХЕРА“ предводи граѓанска акција и поттикнува општествена промена за остварување на сексуалните права и за овозможување подобро образование и услуги за сексуалното и репродуктивното здравје, особено за маргинализираните заедници.

Визија: Сите луѓе ја уживаат својата сексуалност слободно и во социјална благосостојба.

## *„Женски Форум“*

ЖФ е организација со седиште во Тетово, но своите активности ги реализира во поширок регион на северниот и западниот дел на Северна Македонија. Организацијата брои околу 40 члена кои се активно вклучени во активностите на организацијата. Членките на ЖФ имаат искуство во работењето со жени и деца. Тие имаат учествувано и работено на голем број семинари и проекти за едукација на жената и децата.

**Главна цел:** Промовирање на жената како рамноправен партнер во донесувањето одлуки и придонесување кон зајакнување на жената во заземањето значајни улоги во развојот на цивилното општество во Северна Македонија.

**Визија: „**Женски Форум“ - Тетово се стреми кон еманципацијата на жената, особено од руралните средини, самоосвестување на жената и подигнување на свеста за нејзиниот нерамноправен статус во општеството, заштита на човековите права и еднаквост меѓу половите.

**Мисија: „**Женски Форум“ - Тетово е невладина организација која работи во северниот и западниот дел на Северна Македонија на подигање на свеста на жената за нејзино осамостојување, јакнење на нејзината самодоверба и непречена интеграција во општествените текови.

## *„Ретвитни оброк“*

„Ретвитни оброк“ е неформална граѓанска иницијатива која готви храна за бездомници и социјално загрозени. Идејата е да се промовира солидарност, рециклирање храна и освестување на секој човек во општеството да не фрла, туку да сподели со оној што нема.

Во соработка со здружението „Вистински дела на љубезност“, еднаш во неделата волонтерите делат претходно подготвен топол оброк за сиромашни лица и бездомници.

## „На точак“

Група велосипедисти - ентузијасти кои се застапуваат за подобра велосипедска инфраструктура низ градовите и за велосипедска култура помеѓу граѓаните. Карактеристична акција е т.н. „Критична маса“ која всушност претставува возење велосипед од страна на голем број велосипедисти. Се создава кога група велосипедисти ќе се соберат на едно место и заедно се возат по улиците од нивниот град. Критична маса нема раководство. Тоа е возење каде што никој не е главен. Секој е одговорен за себе и за „Масата“.

## „Сојуз на синдикати на Македонија“

„Сојузот на синдикатите на Македонија“ е организација во која доброволно и врз демократска основа се здружуваат работничките синдикати заради застапување на економските и социјалните интереси на членството. ССМ е самостојна организација, независна од власта, работодавачите, политичките партии и други организации и институции. ССМ организира најголем број работници во Република Северна Македонија и е репрезентативна синдикална организација.

Основните цели на ССМ се: заштита на правата на работниците, социјална правда, материјална сигурност, здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување, правна заштита, солидна станбена политика, преквалификација и доусовршување на работниците.

Методите за остварување на целите се: засилување на социјалниот дијалог и социјалното партнерство, учество во одлучувањето во институциите на системот, колективното договарање, заштитата на работниците, меѓународната соработка, образованието на членството и објективното информирање на јавноста. Приоритетен начин за остварување на целите се преговорите и договорите со социјалните партнери. Доколку преговорите не дадат резултат се организираат индустриски акции, меѓу кои се штрајковите.

ССМ се залага за почитување на човековите права и слободи, за правна држава, демократија и слободен пазар. ССМ бара сите работници да бидат уредно пријавени, да примаат редовна и достоинствена плата. Прекувремениот и ноќниот труд треба да бидат платени посебно, правото на годишен одмор не треба да се намалува, треба да се плаќаат сите придонеси - накратко, да не се злоупотребува ниедно право од работниот однос.

# *Работен лист 3.11.*

## *Нашата граѓанска организација*

| | |
|---|---|
| **1.** Име на граѓанската организација | |
| **1.** Дефинирајте го проблемот на кој ќе работите. | |
| **2.** Наведете најмалку три причини за нејзиното постоење. | |
| **3.** Кои се засегнатите страни со проблемот? | |
| **4.** Предложете можни решенија. | |
| **5.** Промената што ќе се постигне ќе биде... | |
| **6.** Какви методи/алатки ќе користите за постигнување промена? | |
| **7.** Слоган на организацијата | |

# Содржина: Медиумите во демократското општество

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ја препознава улогата на медиумите во демократското општество како контролор на власта и инструмент за активно учество на граѓаните во демократските процеси

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- ги набројува и објаснува карактеристиките на медиумите,
- проценува почитување на принципите на работа на медиумот (независност, одговорност, етичност, вистинитост),
- анализира и оценува различни медиумски содржини,
- проценува како информациите различно се пренесуваат и доживуваат.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала

## Методи, техники, форми:

фронтална форма, работа во групи, дискусија

# Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот го започнува часот со прашања за дискусија:

- Како најчесто се информирате за она што се случува околу вас и во светот?
- Што мислите, колку вестите што ги слушате или читате се секогаш точни и објективни?
- Како да се проверуваат информациите кои како граѓани ги добиваме од медиумите?

Доколку учениците најчесто го користат интернетот, наставникот ги води со прашања да проценат дали имале можност да прочитаат одредена вест на некој од порталите, а притоа веста да биде различно пренесена. Зошто е тоа така? На кој медиум повеќе ќе му веруваат и како да знаат кои вести се вистинити, а кои не?

(Очекувани одговори: учениците читаат различни вести кои различно се пренесуваат, а тоа зависи од тоа колку биле објективни новинарите, дали ги провериле сите релевантни страни, колку се независни медиумите кои пренеле одредена вест.)

**Активност:**

### Ширење вест (гласина)

Како вежба за тоа како се шири одредена информација, наставникот предлага игра „расипан телефон" со тоа што тој/таа му шепнува една реченица на првиот ученик која се пренесува со шепотење до последниот ученик во класот. Потоа последниот ученик треба да ја каже реченицата онака како што ја слушнал.

Предлог-реченица: Во оваа соба со четири ѕида постојано доаѓаше тетка Вида.

Се очекува дека првобитната верзија од реченицата ќе биде изменета исто како и одредени вести кои не се од „прва рака", а во текот на пренесувањето доживеале трансформација.

# Главен дел на часот (30 мин.)

Наставникот накратко ги наведува главните поими, кои може да ги добие и преку насочена дискусија со учениците.

**Масовни медиуми** (често само медиуми) или јавни гласила — поим кој најчесто се користи за да се означи оној дел од медиумите кои допираат до многу голема публика. Медиумот е посредник или средство, канал преку кој циркулираат информациите. Медиумите ги користиме кога сакаме индиректно или директно да комуницираме со луѓето. Зборот медиуми опфаќа голем број современи средства за масовна комуникација, како што се телевизија, интернет, кино, филм, радио, весници, списанија, телефони, компјутерски игри и сл.

**Медиумска содржина** означува симболи, слики, музика, текстови и сл. кои се пренесуваат преку медиумите.

**Новинари** се лица кои професионално се занимаваат со собирање и пласирање вести. Тие треба да го претставуваат јавниот интерес, да ги штитат основните човекови права на слобода на говор и изразување и да ја информираат јавноста за тековните случувања. Новинарот создава вести врз основа на факти и информации коишто се објективен и урамнотежен приказ на реалноста. Новинарот може да искаже свои мислења преку колумна, која е посебен новинарски жанр, односно критичка опсервација на некоја тема од јавен интерес.

**Извор на информирање** во новинарството може да биде документ, личност, институција што содржи, односно има некаква информација. Основната поделба на изворите на информирање е на примарна и секундарни. Примарните поседуваат информации од прва рака: сведоци, учесници на настани, жртви и др. Секундарните информации се добиваат и дознаваат индиректно: архива, бази на податоци, експерти и др.

**Вестите** треба да се навремени и точни. Веста е целосно пренесена кога се одговорени пет клучни прашања: „Кој?", „Што?", „Кога?", „Каде?" и „Како?". (На пр. Претседателот на ДИК, вечерва во 12 часот на прес-конференција во комисијата, изјави дека парламентарните избори поминале во фер и демократска атмосфера.)

**Основни принципи** на работа на секој медиум се: **независност, одговорност, етичност, вистинитост.**

**Независноста** се однесува на информирање без влијание и притисок од власта, политичките партии, економски центри на моќ, без влијание од етнички, религиски или други центри, како и без притисоци од уредниците при избор на теми или при изнесување на факти.

**Вистинитоста** подразбира дека новинарот во информирањето ги почитува сите професионални новинарски стандарди и известува за факти добиени од релевантни извори.

**Одговорност** е кога **новинарот** известува вистинито, изнесува факти добиени од повеќе извори и се повикува на нив. Притоа, **етичноста** подразбира дека го почитува **новинарскиот кодекс**, употребува јазик со кој не етикетира, не навредува, не обвинува, не користи говор на омраза, не дискриминира.

(Наставникот посочува дека учениците можат да го разгледаат Кодексот на новинарите, достапен на веб-страницата на Здружението на новинари на Македонија (линк).

**Уредник е** лице кое ја уредува програмата и содржината на одредени медиуми, а воедно е и одговорен за вистинитоста и начинот на пренесување на вестите.

**Активност:**

### *Изработка на училишен весник (прв дел)*

Наставникот дава задача да се изработи ѕиден или електронски весник и ги дели учениците на 4 групи, од кои секоја претставува еден електронски или печатен медиум, а учениците се новинари. Учениците можат да смислат име на медиумот. Секој медиум има задача добиена од наставникот (главен уредник) да напише објективен извештај - текст (од 150 до 200 збора) во електронска или печатена форма на следните теми:

- **Група 1.** Со кои проблеми се среќаваат учениците во (нашето) училиште?
- **Група 2.** Какви наставници сакаат (преферираат) учениците?
- **Група 3.** Зошто некои наставници не се омилени помеѓу учениците (да не се наведуваат имиња на наставници)?
- **Група 4.** Што го прави нашето училиште подобро од другите?

Ѕидниот весник може да биде објавен во холот на училиштето, додека електронскиот може да биде споделен на социјалните мрежи.

За време на часот, учениците треба да одлучат (1) како ќе соберат информации за текстот (спроведување интервјуа, анкети, групни дискусии со ученици/наставници, разгледување документи), (2) какви извори на информации ќе користат (примарни, секундарни), (3) како ќе се осигураат дека известувањето е вистинито, одговорно и етично, (4) како ќе ги претставуваат информациите. Во текот на активноста треба да го симулираат процесот на собирање информации, преку меѓусебно интервјуирање, анкетирање и сл. Учениците треба да го подготват извештајот во текот на часот, а наставникот најавува дека текстовите ќе се читаат за време на следниот час.

На учениците им се дава можност да ги доработат текстовите и пред почетокот на следниот час, електронски да ги испратат до наставникот.

## *Завршен дел на часот /Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

Наставникот поттикнува дискусија за работата во текот на претходната активност:

- Како се чувствувавте во улога на новинари? (Очекувани одговори: пријатно/непријатно, одговорно/неодговорно, влијателно/невлијателно.)
- Дали ќе се чувствувавте попријатно доколку требаше да пишувате за некоја друга тема (од другите групи)? (Можни се различни одговори.)
- Колку сметате дека бевте објективни при пишување на текстовите?

- Дали почувствувавте ,,кочница" при изработка на текстовите (во смисла дали некој можеби ќе се почувствува навреден поради текстот)?
- Кога ви беше соопштено дека на следниот час јавно ќе се читаат вашите текстови, посакавте ли да промените нешто во содржината? Ако да, што ? Зошто?

# Содржина: Медиумите во демократското општество

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ја препознава улогата на медиумите во демократското општество како контролор на власта и инструмент за активно учество на граѓаните во демократските процеси

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- проценува како информациите различно се пренесуваат и се доживуваат,
- проценува почитување на принципите на работа на медиумот (независност, одговорност, етичност, вистинитост),
- анализира и оценува различни медиумски содржини.

## Потребни материјали:

Работен лист 3.12, хартија, пенкало, стикери.

## Методи, техники, форми:

Фронтален метод, работа во групи, индивидуална работа, дискусија,

## Воведен дел на часот (10 мин.)

На почетокот на часот, наставникот бара од учениците кратко повторување за основните принципи во новинарството, ги насочува и им помага да се потсетат. За таа цел, учениците добиваат Работен лист 3.12 на кој треба да го заокружат насловот/веста која одговара на понудениот принцип.

Потоа, накратко се дискутираат точните одговори.

## Главен дел на часот (30 мин.)

## Теоретски дел (10 мин.)

На почетокот на главниот дел од часот наставникот прашува дали учениците би можеле да објаснат како ги разбираат терминитe **цензура и автоцензура**. Доколку терминитe не им се јасни, наставникот ги објаснува.

**Цензура** е потиснување на говорот или друг вид комуникација која може да се смета за непријатна, штетна, чувствителна или несоодветна за јавноста. Накратко, **цензура** е забрана за објавување информации што се од јавен интерес.

**Автоцензура** е доколку новинарот (или уредникот) самостојно одлучува да не ѝ пренесе некоја информација на јавноста бидејќи смета дека би можел/а да има последици од пренесувањето.

Наставникот продолжува со објаснување на значењето и принципите на медиумската писменост.

Медиумите се незаменлив дел од животот на современиот човек и влијаат на формирање мислења, ставови и однесувања на публиката. Затоа треба да се прифати фактот дека во процесот на социјализација, освен семејството, врсниците, образованието, важна улога имаат и медиумите. Поради тоа, многу е значајно да се формира публика која е медиумски писмена.

**Медиумска писменост** е способност да се пристапи, анализира и процени моќта на пораките кои ги испраќаат медиумите, како и компетентно да се комуницира со медиумите. Конкретно, медиумската писменост има за цел да им помогне на граѓаните да препознаат на кој начин медиумите ги „филтрираат“ нивните перцепции и уверувања, ја обликуваат популарната култура и влијаат врз личниот избор. Истовремено, од медиумски писмените граѓани се очекува да бидат оспособени за критичко мислење и самостојно креирање информации.

Кога следиме медиумски содржини, особено е важно да имаме критички однос кон она што го гледаме. Конкретно, за да анализираме и процениме различни медиумски содржини треба да си ги поставиме следните прашања[3]:

## 1. Кој ја создал оваа порака и зошто е пратена?

Најпрво треба да се фокусираме зошто некоја медиумска содржина е создадена. Дали за да забавува, за да информира или за да убеди во нешто? Ако ја дознаеме причината зошто е пораката создадена, ќе ни биде многу полесно да го разбереме нејзиниот ефект. Важно е да знаеме кој ја испраќа пораката и која е намерата. Дали е тоа информација или скриена пропаганда, дали е новинарска вест или сопствено мислење и став, дали е филм којшто е создаден да забавува или има некаква скриена порака? Некогаш испраќачот на пораката и неговите/нејзините намери се јасни и искрени, но не секогаш е така. Има случаи кога новинарот ги прескокнува професионалните правила и етичките стандарди и наместо објективно да ни ја пренесе информацијата, се обидува со својот став да влијае врз нашето мислење.

## 2. Кои техники се употребени за да го привлечат моето внимание?

Медиумите се служат со најразлични стратегии да го привлечат нашето внимание и да нè заинтересираат за пораката што ја пренесуваат. Тоа е особено видливо во маркетинг-индустријата, каде што рекламните агенции употребуваат најразлични техники да бидат што поуспешни во својата крајна цел. Некои од тие техники се: ангажирање славни личности за да рекламираат одреден производ или услуга, користење музика и слики кои предизвикуваат одредени емоции итн. Техниките зависат од публиката кон која се насочени рекламите.

Исто така, и во информативните емисии и прилози среќаваме различни техники за привлекување на вниманието, начинот на презентирање на информациите, текстот, видеото, фотографијата, сите имаат мошне важна улога во тој процес. Некогаш техниките со кои се служат луѓето кои ги создаваат и ги пренесуваат медиумските содржини не се етички, ниту професионални. Некогаш тие техники содржат манипулација, делумни вистини или невистини, наслови кои манипулираат со нашите емоции или наслови кои нè уверуваат дека мора да кликнеме и да ја прочитаме веста: „Шокантно!“, „Ексклузивно“, „Нема да ви се верува!!!“

3 Прилагодено од:ПРИРАЧНИК за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации / [уредници Михајло Лахтов, Жанета Трајкоска]. - Скопје : Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Институт за комуникациски студии, 2018

## 3. Кои гледишта и вредности се претставени преку пораката?

Важно е да сфатиме дека не постојат медиуми кои немаат одредени вредности и ставови. Сите медиуми пренесуваат извесни суптилни пораки за тоа кој или што е важно. Пораките неминовно ги содржат и ставовите, размислувањата и вредностите на оние кои ги создаваат. На пример, во одлуката за карактерот на ликовите во една серија, во одлуката за сцената, местото, времето на приказната, вградени се ставовите и размислувањата на оние кои ја прават таа серија. Па дури и вестите содржат вградени идеи и вредности, во изборот на она што е важно, во изборот на темите, кои вести ќе одат први, во изборот на фокусот, изборот на фотографиите итн. Затоа, треба да развиваме вештини кои ќе ни помогнат да ги препознаваме вредностите и идеите во медиумските содржини, во вестите, во забавната продукција, на интернет, особено кога тие се скриени и суптилно пренесени. На тој начин ќе можеме да донесуваме правилни и аргументирани одлуки кои пораки ќе ги прифаќаме, а кои ќе ги отфрламе.

## 4. Како различни луѓе, различно ја толкуваат оваа порака?

Ефектот од медиумските пораки не кореспондира секогаш со намерата на оној којшто ја создал пораката и не е секогаш ист кај сите луѓе. Некои ќе ја разберат пораката на еден начин, додека други на поинаков. Разбирањето на пораките ќе зависи од нашите познавања од различни области, од нашите искуства и од контекстот во кој истата е пренесена.

## 5. Што е пропуштено во оваа порака?

Пораките кои ги добиваме преку медиумите не содржат сè. Многу често, намерно или ненамерно, испуштени се важни делови кои може да влијаат врз тоа како ќе ја разбереме пораката или како ќе ја „декодираме“. На пр. рекламите за газирани пијалаци секогаш се фокусираат врз освежувачкиот елемент на пијалакот, но никогаш врз составот (на пр. количината на шеќер во производот). Тоа е така затоа што тој што ја создава пораката ја има привилегијата да одлучи што ќе стави, а што ќе изостави. Пропуштањето значајни информации може да биде многу поопасно кога станува збор за споделување вести. Ако еден новинар не ја прикаже и другата страна, ако изостави важни информации кои на веста би ѝ дале поинакво значење, тогаш велиме дека известувањето е непрофесионално и необјективно.

**Активност:**

### Изработка на училишен весник (втор дел) (20 мин.)

Наставникот им ги дели на групите претходно напишаните текстови од четирите групи и замолува по еден претставник од секоја група да го прочита нивниот извештај кој се однесува на проблематики од нивното училиште. Секоја група има по 2 минути за презентација. По завршувањето на презентациите, јавноста, односно во конкретниот случај учениците, треба да дискутираат колку текстовите објективно ја прикажале состојбата, користеле релевантни извори, биле објективни во претставувањето, известувале етички. Истовремено, треба да се обидат да ги анализираат текстовите од аспект на петте претходно образложени прашања.

Потоа, уредникот (наставникот/наставничката) симулира две ситуации. Во првата, одлучува дел од текстовите (особено ако постојат содржини кои не се во прилог на некој од училиштето) да не се објават или да се објават во изменета форма. По ваквата одлука, наставникот ги поттикнува учениците да разговараат за **медиумската цензура** и влијанието на истата врз соодветното информирање на јавноста.

Во втората ситуација, наставникот-уредник не ги цензурира текстовите кои содржат објективна критика кон училиштето и/или наставниците што поттикнува дискусија за интегритетот и одговорноста при известувањето. Се поттикнува дискусија во насока на одговорноста на новинарот (уредникот) која треба да биде првенствено кон јавноста, а целите на новинарската објективност не треба да бидат насочени кон нечие потценување и омаловажување, туку кон укажување на состојби кои се неповолни за развојот на граѓанското општество, со цел за нивно надминување.

## Завршен дел на часот /Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

Наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат и да разговараат за следните прашања:

- Што ново научивте за време на часот?
- Како тоа ќе ви користи во животот?
- Кои новинарски принципи сметате дека е најтешко да се запазат?
- Каква треба да биде улогата на медиумите во општеството?

# *Работен лист 3.12.*

## *Новинарски принципи*

| | | |
|---|---|---|
| **Објективност** | До несреќата дошло кога пијан возач удрил во пешак, тврдат очевидци | Малолетник повреден во сообраќајна несреќа, претрчувајќи на необележано место, изјавија од полицијата којашто го изврши увидот на местото на настанот |
| **Вистинитост** | 5G технологијата  служи за побрз интернет | 5G технологијата убива птици |
| **Етичност** | Полицијата заплени 2 кг. марихуана во стан во Аеродром | Во станот на малолетникот Пере Делев се запленети 2 килограми марихуана |
| **Независност** | Јавното обвинителство поднесе обвинение против лидерот на партијата П.П. откако тој минатата недела беше фатен на граница со непријавени милион евра за што беше објавена и снимка од приведувањето. Од партијата на П.П. велат дека се работи за политички монтиран случај пред избори | Класичен монтиран политички процес против лидерот на партијата П.П.! Без никави докази П.П. е приведен, а од неговиот штаб информираат дека тоа е по налог на врвот од власта |

# Содржина: *Религијата во општеството*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката критички го проценува влијанието на религијата во современото општество и се однесува толерантно кон религиските разлики

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката:

- Ги дефинира поимите агностицизам, секти, атеизам,
- Ја објаснува улогата на религиските и верските организации во општеството,
- Аргументира за правото на луѓето на различна (не)религиска припадност,
- Го истражува и го презентира дејствувањето на различните религиски групи и организации.

## *Потребни материјали:*

компјутер, ЛЦД-проектор, хартија, пенкала, ЦД-плеер, работен лист 3.14

## *Методи, техники, форми:*

дискусија, фронтален метод, работа во парови, индивидуална работа, групна работа, прашалник

## *Воведен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот ги повикува учениците во тишина и внимателно да го слушаат текстот на песната Imagine (Замисли) на Џон Ленон (достапна на следниот линк). Наставникот може да им го даде текстот на песната во испечатена форма и со превод:

| | |
|---|---|
| Imagine there's no heaven<br>It's easy if you try<br>No hell below us<br>Above us only sky<br>Imagine all the people living for today | Замислете дека не постои рај<br>Лесно е ако се обидете<br>Нема пекол под нас<br>Над нас само небо<br>Замислете ги сите луѓе што живеат за денес |
| Imagine there's no countries<br>It isn't hard to do<br>Nothing to kill or die for<br>And no religion too<br>Imagine all the people living life in peace ... | Замислете дека не постојат земји<br>Не е тешко да се направи<br>Нема причина за убивање или умирање<br>И не постои религија исто така<br>Замислете си ги сите луѓе што живеат во мир... |

Наставникот поттикнува дискусија преку прашањето:

- Што мислите, каков би бил светот во кој би немало религија?

(Очекувани се најразлични одговори, од такви дека светот би бил идеално место со благосостојба, бидејќи ќе нема поделби, дискриминација; до ставови дека светот би бил полошо место бидејќи религијата постои за да го направи човекот подобар.)

## *Главен дел на часот* (25 мин.)

### *Теоретски дел* (10 мин.)

Религијата претставува систем на верувања и обреди во кој и природните и општествените сили се прикажуваат како натприродни, независни од човекот, природата или историјата.

Сепак, религијата, во различна форма постојано се појавува во некаков облик бидејќи има свои функции како што се:

1. **Поглед на свет.** Секоја религија нуди одреден поглед на светот и начин на разбирање на различните појави. На тој начин им помага на луѓето да си ги објаснат природните и општествените појави и да ја определат нивната смисла.

2. **Психолошка - емоционална.** Оваа функција се однесува на нудење одговори за егзистенцијалните прашања како што се смртта, болести, страдање, зло, несреќа и др. И со тоа - помагање на верникот психолошки да го надвладее чувството на страв од смртта и појавите поврзани со неа.

3. **Етичка.** Се состои од формирање основни морални правила на однесување кои треба да се почитуваат и практикуваат од верниците.

4. **Општествено интегративна.** Основната идеја е дека религијата игра суштинска улога во поврзувањето, интегрирањето и духовното обединување на различните слоеви во една поширока општествена заедница. Преку заедничкото верување, верниците се поврзуваат со други луѓе со исти религиозни уверувања.

Постојат повеќе од 10 000 религии низ светот, но главната поделба денес се прави врз основа на тоа во што и во колку богови се верува. Според тоа, разликуваме монотеистички религии, чија карактеристика е верување во еден бог (на пр. такви се христијанството која е најбројна, исламот која е најмлада монотеистичка религија и втора по бројност и јудаизмот која е најстара монотеистичка религија).

Освен монотеистички, постојат и религии без замисла за бог како креатор на светот (нетеистички/етички религии). Тоа се будизам, таоизам, конфучијанство, а нивната основа е подобрување на односот на верникот со универзумот.

Политеистичките религии се карактеризираат со верување во повеќе богови, а најбројна е хиндуистичката.

Околу 5% од светското население се изјаснуваат како атеисти. Во потесна смисла, атеизмот е став дека не постојат богови. Постојат различни секуларни движења кои во својата основа се атеистички и сметаат дека моралните принципи и однесување не се поврзани со религијата. Сепак, и личностите кои не се религиозни имаат потреба за разбирање на светот, но своите гледишта и моралноста најчесто ја градат врз основа на информации добиени преку проучување на филозофијата и науката.

**Агностицизам** е став дека постоењето на богови на може да се утврди ниту да се докаже. Зборот агностик се користи за оние кои не се убедени во постоењето на божества или други духовни појави.

**Секта** е верска организација која има сопствен поглед на светот, којашто произлегува од некоја доминантна религија, но не е идентична со неа. Зборот секта има значење на учење кое се издвоило од доминантната религија од која произлегло. На пр. на почетокот кога се појавило христијанството било секта - отцепено учење од јудаизмот. Денес има различни секти, а често присутни во нашето опкружување се јеховини сведоци, дервиши и сл. Во

модерната терминологија, честопати изразот секта се поистоветува со терминот култ кој се однесува на општествена група со социјално девијантни или нови верувања и практики.

**Активност:**

## Што сум јас? Во што верувам?

Наставникот ги пишува на табла поимите (или ги лепи во различни делови на училницата): монотеист, политеист, припадник на етичка религија, атеист, агностик, друго, не знам/не сакам да се изјаснам.

Ги повикува учениците да застанат пред поимот кој сметаат дека најдобро ги опишува нивните лични уверувања. Учениците кои сакаат, можат да се изјаснат за своите уверувања и да објаснат како ги формирале истите (им биле пренесени преку семејството, ги стекнале со поучување на различни религиски уверувања и избор на она кое најмногу соодветствува со нивните вредности итн.). Наставникот поттикнува дискусија за правото на секоја личност да избере одреден систем на верувања, кој може да е, а може и да не е поврзан со одредена религија. Истакнува дека во демократско општество е многу важно секој да може слободно да го избере своето гледиште на светот (да избере религија во која ќе верува или да не биде религиозен) и да се почитува правото на другиот, доколку истото не го повредува нашето право на религиска определба. Ова подразбира дека религиската определба не е нешто со што единката се раѓа, туку истата ја учи и стекнува преку социјализацијата во општеството, и може да ја промени доколку сака.

**Активност:**

## Кој како размислува?

Наставникот им задава индивидуален краток прашалник на учениците (Работен лист 3.14) со цел да се детектира колку новонаучените поими им се јасни и разбирливи, а целта е да препознаат како ќе реагираат религиозни и нерелигиозни лица.

# Завршен дел на часот /Активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

Наставникот го прикажува членот 18 од Универзалната декларација за човекови права, според кој:

*Секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата; ова право вклучува слобода за промена на неговата религија или верување и слобода, самостојно или во заедница со други и јавно или приватно, да ја манифестира својата религија или верување во учењето, практикувањето, обожувањето и почитувањето.*

На ниво на клас се започнува дискусија за толеранција помеѓу религиите и почитување на ставот на нерелигиозните, преку следните прашања:

- Што треба да сториме за да нема предрасуди и дискриминација кон (не)припадниците на друга религиска (не)припадност? (Очекувани одговори: Да се запознаеме со различните религии или атеистите, основните верувања, вредностите кои ги застапуваат, да се обидеме да разбереме зошто избрале одредена религија / избрале да бидат нерелигиозни.)
- Кои се најчестите стереотипи за различните религии/нерелигиозните? (Можни одговори: христијаните не веруваат во наука, атеистите не постапуваат морално, муслиманите ги потчинуваат жените, сите будисти се вегетаријанци итн.). Во контекст на ова прашање, наставникот треба да посочи дека со запознавање на различни припадници на овие групи, стереотипите се намалуваат, а заедничките карактеристики доаѓаат до израз.
- Колку сметате дека ги познавате верувањата на луѓето од вашата околина и како тие се одразуваат на нивниот начин на живот? Што би можеле да направите за подобро да ги запознаете и разберете? (Се очекуваат различни одговори, од мислења дека добро ги познаваат и разбираат, до мислења дека не ги познаваат и можат да ги запознаат и разберат подобро преку: меѓусебна комуникација; разговори околу прашањата кои ги интересираат; читање и проучување религиски текстови, ритуали; посета на религиски објекти и сл.)

# Работен лист 3.14.

## Кој како размислува?

| Прашање | атеист/агностик | Припадник на некоја монотеистичка религија или секта (да се наведе на која) |
|---|---|---|
| 1.Како настанал човекот? | | |
| 2. Што се случува по смртта? | | |
| 3.Кој ќе ми помогне кога ми е најтешко? | | |
| 4.Моето морално однесување се должи на... | | |
| 5. Направив многу лоши работи. Пред кого ќе одговарам за тоа? | | |

# Содржина: Религијата во општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката критички го проценува влијанието на религијата во современото општество и се однесува толерантно кон религиските различности.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Ги дефинира поимите радикален фундаментализам и екстремизам,
- Препознава и дискутира за формите на верски радикален фундаментализам и екстремизам.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала

## Методи, техники, форми:

дискусија, фронтален метод, работа во парови, индивидуална работа, групна работа, прашалник

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот на таблата ги запишува поимите „радикално“ и „екстремно“ и бара од учениците да асоцираат што помислуваат кога ќе го слушнат едниот, а што другиот поим.

Можни асоцијации за „радикално“ се: револуционерно, прогресивно, нов начин на гледање, ултра, милитантно, драстично итн.

Можни асоцијации за „екстремно“ се: претерано, фанатично, крајно, насилно, далеку од средината, максимално, нестандардно итн.

Асоцијациите се запишуваат на табла околу поимите. Можни се преклопувања во асоцијациите.

## Главен дел на часот (25 мин.)

### Теоретски дел (10 мин.)

Наставникот го продолжува часот со објаснување дека за време на часот ќе се задржат на одредени негативни појави кои можат да бидат предизвикани од различни екстремни толкувања на религијата. Нагласува дека религиската толеранција во историјата одиграла огромна улога во намалување на насилствата, промовирање на помирување и разбирање помеѓу спротивставените групи. Но, историјата нè учи и дека религијата може посредно или непосредно да биде и причина за војни, тероризам и други облици на насилство. Дел од појавите поради кои се јавува ова, се опишани подолу.

**Фундаментализам** е начин на мислење со кои одредени начела се сметаат за основни вистини, кои без оглед какви се, треба да останат непроменети. **Верскиот фундаментализам**, како поим започнал да се споменува во почетокот на 20 век и со него се означувале верувања на некои протестантски секти од САД кои ги отфрлаат научните ставови за еволуција преку природна селекција, ги поставуваат библиските учења над сè, а Библијата како неприкосновен збор на Бог. Различни религии (христијанство, јудаизам, ислам, хиндуизам итн.) имаат движења кои се сметаат за фундаменталистички. Заедничко за овие движења е тоа што се застапуваат за враќање кон основните свети книги и кон нивно поедноставено читање, кое е честопати буквално и некритичко (Како што е запишано, така треба и да се постапува). **Фундаментализмот** најчесто е реакција на глобализацијата, се противи на секуларизмот (одвоеноста на верските заедници од државата), на принципите на демократија, еднаквост и човекови права. Фундаментализмот

кај секоја религија ја поставува својата религија над другите, поради што е закана за еднаквоста во општеството и честопати се поврзува со национализмот и фашизмот. **Верскиот фундаментализам** честопати се поврзува со екстремизам, иако двата поими се различни.

**Екстремизмот** претставува верување или поддржување идеи кои се многу различни од она што повеќето луѓе мислат дека е коректно или разумно. Поради тоа, екстремизмот се однесува на ставови или однесување за кое се смета дека се надвор од нормите. **Насилниот екстремизам** се однесува на верувања и постапки на лица кои поддржуваат или употребуваат насилство за постигнување идеолошки, верски или политички цели. Примери на организации кои применуваат насилен екстремизам се: неонацисти, Кју Клукс Клан, ИСИЛ, Боко Харам, екотероризам и сл.[è] Дел од нив ја оправдуваат потребата од насилство преку користење и некритичко толкување одредени религиски текстови.

**Радикализација** е процес преку кој поединецот или групата прифаќа екстремни социјални, политички или религиозни ставови и однесувања, значително различни од повеќето членови на нивната група/заедница. Однесувањето честопати е насочено кон настојување да се изврши значајна промена во општеството. Доколку поединецот кој е радикализиран размислува за употреба на насилство како легитимно и посакувано средство за дејствување, тогаш се зборува за радикализација која води до **насилен екстремизам**. **Екстремистите** имаат силно изразени заштитнички ставови кон сопствената група, а омраза, нетрпеливост и агресивност кон некоја друга група. Целта им е зачувување на вредностите, идентитетот и гледиштата на сопствената група, со начини кои може да бидат на крајната граница на дозволеното или незаконски начини, како што е тероризмот.

***Активност:***

### *Зошто некој би посегнал кон (насилен) екстремизам? (15 мин.)*

Преку бура на идеи наставникот ги поттикнува учениците да наведуваат причини зошто сметаат дека одредени лица (со фокус на младите) би прифатиле екстремистички ставови проследени со насилно однесување за нивна одбрана и/или промовирање.

Мислењата на учениците се запишуваат на табла. Потоа наставникот ги сумира и ги дополнува доколку е потребно. Истакнува дека причините можат да се категоризираат во т.н.:

**А. „Фактори на туркање“** (негативните социјални, културни и политички карактеристики на нечие општествено опкружување, кои помагаат во „туркање“ на ранливите поединци на патот на насилен екстремизам), кои можат да бидат:

- **лични**: чувства на неправда и дискриминација; лична криза и трагедии; фрустрација; отуѓување; фасцинација со насилство; потрага по одговори за смислата на животот; љубопитност; криза на идентитет; социјална исклученост; негирање права и граѓански слободи; разочараност од демократските процеси итн. и
- **структурни фактори** кои делуваат како причина за зголемување на погодноста за развој на насилен екстремизам: слабо државно уредување, недостаток на владеење на правото, корупција и криминал, особено кога се комбинираат со неколку други елементи.

**Б. „Фактори на привлекување“** (различни карактеристики и придобивки од учество или членството во [насилна] екстремистичка организација која ги „привлекува“ ранливите поединци да се приклучат), а можат да вклучуваат: чувство на припадност кон некоја група чие членство овозможува различни видови корист: вработување, пари или друга материјална корист; ветување поголеми идеали покрај материјалните - слобода, авантура, идеологија; чувство на лојалност и посветеност; чувство на возбуда и авантура; можност за „хероизам“; нудење едноставен поглед на светот во кој работите се црно-бели (ние наспроти тие) итн.

Младата популација се смета за една од најранливите групи лица кои лесно потпаѓаат под влијание на одредени радикални групи кои практикуваат насилство и екстремизам. Желбата за припадност во одредена група, потрагата по идентитет, разочарувањето од институциите, социјалниот и семејниот статус, потрага по возбуда и авантура е тоа што младите ги прави многу ранливи да потпаднат под разни влијанија и да прифатат дури и насилни активности со цел да ги исполнат своите очекувања и идеали. Најчесто, манипулацијата врз младите е на индивидуална емоционална основа, каде што лицата т.н. регрутери ги бираат младите кои во моментот се особено ранливи, т.е. чувствуваат грижа за нешто изгубено, имаат лоши односи или несогласувања со родителите и во училиштето, чувство дека не се сакани, немаат доволно финансии, друштво, чувствуваат неприпадност во заедницата, сметаат дека не постои иднина за нив, чувствуваат лична неправда и слично.

Знаците на радикализација, понекогаш кај младите се манифестираат на многу јасен и предупредувачки начин, но има и случаи кога радикализацијата кај младите е малку видлива, па дури и воопшто не се забележува.

## Завршен дел на часот (15 мин.)

На учениците им се прикажуваат следните активности кои можат да се преземат на ниво на училиште за да се спречи приклонувањето на младите кон екстремистички движења и пројавување на насилно однесување како резултат на уверувањата. Тие треба да проценат на скала од 1 – воопшто не е ефективно до 5 – многу е ефективно, колку секоја од активностите може да придонесе кон справување со наведениот проблем. Во зависност од можностите на часот, учениците можат да гласаат со подигање картички со броеви од 1 до 5, или, пак, да работат во група каде што ќе треба да донесат заедничка одлука. Проценките за дел од активностите се дискутираат на ниво на цел клас (особено доколку има големи разлики во процената на нивната ефективност).

**Активности на ниво на училиште за спречување на приклонувањето на младите кон екстремистички движења и пројавување на насилно однесување**

| |
|---|
| Учениците самостојно ги поставуваат правилата и одговорностите во училиштето; |
| Наставниците и стручната служба отворено разговараат со учениците за насилството, радикализацијата, екстремизмот и тероризмот како и последиците од нив; |
| Училиштето редовно комуницира со родителите/старателите на учениците и обезбедува нивна едукација за превенција од радикализација и насилство; |
| Со учениците отворено се разговара за различностите во религиите и верувањата; |
| Учениците се поттикнуваат за организација на кампања за безбедна училишна средина за сите; |
| Училиштето воспоставува механизми за пријавување (стручна служба или онлајн) што ќе ги поттикнат учениците да проговорат против знаци на радикализација и насилството; |
| Училиштето креира онлајн платформа за едукација и превенција од радикализација и насилство наменета за учениците; |
| Се повикуваат родителите/старателите на ученикот/ученичката доколку тој/таа покажува девијантно, невообичаено и чудно однесување кое не е во согласност со кодексот на однесување на училиштето; |
| Наставникот го информира педагогот, психологот, директорот, како и наставничкиот совет доколку забележи девијантно, невообичаено и чудно однесување кај одредени ученици со цел да преземат соодветни мерки. |

# Содржина: Култура, културните институции и културниот идентитет

## Резултати од учењето

Ја идентификува улогата на културата, културните институции во формирањето и развојот на културниот идентитет.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува културни општоцивилизациски вредности,
- да ги објаснува факторите во развојот на културниот идентитет,
- да го опишува значењето на културните права во развојот на личноста.

## Потребни материјали:

хартија, хамер, пенкала, боички, работен лист 3.15

## Методи, техники, форми:

фронтална, индивидуална, дискусија, бура на идеи, есејско изразување.

## *Воведен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот на табла го запишува следниот цитат од Гоце Делчев: „Јас светот го разбирам како поле за културен натпревар помеѓу народите." Потоа поттикнува групна дискусија преку следните прашања:

- Што мислите дека сакал да каже Делчев со „културен натпревар помеѓу народите"? Како вие го толкувате цитатот? (Можни се различни одговори: конструктивен натпревар во постигнување општествен напредок, натпревар помеѓу уметници и културни работници и сл.)
- Како вие, како ученици, би можеле да учествувате во тој „културен натпревар"? (Очекувани се различни одговори: преку учество во научни и културни активности, изработка на уметност, соработка со претставници од други култури итн.)
- Имајќи ги предвид претходно обработуваните наставни содржини, како би го дефинирале поимот **култура**? (Се очекува од учениците да се потсетат дека културата се состои од идеите, обичаите и социјалните норми за однесување во едно општество.)
- Каква е културата во општеството во кое живееме, во споредба со останатите култури со кои сте запознаени? (Се очекува од учениците да споделат конкретни културолошки карактеристики - јазик, раса, облека, уметност, обичаи, колективна меморија, вештини итн.)
- Постојат ли вредности кои се универзални и присутни во повеќе различни култури? Кои се тие? (Се очекува од учениците да наведат вредности кои се општоцивилизациски, како што се: слобода, правда, достоинство, вистина, еднаквост, мир, чесност итн.)

По кратка дискусија, наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

Иако постојат голем број различни култури во светот, голем дел од нив споделуваат вредности кои се универзални. Таквите вредности ги нарекуваме општоцивилизациски вредности и треба да ги имаме на ум секогаш кога зборуваме за важноста на културата во едно општество, но и на светско ниво.

## *Главен дел на часот* (25 мин.)

## *Теоретски дел* (10 мин.)

Зборот **култура** потекнува од латинскиот збор cultura што првобитно значел расчистување на земјиштето, односно создавање обработливи земјишни површини за потребите на луѓето. Во социологијата го има речиси истото значење - расчистување во смисла на негување, одгледување и култивирање на човековата душа, култивирање на неговото однесување во согласност со одредени норми кои важат во заедницата.

**Културата** претставува еден вид „умствена програма" бидејќи секој човек учи како да се однесува во средината во која функционира. Преку процесот на социјализација кој започнува во семејството, а подоцна и преку детските игри, образовните институции, религијата и медиумите, единката ги прифаќа и усвојува културните содржини како што се јазикот, обичаите, чувствата, реакциите, вредностите, симболите, ритуалите и сл. На тој начин во текот на животот го **гради својот културен идентитет.**

Од моментот на своето раѓање па понатаму, човечкиот живот е определен со **културата.** Најголем дел од луѓето, откако ќе се родат, целиот свој живот го минуваат во културата на која ѝ припаѓаат. Живеејќи во својата култура, човекот ги прифаќа нејзините вредности, идеи, правила и други елементи. На тој начин, културата го обликува неговиот светоглед и начинот на реагирање на надворешните дразби. Соодветната култура му овозможува да се чувствува поинаков од припадниците на другите култури, па на тој начин поединецот го создава својот **културен идентитет.**

И покрај тоа што постојат универзални културни елементи кои се карактеристика на секое општество, постојат и културни елементи кои различно се практикуваат во различни општествени средини. Поради ова, се вели дека постојат разлики помеѓу културите. Бидејќи честопати **културата** се поистоветува и со религијата, етничкото потекло на луѓето и поделбата на мнозинство и малцинство, важно е да се напомене дека концептот за општества во кои постои само една култура е мит. Во секое општество има и мноштво култури кои меѓусебе се разликуваат, но имаат и сличности. Да се каже дека некое општество е **мултикултурно**, всушност значи да се посочи на **културната различност** на тоа општество. Типичен пример за мултикултурно општество е македонското.

Во демократските општества, мултикултурализмот се штити и **со културни права** и привилегии, загарантирани со Устав. Тоа подразбира право на образование на мајчин јазик, слобода на научно и уметничко творење, слобода на здружување заради остварување на културните, социјалните и др. права. Секое право треба да ги исполнува следниве четири основни карактеристики:

- **Достапност:** Пристапот до културата вклучува четири елементи: недискриминација, физички пристап, економски пристап и пристапност до информации. Ова значи дека државите треба да му обезбедат на секој граѓанин да може да ужива во културните права без дискриминација (еднакво и во руралните и во урбаните области, без разлика на возраста, јазикот што го зборува, нивото на приходи и посебните потреби). На пр., доколку ученик од одредена малцинска заедница во училишната библиотека не може да најде книги на јазикот на кој зборува дома, тоа значи дека културата (во случајот книгите) не му се достапни на ученикот.
- **Прифатливост**: Кога се осмислуваат мерки за остварување на културните права, државите задолжително треба да се консултираат со поединци и групи од сите култури, за да се осигураат дека планираните мерки за заштита на културната разновидност се прифатливи за нив. На пр., при планирањето на цените на картите за влез во културна институција, треба да се имаат предвид социјално загрозените групи. Скапите влезници се неприфатливи за граѓаните со ниски приходи и го повредуваат нивното право на пристап до култура.
- **Прилагодливост:** Државите треба да прифатат флексибилен пристап кон културните права и да ја почитуваат културната разновидност на поединците и заедниците. На пр. доколку едно училиште во кое наставата се одвива на повеќе наставни јазици прави прослава само на еден од тие јазици, овој пристап не е прилагоден на потребите на сите ученици и наставници.
- **Соодветност:** Реализацијата на културните права треба да биде соодветна на потребите на граѓаните и нивните културни вредности, при што треба да бидат земени предвид и потрошувачката на храна, употребата на вода, давањето здравствени и образовни услуги, и дизајнот и изградбата на згради и институции. На пр. доколку при изградбата на културни установи не се планирани рампи за полесен пристап до самите згради, тие не се соодветни за сите групи граѓани затоа што е повредено правото на пристап до културата за граѓаните со телесен инвалидитет.

***Активност:***

### ***Културен идентитет (15 мин.)***

Наставникот им го дели на учениците работниот лист 3.15, кој учениците го пополнуваат индивидуално во времетраење од пет минути. Како алтернатива, наставникот може да ги напише прашањата на табла или да ги проектира, а учениците да ги запишуваат одговорите во своите тетратки.

Откако учениците ќе го пополнат работниот лист, наставникот започнува групна дискусија (10 мин.):

- Како се чувствувавте додека ги одговаравте прашањата? Дали ви беше тешко или лесно да се одлучите за одговорите? Дали се изненадивте од нешто? (Можни се различни одговори од учениците.)
- Како одлучивте која културна одредница најдобро ве опишува? Зошто ја одбравте токму таа? (Се очекува од учениците да одберат културна одредница со која се чувствуваат најудобно, како најдобро да им одговара на карактерот.)
- Што мислите, зошто некои од стереотипите за културата на која ѝ припаѓате не се точни за вас? (Се очекува од учениците да споделат сопствени коментари и искуства на темата и да посочат дека постојат разлики помеѓу луѓето.)
- Како би се чувствувале доколку некој се однесува кон вас како сите стереотипи за културата на која ѝ припаѓате да се точни за вас? (Очекувани одговори: непријатно, вознемирено, неразбрано, со желба да се објасни сопствениот идентитет.)
- Во ситуации во кои запознавате нови личности, колку се потпирате на културните одредници во градењето на односот? Дали претпоставувате дека некои работи се онакви какви што стереотипите наложуваат или, пак, отворено разговарате за нив со познаниците? (Се очекуваат различни одговори од учениците.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

Иако постојат голем број разлики во културниот идентитет на луѓето околу нас, важно е да ја почитуваме културната различност и да работиме кон мултикултурно интегрирано општество.

## *Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација* (10 мин.)

Наставникот им дава задача на учениците да се поделат во мали групи (2-4 ученици) во кои ќе разговараат за културно-уметничките дела што им оставиле голем впечаток и влијаеле во развојот на нивниот културен идентитет (на пр. филм, претстава, балет, опера, поема, роман итн.). Во текот на разговорот, учениците треба да обрнат внимание и на тоа што избраните културно-уметнички дела зборуваат за културниот идентитет на културата на која учениците ѝ припаѓаат.

На крајот од часот, наставникот ги дели учениците во четири групи и задава задача којашто учениците треба да ја подготват до следниот час, кога е предвидено презентирање на

сработеното. Учениците, со користење на онлајн алатки, треба да ги истражат зададените теми и да направат презентација на собраните податоци (зависно од можностите, презентацијата може да биде Power Point или на хамер).

Секоја од групите треба да истражи една од наведените теми:

1. Да се истражат и презентираат три супкултури по избор (на пр. рапери, бизнисмени, панкери, хакери итн.)
2. Да се истражат и презентираат традиционални свадбени обичаи на три етнички заедници во државата.
3. Да се пронајдат и да се презентираат по три вица на говорниот јазик на неколку етнички заедници во државата и да се анализира нивната содржина (на пр. стереотипите на кои се потпираат).
4. Да се истражат  и да се презентираат културните вредности и начините на нивно обликување во позитивни стереотипи во три држави по избор (на пр. Јапонците се вредни и чисти, Германците работливи, Англичаните воздржани.)

# Работен лист 3.15.

## Културен идентитет[4]

1. Напиши три културни карактеристики со кои се идентификуваш најмногу. На пр. ученик/ученичка, син/ќерка, женско/машко, спортист/спортистка, музичар/музичарка, верник/атеист, припадник/припадничка на _________ етничка заедница итн.

______________________________________________

______________________________________________

2. Од трите културни карактеристики кои ги напиша, која најдобро те опишува?

______________________________________________

______________________________________________

3. Што најмногу ти се допаѓа кај културната карактеристика која ја избра?

______________________________________________

______________________________________________

4. Напиши неколку стереотипи за културата на која ѝ припаѓаш, кои не се точни за тебе лично.

______________________________________________

______________________________________________

4 Прилагодено од: https://www.uh.edu/cdi/diversity_education/resources/activities/pdf/diversity%20activities-resource-guide.pdf

# Содржина: Култура, културните институции и културниот идентитет

## Резултати од учењето

Ја идентификува улогата на културата, културните институции во формирањето и развојот на културниот идентитет.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги објаснува факторите во развојот на културниот идентитет,
- да ги анализира позитивните и негативните појави во културата,
- да ги истражува и да ги презентира различните културни обележја и знаменитостите во различни културни групи.

## Потребни материјали:

хартија, пенкало, компјутер, ЛЦД-проектор

## Методи, техники, форми:

фронтално, изработка на проект, дискусија

# *Воведен дел на часот* *(10 мин.)*

Наставникот го започнува часот со кратка дискусија:

- Кои вредности го прават културниот идентитет на нашата држава? (Се очекуваат различни одговори од учениците - традиција, хуманост, правда, соживот, семејни вредности итн.)
- Дали, вие како ученици, припаѓате на некоја супкултура? Ако да, на која? По што се разликувате од доминантната култура? (Можни се различни одговори: ученици, млади, стил на облекување, музика која ја слушаат, места на кои излегуваат, навики и сл.)
- Како се доживувате себеси (на пр. етноцентрист, културен релативист, космополит, националист, патриот)? (Можни се различни одговори од учениците.)
- Дали во сите ситуации се доживувате и однесувате исто? Ако постојат разлики, во кои ситуации се случува тоа? Зошто? (Се очекува од учениците да споделат дека во различни ситуации се однесуваат различно.)

Наставникот ги сумира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

Секој од нас припаѓа на повеќе култури истовремено. Освен припаѓањето на доминантната култура во која живееме, луѓето често припаѓаат и на помали супкултури и се разликуваат во своите сфаќања и интереси. Поради тоа, многу е важно да се разговара околу позитивните и негативните појави во културата. Па така, додека културната интеграција е појава кон која модерните демократски општества се стремат, етноцентризмот има големи негативни ефекти.

# *Главен дел на часот* *(25 мин.)*

## *Теоретски дел* *(5 мин.)*

Една од основните карактеристики на човекот е неговата потреба да изгради свој **културен идентитет**. Во текот на својот живот, човекот главно го развива и зацврстува својот **културен идентитет.** Припадниците на одредена група ги поврзува заедничка култура, историја, потекло итн. што ги прави да бидат цврсто поврзани меѓусебе. Во рамките на една заедничка култура што важи за доминантна, често се јавуваат и супкултури (поткултури) кои вообичаено не ја загрозуваат доминантната култура, а се создаваат како израз на пр. на заеднички стил на облекување, музичко изразување и афинитети, стил на живеење, занимање и сл.

Кога човекот станува оптоварен со својата **култура** и има голем број негативни стереотипи во однос на другите култури, се вели дека станал **етноцентричен. Етноцентризмот** најчесто се гледа во давањето негативни оцени за другите култури, при што сопствената се гледа како најдобра и над сите останати. На пр. во Германија во текот на Втората светска војна, нацистите ја гледале ариевската раса како најдобра, а сите други култури ги сметале за помалку вредни или безвредни. Етноцентризмот спречува каков било развој на односите помеѓу различните култури, поради тоа што се тргнува од нивните меѓусебни разлики. Поради тоа, може да дојде до изолација на одредени култури, па нивните претставници живеат во гета или изолирани енклави.

За да се избегнат негативните последици од етноцентризмот, важна противтежа е **културниот релативизам** според кој сите култури се различни, но еднакво вредни. Слично на ова, спротивен феномен на етноцентризмот е **космополитизмот** - филозофија на животот според која секој поединец може да си го најде своето место во светот, без оглед на која култура припаѓа (граѓанин на светот).

Важно е да се нагласи дека формирањето на една култура е постојан и динамичен процес, врз кој влијаат сите членови на општеството. Народните обичаи, говорните изрази кои се користат, како и уметничките дела кои ги создаваат културните работници, се највидливите начини на кои се менува културата во денешно време, со што се влијае и врз формирањето и развојот на културниот идентитет на една држава.

***Активност:***

### *Презентација на истражувања (20 мин.)*

Наставникот ги повикува групите кои беа формирани на претходниот час да ги презентираат своите истражувања изработени како домашна работа. Секоја од групите има три минути за презентација. На крајот од презентациите, наставникот поттикнува дискусија за презентираните информации и како тие се поврзани со формирањето на културниот идентитет на одредена група луѓе.

## Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија со учениците:

- Дали научивте нешто ново од истражувањата и презентациите? Ако да, споделете што е тоа.
- Според вас, кои се најважните елементи на културниот идентитет на еден човек? Кои се најважните фактори кои му влијаат?
- Кои се позитивните, а кои негативните појави во културата?
- Зошто е значајно да ги запознаваме и почитуваме другите култури?
- Како би можеле вие лично да придонесете кон подобра мултикултурна интеграција во нашето општество? Што би можеле да направите?

***Забелешка:*** Наставникот може да им даде насоки на учениците овие прашања да ги одговорат во своите дневници за рефлексија.

*Модуларна единица*

# 4

# ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА

# Содржина: Демократски вредности

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да препознава и да цени демократски вредности во општеството

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги набројува вредностите на демократијата,
- аргументирано да го застапува демократскиот облик на управување.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, табла, работен лист 4.1., работен лист 4.2.

## Методи, техники, форми:

демонстративен метод, предавање, работа во парови, групна дискусија.

# *Воведен дел на часот* *(15 мин.)*

## *Активност:*

### *Вселенски брод[5]*

Наставникот на почетокот на часот ги дели учениците во групи од 6-8 ученици, го дели работниот лист 4.1. и ги дава потребните инструкции за користењето на работниот лист. Потоа на глас го чита следниот текст:

„Замислете си дека вашата група е екипажот на еден вселенски брод кој треба да слета на светлата страна на Месечината за да се сретнете со астронаутите кои слетаа таму пред еден месец и заедно да го истражувате тој предел. Сепак, поради проблем со опремата, морате да слетате на локација оддалечена 100 километри од планираното место за средба. При слетувањето, вселенскиот брод беше оштетен и затоа ќе морате пешки да се упатите кон местото за средба. Поради тоа, од листата дадена во работниот лист 4.1., треба да ги одберете најважните предмети кои ќе ви помогнат на вашето долго патување. Вашата задача е да ги рангирате по важност дадените предмети, при што 1 = најважно/од најголема помош при патувањето, а 14 = најмалку важно/од најмала помош при патувањето. Важно е да знаете дека 1) треба да се движите заедно како група кон планираното место за средба и 2) сите предмети на листата да бидат во добра состојба. Имате 2 минути да ја пополните втората колона (лично рангирање) во табелата и 5 минути да донесете одлука на ниво на група и да ја пополните третата колона (групно рангирање).“

Откако ќе помине времето за донесување одлуки, наставникот на табла го запишува/проектира рангирањето на предметите направено од страна на експерти (научници и инженери), дадено во табела 5.

**Табела 5. Експертско рангирање на предметите.**

| Предмет | Ранг | Предмет | Ранг |
|---|---|---|---|
| Кислород | 1 | Падобран | 8 |
| Вода | 2 | Сплав | 9 |
| Мапа | 3 | Ракети | 10 |
| Храна | 4 | Млеко | 11 |
| Приемник за радиофреквенции | 5 | Греалка | 12 |
| Јаже | 6 | Компас | 13 |
| Кутија за прва помош | 7 | Кибрит | 14 |

5 Прилагодено од: http://civix.ca/resources/wp-content/uploads/2018/05/ON-Secondary-Lesson-3.pdf

Наставникот им дава насоки на учениците да ги споредат нивните индивидуални одлуки и одлуките како група со експертското рангирање, по што поттикнува дискусија (во времетраење од 7-10 минути) со следните прашања:

- Какви разлики постојат помеѓу рангирањето на вашата група и експертските одговори? Што мислите, зошто постојат такви разлики? (Можни одговори: различни нивоа на познавање на материјата, тешкотии да се усогласат во групата итн.)
- Какви разлики постојат меѓу вашите лични одговори во втората колона и одговорите на вашата група во третата колона? (Можни одговори: придавање важност на различни работи, земање предвид различни фактори итн.)
- Во рамките на вашата група, како одлучивте за рангирањето на предметите? (Можни одговори: консензус, глас на мнозинството, доминација на одредени членови итн.)
- Дали при одлучувањето имаше членови во вашата група кои ја предводеа дискусијата и/или членови кои воопшто не се вклучија во дискусијата? (Можни се различни сценарија, во зависност од личните карактеристики на учениците.)
- Кои се предностите и слабостите на носењето одлуки како поединци и како група? (Можни одговори: целосна лична одговорност, потпирање на други, тешкотии за постигнување договор итн.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

Слично како во активноста која сега ја направивме, животот во една држава подразбира постојано носење одлуки, и на индивидуално и на групно ниво. Како посебна категорија за носење одлуки се издвојува обврската на одредени граѓани во општеството кои извршуваат јавни функции, да ги претставуваат интересите на сите граѓани и да носат одлуки за различни работи кои потоа влијаат на целото општество. Овој процес на донесување одлуки, кои влијаат на сите граѓани, може да се разликува од држава до држава, во зависност од начинот на кој власта е уредена таму. Исто како што процесот на носење одлуки се разликуваше помеѓу групите кои ги формиравме за оваа активност, така и помеѓу државите има разлики - во една држава можно е одлуките да се носат по волјата на мнозинството, во друга еден човек да има моќ над сите, а во трета да има голем неред и да нема точно дефинирани улоги. Поради ова, особено се важни основните вредности и принципи на кои се потпираат граѓаните, затоа што тие потоа влијаат на државното уредување.

## Главен дел на часот (25 мин.)

**Активност:**

### Изработка на Т-табела (10 мин.)

Наставникот на табла црта Т-табела при што на едната страна го запишува насловот „Демократски држави“, а на другата „Други државни уредувања“. Потоа, наставникот ги поттикнува учениците да споделуваат идеи за карактеристики на демократијата, наспроти другите државни уредувања за кои имаат учено досега. На крајот од активноста, наставникот ги резимира одговорите на учениците и ја потенцира важноста на демократските вредности како темел на современото демократско општество.

**Табела 6. Пример за наставникот - пополнета Т-табела**

| Демократски држави | Други државни уредувања |
|---|---|
| Одлуките се носат демократски | Одлуките ги носат мал број луѓе кои не се секогаш одбрани од граѓаните |
| На избори граѓаните гласаат за своите претставници | Власта им наложува на граѓаните како да се однесуваат |
| Граѓаните имаат право на слобода на говор | Медиумите не работат слободно |
| Сите се еднакви пред законот | Постојат повеќе политички партии (политички плурализам) |
| Слободни медиуми | Власта не е поделена на повеќе институции |

## Теоретски дел (5 мин.)

Помеѓу демократските држави често постојат разлики во степенот на развој, па за некои држави се вели дека се подемократски од другите. Она што е заедничко за голем број современи демократски држави, без разлика на степенот на развој, е исполнувањето на одредени **демократски вредности** кои се важен критериум за една држава да може да се нарече демократска. Во основните демократски вредности спаѓаат:

- Почитување на човековите права и слободи;
- Еднаква заштита пред законот за сите граѓани;
- Демократска власт која е избрана од народот на избори;
- Постоење повеќе политички партии (политички плурализам);
- Активно учество на граѓаните;
- Толеранција, почитување на различностите и други демократски вредности.

Сепак, во светот постојат и држави кои не ги исполнуваат основните демократски вредности. Во тие држави може да има **диктатура** на еден човек - единствен владетел кој има огромна власт во своите раце, или, пак, владеачко семејство, една политичка партија или диктатура на група луѓе како што е **аристократијата** или **олигархијата**. Понекогаш се случува и земја - демократија во развој да стане **авторитарна држава** (при што луѓето на власт очекуваат граѓаните целосно да ги следат и почитуваат нивните одлуки) или **тоталитарна држава** (каде што сите активности на граѓаните се насочувани и контролирани од власта).

***Забелешка:*** Делови од податоците/информациите споделени со учениците преку наставната содржина може да им се веќе познати на учениците, па наставникот може да го реализира овој дел од часот со поставување кратки прашања за да постигне поголема интерактивност.

## *Активност:*

### *Демократски вредности*[6] *(10 мин.)*

Учениците се делат во парови. Секој пар го добива работниот лист 4.2. каде што треба да ги поврзат поимите со нивните описи. За поврзувањето на полињата имаат 5 минути. Откако учениците ќе ги поврзат полињата, наставникот ги поттикнува учениците да ги споделат своите одговори. Доколку е потребно, наставникот ги дообјаснува дадените поими и ги споделува точните одговори.

6 Прилагодено од: https://www.parliament.vic.gov.au/images/Education/Level_56_Democratic_Values.pdf

## Пример за наставникот - пополнет работен лист

| Поим | Опис |
|---|---|
| Демократско носење одлуки | Праведен процес во кој носењето одлуки се прави со еднакви можности за вклучување на сите засегнати страни. |
| Претставничка демократија | Државно уредување во кое избрани претставници на народот носат одлуки за различни работи. |
| Транспарентна и отчетна влада | Секој граѓанин може да ја критикува Владата и/или да побара објаснување за донесените одлуки. Владата одговара на прашањата и на барањата на граѓаните. |
| Слобода на говор | Сите граѓани можат слободно да ги изразат своите мислења, сè додека не ги прекршат законските ограничувања. |
| Еднаквост пред законот | Сите граѓани се еднакви пред законот и нема разлики во начинот на третирање поради нивната етничка припадност, возраст, род, инвалидитет итн. |
| Социјална правда | Сите граѓани имаат еднакви можности за квалитетен живот. Дистрибуцијата на ресурси е праведна. Граѓаните меѓусебно се почитуваат и се толерираат. |
| Родова еднаквост | Мажите и жените имаат еднакви права, како и еднакви можности за пристап до сите професии. |

# Завршна активност / Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)

Наставникот го чита краткиот текст:

„Замислете си дека успешно сте се сретнале со астронаутите на планираното место од воведната активност на овој час. Набрзо потоа, еден од астронаутите сака да воспостави власт во новата колонија на Месечината со тоа што ќе се прогласи за крал. Преостанатите астронаути треба да ги убедите дека ваквиот начин на уредување може да биде штетен и дека предностите на демократското уредување овозможуваат подобро функционирање на колонијата. Што би напишале во својот говор пред другите астронаути?“

***Забелешка:*** Доколку е возможно, наставникот може да покани доброволци да ги презентираат своите аргументи.

# Работен лист 4.1.

## Вселенски брод

| Предмет | Лично рангирање | Групно рангирање |
|---|---|---|
| Кибрит | | |
| Вода | | |
| Компас | | |
| Мапа | | |
| Греалка | | |
| Кислород | | |
| Млеко | | |
| Приемник за радиофреквенции | | |
| Сплав | | |
| Јаже | | |
| Падобран | | |
| Храна | | |
| Ракети | | |
| Кутија за прва помош | | |

# *Работен лист 4.2.*

## *Демократски вредности*

| Пример | Надлежност |
| --- | --- |
| Демократско носење одлуки | Мажите и жените имаат еднакви права, како и еднакво право на пристап до сите професии. |
| Претставничка демократија | Сите граѓани можат слободно да ги изразат своите мислења, сè додека не ги кршат законските ограничувања. |
| Транспарентна и отчетна влада | Сите граѓани имаат еднакви можности за квалитетен живот. Дистрибуцијата на ресурси е праведна. Граѓаните меѓусебно се почитуваат и се толерираат. |
| Слобода на говор | Секој граѓанин може да ја критикува Владата и/или да побара објаснување за донесените одлуки. Владата одговара на прашањата и на барањата на граѓаните. |
| Еднаквост пред законот | Државно уредување во кое избрани претставници на народот носат одлуки за различни прашања. |
| Социјална правда | Праведен процес во кој носењето одлуки се прави со еднакви можности за вклучување на сите засегнати страни. |
| Родова еднаквост | Сите граѓани се еднакви пред законот и нема разлики во начинот на третирање поради нивната етничка припадност, возраст, род, инвалидитет итн. |

# Содржина: Демократски вредности

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да препознава и да цени демократски вредности во општеството.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги набројува вредностите на демократијата,
- да ги анализира институциите на демократскиот политички поредок.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, работен лист 4.3.

## Методи, техники, форми:

фронтална (заедничка) форма, групна работа, истражување, презентација, дискусија, техника грозд.

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот на почетокот на часот на табла го пишува поимот демократија. Потоа ги насочува учениците слободно да споделуваат изрази и активности кои се поврзани со централниот поим, а тој ги запишува на табла и ја користи техниката грозд. Доколку е потребно, наставникот може да ги насочи учениците да се потсетат на спроведените активности и обработените содржини од претходниот час. На крајот од предвидените 10 минути на таблата веќе има голем грозд со асоцијациите на учениците за поимот демократија.

## Главен дел на часот (20 мин.)

**Активност:**

### Глобални индикатори за демократија

Наставникот ги дели учениците во пет групи. Потоа го дели работниот лист 4.3. во кој се дадени глобални индикатори за демократија кои се користат за истражување и анализа на демократските трендови во 163 држави ширум светот, од 1975 година наваму. Секоја група добива еден од индикаторите дадени во работниот лист. Групите добиваат задача да истражуваат на интернет, кои од институциите и организациите кои постојат во РСМ се задолжени за спроведување активности во врска со конкретниот индикатор кој го добиле како тема.

При истражувањето на институциите и организациите, групите треба да ги одговорат следните прашања:

- Кои се надлежностите на институцијата/организацијата, во кое поле дејствува?
- Како дејствувањето на институцијата/организацијата е поврзано со исполнувањето на глобалниот индикатор за демократија?
- Како би можело да се подобри дејствувањето на институцијата/организацијата?

Учениците имаат 10 минути за истражување, по што секоја од групите ги презентира своите наоди (2 минути по група).

## *Пример за наставникот*

### *Глобални индикатори за демократија и релевантни институции во РСМ*

| Глобални индикатори за демократија | Релевантни институции и организации |
|---|---|
| **1. Претставничка влада:** | |
| Слободни и фер избори | Државна изборна комисија, Министерство за внатрешни работи, граѓански организации |
| Еднакви можности за гласање за сите граѓани | Собрание, Влада, Државна изборна комисија, ресорни министерства, граѓански организации |
| Слободни политички партии | Собрание, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, политички партии |
| Избрани претставници на граѓаните | Државна изборна комисија, Собрание, Влада, граѓани и граѓански организации |
| **2. Основни човекови права:** | |
| Пристап до правда и правниот систем | Министерство за правда, судови, Народен правобранител, Собрание, граѓански организации |
| Граѓански права и слободи | Министерство за правда, Народен правобранител, Собрание, граѓански организации |
| Социјални права и еднаквост | Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика, Народен правобранител, Собрание, граѓански организации |
| **3. Контрола врз власта:** | |
| Медиумски интегритет | Министерство за информатичко општество и администрација, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Министерство за внатрешни работи, новинари и медиумски работници, Совет за етика во медиумите |
| Независно судство | Судови, Министерство за правда |
| Ефективен парламент | Собрание, Влада |

| | |
|---|---|
| **4. Професионална администрација:** | |
| Предвидливо спроведување јавни политики | Државна и јавна администрација |
| Отсуство на корупција | Државна комисија за спречување корупција, Министерство за внатрешни работи, граѓански организации |
| **5. Граѓанско учество:** | |
| Локална демократија | Локална власт, општинска администрација, граѓански организации |
| Директна демократија | Државна изборна комисија, граѓани и граѓански организации |
| Учество на избори | Државна изборна комисија, граѓани со право на глас |
| Учество на граѓанското општество | Граѓански организации и групи на застапување, ресорни министерства и институции |

***Забелешка:*** Доколку не постојат услови за истражување на интернет во текот на часот, наставникот може работниот лист да го зададе како домашна задача на крајот на претходниот час или да испечати информации за некои институции во РСМ кои се релевантни за глобалните индикатори за демократија.

На крајот на презентациите, наставникот извлекува заклучок:

Демократскиот облик на управување претставува збир на институции во една држава, при што државната власт носи одлуки на разни теми кои ги засегаат сите граѓани, со помош на различните институции. Државната власт е сложена и разгранета на повеќе институции за да може да обезбеди ефикасност, демократија и стручност. Со други зборови, институциите се неопходен дел од демократскиот државен поредок. Поради тоа, во една демократија сите формирани институции треба да се функционални за да се овозможи развој во општеството.

## *Завршен дел на часот* ***(10 мин.)***

Во завршниот дел на часот наставникот ги насочува учениците повторно да го разгледаат работниот лист 4.3. и да размислат за нивните искуства од секојдневниот живот во РСМ. Потоа поттикнува дискусија за проценката на учениците околу тоа колку РСМ ги исполнува поединечните индикатори.

## *Активност за рефлексија и евалуација* ***(5 мин.)***

Наставникот им задава задача на учениците да размислат за дадените прашања и одговорите да ги запишат во своите рефлексивни дневници:

1. Преку активностите на овие два часа, научив дека ...
2. Содржините за демократски вредности ме натераа да размислам за ...
3. Од демократските вредности кои ги обработивме, за мене лично најважна е...
4. Поради содржините за демократски вредности, станав свесен/свесна за ...
5. Во иднина, наученото од овој час ќе го применувам, така што ...

# Работен лист 4.3.

## Глобални индикатори за демократија[7]

1. **Претставничка влада:**

- Слободни и фер избори
- Еднакви можности за гласање за сите граѓани
- Слободни политички партии
- Избрани претставници на граѓаните

2. **Основни човекови права:**

- Пристап до правда и правниот систем
- Граѓански права и слободи
- Социјални права и еднаквост

3. **Контрола врз власта:**

- Медиумски интегритет
- Независно судство
- Ефективен парламент

4. **Професионална администрација:**

- Предвидливо спроведување јавни политики
- Отсуство на корупција

5. **Граѓанско учество:**

- Локална демократија
- Директна демократија
- Учество на избори
- Учество на граѓанското општество

7 Прилагодено од: https://www.idea.int/data-tools/tools/global-state-democracy-indices

# Содржина: Власта во функција на граѓаните

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да идентификува власт што е во функција на граѓаните.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да набројува карактеристики на власт во функција на граѓаните,
- да ги опишува уставот и законите како основа за конституирањето на власта во државата,
- да полемизира за употреба и злоупотреба на надлежностите што произлегуваат од различни позиции на власт.

## Потребни материјали:

предлог-тврдења за дискусија.

## Методи, техники, форми:

фронтална (заедничка) форма, групна форма на работа, дискусија

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот им дава насоки на учениците да замислат ситуација во која сите луѓе се апсолутно слободни и не постојат никакви морални правила или закони кои го ограничуваат нивното однесување. Тоа значи дека секој има право на сè, секој може да прави што сака, да се движи каде што сака, да зборува што сака. Наставникот поттикнува дискусија меѓу учениците (во времетраење од 10 минути) со следните прашања:

- Во една ваква ситуација, во која сите луѓе се апсолутно слободни, како мислите дека се однесуваат луѓето меѓу себе? (Се очекува од учениците да одговорат дека кој било би можел да ги земе ресурсите како храна и вода на другиот, да се движи или да живее на неговото земјиште/во неговиот дом, физички да го нападне или казни.)
- Зошто очекувате такво однесување од луѓето? (Се очекува од учениците да посочат дека причината за ваквото однесување на луѓето е недостатокот на правила и на закони.)
- Замислете си дека вие сте еден од луѓето кои живеат во ситуација каде што нема правила. Околу вас често се случуваат примерите што ги споменавте, па живеете во страв, недоверба и насилство. Што вие би направиле за да живеете во мир и спокој? (Се очекува од учениците да посочат на договарањето на основни начела на однесување како можно решение на проблемот.)
- Од кои апсолутни слободи и права треба да се откажат граѓаните во име на општествениот договор, за да добијат заштита од државата? (Можни одговори: апсолутната слободата на движење – не смееш без дозвола да влегуваш во нечиј туѓ дом; апсолутна слобода на говор - не смееш да користиш говор на омраза; апсолутно право на имот - не смееш да присвојуваш работи по пат на сила; апсолутно право на приватност - државата мора да има твои податоци, за да може да те заштити и сл.).

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува заклучок:

Состојбата во која нема никакви правила и сите луѓе се апсолутно слободни се нарекува „природна состојба“ и се смета дека брзо би преминала во состојба на немир каде што секој бил во војна против секого и каде што владеел страв, недоверба и насилство. Сакајќи да го избегнат живеењето на овој начин, луѓето решиле да склучат т.н. „општествен договор“ - се договориле дека е потребно да се откажат од апсолутните слободи, а во замена да креираат морални правила и закони кои имаат за цел да ги заштитат. Па така, луѓето се договориле да формираат држава, и ѝ дале моќ или монопол врз правото да ги казни оние кои не се придржуваат до правилата и законите. Значи, луѓето се откажале од своите апсолутни слободи за да добијат заштита на нивните права, а таа заштита сега ја овозможува државата.[8] Ова се нарекува *теорија на општествен договор* и се користи за

8 The Enlightenment: Social Contract. Достапно на:https://www.youtube.com/watch?v=Av6R8QfgZ48

да се објасни зошто се појавила потребата за формирање држави. Сепак, важно е да се напомене дека оваа теорија е хипотетичка и не илустрира конкретен историски настан/период.

## *Главен дел на часот* ***(20 мин.)***

Државата претставува форма на здружување која се разликува од другите општествени групи по својата цел – да воспостави ред и безбедност; по своите методи – закони и нивна примена; нејзината територија - географски рамки во кои има право да постапува; и конечно, по суверенитетот.[9]

Од општествениот договор помеѓу луѓето потекнува идејата за суверенитет. **Суверенитетот** во суштина ја претставува единствената волја на граѓаните. Нашиот Устав го препознава токму ова и вели дека „суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните". Бидејќи граѓаните се договориле да оформат држава, државата е израз на нивната единствена волја. Имајќи предвид дека суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа ним, важно е тие да можат да учествуваат и да одлучуваат на кој начин државата ќе биде организирана и управувана. Со тоа што суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа ним, а државата ја формираат граѓаните, суверенитетот се пренесува на државата. Суверенитетот на една држава е заштитен од Уставот на таа држава, а се остварува преку поделба на властите (законодавна, извршна, судска власт) кои, пак, имаат врховен политички авторитет да носат закони, спроведуваат одлуки или овозможуваат почитување на Уставот, а со тоа и заштита на правата на граѓаните. Тоа значи дека што ќе одлучи суверената власт, важи за сите граѓани на нејзината територија, од политичари, компании, локална власта, до секој поединечен граѓанин.[10]

Една држава има три клучни карактеристики: територија, население и суверена власт. Државата е територијална заедница, односно власта е ограничена на одредено население, кое живее на одредена територија. Па така, целата територија во светот е поделена на 193 различни држави кои се разликуваат по големината на населението, односно бројот на граѓани кои живеат на територијата на една држава т.н. државјани.

Државата има право да ги наметне правилата и законите врз своите државјани, „но од друга страна е должна да гарантира правна сигурност, да обезбеди неопходни услови

9 Британика, Државата како суверен политички ентитет. Достапно на: https://www.britannica.com/topic/state-sovereign-political-entity

10 The Political Theory of Thomas Hobbes: The Sovereign and the State. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=BsN3f1-DFbA

за живот и работа, да обезбеди граѓански и политички права, да го заштити граѓанинот“. Суверената државна власт во суштина значи дека таа е највисок политички авторитет во една држава која самостојно донесува одлуки. Во една држава не може да има повеќе суверени власти, на пример два парламенти, две влади, две судства, кои имаат право да одлучуваат за сите државјани[11] . Суверените држави не смеат да се мешаат во внатрешните работи на други суверени држави.

## Добро управување/владеење

За да можеме да кажеме дека одредена власт е во функција на граѓаните, всушност треба да се прашаме колку власта се придржува на принципите на добро управување/владеење: транспарентност, отчетност, пресретливост на потребите на граѓаните, инклузивност и партиципативност и ефикасност. Управувањето, всушност, се однесува на начинот на кој се добива, пренесува и се практикува моќта за донесување одлуки во рамките на едно општество. Доброто управување подразбира дека донесувањето одлуки е споделено, така што моќта и ресурсите нема да бидат акумулирани во рацете на поединец или група, но и дека сите имаат подеднаква можност да ги користат јавните услуги и да учествуваат во процесите на донесување одлуки. Ова подразбира редовна консултација меѓу владините органи и граѓаните, така што властите одговараат пред граѓаните за нивната доверба и гарантираат дека им служат на нивните интереси.

**Активност:**

### Власт во функција на граѓаните (10-15 мин.)

Наставникот им најавува на учениците дека ќе чита различни постапки и начини на раководење од страна на власта и на државните институции. Учениците ќе треба групно да дискутираат, по што ќе се групираат во две групи (1) постапки на власт која е во функција на граѓаните (Ф) и (2) постапки на власт која не е во функција на граѓаните (Н). Во зависност од времето на располагање и интересот на учениците, наставникот може и да направи избор на неколку од дадените предлог-тврдења за подлабинска дискусија.

11 Внимавајте, на пр. во федерални држави, има една федерална власт, но и повеќе власти на ниво на федерални единици. Вторите имаат надлежност само на ниво на нивната територијална единица, но само федералната власт има надлежност на ниво на цела територија. Слично е и со локалната самоуправа.

Предлог-тврдења:

- Сите иницијативи поднесени од граѓаните се одбиваат. (Н)
- Граѓаните имаат можност да учествуваат на седниците на Советот на општината. (Ф)
- Општината редовно објавува годишни извештаи за потрошениот буџет, на начин разбирлив за граѓаните. (Ф)
- Службата за односи со јавност на Владата одговара навремено на сите новинарски прашања.(Ф)
- Министерството за здравство редовно објавува информации од интерес за граѓаните на својата веб-страница. (Ф)
- Училиштата од системот на јавно образование не запишуваат деца кои немаат лични документи. (Н)
- Просториите на Агенцијата за вработување се пристапни за лица со попреченост. (Ф)
- Здруженијата на наставници и ученици редовно се консултирани во процесот на смислување и спроведување образовни реформи. (Ф)
- Државната комисија за спречување корупција редовно реагира на случаи на конфликт на интереси во институциите. (Ф)
- Граѓаните чекаат по неколку месеци за да добијат информација од страна на одредено министерство. (Н)

## *Завршен дел од часот/ Активност за рефлексија и евалуација* *(5 мин.)*

Наставникот започнува дискусија со учениците според дадените прашања:

- Зошто според тебе е важна оваа лекција?
- Колку од содржината обработена на овој час ти беше веќе позната, а со колку се запозна за прв пат?
- Како би можел/а знаењето стекнато на овој час да го примениш во секојдневието?

# Содржина: Власта во функција на граѓаните

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да го објаснува функционирањето на државата и да ги идентификува начините на учество во власта и јавниот живот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да дебатира аргументирано дека избраната власт треба да ги претставува интересите на сите граѓани.
- да полемизира за употреба и злоупотреба на надлежностите што произлегуваат од различни позиции на власт.

## Потребни материјали:

шпил карти*, ресурси за поделба (бонбони, жетони, и сл.)**

## Методи, техники, форми:

групна работа, симулација, дискусија

## Воведен дел на часот (2 мин.)

Наставникот им најавува на учениците дека за овој час е предвидена игра за редистрибуција на ресурси, при што ќе користат шпил карти и „ресурс" кој ќе се дистрибуира.

*Ако класот има повеќе од 20 ученици, од шпилот карти се земаат онолку карти, колку што има ученици, со тоа што се внимава сите кралови, кралици и џандари да бидат поделени. На пример, ако класот има 20 ученици, од шпилот карти задолжително се земаат крал, кралица и џандар во сите бои (12 карти) и 8 карти со броеви од 1 до 10. Ако класот има помалку од 20 ученици, се земаат крал, кралица и џандар во 2 бои (на пр. срце и лист - 6 карти вкупно), а останатите карти се земаат од картите со броеви од 1 до 10.

**Потребни се ресурси, кои се пресметуваат на следниот начин nX2+10, каде n е бројот на ученици во класот. На пример, класот има 20 ученици, значи 20x2+10=50 ресурси.

## Главен дел на часот (28 мин.)

**Активност:**

### Игра за редистрибуција на ресурси[1]

Наставникот најавува дека ќе се играат две верзии од играта, „автократска" и „демократска" според правилата кои тој ќе ги објасни. Прво се игра „автократската", па „демократската" верзија, по што следува дискусија.

Редоследот на чекори во играта е следен:

1. Владетелите и владата носат одлука за начинот на поделба на ресурсите,
2. Елитите или собранието одлучуваат дали ќе ја поддржат или нема да ја поддржат одлуката на владата,
3. Граѓаните го имаат конечниот збор и ресурсите се делат кога граѓаните ќе ја донесат одлуката.

***Забелешка:*** Наставникот треба да биде однапред запознаен со правилата на игра, со цел соодветно да се подготви. Правилата на игра не се читаат пред учениците однапред, туку наставникот ги воведува учениците чекор по чекор, зависно од изборот кој учениците ќе го направат во текот на играта.

1 Active Learning in PoliticalScience, Democracy vs. Autocracy: The Resource Distribution Game. Достапно на: https://activelearningps.com/2016/10/14/democracy-vs-autocracy-the-resource-distribution-game/

## АВТОКРАТСКА ВЕРЗИЈА

Поделба на улоги:

**Ако класот има над 20 ученици**, шпилот карти треба да содржи онолку карти колку што има ученици, како што е објаснето погоре. Секој ученик извлекува по една карта. Оние ученици кои ќе добијат крал, кралица или џандар лист ја добиваат улогата на **владетели (власт, оние кои одлучуваат)** – вкупно 3 ученици; крал, кралица и џандар во срце, баклава и детелина се **елитите (партијата на власта, војската, семејствата на владетелите)** – вкупно 9 ученици. Останатите карти од 1 до 10, во која било боја ги претставуваат **граѓаните.**

**Ако класот има под 20 ученици**, шпилот треба да содржи онолку карти колку што има ученици, како што е објаснето погоре. Секој ученик извлекува по една карта. Оние ученици кои ќе добијат крал и кралица лист ја добиваат улогата на **владетели (власт, оние кои одлучуваат)** – вкупно 2 ученици; џандарите и крал и кралица во срце се **елитите (партијата на власта, војската, семејствата на владетелите)** – вкупно 6 ученици. Останатите карти од 1 до 10, во која било боја ги претставуваат **граѓаните**.

Автократската верзија на играта се одвива според следниот редослед (чекорите се прикажани на слика 12):

**Слика 12. Чекори во автократската верзија на играта.**




1. Владетелите треба да ги поделат ресурсите (на пр. 50 бонбони) помеѓу трите групи: владетели, елити и граѓани. Владетелите ја дискутираат одлуката надвор

од училница (најмногу 2 мин.) пред да му ја соопштат на класот. Важно е да се има предвид дека откако владетелите ќе ги поделат ресурсите помеѓу владетелите, елитите и граѓаните, внатре во категориите, поделбата е еднаква меѓу сите кои припаѓаат на таа група. (На пример, сите претставници на елитите добиваат еднаков број ресурси.)

2. Откако владетелите ќе ја донесат одлуката, се враќаат во училницата и ја соопштуваат поделбата на ресурсите пред сите.

3. Сега е ред на елитите да дискутираат надвор од училница (најмногу 2 мин.) и да одлучат дали ќе ја прифатат или отфрлат одлуката со гласање. Одлуката се носи со мнозинство гласови од елитите.

   3.1. Доколку елитите ја прифатат одлуката на владетелите, ресурсите се делат на оној начин на кој одлучиле владетелите, а се согласиле елитите.

   3.2. Доколку елитите ја отфрлат одлуката, се смета дека ги симнале владетелите од власт и поради тоа, владетелите не добиваат од ресурсите. Елитите одлучуваат за нова поделба на ресурсите помеѓу елитите и граѓаните. Меѓутоа, затоа што промената на власта значително влијае врз економијата, 1/3 од ресурсите се уништени (наставникот ги одзема од купчето), така што сега се делат само 2/3 од ресурсите на почетокот на играта.

4. Откако елитите ќе ја соопштат одлуката, граѓаните треба да одлучат дали ќе ја прифатат или ќе ја отфрлат со бунт. Граѓаните ја носат одлуката надвор од училницата (најмногу 2 мин.).

   4.1. Ако граѓаните решат да ја прифатат одлуката, бонбоните се делат на оној начин на кој одлучиле владетелите и/или елитите.

   4.2. Ако граѓаните решат да се побунат поради распределбата, за бунтот да биде успешен мнозинството граѓани треба да учествуваат - потребна е согласност од ¾ од граѓаните за да се спроведе успешен бунт.

5. Ако граѓаните успешно одлучат да се бунтуваат, доаѓа до немири во кои страдаат владетелите и елитите. Поради немирите, дел од граѓаните заминуваат од државата (сите граѓани кои имаат карта во срце). Но, бидејќи немирите ја уништуваат економијата, оние кои ќе преживеат и нема да заминат, добиваат само по едно парче од ресурсите.

Заклучоци кои треба да ги има предвид наставникот во „автократската“ верзија:

- Поради тоа што одлуките се носат тајно, без консултации помеѓу владетелите, елитите и граѓаните, многу е веројатно дека на крајот граѓаните нема да бидат задоволни од распределбата на ресурсите.
- Поради тоа што граѓаните немаат друг начин да покажат дека не се согласуваат со одлуката и да ги натераат владетелите и елитите да ја сменат замислената поделба на ресурси, тие мораат да се бунтуваат.
- Поради настанатите немири, ресурсите значително се намалуваат.

## ДЕМОКРАТСКА ВЕРЗИЈА

Поделба на улоги:

**Ако класот има над 20 ученици,** шпилот карти треба да содржи онолку карти, колку што има ученици, како што е објаснето погоре. Секој ученик извлекува по една карта. Оние ученици кои ќе добијат крал, кралица или џандар лист ја добиваат улогата на **извршната власт (владата како тело кое носи одлуки)** – вкупно 3 ученици; крал, кралица и џандар срце, баклава и детелина се **пратениците во Собрание** – вкупно 9 ученици. Останатите карти од 1 до 10, во која било боја ги претставуваат **граѓаните.**

**Ако класот има под 20 ученици**, шпилот треба да содржи онолку карти колку што има ученици, како што е објаснето погоре. Секој ученик извлекува по една карта. Оние ученици кои ќе добијат крал или кралица лист ја добиваат улогата на **извршната власт (владата како тело кое носи одлуки)** – вкупно 2 ученици; џандари, крал и кралица во срце се **пратениците во Собрание** – вкупно 4 ученици. Останатите карти од 1 до 10, во која било боја ги претставуваат **граѓаните**.

Демократската верзија на играта се одвива според следниот редослед (чекорите се прикажани на слика 13):

**Слика 13. Чекори во демократската верзија на играта.**




1. Претставниците на владата треба да ги поделат ресурсите помеѓу владата, пратениците

и граѓаните. Членовите на владата ја дискутираат одлуката за распределба на ресурсите во училницата пред целиот клас. Тие можат да се консултираат со пратениците и граѓаните околу одлуката. Откако ќе ги поделат ресурсите помеѓу владата, пратениците и граѓаните, внатре во групите, поделбата треба да биде еднаква помеѓу сите кои припаѓаат на таа група.

2. Откако владата ќе ја соопшти одлуката за распределба, претставниците на собранието дискутираат пред класот. Тие може и да се консултираат со граѓаните, по што одлучуваат дали ќе ја прифатат или отфрлат одлуката со гласање. Одлуката се носи со мнозинство гласови од членовите на собранието.

   2.1. Доколку собранието ја прифати одлуката на владата, ресурсите се делат на оној начин на кој одлучила владата.

   2.2. Доколку собранието одлучи да ја отфрли одлуката, се смета дека на владата ѝ е изгласана недоверба. Пратениците сега одлучуваат за нова поделба на ресурсите помеѓу пратениците и граѓаните, повторно со мнозинство гласови од пратениците. Бидејќи се работи за уставна процедура, не се губат ресурси, па пратениците одлучуваат како да ги распределат ресурсите помеѓу пратениците и граѓаните.

3. Граѓаните одлучуваат дали ќе ја прифатат одлуката за распределба на ресурсите или ќе ја отфрлат со мнозинство гласови.

   3.1. Доколку граѓаните ја прифатат одлуката на собранието, распределбата на ресурсите ќе се одвива на начин на кој одлучило собранието.

   3.2. Доколку мнозинството од граѓаните не ја прифатат одлуката, владата и собранието се распуштаат и не добиваат никакви ресурси, додека секој граѓанин добива по две парчиња од ресурсот.

Заклучоци кои треба да ги има предвид наставникот во „демократската" верзија:

- Поради тоа што одлуките се носат јавно и владата и собранието може да одлучат да ги консултираат граѓаните, многу е поверојатно дека одлуката на крај ќе биде прифатена од граѓаните.
- Граѓаните може да изберат да го кажат незадоволството додека се носи одлуката, да ја оспорат одлуката преку нивните претставници во собранието, или на крај да бараат распуштање на собранието и нови избори.
- Од сите, најверојатно најнеповолен исход ќе биде последниот затоа што сите губат ако владата и собранието не носат навремени одлуки во интерес на сите, но повторно граѓаните имаат загарантиран минимум ресурси кои се делат (наместо целосно

губење ресурси), затоа што смена на власта преку избори е фер и демократска постапка.

## *Завршен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија помеѓу учениците:

- Како владетелите и владата ја донесоа одлуката за поделба на ресурсите во првиот и во вториот случај? Зошто се одлучија за таков тип поделба? Какви разлики во дефиницијата за „фер" распределба има помеѓу владетелите и владата?
- Зошто елитите и собранието се одлучија да ја поддржат/отфрлат одлуката во првиот и во вториот случај? Каков тип одлука ќе ги натераше да гласаат спротивно?
- Зошто граѓаните се одлучија да ја поддржат/отфрлат одлуката во првиот и во вториот случај? Колку се задоволни од конечната распределба на ресурси?
- Чии интереси ги застапуваа владетелите, а чии владата?
- Кои се предностите на гласање наспроти други постапки (пр. неизлегување на избори, насилство) при промена на власта?
- Кои правила, автократските или демократските, според вас беа пофер (им користеа на сите еднакво, беа јавно дискутирани и презентирани)?

Наставникот извлекува заклучок од групната дискусија:

Целта на оваа игра е да нагласи неколку поенти. Прво, демократските власти се одговорни пред мнозинството граѓани (за да се изгласа недоверба на владата или на собранието беше потребно само мнозинство), додека автократските влади одговараат пред мала група блиски соработници (за да можат граѓаните да се бунтуваат им беше потребно супермнозинство од 3/4).

Понатаму, во државите со демократска власт, власта мора да се грижи за интересите на сите граѓани. Во спротивно таа може да биде лесно заменета со гласање недоверба од страна на собранието или со гласање за друга партија на избори. Во авторитарни системи, таква редовна контрола од страна на пратениците или на избори од граѓаните не постои. Затоа промените се често насилни, што, пак, е на штета на целото општество затоа што притоа се губат човечки животи и државата слабее економски (во играта, во автократската верзија, иако бунтот е успешен, сите преживеани граѓани добија само по едно парче од ресурсот).

Конечно, одлуките во демократските системи се носат пред јавноста (и владата

и собранието во второто сценарио дискутираат пред класот како ќе ја спроведат распределбата). Кај автократските системи, одлуките често се носат помеѓу мал круг луѓе, во тајност, без присуство на јавноста и без нејзин удел во одлучувањето (во првото сценарио владетелите и елитите дискутираа надвор од училницата за тоа како ќе ја спроведат распределбата).

## *Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија:

- Што научивте од оваа активност?
- Што ви се допадна кај оваа активност, а што не?
- Ако можете да ги промените правилата на оваа вежба за да биде поинтересна, што би промениле?
- На кој начин она што го научивте од вежбата можете да го искористите во вашето секојдневие?

# Содржина: Како е организирана власта во Република Северна Македонија

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- ги опишува карактеристиките на правната држава,
- ги дефинира поимите интегритет/социјален притисок, корупција и непотизам,
- ги опишува облиците во кои може да се појави корупцијата.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да ги препознае карактеристиките на правната држава,
- да ги објасни негативните појави што го нарушуваат владеењето на правото.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, фотографии од институции, веб-страници

## Методи, техники, форми:

фронтален (заедничка) форма, групна работа, истражување, презентација, бура на идеи, дискусија, квиз.

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот на почетокот на часот преку кратки прашања ги прашува учениците за поделбата на демократската власт:

- Која е една од најважните карактеристики на демократските системи? (Можни одговори: поделбата на власта, еднаквоста пред законот, основните човекови права итн.)
- Како е поделена демократската власт во нашата држава? (Очекуван одговор: демократската власт е поделена на законодавна, извршна и судска власт.)
- Кои се носители на законодавната, извршната и судската власт во нашата држава? (Очекуван одговор: носител на законодавната власт е Собранието на РС Македонија, носител на извршната власт е Владата на РС Македонија и носители на судската власт се судовите во РС Македонија.)

## Главен дел на часот (33 мин.)

## Теоретски дел (5 мин.)

Поделбата на власта претставува клучна демократска вредност. Историјата покажала дека кога некој човек или мала група луѓе имаат неограничена власт и моќ, многу често можат да ја злоупотребат својата положба и моќ, па останатите луѓе во државата да немаат исти права и слободи, да не носат заеднички одлуки, да не учествуваат во власта. Во современите теории се смета дека колку повеќе власта е разделена на различни институции, толку демократијата е на повисок степен. Во демократските системи, владеењето само на една институција или една личност е целосно неприфатливо. Затоа, основа на демократијата е поделеноста на власта на повеќе институции или личности. Секоја од нив има свои задачи и права и ниту една од нив не смее од нив да отстапи или да ги пречекори спротивно на законот и утврдениот принцип.

Поделбата на власта се гарантира со Уставот и законите. Моќта на управување и донесување одлуки се дели, таа не е концентрирана на едно место, а деловите од демократската власт преку државните институции се контролираат една со друга.

Во демократските уредувања најчесто власта се дели на три дела: законодавна, извршна и судска власт. Оваа поделба е во согласност со основните функции што треба да ги оствари една демократска власт (законодавна, извршна и судска функција). Така е поделена и демократската власт во нашата држава.

***Забелешка:*** Бидејќи материјалот од овој теоретски дел треба да им е познат на учениците од претходно усвоени наставни содржини, наставникот може да го предава интерактивно со често поставување прашања. Може со прашања да поттикне дискусија за поделбата на власта. На пр. зошто власта е поделена на повеќе дела? Што би се случило ако само една од нив ја има моќта? ... да се побара учениците да дадат пример и сл.

Наставникот обезбедува фотографии од Парламентот, Владата и некои од судовите во нашата држава.

***Активност:***

## *Истражување и презентација за надлежностите на власта и институциите што ги претставуваат (28 мин.)*

Учениците се делат во три групи и имаат по 10 минути за истражување на зададените теми и подготовка на кратки презентации. Трите групи ученици добиваат различни задачи кои може да бидат зададени претходно за домашна работа или да се одвиваат целосно на самиот час. Како извори за истражувањето се користат Уставот на РС Македонија, информации од интернет, претходните познавања на учениците и друга литература. Доколку некој ученик нема интернет дома или нема интернет во училиштето, наставникот им обезбедува печатени материјали.

Корисни линкови за пребарување:

Законодавна власт: https://www.sobranie.mk/

Извршна власт: https://vlada.mk/ , https://pretsedatel.mk/

Судска власт: www.sud.mk , http://ombudsman.mk/ , http://jorm.gov.mk/

Првата група добива задача да истражува и да презентира за **законодавната власт.** Групата може да се подели во две подгрупи (I-А и I-Б). Првата подгрупа да работи на општо истражување за Собранието на РС Македонија (парламентот). Како се избира, што претставува, колку пратеници има, како треба да се однесуваат пратениците, каков треба да е нивниот авторитет и интегритет. Втората подгрупа треба да работи на надлежностите и улогата на Собранието, односно какви одлуки донесува, која е неговата улога во извршната и судската власт, кои области од општественото живеење ги уредува и сл.

**Втората група** добива задача да истражува и да презентира за **извршната власт.** И втората група може да се подели во две подгрупи (II-А и II-Б). Првата да истражува и да работи за Владата на РС Македонија, нејзиниот состав и нејзината улога и надлежности. А втората подгрупа да работи и да истражува за функцијата и институцијата Претседател на РС Македонија, бидејќи повеќето надлежности на претседателот се дел од извршната власт.

**Третата група** добива задача да истражува и презентира за **судската власт.** Се формираат три подгрупи (III-А, III-Б и III-В). Првата подгрупа работи за основната улога на судската власт и за основните и апелационите судови. Втората подгрупа работи и истражува за Управниот суд, Вишиот Управен суд, Врховниот суд и Уставниот суд. Третата подгрупа работи и истражува за Јавното обвинителство и Народниот правобранител, односно кои се целите и принципите на работа на овие институции.

На крајот од истражувањето, секоја подгрупа подготвува по пет кратки прашања поврзани со содржините што ќе ги презентираат, кои носат по 2 поени. Подгрупите ги спојуваат презентациите и прашањата, по што ги презентираат сработените задачи пред сите ученици (секоја група добива по 5 минути за презентирање).

## *Завршен дел на часот и активност за рефлексија и евалуација* (7 мин.)

По завршување на презентацијата од трите групи, претставникот од секоја група спроведува брз квиз за останатите ученици кои не биле дел од групата, за проверка на совладаните информации од темата според прашањата кои секоја група ги има одвоено. Наставникот ги забележува освоените поени на групите, а по завршување на квизот од третата група – ја соопштува победничката група со најмногу поени.

**Предлог-прашања за квиз:**

- Како е организирана власта во нашата држава?
- Објасни ја законодавната власт (носител, состав, надлежности).
- Објасни ја улогата на Владата на РС Македонија (состав, надлежности).
- Кој ја врши и како функционира судската власт во нашата држава?
- Какви судови има и која е нивната функција? (за секој суд одделно)
- Која е улогата на Јавното обвинителство?
- Која е улогата на Народниот правобранител?

# Содржина: Како е организирана власта во Република Северна Македонија

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да го објаснува функционирањето на државата и да ги идентификува начините на учество во власта и јавниот живот

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да разликува централна и локална власт,
- да го опишува значењето на децентрализацијата на власта.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, маркери, хамери или флипчарт хартија,
работен лист 4.4.

## Методи, техники, форми:

дискусија, демонстрација, бура на идеи, индивидуална работа

## Воведен дел на часот (7 мин.)

Наставникот го започнува часот со играта „Бура на идеи“. На табла пишува 2 поима кои ќе се обработуваат на часот (децентрализација и локална самоуправа). Ги поттикнува учениците да размислуваат за идеи и мислења или предзнаења за секој од поимите. Учениците ги запишуваат во својата работна тетратка или на лист хартија. Потоа учениците на покана од наставникот ги кажуваат идеите, мисленњата или предзнаењата. Дел од нив се запишуваат на табла. Сите дадени идеи, мислења и предзнаења се земаат предвид без да води сметка за нивната точност. Им се нагласува на учениците дека не треба да заземаат критички став кон кажаното, а добиените информации ги надополнува наставникот во главниот дел на часот.

## Главен дел на часот (30 мин.)

## Теоретски дел (5 мин.)

### Децентрализација

Покрај поделбата на законодавна, извршна и судска власт, постои и друг начин на поделба на власта според организацијата на власта и распределувањето на функциите на централно и на локално ниво, односно науката познава централизирана власт и децентрализирана власт или централна и локална власт. Во минатото владетелите и властите на државите се обидувале нивните држави да бидат што повеќе централизирани. Односно целата власт да биде водена од еден центар од една личност или мала група луѓе. Во современиот свет многу држави се децентрализирани, односно се префрлаат дел од надлежностите од централната власт на регионална или локална власт. Тој процес е пример за напредните демократски држави и се нарекува процес на **децентрализација**. Децентрализацијата претставува распределување на функциите од централната власт, односно од извршната (Владата) и законодавната (Собранието) на локалната власт. Со други зборови децентрализацијата претставува ширење на локалната автономија, односно централната власт и доделува одредена самостојност во донесувањата одлуки на локалната самоуправа.

Децентрализацијата има за цел да обезбеди зајакнување на квалитетот на живот на граѓаните на локално ниво, ефективни и квалитетни јавни услуги, како и економски развој.

### *Локална самоуправа*

На граѓаните од нашата држава со Уставот им е гарантирано правото на **локална самоуправа** и претставува демократска вредност. Локалната самоуправа е организација на власта на локално ниво. Некои ја нарекуваат „четврта власт" покрај законодавната, извршната и судската власт. Во локалната самоуправа граѓаните учествуваат непосредно и преку свои избрани претставници за прашањата од локално значење. Локалната самоуправа кај нас е организирана по општини и Градот Скопје кои се единици на локалната самоуправа. **Општината** е заедница на жителите на одредено територијално подрачје. Во општините, пак, може да се основаат пониски облици на локална самоуправа: месна заедница - во руралните средини, и урбана заедница - во градовите. Во Република Северна Македонија локалната самоуправа е територијално организирана во 81 општина, од кои 10 во градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Сите општини имаат еднакви надлежности.

Избрани претставници се **Градоначалникот** на единицата на локалната самоуправа (кој има извршна функција) и советниците во **Советот** на единицата на локалната самоуправа (кој има законодавна функција). Советот на општината е претставнички орган на граѓаните. Членовите на Советот се претставници на граѓаните и се избираат со тајно гласање на општи, непосредни и слободни избори, попознати како „локални избори". Бројот на избраните членови на Советот, зависи од големината и бројот на жители на општината, и изнесува од 9 до 33 советници.

Советот работи на седници што се јавни, што значи дека на нив може да присуствува секој граѓанин. Градоначалникот е орган што ги извршува одлуките на Советот. Градоначалникот се избира, исто така, непосредно, на истите локални избори како и Советот.

Општините имаат ограничени надлежности за вршење работи што се од интерес на целата локална заедница. Тоа се следните работи од локално значење:

- урбано и рурално планирање;
- заштита на животната средина и природата;
- локален економски развој;
- комунални дејности;
- култура;
- спорт и рекреација;
- социјална заштита и заштита на децата;
- образование;
- здравствена заштита;
- спроведување подготовки и преземање мерки за заштита и спасување од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

## Активност:

### За каква надлежност станува збор? (15 мин.)

Наставникот им го дели работниот лист 4.4. на учениците и им објаснува дека работниот лист се состои од две колони, од кои едната содржи специфични примери од надлежностите на општините, а втората ги содржи видот на надлежност. Учениците треба индивидуално да ги прочитаат тврдењата, да размислат околу видот на надлежност и да ги поврзат примерите со соодветната категорија надлежност.

## Пример за наставникот пополнет работен лист

| Пример | Надлежност |
|---|---|
| Во село Калишта, во селската амбуланта е вработен доктор по општа медицина | Здравствена заштита |
| Општина Дебар донесе мерки за пошумување на бреговите на реките Дрим и Радика заради заштита од ерозија. | Заштита на животната средина и природата |
| На бул. Џон Кенеди е поставено ново улично осветлување. | Комунални дејности |
| Во деталниот урбанистички план за Маџир Маало е предвидена изградба на хотел. | Урбано и рурално планирање |
| Советот на општина Гостивар со одлука издвои финансиски средства од буџетот на општина Гостивар за СОУ „Гостивар" за изградба на спортска сала. | Образование |
| Општина Штип согласно со Планот и програмата за управување со отпад предвидува изградба на центри за рециклирање. | Комунални дејности |
| Општина Битола го организира годишното културно лето „Бит-фест". | Култура |
| Општина Ресен во програмата за работа предвиде едукација на граѓаните за произведување еколошки јаболка. | Заштита на животната средина и природата |
| Советот на општината одобри паричен фонд за поддршка на развој на мали и средни претпријатија. | Локален економски развој |
| Општината обезбеди средства за изградба на дом за деца без родители и родителска грижа. | Социјална заштита и заштита на децата |

Откако учениците ќе завршат со поврзување на надлежностите, наставникот повикува неколку ученици да го презентираат нивниот начин на поврзување. Останатите ученици ги споредуваат нивните одговори. Доколку постои различно поврзување на поимите помеѓу учениците, наставникот може да поттикне дискусија за различниот пристап на учениците.

## Завршен дел на часот (5 мин.)

Во завршниот дел наставникот ги насочува учениците да размислат за предизвици и недостатоци кои учениците ги имаат во нивната локална заедница, а се од надлежност на општината во која живеат. Овие примери од нивниот секојдневен живот во локалната заедница треба да се презентираат и дискутираат во текот на следниот час.

Доколку е потребно, наставникот може да поттикне дискусија меѓу учениците преку следните прашања:

- Кои аспекти од вашата локална заедница (вклучително и училиштето) може да се подобрат?
- Како би ги подобриле условите?
- Кои се трите најголеми недостатоци на кои општината треба да посвети внимание?
- Какви активности би ѝ предложиле на општината за да ги подобри условите за живеење на граѓаните?

## Активност за рефлексија и евалуација (3 мин.)

Наставникот за рефлексија и евалуација на учениците им ги поставува следниве прашања:

- Што научивте ново?
- Што ви е сè уште нејасно?
- Што би се случило доколку не постои поделба на демократската власта?
- Која власт е најмоќна? Зошто мислите така?
- Во кој вид на власта би се вклучиле доколку би имале прилика за избор?

# *Работен лист 4.4.*

## *За каква надлежност станува збор?*

Поврзи ги примерите за надлежност со соодветниот вид надлежност на општините. Внимавај, еден вид надлежност може да одговара на повеќе примери.

| Пример |
|---|
| Во село Калиште е отворена амбуланта за примарна здравствена заштита. |
| Општина Дебар донесе мерки за пошумување на бреговите на реките Дрим и Радика заради заштита од ерозија. |
| На бул. Џон Кенеди е поставено ново улично осветлување. |
| Во деталниот урбанистички план за Маџир Маало е предвидена изградба на хотел. |
| Советот на општина Гостивар со одлука издвои финансиски средства од буџетот на општина Гостивар за СОУ „Гостивар“ за изградба на спортска сала. |
| Општина Штип согласно со Планот и програмата за управување со отпад предвидува изградба на центри за рециклирање. |
| Општина Битола го организира годишното културно лето „Бит-фест“. |
| Општина Ресен во програмата за работа предвиде едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање предавања. |
| Советот на општината одобри паричен фонд за поддршка на развој на мали и средни претпријатија и претприемништво. |
| Општината обезбеди средства за изградба на дом за деца без родители и родителска грижа. |

| Надлежност |
|---|
| Урбано и рурално планирање |
| Социјална заштита и заштита на децата |
| Здравствена заштита |
| Образование |
| Комунални дејности |
| Култура |
| Заштита на животната средина и природата |
| Локален економски развој |

# Содржина: Како е организирана власта во Република Северна Македонија

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна да го објаснува функционирањето на државата и да ги идентификува начините на учество во власта и јавниот живот.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да наведува конкретни начини на граѓанско учество во власта и во јавниот живот.

## Потребни материјали:

хартија, пенкала, маркери, хамери или флипчарт хартија, работен лист 4.5., работен лист 4.6.

## Методи, техники, форми:

дискусија, демонстрација, бура на идеи, групна работа.

## *Воведен дел на часот* (5 мин.)

Наставникот го започнува часот со поттикнување дискусија за претходно постигнати знаења релевантни за часот, според следните прашања:

- Што претставува активно граѓанство? (Очекувани одговори: влијание на граѓаните врз работата на институциите, самоиницијативност на граѓаните во подобрувањето на условите за живот на локално, национално или глобално ниво итн.)
- Зошто луѓето се здружуваат во различни форми на организирање? (Очекувани одговори: остварување заеднички цели и интереси, влијание во креирањето на локалните и националните политики, освојување на власта во државата по демократски пат, помагање на маргинализираните заедници итн.)
- Какви начини на граѓанско влијание врз институциите знаете? (Очекувани одговори: поднесување иницијатива, собирање потписи за петиција, протест, самоорганизирање на граѓаните во формални или неформални групи итн.)

## *Главен дел на часот* (35 мин.)

## *Теоретски дел на часот* (10 мин.)

Во најголемиот дел од современите општества запазена е тројната поделба на власта (законодавна, извршна и судска) како своевидна гаранција за правилното, праведното и демократско спроведување и извршување на власта. Народот, односно граѓаните ги избираат своите претставници на кои им го доверуваат управувањето со институциите, односно власта. Сепак, еден вид граѓански надзор и контрола врз избраните претставници се секогаш добредојдени и пожелни во слободно и демократско општество. Во денешните општества каде што граѓаните се сè повеќе политички засегнати, каде што политиката и водењето на државата стануваат круцијален дел од секојдневието, граѓаните стануваат посвесни и позрели во однос на заштитата на своите права и слободи, па затоа им се ставени на располагање одредени механизми за соодветна заштита, реагирање и дејствување тогаш кога сметаат дека е потребно. Тоа го прават преку **самоорганизирање, граѓански иницијативи** и други форми на делување.

Граѓаните, врз основа на граѓанското право за слобода на здружување и организирање и врз основа на нивните интереси, можат сами да се организираат во разновидни **граѓански здруженија.** Здруженијата претставуваат невладини, непартиски и непрофитни

организации во кои граѓаните се здружуваат заради остварување еколошки, социјални, културни, научни, хуманитарни, образовни, спортски и други интереси и уверувања.

И **синдикатите** сериозно влијаат на одлуките на власта. Синдикатите се организации на работници кои се залагаат за зачувување и унапредување на условите за работа. Здружувањето на работниците во синдикати им овозможува колективна моќ на работниците да влијаат на унапредување на работничките права.

Исто така граѓанин, група граѓани или здруженија на граѓани може да покренат **граѓанска иницијатива** произлезена од потребите и интересите на граѓаните и да ја доставaт до локалната или централната власт.

## *Што е граѓанска иницијатива?*

Под овој термин, во најширока смисла, можат да се опфатат сите видови активности и дејствија кои граѓаните ги преземаат со цел да извршат некаква општествена промена или да постигнат некаква цел. Овие активности и дејствија им овозможуваат на граѓаните да станат активни учесници во донесувањето политики и креирањето општествени промени, како во нивните локални заедници, така и на ниво на државата.

Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право да поднесува претставки и предлози до државните органи, јавните служби и установи, како и до претпријатијата со јавни овластувања и за нив да добие соодветен одговор. Претставката, односно предлогот, може да се однесува на кое било прашање или проблем поврзано со остварувањето и заштитата на правата и интересите на граѓанинот или заштитата на некој јавен интерес. Во однос на формата, нема некоја посебна задолжителна форма и за неа не се плаќа никаква такса. Поднесувањето може да биде усно или писмено. По поднесената претставка или предлог, органот на кого таа се однесува е должен да даде одговор во рок од 15 дена од денот на приемот, односно 30 дена од денот на приемот доколку станува збор за некоја посложена претставка или предлог.

Граѓанинот може да поднесе предлог или претставка до:

- Претседателот на Република Северна Македонија;
- Владата на Република Северна Македонија;
- Собранието на Република Северна Македонија;
- судовите;
- органите на државната управа;
- единиците на локалната самоуправа (општините);
- јавните установи и служби;
- други органи и организации што имаат јавни овластувања.

### *Вклученост на училишно ниво*

Во рамките на училиштето, учениците индивидуално или организирано - преку средношколската организација можат да предложуваат ученички иницијативи до раководството на училиштето. Секој ученик има право да поднесе соодветно барање со предлог-иницијатива која може да се однесува на различни ученички активности, подобрување на условите во училиштето и слично. Секое училиште треба да се стреми неговите ученици да придонесуваат со своето мислење и да влијаат врз донесувањето одлуки. Учениците имаат право, согласно со Уставот и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, да побараат јавни информации за функционирањето на училиштето. Па така, може слободно да го прашате училиштето за постоење годишна програма, правилници за оценување, правилници за дисциплински мерки, буџетот на училиштето итн.

Секое училиште треба да поддржи и да стимулира вклученост на учениците во процесот на донесување одлуки. Најдобар начин за вклученост на учениците е преку форма на средношколска организација (претставничко тело на учениците). Постоењето на средношколска организација зависи од волјата на самите ученици, но и волјата на раководствата на училиштата. Во самата идеја на креирање и поттикнување на активни граѓани треба да се стимулира вклученоста на учениците во донесувањето одлуки на училишно ниво.

***Активност:***

## *Вашиот план за промена (25 мин.)*

Наставникот ги потсетува учениците на прашања од претходниот час за нивните предизвици и недостатоци на кои наидуваат во нивниот секојдневен живот во локалната заедница (вклучително и училиштето). Одговорите на учениците ги забележува на табла и соодветно ги групира (на пример: еколошки предизвици, инфраструктурни предизвици, културно-забавни недостатоци итн.).

Во зависност од воспоставените категории и приоритети, наставникот ги дели учениците во групи (на пример: 3 категории – 3 групи). Секоја група го добива работниот лист 4.5. кој треба да го пополни во рок од 15 минути.

Наставникот на табла ги запишува/проектира дава следните насоки за осмислување на барањето:

- Кој го поднесува барањето? (на пример: Група ученици од училиштето...);
- До кого го адресираат барањето? (на пример: Градоначалникот, Советот на општината или специфичен член на Советот...);

- Содржината на барањето:
  - Краток опис на предизвикот/недостатокот со кој се соочуваат
  - Предлог-решение од учениците
- Датум и место;
- Потпис на еден ученик, како подносител на барањето.

Откако барањето ќе биде изработено, подносителот на барањето има обврска да го започне процесот на застапување на барањето кај соучениците од другите групи. Во оваа насока, *подносителот на барањето* во времетраење од 5 минути, треба да ги посети и убеди соучениците од другите групи да го дадат својот потпис за неговото барање. За собирањето потписи го користи работниот лист 4.6.

Секој ученик може да го даде својот потпис за секое барање со кое се согласува и има интерес. Доколку на крајот од активноста, повеќе барања имаат еднаков број потписи, наставникот ги повикува учениците на ниво на клас да го изберат најдоброто барање. Барањето со најголема поддршка од учениците од класот, со поддршка од наставникот или раководството на училиштето, може да биде вистински поднесено до институциите на локалната или централната власт.

На крајот на активноста, наставникот извлекува краток заклучок:

Со цел граѓаните активно да влијаат врз власта, мора да бидат запознаени со механизмите на непосредно учество на граѓаните врз донесувањето на одлуките. Активните граѓани се неизоставен дел од демократското граѓанско општество кои треба постојано да бидат коректив на централната и на локалната власт.

## Завршен дел од часот и активност за рефлексија и евалуација (10 мин.)

Наставникот поставува кратки прашања за утврдување на совладаните информации од часот:

- Зошто е важно, како граѓани, активно да учествуваме во донесувањето локални и национални политики?
- Кои механизми ги имаме, како граѓани, да влијаеме на централната и на локалната власт?
- Што ново научивте денес?

# Работен лист 4.5.
## Барање до институција

Подносител на барањето ______________________________

До ______________________________

### БАРАЊЕ

Образложение на барањето

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

Потпис на подносителот на барањето

______________________________

Во

______________________________

Датум

______________________________

# *Работен лист 4.6.*

## *Список на ученици*

Датум

Група

| Бр. | Име и презиме | Клас | Потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Предмет на барање:

# Содржина: *Владеењето на правото*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката може:

- да ги препознае карактеристиките на правната држава,
- да ги објасни негативните појави што го нарушуваат владеењето на правото.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- ги опишува карактеристиките на правната држава,
- ги дефинира поимите интегритет/социјален притисок, корупција и непотизам,
- ги опишува облиците во кои може да се појави корупцијата.

## *Потребни материјали:*

табла, креда, хамер, работен лист 4.7.

## *Методи, техники, форми:*

Дискусија, работа во парови и во мали групи, фронтална форма

# Воведен дел на часот (10 мин.)

## Активност:

### Што ако?

Наставникот ги дели учениците во групи по тројца. Потоа ги чита долунаведените ситуации и ги насочува учениците да размислат и да дискутираат во групите што би се случило, кога ситуациите би ви биле дозволени.

Што ако:

- Ви е дозволено да трчате каде што сакате и кога сакате низ училиште?
- Ви е дозволено да зборувате на час кога ќе посакате, без да се пријавите за збор?
- Играте фудбал и судијата може во секој момент да одлучи да ја прекине играта и сам да избере кој ќе победи?
- Ви е дозволено да возите автомобил уште сега?
- Смеете да фрлате отпад каде што ќе посакате?

Наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања:

- Дали овие ситуации се случуваат денес? Ако не, зошто? (Се очекува од учениците да посочат дека вакви ситуации не се случуваат поради тоа што постојат правила и закони.)
- Во секој од наведените примери, кој ги креира правилата? (Очекувани одговори: училишниот кадар, професорите, фудбалски правила, закон и сл.)
- Како оценуваме дали едно правило е фер? (Можни се различни одговори од учениците.)
- Дали едно правило треба да е фер за сите? Зошто? (Очекувани се различни одговори.)
- Зошто се менуваат правилата? (Се очекува од учениците да посочат дека со развојот и промените во општеството, се појавува и потреба за промена во правилата.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и од дискусијата го изведува следниот заклучок:

Луѓето живеат во заедници (културни, религиозни, географски, етнички, политички, семејни и сл.), а секоја заедница си има свои правила и норми. Оние правила и норми кои ние, како заедница на граѓани, сме одлучиле дека се важни и добри, а државата ги признава, стануваат дел од законите на државата. Останатите правила и норми, иако не се закон, а сепак се важни и добри, продолжуваат да важат во нашите заедници (на пр. отстапување место на постаро лице во автобус, ставање рака на уста при кашлање, да се биде тивок во кино и во библиотека и сл.). Една држава мора да има закони кои се праведни, односно закони кои ги гарантираат, штитат и унапредуваат човековите права и слободи. Основен документ во кој се содржани правилата и нормите кои државата ги признава е нашиот Устав. Во него има 134 правила кои се нарекуваат членови, и во кои се предвидени нашите човекови права, но и правилата по кои е организирана нашата држава и власт.

Во нашата држава има околу 1 900 закони[1], кои „ги регулираат или уредуваат најразличните општествени и меѓучовечки односи (сопственост, наследување, стапување во брак, упис во училиште, купување, продавање, владеење и други релации меѓу луѓето)“[2].

## *Главен дел на часот (20 мин.)*

Наставникот посочува дека, освен да ги предвиди правилата и нормите, државата е должна и да се осигура дека **сите** ги почитуваат овие правила и норми, односно законите на државата. Тоа значи дека не само граѓаните туку сите, вклучително и оние кои се дел од власта и државните институции како на пример претседател/ка, премиер/ка, пратеник/чка, судија/ка, градоначалник/чка и советници, директор/ка, доктор/ки, наставници/чки, мора да ги почитуваат законите во државата. Кога законот успева успешно да ја ограничи злоупотребата на моќ и законите важат за сите подеднакво, тогаш се вели дека во државата има **владеење на правото.**

1 Министерство за правда, База на закони, подзаконски акти и други прописи. Достапно на: https://ldbis.pravda.gov.mk/Prebaruvanje.aspx

2 Грнчаревски В., Бачовска Ј., Основи на правото: IV година Средно стручно образование (2013).

**Активност:**

## Особини и вештини на властите (10 мин.)

Наставникот на табла или на хамер ги пишува трите власти, односно премиер/ка, пратеник/чка и судија/ка. На учениците им дели стикери на кои секој ученик треба да напише по една клучна особина или вештина на оние кои се дел од секоја од властите и потоа да ја залепи под соодветната власт.

### Можни одговори од учениците

**Премиер/ка**: водач, визионер/ка, способност за носење одлуки, особено под притисок и во кратки рокови, способност за решавање проблеми, способност за правење компромиси, тимски играч, кредибилитет итн.

**Пратеник/чка:** способност да се поврзе со граѓаните кои ги претставува, дебатски и ораторски вештини, се однесува согласно своите уверувања, неподмитлив/а, мотивиран/а да го претставува интересот на граѓаните и да ја држи власта отчетна итн.

**Судија/ка:** праведен/а, неподмитлив/а, со трпение, разбирање, емпатија, со висок морал и етика, способност за носење одлуки итн.

Откако учениците ќе ги залепат стикерите со карактеристики, наставникот поттикнува дискусија:

- Кои се клучните лични карактеристики или компетенции за лицата кои се дел од различните власти? Како се разликуваат? (Можни се различни одговори, во зависност од особините и вештините кои учениците ги запишале на стикерите.)
- Зошто е важно оние кои се дел од различните власти, да ги имаат овие лични карактеристики или компетенции? (Се очекува од учениците да објаснат како карактеристиките кои ги напишале придонесуваат кон подобро извршување на функцијата на власт.)
- Што ќе се случи ако нашите премиер/ка, пратеник/чка, судија/ка ги немаат овие лични карактеристики или компетенции? (Можни одговори: ќе можат да ги подмитат, нема да се праведни, никој нема да сака да соработува со нив, граѓаните нема да им веруваат и сл.)
- На кој начин можеме да се осигураме дека оние кои се дел од трите власти, ги имаат овие лични карактеристики или компетенции? (Се очекува од учениците да споделат различни идеи, во зависност од особините и вештините кои ги запишале на стикерите.)

Наставникот извлекува заклучок од групната дискусија:

Оние кои се дел од власта е важно да имаат лични карактеристики или компетенции како професионалност, независност и непристрасност, чувство за праведност и етичност, одговорност. Ова е само еден елемент од **системот за интегритет** што подразбира воведување и придржување до вредности, ставови и активности чијашто цел е да спречат злоупотреба на власта и прекршување на законите. Градењето на системот на интегритет всушност претставува основа за борбата против негативните појави како што се **корупцијата и судир на интереси** и сл.

**Корупцијата** претставува искористување на службената положба за стекнување лична корист. Тоа значи дека лице кое е дел од власта или работи во државна институција (претседател/ка, премиер/ка, пратеник/чка, судија/ка, градоначалник/чка и советници, директор/ка, доктор/ки, наставници/чки, јавни службеници) ја користи својата позиција за да добие пари, подароци, влијание, предност за неговото/нејзиното семејство и пријатели, а кои инаку не би ги добил/а или не му/ѝ следуваат.

Меѓутоа корупцијата не постои само затоа што на оние кои се на власт им недостасува интегритет или сакаат брзо и незаконски да се збогатат. Корупцијата постои и затоа што често и граѓаните, вршат притисок врз оние кои се на позиција на моќ, да продолжи корупцијата, затоа што и тие имаат корист од истата.

На пример, некој има интерес да добие дозвола од општината да изгради дополнителен кат на куќата, но тоа не е дозволено, без да се промени урбанистичкиот план, па ги поткупува советниците да гласаат во негов интерес. Или, пак, студент на факултет сака поголема оценка, па на професорот му ветува дека неговата мајка која е доктор, ќе го прими преку ред и нема да му наплати за медицинската услуга. Или кога полицаец ќе застане некого за брзо возење, возачот сака да му плати поткуп на полицаецот, за да не го пријави дека го прекршил законот, а со тоа и да не плати поголема казна или да му биде одземена возачката дозвола.

# Завршен дел на часот (10 мин.)

## Активност:

### Поврзување форми, дефиниции и примери за корупција

Наставникот им го дели работниот лист 4.7. на учениците кои продолжуваат да работат во претходно формираните групи од по тројца. Групите треба да ги поврзат формите на корупција со нивните описи и дадените примери, за што имаат пет минути.

## Пример за наставникот Пополнет работен лист

| Форма на корупција | Опис | Пример |
|---|---|---|
| Конфликт на интерес | Кога некој е соочен да избере меѓу должности на работното место и приватниот и личниот интерес, и наместо да спречи да се доведе во таква ситуација или ако не може да спречи, да одлучи да се изземе од одлука, тој/таа го избира приватниот и личниот интерес. | Наставник му држи приватни часови на ученик, за истиот предмет кој му предава на училиште. На ученикот му става повисока оценка од онаа која реално ја заслужува. |
| Поткуп | Кога на некој/а, му се дава подарок, пари или друга корист, за да постапи или одлучи во корист на оној/онаа кој/а го врши давањето. | Возачот на автобус кој прави сообраќаен прекршок, половина од предвидената сума за казна му ја дава на полицаецот, а полицаецот за возврат не го процесира прекршокот. |
| Непотизам | Кога некој/а при доделување на работно место, јавни набавки, склучување на договори и сл., ги преферира членовите на неговото семејството и блиски пријатели, наместо она лице кое е најдобро и најзаслужно. | Директорка на болница одлучува да го вработи сопствениот брат како правник во болницата. |

| | | |
|---|---|---|
| Фаворитизам | Кога се избира лице, не затоа што е најдобро и со најдобри квалификации, туку поради субјективни причини, на пример доаѓа од ист град, пријатели се со избирачот, членуваат во иста партија, навиваат за ист клуб, делат иста религија, лично му се допаѓа и слично. | Министерот одлучува дека полицаец ќе унапреди во инспектор затоа што доаѓаат од ист град. |
| Политички клиентелизам | Кога некој е во помоќна позиција од другиот, па му дава добра, услуги и привилегии во замена за неговата/нејзината политичка лојалност. | Кандидат за пратеник им ветува на студентите од неговата заедница дека ќе им овозможи место во студентски дом, доколку гласаат за неговата партија. |

Откако секоја група ќе ги поврзе поимите, наставникот ги поттикнува групите да ги споделат своите одговори. Доколку е потребно, наставникот ги дообјаснува дадените поими, ги споделува точните одговори. Во зависност од времето на располагање, наставникот може и да поттикне дискусија на ниво на клас преку следните прашања:

- Во дадените примери, дали коруптивното однесување се врши со барање, давање, примање, прифаќање или ветување или може да се јави во сите форми?
- Кој го врши дејството? Дали овие форми на корупција може да се појават и во јавниот и во приватниот сектор?
- Можете ли да претпоставите колкава е штетата која е настаната или ќе настане на подолг рок во секој од дадените примери?

## *Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот поттикнува кратка дискусија:

- Која од формите на корупција сметаш дека е најчесто застапена во нашата држава? Зошто? (Можни се различни одговори од страна на учениците.)
- Што мислите, зошто луѓето се одлучуваат да применат коруптивно однесување? (Очекувани одговори: полесно е, побрзо е, нема казни итн.)
- Колку вас, лично ви пречи корупција? Зошто да/не? (Очекувани се различни одговори од учениците, во зависност од нивните лични ставови.)

# *Работен лист 4.7.*

## *Поврзување форми, дефиниции и примери за корупција*

| Форма на корупција | Опис | Пример |
|---|---|---|
| Поткуп | Кога некој е соочен да избере меѓу должности на работното место и приватниот и личен интерес, и наместо да спречи да се доведе во таква ситуација или ако не може да спречи, да одлучи да се изземе од одлука, тој/таа го избира приватниот и личниот интерес. | Директорка на болница одлучува да го вработи сопствениот брат како правник во болницата. |
| Фаворитизам | Кога на некој/а, му се дава подарок, пари или друга корист, за да постапи или одлучи во корист на оној/онаа кој/а го врши давањето. | Кандидат за пратеник им ветува на студентите од неговата заедница дека ќе им овозможи место во студентски дом, доколку гласаат за неговата партија. |
| Конфликт на интерес | Кога некој е во поможна позиција од другиот, па му дава добра, услуги, привилегии во замена за неговата/нејзината политичка лојалност. | Возачот на автобус кој прави сообраќаен прекршок, половина од предвидената сума за казна му ја дава на полицаецот, а полицаецот за возврат не го процесира прекршокот. |

| | | |
|---|---|---|
| Непотизам | Кога се избира лице, не затоа што е најдобро и со најдобри квалификации, туку поради субјективни причини, на пример доаѓа од ист град, пријатели се со избирачот, членуваат во иста партија, навиваат за ист клуб, делат иста религија, лично му се допаѓа и слично. | Наставник му држи приватни часови на ученик, за истиот предмет кој му предава на училиште. На ученикот му става повисока оценка од онаа која реално ја заслужува. |
| Политички клиентелизам | Кога некој/а при доделување работно место, јавни набавки, склучување договори и сл., ги преферира членовите на неговото семејството и блиски пријатели, наместо она лице кое е најдобро и најзаслужно. | Министерот одлучува дека полицаец ќе унапреди во инспектор затоа што доаѓаат од ист град. |

# Содржина: Владеењето на правото

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката е способен/способна

- да ги препознае карактеристиките на правната држава,
- да ги објасни негативните појави што го нарушуваат владеењето на правото.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- ги проценува придобивките за општеството од превенцијата и борбата против корупција,
- критикува и осудува селективно владеење на правото.

## Потребни материјали:

Табела, креда , маркери , тетратка , хартија,  работен лист 4.8.

## Методи, техники, форми:

Дискусија, работа во група, анализа на ситуации, барометар на ставови

# Воведен дел на часот *(10 мин.)*

Пред почетокот на активноста, наставникот определува два пола во училницата помеѓу кои учениците можат да се движат, при што на едниот пол поставува картичка на која пишува „Се согласувам“, додека на другиот пол поставува картичка на која пишува „Не се согласувам“. Им дава насоки на учениците за начинот на кој можат да се движат во училницата, согласно ставовите кои ќе им бидат прочитани.

***Забелешка:*** Како алтернативно решение за ситуации каде што просторот не дозволува движење на учениците низ училницата, наставникот може да им подели на учениците зелени и црвени картони. Наставникот би давал насоки, според кои учениците, од местото каде што седат, би требало да подигнат една од картичките. Доколку се согласуваат со наведениот став, треба да ја подигнат зелената картичка, а доколку не се согласуваат со ставот, црвената картичка.

**Активност:**

## Барометар на ставови за корупција

Наставникот им дава насока на учениците да застанат на средината меѓу двата пола на кои се поставени картичките „Се согласувам“ и „Не се согласувам“.
Во прилог се дадени 10 изјави. Наставникот во согласност со времето на располагање и динамиката на дискусијата, може да одбере кои од овие изјави ќе ги искористи.

Предлог-тврдења:

1. Корупцијата, искрено кажано, и не е така лоша за тие што примаат пари, подароци и услуги, лоша е за тие што даваат.
2. Давањето подарок во знак на благодарност на лице кое е должно да ја овозможи услугата не може да се смета за коруптивно однесување.
3. Корупцијата е појава која се случува само во државните институции.
4. Коруптивното однесување е дел од нашата традиција и со ништо не може да се смени.
5. Во општество каде што има многу корупција, ако си навистина добар во нешто, тоа нема да ти пречи да напредуваш.

6. Фаќањето „врски“ не е корупција.
7. За процесот да претставува корупција, мора да има вклучено пари.
8. Во општество во кое корупцијата е на многу високо ниво, напредокот е ограничен.
9. И оној што нуди корупција, и оној што ја прима корупцијата се еднакво виновни.
10. Ако сум сведок на корупција, би го пријавил/а тоа.

По читање на секое од тврдењата, учениците треба да заземат позиција на барометарот, при што се очекува да формираат две групи кои (не) се согласуваат со прочитаното тврдење. Наставникот повикува доброволци од двете страни на барометарот да ги објаснат своите позиции, со што учениците добиваат можност да ги аргументираат своите ставови и да ги препознаат туѓите гледишта. Откако учениците ќе ги слушнат аргументите на соучениците од спротивната група, имаат и можност да ја променат својата позиција, доколку го промениле својот став.

Наставникот ги резимира дискутираните ставови и извлекува краток заклучок:

Иако корупцијата претставува искористување на службената положба за стекнување лична корист, секој граѓанин во општеството треба да има развиено високо ниво на свесност за корупцијата и да биде информиран што може да направи доколку посведочи коруптивно дејство. Во РСМ, корупцијата може да се пријави кај Државната комисија за спречување корупцијата, во полиција или кај јавен обвинител. Државната комисија за спречување корупција е институција задолжена за постапување по пријави за корупција и судир на интереси. Некогаш таа може да побара од јавниот обвинител одреден случај да стигне на суд, а полицијата е должна да истражи дали навистина се случила корупција и за собраните докази да го информира јавниот обвинител. Јавниот обвинител потоа одлучува дали случајот може да се однесе на суд, каде што судија одлучува дали навистина имало корупција, кој е одговорен и каква казна следува. Од друга страна, ако граѓаните не се информирани каде може да пријават корупција или не се сигурни дека институциите ќе ги заштитат, помош можат да побараат од граѓанските организации или нивното искуство да го споделат со медиумите.

## Главен дел на часот (30 мин.)

Последици од постоење корупција се следните: значителни економски загуби, зголемување на сиромаштијата и нееднаквоста, избегнување на одговорност и селективна правда, нефункционалност на јавните институции, нестручен кадар, лоша и неквалитетна инфраструктура (патишта, јавни згради). Корупцијатаа влијае на способноста на државата да ги заштитува човековите права и да ги исполнува своите обврски, особено за обезбедување функционално судство и фер судење, полиција, здравство, образование и социјални услуги итн. Ако граѓаните гледаат дека оние кои се на власт учествуваат во корупција или не ја казнуваат корупцијата која сите ја гледаат, граѓаните губат доверба во државата.[12]

Борбата за спречување на корупцијата е бездруго обврска на секоја држава и власт, но и на сите граѓани на општеството. Секој има право да пријави корупција без да трпи какви било последици и да биде заштитен.

**Активност:**

### Причини и последици од корупција (15 мин.)

Наставникот ги дели учениците во 3-4 групи кои го добиваат работниот лист 4.8. За секој од примерите во работниот лист, учениците добиваат насока да утврдат во која форма се јавува корупцијата (имајќи ги на ум формите од претходниот час), што е причина, а што последица од корупција.

**Пример за наставникот** **Пополнет работен лист**

### Пример 1:

- Форма на корупција: непотизам, клиентелизам.
- Причини: исто лице долго време на функција стекнува голема моќ, никој од другите кандидати не ја оспорил одлуката на градоначалникот да ја назначи својата пријателка за директорка, медиумите не известиле за случката, правилата дозволуваат корупција (нема обврска за јавен конкурс), лош менаџмент на финансиските ресурси (нема хигиенски услови затоа што парите се потрошени за друга цел).

12 https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/MKUcenici.pdf

- Последици: се влошува здравствената состојба на учениците.

## Пример 2:

- Форма на корупција: поткуп.
- Причини: контролните механизми (инспекциите) не функционираат соодветно.
- Последици: се влошува квалитетот на живот и здравствената состојба на граѓаните.

## Пример 3

- Форма на корупција: политички клиентелизам.
- Причини: прекршувањето на правилата не е проследено со санкција.
- Последици: се намалува довербата во системот и институциите, се намалува ефектот на одвраќање од слично поведение.

**Активност:**

### Што би направиле доколку сте на власт?(15 мин.)

Наставникот ги дели учениците во три групи, од кои секоја добива по еден проблем напишан на хартија. Наставникот им дава насоки на учениците да замислат дека тие се власта во една држава, па за дадените проблеми секоја група треба да понуди помеѓу едно и три решенија. Наставникот им дава задача на учениците да размислат како понудените решенија ќе го решат проблемот, кој треба да ги реализира овие решенија, колку ќе чинат и колку време треба да се спроведуваат за да дадат резултати. Откако учениците ќе ја изработат задачата, еден претставник од секоја група го презентира сработеното.

Проблеми:

1. Во вашата држава, граѓаните не се осмелуваат да пријават корупција.
2. Во вашата држава, граѓаните не ја осудуваат корупцијата. Напротив, сметаат дека на овој начин полесно ги решаваат своите проблеми.
3. Во вашата држава, најмногу корупција има во областите образование и здравство.

Можни одговори од учениците:

- Треба да се воведат построги казни за оние кои примаат пари, подароци, услуги .
- Треба да се воведат построги казни за оние кои даваат пари, подароци, услуги.
- Треба да се инвестира во образование за штетноста на корупцијата.
- Треба да се воведе можност за анонимно пријавување корупција.
- Треба да се зголемат платите на оние кои работат во државни институции.
- Треба да се информираат граѓаните каде може да пријават корупција.
- Ако граѓаните видат дека оние кои направиле корупција се осудени за корупција и одлежуваат казна затвор, тогаш и тие нема да сакаат да учествуваат во корупција.
- Забраната за корупција треба да важи за сите, и за политичари, бизнисмени, доктори, професори, а не само за обичните луѓе.

## *Завршен дел на часот / Активности за рефлексија и евалуација* *(5 мин.)*

Наставникот поттикнува групна дискусија:

- На кој начин наученото од овој час можете да го искористите во вашето секојдневие?
- Колку е за вас важно да имаме иднина без корупција во нашата држава?
- Дали би пријавиле корупција? Ако не, зошто?

# *Работен лист 4.8.*

## *Примери на корупција, форми, причини и последици*

**Пример 1**: Во една општина, граѓаните веќе 20 години избираат ист градоначалник. Пред неколку години, градоначалникот за директорка на средното училиште ја назначи својата пријателка, иако на конкурсот се пријавија кандидати кои имаат подобро искуство и знаење за позицијата. Никој од кандидатите не се жали за одлуката, иако знаат дека одлуката не е фер, ниту законска. Медиумите јавно не говорат за случајот, па граѓаните не се запознаени што се случило. Неколку година подоцна, училиштето одлучува дека треба да купат компјутери. Директорката не распиша повик за  компании да дадат понуди од кои училиштето ќе може да ја избере најдобрата понуда, туку сама ја избра компанијата во која градоначалникот има акции. Ова ѝ го дозволуваат правилата. Па така, цената која училиштето сега ќе ја плати по компјутер е 30% поголема од просечната цена на пазарот. За да може училиштето да ги плати компјутерите, директорката одлучува дека нема да направи набавка на сапун и тоалетна хартија. Поради лошите хигиенски услови, процентот на заболени ученици со жолтица е зголемен за 10%.

- ➔ Форма на корупција: ______________________________
- ➔ Причини: ______________________________
- ➔ Последици: ______________________________

**Пример 2**: Една држава има огромен проблем со аерозагадувањето. Од една страна секоја година повеќе од 1 300 граѓани во оваа држава умираат како резултат на болести предизвикани од аерозагадувањето. Како начин да се справи со проблемот, државата им наложила на сите фабрики дека мора да стават пречистителни филтри за да се заштити животната средина. Начинот на кој државата проверува дали фабриките ја послушале, е со ненајавена посета од страна на инспектор кој треба да провери дали фабриките имаат и ги користат филтрите. Она што за сите е нејасно е како секојпат кога има контрола, инспекторите гледаат дека филтрите на овие фабрики работат без проблем, но загадувањето од година во година само продолжува да расте. Локалниот весник истражува и дознава дека неколку фабрики или им плаќаат поткуп на инспекторите или им се закануваат дека ќе им се одмаздат, ако не ги информираат тајно кога ќе се случува контролата. На тој начин, фабриките само привидно се придржуваат до правилата, додека трае инспекцијата.

- Форма на корупција: ______________________________
- Причини: ______________________________
- Последици: ______________________________

**Пример 3**: По одлично координирана акција на полицијата по пријава на граѓани кои биле жртви на корупција, започнува судска постапка за двајца доктори кои се фатени како примаат поткуп. Едниот доктор е осуден за злоупотребата со казна затвор, а другиот е прогласен за невин. Причината зошто вториот доктор добива само условна казна, е затоа што партијата на власт, чиј член е докторот, му ветува на судијата дека ако го ослободи докторот, за возврат ќе го избере како судија во повисок суд. Откако јавноста дознава, граѓаните коментираат дека правилата очигледно не важат еднакво за сите, дека само со врски може да се преживее, дека не постои правна држава.

- Форма на корупција: ______________________________
- Причини: ______________________________
- Последици: ______________________________

# Содржина: Изборите и демократските процеси во општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги препознава начините на кои граѓаните можат да учествуваат во политичките процеси и го проценува значењето на изборите врз развојот на демократијата

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Набројува начини на кои граѓаните можат да учествуваат во политичките процеси: гласање, кампањи, лобирање, митинзи, петиции

## Потребни материјали:

работен лист 4.9., молив/пенкало

## Методи, техники, форми:

дискусија, работа во парови, работа во групи

## Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот го започнува часот со барање од учениците да споделат нивни лични искуства во поглед на избирањето претседател на клас и/или претседател на Ученички парламент. Неколку ученици треба да го опишат процесот на избор и да оценат колку истиот бил демократски, според следните принципи:

- Колку секој ученик имал еднаква можност да се кандидира?
- Дали учениците - кандидати имале можност да претставаат сопствена програма или цели за кои ќе се залагаат?
- Колку секој ученик имал можност да гласа независно и според сопственото убедување?
- Дали гласањето било тајно?
- Колку процесот на пребројување на гласовите бил јавен и транспарентен?
- Колку учениците на крајот биле задоволни од изборот?

Преку прашањата наставникот развива дискусија за изборите како демократски процес во кој можат да учествуваат сите граѓани, но одлуките се донесуваат врз основа на изборот на мнозинството. Сепак, учеството на граѓаните во демократско општество не е ограничено само на можноста да гласаат на избори и референдуми. Постојат различни начини на коишто тие можат да учествуваат во политичките процеси.

Наставникот може да побара од учениците да наведат некои од можностите за учество и да ги објаснат преку лични примери, по што преминува на следната активност.

## Главен дел на часот (30 мин.)

**Активност:**

### Начини на учество на граѓаните во политичките процеси (15 мин.)

Учениците добиваат две листи (можат да се дадат во вид на работен лист 4.9., прикажани преку проектор, запишани на табла): Листа 1, со примери на учество во политичките процеси, и Листа 2 со начини на учество. Во парови по двајца имаат задача да ги поврзат примерите/ситуациите со начините на учество на граѓаните во политичките процеси.

***Забелешка:*** За одредени начини на учество од Листа 2 се дадени повеќе од еден пример во Листа 1.

## ***Пример за наставникот*** ***Пополнет работен лист***

| Пример на учество | Начин на учество |
|---|---|
| 1. Марта следи рекламни спотови за претседателските избори и размислува за кој од кандидатите да го даде својот глас. | Б |
| 2. Кандидатите за советници во општината организираат средби со граѓаните две недели пред изборите. | Б |
| 3. Артан оди во локалното училиште, каде што му ги проверуваат личните документи и му даваат ливче на кое треба да заокружи еден од кандидатите. | А |
| 4. Миа собира потписи од станарите на нејзиното маало за обновување на детското игралиште во паркот. | Д |
| 5. Санела отиде да се сретне со еден од членовите на советот од нејзината општина за да разговара за потребата од поставување корпи за селекција на отпадот во населбата. | В |
| 6. Мирко ја сретна пратеничката од Собрание кога таа беше на јавна трибина во неговиот град. Ја искористи можноста да ѝ каже дека имаат проблем со недостатокот на вода во летниот период. | В |
| 7. Пријателката ја повика Лина да отидат да го слушнат говорот на кандидатот за пратеник од нивната општина и да видат дали се залага да ги застапува нивните интереси доколку биде избран. | Г |
| 8. Рита отиде во локалното училиште каде што ѝ ги проверија личните документи и ѝ дадоа ливче на кое имаше две опции: ЗА воведување јавен превоз во градот и ПРОТИВ воведување јавен превоз во градот, а таа требаше да заокружи една од опциите. | Ѓ |

По спроведување на вежбата и споделување на одговорите на ниво на клас, наставникот ги повикува учениците да се обидат да го објаснат секој поим, преку асоцијации, примери, дефиниции или на друг начин. Нивните одговори ги запишува, по што ги дава следните описи. Учениците можат да видат колку начинот на кој тие го разбрале поимот е сличен со овие описи.

**Гласање** претставува начин на донесување групна одлука или искажување мислење, кое вообичаено следува по дискусии, дебати или изборни кампањи. Вообичаено граѓаните гласаат на избори (локални, парламентарни, претседателски), но можат да гласаат и преку искажување на својот став за определено прашање на референдум.

**Политичка кампања** е организирана активност чија цел е да влијае на јавното мислење и донесувањето одлуки помеѓу гласачите. Во демократските системи, политичките кампањи најчесто се однесуваат на изборни кампањи чијашто цел е избор на политички претставници. Честопати, во склоп на кампањите се организираат митинзи, т.е. настани на кои граѓаните имаат можност да слушнат за што се застапуваат политичките кандидати.

**Лобирање** претставува обид за влијание врз активностите или одлуките на различни чинители (на пр. претставници на различни нивоа на власт), на законски начин.

**Петицијата** е документ, вообичаено потпишан од голем број граѓани, со кој се бара донесување определена одлука или спроведување определена активност од страна на властите или други чинители.

***Активност:***

## *Што можеме да направиме? (15 мин.)*

Учениците треба да се навратат на некој од претходните часови, кога изработуваа план за граѓанска/ученичка иницијатива за решавање одреден локален проблем, и да предложат преку кои од наведените форми на граѓанско учество (но и други потенцијални форми на учество) би можеле да поттикнат решавање на истиот. При изборот на начин на учество треба да ги имаат предвид следните прашања:

- Колку активност/ангажман бара од страна на граѓаните? Колку граѓаните се мотивирани да се вклучат во различни активности (составување петиција, потпишување петиција, учество на митинг, средби за лобирање со избрани претставници итн.)?
- Колку избраниот начин овозможува да се слушнат потребите и интересите на граѓаните?
- Колку со избраниот начин ќе се допре до оние кои се одговорни за решавање на проблемот?

По донесување на одлуката за најсоодветниот метод на учество, учениците треба да преземат чекори кон реализација на планираната активност.

## *Активност за рефлексија* (5 мин.)

- Колку од работите за кои учевме денес веќе ви беа познати?
- Кои нови информации ги дознавте? Имаше ли нешто што ве изненади, збуни?
- Како тоа што го учевме ќе ви користи понатаму во животот?

# Работен лист 4.9.

## Начини на учество на граѓаните во политичките процеси

Прочитајте ги примерите за учество во политичките процеси во првата колона од табелата и внесете го соодветниот начин на учество во втората колона.

### Листа 1. Примери на учество во политичките процеси

| Пример на учество | Начин на учество |
|---|---|
| 1. Марта следи рекламни спотови за претседателските избори и размислува за кој од кандидатите да го даде својот глас | |
| 2. Кандидатите за советници во општината организираат средби со граѓаните две недели пред изборите | |
| 3. Артан оди во локалното училиште, каде што му ги проверуваат личните документи и му даваат ливче на кое треба да заокружи еден од кандидатите | |
| 4. Миа собира потписи од станарите на нејзиното маало за обновување на детското игралиште во паркот | |
| 5. Санела отиде да се сретне со еден од членовите на советот од нејзината општина за да разговара за потребата за поставување корпи за селекција на отпадот во населбата | |
| 6. Мирко ја сретна пратеничката од Собрание кога таа беше на јавна трибина во неговиот град. Ја искористи можноста да ѝ каже дека имаат проблем со недостатокот на вода во летниот период. | |
| 7. Пријателката ја повика Лина да отидат да го слушнат говорот на кандидатот за пратеник од нивната општина и да видат дали се залага да ги застапува нивните интереси доколку биде избран | |
| 8. Рита отиде во локалното училиште каде што ѝ ги проверија личните документи и ѝ дадоа ливче на коешто имаше две опции: ЗА воведување јавен превоз во градот и ПРОТИВ воведување јавен превоз во градот, а таа требаше да заокружи една од опциите | |

### Листа 2. Начини на учество

А. Гласање на избори
Б. Изборна кампања
В. Лобирање
Г. Митинг
Д. Петиција
Ѓ. Гласање на референдум

# Содржина: Изборите и демократските процеси во општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката ги препознава начините на кои граѓаните можат да учествуваат во политичките процеси и го проценува значењето на изборите врз развојот на демократијата

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Ги опишува видовите избори и изборни модели,
- Дава конкретни примери како политичките партии/независните кандидати треба да бидат во функција на интересите на граѓаните.

## Потребни материјали:

дискусија, фронтална форма, работа во групи

## Методи, техники, форми:

хартија, молив/пенкало, веб-страници

# Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот ги потсетува учениците на содржините за организација на власта, изучувани во осмо одделение и во рамки на содржината „Како е организирана власта во РС Македонија?" од тековниот наставен модул. На табла ги запишува видовите власт во државата:

**Законодавна власт (Собрание/Парламент)**

**Извршна власт (Влада)**

**Локална власт (Градоначалник, Совет на општина)**

**Претседател на држава**

Учениците треба да посочат на каков вид избори се избираат претставниците на секоја власт (локални, парламентарни, претседателски) и да образложат кои се сличностите и разликите помеѓу различните видови избори.

# Главен дел на часот (25 мин.)

## Теоретски дел: Изборни системи и изборни модели (10 мин.)

**Изборен систем** е склоп од правила кои одредуваат како се спроведуваат избори или референдуми и како се определуваат резултатите од истите. Правилата определуваат: кога се случуваат избори, кој може да гласа, кој може да се кандидира, како се спроведува гласањето, како се пребројуваат гласовите и друго.

Два најчести изборни модели се пропорционалниот модел и мнозинскиот модел.

Според **пропорционалниот изборен модел**, секоја партија е застапена во парламентот во пропорција со делот на добиените гласови од избирачите. Со други зборови, секоја партија добива број на пратенички места пропорционално на процентот на гласови кои ги освоила за време на изборите.

## *Пример за пропорционален изборен модел:*

На парламентарните избори, партиите ги добиле следните проценти гласови. Во парламентот има 10 пратенички места. Согласно пропорционалниот модел, распоредот на пратенички места во парламентот е следниот:

| | Процент на добиени гласови (од вкупно 100%) | Број на добиени пратенички места (од вкупно 10 места) |
|---|---|---|
| **Партија 1** | 56 % | 6 |
| **Партија 2** | 33 % | 3 |
| **Партија 3** | 11 % | 1 |

Најзначајната карактеристика на пропорционалните изборни системи со партиски листи е поттикнувањето на формирањето на повеќепартиски системи, што многу често доведува до формирање коалиции и коалициони влади. Од една страна, ова се смета како предност бидејќи повеќепартиските системи и формирањето широки коалициони влади водат кон застапеност на интересите на многу различни групи во општеството во рамките на парламентот и во владата. Од друга страна, тоа може да се смета и како недостаток на изборниот систем, со оглед на тоа дека големиот број партии и широките владини коалиции често знаат да доведат до нестабилност на владата и потешко донесување значајни одлуки.

Во РС Македонија пропорционалниот модел се применува на парламентарните избори, при избирање на пратеници во националното собрание и на локалните избори, при избор на членови на советите на општините.

При примена на **мнозинскиот изборен модел**, кандидатот кој ќе освои најмногу гласови, го добива изборниот мандат. Вообичаено, се утврдува минимален праг гласови кој треба да се премине за кандидатот да биде избран. Доколку во првиот изборен круг ниту еден од утврдените кандидати не го добие потребното мнозинство гласови, се преминува кон одржување на втор изборен круг, на кој учествуваат двајцата кандидати кои освоиле најмногу гласови. Во нашата држава, мнозинскиот изборен модел се применува при избор на Претседател на Република Северна Македонија и при избор на градоначалници на општините.

## Пример за мнозински изборен модел:

На претседателските избори, трите партии имале свои кандидати, а имало и еден независен кандидат. На изборите може да победи кандидатот кој ќе го премине прагот од 50% од добиените гласови, т.е. ќе добие над 50% гласови. Бидејќи во првиот изборен круг ниту еден од кандидатите не го преминал неопходниот праг на гласови, двата кандидата со најмногу гласови преминале во вториот изборен круг, по што еден од нив добил мнозинство гласови и бил избран за претседател.

| | Процент на добиени гласови во прв изборен круг | Минимален праг на гласови | Процент на добиени гласови во втор изборен круг |
|---|---|---|---|
| Кандидат на Партија 1 | 38 % | 50 % | 48 % |
| Кандидат на Партија 2 | 7 % | | |
| Кандидат на Партија 3 | 15 % | | |
| Независен кандидат - 4 | 40 % | | 52 % |

## Активност:

### Политичките претставници во функција на граѓаните (20 мин.)

Учениците се делат во три групи. Секоја група добива едно прашање (дилема) за кое треба да дискутира.

1. Што е поважно: добра градска инфраструктура (улици, јавен превоз) или намалување на загадувањето?
2. Што е поважно: добро обучени наставници или добро обучени здравствени работници?
3. Што е поважно: грижа за улични животни или грижа за луѓе бездомници?

Групите имаат околу 10-ина минути да дискутираат за прашањата, при што се охрабруваат да се придвижат кон консензус, ако е можно.

Наставникот објаснува дека на овој начин функционира **директната (непосредна) демократија**, преку давање можност секому да го изрази своето мислење и директно да влијае на донесувањето одлуки. Ова е возможно кога станува збор за мали групи (на пр. клас, мало претпријатие, станбена заедница), но е многу комплицирано во големи групи. Затоа, граѓаните избираат претставници кои треба да ги претставуваат и застапуваат нивните интереси и да делуваат во нивно име. Овој процес го нарекуваме **претставничка демократија**.

Во следниот чекор, секоја група треба да избере еден ученик кој сметаат дека најдобро би ги претставувал ставовите на групата. Тие можат да спроведат и тајно гласање за избор на претставник, така што секој ќе го запише името (или редниот број) на ученикот кого го предлага, а потоа заеднички ќе ги пребројат гласовите.

Избраните претставници треба да излезат во предниот дел на училницата и треба да гласаат за секоја од следните изјави, со кревање рака доколку се согласуваат:

1. Добра градска инфраструктура е поважна од намалување на загадувањето.
2. Добро обучени здравствени работници се поважни од добро обучени наставници.
3. Грижата за уличните животни е поважна од грижата за луѓето бездомници.

Наставникот ги забележува гласовите дадени за секоја од опциите. Објаснува дека на овој начин функционира претставничката демократија. На избраните лидери им е доверено да ги претставуваат нивните гласачи (или луѓето што ги претставуваат) и гласаат во нивно име.

## *Завршен дел од часот и активност за рефлексија* ***(10 мин.)***

Наставникот поттикнува дискусија според следните прашања:

- Дали ова беше фер процес?
- Колку добро претставниците ги познаваа интересите и ставовите на граѓаните кои ги претставуваат?
- Колку претставниците преку гласањето делуваа во функција на граѓаните?
- Кои се некои потенцијални проблеми со овој вид демократија? (Можни одговори: Не сите граѓани гласат на изборите, избраните претставници може да не ги слушаат граѓаните, туку да се водат од сопствени интереси.)
- Зошто е важно да постојат можности да се слушне гласот на секој член на групата/заедницата? (Можни одговори: За да се овозможи секој член од заедницата да ги оствари своите интереси и да ги задоволи своите потреби, за да се осигураме дека никој не е дискриминиран и секому се дадени еднакви можности.)
- Што би можеле да сторите за да се уверите дека вашиот претставник навистина ги разбира вашите ставови? (Можни одговори: Да се спроведуваат повремени средби помеѓу граѓаните и нивните претставници, до претставниците да се испраќаат писма каде што се образложени ставовите на граѓаните, да се спроведуваат граѓански иницијативи со кои им се помага на претставниците при реализација на одредени заеднички цели.)

# Содржина: Државна и јавна администрација

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- да ја анализира и да ја проценува општествената улога на државната и на јавната администрација.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- да разликува државна и јавна администрација,
- да опишува надлежности на државна и јавна администрација,
- да дебатира за одговорноста на јавни и државни службеници во заштита на правата на граѓаните.

## Потребни материјали:

работен лист 4.10., работен лист 4.11., молив/пенкало

## Методи, техники, форми:

работа во групи, дискусија

## Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот ги поттикнува учениците да споделат мислење за следните прашања:

- Споделете некои добра или услуги кои сите или повеќето од нас ги користиме секојдневно? (Можни одговори: јавно здравство, јавно образование, јавен превоз, патишта, комунален систем, полициска заштита, заштита од пожари и сл.)
- Кој ни ги овозможува овие заеднички добра и услуги? (Се очекува од учениците да посочат дека државата/државните институции ги овозможуваат.)
- Што ќе се случи ако некој друг, а не државата ги овозможува овие добра и услуги? (Можни одговори од учениците: може да пораснат цените (компаниите не се грижат дали цените се доволно ниски за да можат сите да си ги дозволат), услугите и добрата може да не бидат достапни за сите граѓани (поради цените, физичката достапност) и сл.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува краток заклучок:

Државата, односно државните институции, се грижат да ги овозможат заедничките добра и услуги кои им се потребни на граѓаните. Важно е овие добра и услуги да бидат достапни за сите и сите граѓани да можат да си ги дозволат, без притоа пазарното општество (односно конкуренцијата) да влијае на цените.

## Главен дел на часот (25 мин.)

**Јавната администрација** е збир на институции основани од државата, кои овозможуваат услуги или добра што им се неопходни на сите граѓани во општеството, без кои не би можело да се замисли човековото секојдневие во современи услови. Тука спаѓа: обезбедување образование и развој на наука, здравствена заштита и грижа за здравјето на населението, заштита на животна средина, пристап до струја, вода, греење, изградба на патишта и комуникациска структура, овозможување транспорт, овозможување социјалната заштита и помош при домување, поддршка за културата и уметноста. Администрацијата е должна да знае кои се проблемите на граѓаните, да смисли решенија за проблемите, да го организира пристапот до услуги, да соработува меѓусебе.

Јавната администрација од организациски/формален аспект ги опфаќа:

- **Државна управа**: министерства, органи во состав, управни организации
- **Локална самоуправа**: Градоначалник, Совет на општина/ град, општинска администрација

- **Јавни установи**: болници, училишта, факултети, детски градински, пензиски домови, театри, кина, социјални центри
- **Фондови**: патишта, шуми, еколошки, инвалидски, здравствени, пензиски
- **Јавни претпријатија**: сообраќај, водовод, комунална хигиена, шуми, води
- Има ситуации каде што приватни компании или невладини организации (кои не се во сопственост на државата) добиваат јавни овластувања (да извршуваат работи кои се од интерес на сите):
- **Трговски друштва со јавни овластувања:** АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, ЕВН Македонија АД
- **Невладини организации со јавни овластувања**: Лекарска комора, Нотарска комора, АМСМ, Сојуз на возачи.

***Активност:***

### *Што спаѓа во јавна администрација? (15 мин.)*

Наставникот на учениците им го дели работниот лист 4.10. каде што учениците треба да означат дали дадените примери се дел од јавната администрација. Откако ќе го пополнат работниот лист, наставникот повикува доброволци да ги споделат своите одговори и да објаснат зошто направиле таков избор. Наставникот поттикнува дискусија помеѓу учениците за нивните одговори.

**Пример за наставникот** ***Пополнет работен лист***

| | Дел од јавна администрација | Не е дел од јавна администрација |
|---|---|---|
| Ресторан McDonald's | | X |
| Агенција за млади и спорт | X | |
| Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање | X | |
| Општина Чешиново - Облешево | X | |
| Маркет Кам | | X |
| Општинско средно училиште „Ибрахим Темо“ - Струга | X | |
| Тутунска банка | | X |
| Општа болница - Охрид | X | |
| Македонски народен театар | X | |
| Библиотека „Светлина - Дрита“, Општина Јегуновце | X | |
| Хотел „Континентал“ | | X |
| Музеј на современа уметност | X | |
| Ученички дом „Проф. Мијалковиќ“ - Куманово | X | |
| Фабрика за автомобили „Тесла“ | | X |
| Ансамбл за народни игри и песни „Танец“ | | X |
| Мобилен оператор Македонски Телеком | | X |
| Јавно претпријатие Водовод и канализација | X | |
| Македонска академија на науките и уметностите | X | |
| Фонд за здравствено осигурување | X | |
| Кино Cineplexx | | X |
| Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес | X | |
| Продавница за спортска опрема Nike | | X |
| Фудбалски клуб „Ренова“ | | X |
| Национален парк „Пелистер“ - Битола | X | |
| Пекарница „Житолукс“ | | X |

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и го извлекува следниот заклучок:

Јавната администрација има различни форми. Министерствата, општините, агенциите, се нарекуваат со заедничко име **органи на државна управа.** Училиштата, болниците, театри, библиотеки, музеи се нарекуваат **јавни установи.** Институциите кои се дел од јавната администрација се основаат за различни области: образование, здравство, заштита на животна средина, култура, социјална заштита, и др. Заедничкото за сите институции кои се дел од јавната администрација е дека се основани од државата или општината и го штитат интересот на сите граѓани во општеството или на граѓаните во локалната заедница. За разлика од нив, компаниите или приватните бизниси работат во интерес на оние кои ги основале.

Во различни државни институции, на пример училиште, библиотека, комунално претпријатие, оние кои ги раководат овие институции, се директори и се нарекуваат **именувани функционери.** Така се нарекуваат затоа што Владата, општината или друга институција која ги основала, смета дека се најсоодветни да бидат одговорни за институцијата. Одговорните лица на институции кои, пак, ги избрале директно граѓаните, на непосредни избори и се нарекуваат **избрани функционери**, како што се на пример градоначалниците и членови на совет на општина. Задача на избраните и именуваните функционери е да даваат насоки како институциите со кои раководат да се подобрат, вклучително и како да се подобрат услугите кои ги нудат и се грижат за вработените. Но, овие функционери се одговорни за институцијата за одредено време, па затоа и често се менуваат.

Од друга страна пак, вработените во овие институции, кои се нарекуваат **вработени во јавен сектор или јавна администрација,** се постојно вработени, и не се менуваат толку често како директорите и останатите именувани функционери. Вработените во јавната администрација се делат на повеќе групи, дадени во слика 14.

**Слика 14. Поделба на јавната администрација.**




Јавната администрација е стручна, професионална и непартиска, што значи се вработуваат лица кои имаат знаење и професионално искуство. Нивна задача е да ги решаваат проблемите на граѓаните и да им овозможат пристап до јавните услуги, притоа почитувајќи одредени принципи на јавната администрација:

- Јавната администрација е должна да им служи на сите граѓани еднакво и сите граѓани да ги третира фер.
- Таа треба да знае кои се проблемите на граѓаните и да понуди решенија со кои граѓаните се согласуваат. Затоа е важно јавната администрација да ги вклучува граѓаните кога утврдува кои се приоритетни проблеми, но и заедно со нив да креира решенија. Кога граѓаните учествуваат во работата на јавната администрација, велиме дека таа е инклузивна и одлуките ги носи на партиципативен начин.
- Јавната администрација мора на граѓаните да им кажува точни и навремени информации за нејзината работа или за прашања кои граѓаните ги интересираат. Ова се нарекува принцип на транспарентност.
- Јавната администрација мора да ги почитува законите и правилата. Ако јавната администрација погреши и на граѓанинот му наштети или му го оневозможи користењето на одредено право, тогаш граѓанинот може да побара заштита од судовите, Народниот правобранител, или од повисок орган и да му биде овозможена услугата или правото. Зависно од сериозноста на прекршокот службеникот или институцијата може да бидат казнети. На овој начин се гарантира принципот на одговорност.

## Завршен дел од часот (10 мин.)

**Активност:**

### Принципите на јавната администрација

Наставникот ги дели учениците во пет групи кои во работниот лист 4.11. Секоја група треба да ги поврзе дадените примери со соодветниот принцип. Откако групите ќе го направат поврзувањето (за што имаат 5 мин.), секоја група презентира по еден пример/принцип. Доколку останатите групи не се согласуваат со изборот на групата која презентира, наставникот поттикнува кратка дискусија за да објаснат на што се должи нивниот различен став.

**Пример за наставникот** **Пополнет работен лист**

| Примери | Принципи |
|---|---|
| Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Комисијата за стипендирање талентирани ученици и студенти до Советот на општина во рок од три дена од објавувањето на резултатите. | Принцип на одговорност |
| Сите жители на општината се поканети да доставaт предлози за подобрување на културниот живот во општината. | Принцип на инклузивност и партиципативност |
| На страната на Министерството за животна средина и просторно планирање се објавени податоци за нивото на загаденост на воздухот во часовни интервали. | Принцип на транспарентност |
| Сите ученици имаат право на квалитетно образование на својот мајчин јазик. | Принцип на еднаков и правичен третман |
| На оглас за вработување во јавна администрација, од пријавените кандидати се избира оној кој има најсоодветно претходно работно искуство, познава неколку јазици и на интервјуто е највисоко оценет од сите други кандидати. | Принцип на професионалност и стручност |

## *Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија:

- Која е најкорисната работа која ја научивте на денешниот час и зошто?
- Што од денешниот час ви беше комплицирано или тешко да разберете?
- Дали има некое прашање или дилема поврзани со денешниот час кои ви останаа неодговорени?

# *Работен лист 4.10.*

## *Што спаѓа во јавна администрација?*

| | Дел од јавна администрација | Не е дел од јавна администрација |
|---|---|---|
| Ресторан McDonald's | | |
| Агенција за млади и спорт | | |
| Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање | | |
| Општина Чешиново - Облешево | | |
| Маркет Кам | | |
| Општинско средно училиште „Ибрахим Темо“ - Струга | | |
| Тутунска банка | | |
| Општа болница - Охрид | | |
| Македонски народен театар | | |
| Библиотека „Светлина - Дрита“, Општина Јегуновце | | |
| Хотел „Континентал“ | | |
| Музеј на современа уметност | | |
| Ученички дом „Проф. Мијалковиќ“ - Куманово | | |
| Фабрика за автомобили Тесла | | |
| Ансамбл за народни игри и песни „Танец“ | | |
| Мобилен оператор Македонски Телеком | | |
| Јавно претпријатие Водовод и канализација | | |
| Македонска академија на науките и уметностите | | |
| Фонд за здравствено осигурување | | |
| Кино Cineplexx | | |
| Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес | | |
| Продавница за спортска опрема Nike | | |
| Фудбалски клуб „Ренова“ | | |
| Национален парк „Пелистер“ - Битола | | |
| Пекарница „Житолукс“ | | |

# Работен лист 4.11.

## Принципите на јавната администрација

| Примери | Принципи |
|---|---|
| Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Комисијата за стипендирање талентирани ученици и студенти до Советот на општина во рок од три дена од објавувањето на резултатите. | Принцип на еднаков и фер третман |
| Сите жители на општината се поканети да достават предлози за подобрување на културниот живот во општината. | Принцип на професионалност и стручност |
| На страната на Министерството за животна средина и просторно планирање се објавени податоци за нивото на загаденост на воздухот во часовни интервали. | Принцип на инклузивност и партиципативност |
| Сите ученици имаат право на квалитетно образование на својот мајчин јазик. | Принцип на транспарентност |
| На оглас за вработување во јавна администрација, од пријавените кандидати се избира оној кој има најсоодветно претходно работно искуство, познава неколку јазици и на интервјуто е највисоко оценет од сите други кандидати. | Принцип на одговорност |

# *Содржина: Државна и јавна администрација*

## *Резултати од учењето*

Ја анализира и ја проценува општествената улога на државната и на јавната администрација.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- Дебатира за одговорноста на јавни и државни службеници во заштита на правата на граѓаните
- Идентификува злоупотреба на надлежности на државната и на јавната администрација

## *Потребни материјали:*

листови, фломастери, работен лист 4.12.

## *Методи, техники, форми:*

симулација, дискусија

# Воведен дел на часот (5 мин.)

Наставникот ги потсетува учениците дека државата, односно јавната администрација овозможува голем спектар јавни услуги и добра, но нагласува дека нивниот квалитет е подеднакво важен. Потоа ги поттикнува учениците да изберат една од долунаведените јавни услуги и добра за која тие сметаат дека е најквалитетна, и една за која сметаат дека ѝ е потребно значително подобрување.

Предлог јавни услуги и добра:

- Јавно образование
- Јавно здравство
- Заштита на животната средина
- Вработување
- Култура и уметност

Наставникот поканува неколку доброволци да го објаснат својот избор.

**Можни аргументи за некоја од јавните услуги или добра да се оцени позитивно**: високо рангирање на меѓународни тестирања во областа, друг начин на меѓународно признавање на квалитетот, инвестирани се многу пари, учениците се често примени на светски универзитети и подоцна стануваат признати професионалци во своите области, се продуцира добар медицински кадар кој е атрактивен и за другите држави, евидентирано е намалување на аерозагадувањето, уметниците и културните работници продуцираат квалитетна културна и уметничка содржина, па затоа расте бројот на посетители на културните настани и сл.

**Можни аргументи за некоја од јавните услуги или добра да се оцени негативно:** младите кадри заминуваат, не инвестираме доволно средства во образование и здравство, ниско сме рангирани на меѓународни тестирања и сл.

*Забелешка:* Наставникот треба да внимава на ризикот од преголем песимизам кај учениците, односно одбивање да дадат позитивна оценка.

## Главен дел на часот (25 мин.)

**Активност:**

### Битка за паркот „Солидарност“

Наставникот им го дели работниот лист 4.12. на учениците каде што е објаснета приказната за паркот „Солидарност" и се дадени насоките за симулацијата на јавна расправа која ќе следува. Потоа, наставникот, ги дели учениците во 8 групи од кои секоја добива по една од улогите дадени во работниот лист 4.13. По максимум 25 мин. дискусија, градоначалникот и членовите на Совет треба да одлучат и јавно да ја соопштат одлуката околу иднината на паркот.

## Завршен дел на часот (10 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија за претходната активност:

- Кои беа вашите природни сојузници според ставовите кои ги имавте?
- Како е возможно два сектора во општината, да имаат сосема спротивставени ставови?
- На кој начин општината ги третираше сите засегнати страни? Дали кон сите односот беше фер и еднаков?
- Дали Градоначалникот и советниците, направија компромис во крајното решение, со цел повеќе засегнати страни да бидат задоволни?
- Кој од секторите во општината ви дадоа поддршка во бранење на ставот и зошто?
- На кој начин секторот во општината кој не се согласуваше со вас, се обидовте да го убедите да ве поддржи?
- Колку сте задоволни со одлуката на Градоначалникот и членовите на Советот?
- На кој начин одлуката на Градоначалникот и членовите на Советот го штити јавниот интерес во оваа ситуација?

## Активност за рефлексија и евалуација ( 5 мин.)

Наставникот им задава задача на учениците да размислат за дадените прашања и одговорите да ги запишат во своите рефлексивни дневници:

- Која е најкорисната работа која ја научивте на денешниот час и зошто?
- Што од денешниот час ви беше тешко да разберете?
- Дали има некое прашање или дилема поврзани со денешниот час кои ви останаа неодговорени?

# *Работен лист 4.12.*

## *Битка за паркот „Солидарност“*

Паркот „Солидарност“ е зелена површина од 4 000 km2, во општината Еднаквост. Паркот постои веќе 50 години и е во сопственост на општината. Паркот има уникатна и густа вегетација, високи дрвја, едно мало вештачко езеро и разновиден животински свет. Паркот има патека за пешаци, патека за велосипеди и едно повеќенаменско игралиште. Паркингот во задниот дел од паркот собира 20-тина возила.

Од јужната страна на паркот, се наоѓа населбата Братство во која живеат повеќечлени, повеќегенерациски семејства. Децата го користат паркот за игра, учениците за спортски активности, додека постарите граѓани за прошетка и релаксација.

Од северната страна на паркот, се наоѓа бизнис-административен центар со голем број банки, државни институции и приватни фирми. Вработените понекогаш го користат паркот за време на паузата. Меѓутоа огромен проблем за сите фирми, бизниси и институции е недостатокот на паркинг за нивните вработени. Само ¼ од вработените кои користат возила можат да паркираат во близина на работното место.

Од источната страна на паркот, приватната фирма „Градежник“ сака да откупи земјиште од општината и да изгради три висококатници.

Во последните години, поради густата вегетација, а и недостаток на соодветно осветлување, во паркот неколку лица се ограбени. Дополнително, навечер се собираат млади кои се гласни, а некогаш консумираат и алкохол. Паркингот во задниот дел е речиси секогаш окупиран од вработените во бизнис-административниот центар кој се наоѓа северно од паркот.

**Кој е следниот чекор?**

Градоначалникот и членовите на Советот треба да одлучат што да прават со паркот „Солидарност“, откако до општината се пристигнати неколку барања поврзани со паркот. Градоначалникот и членовите на Советот, организираат јавна расправа за да ги сослушаат сите засегнати страни. Откако Градоначалникот и членовите на Советот, ќе дадат вовед во темата на јавната расправа, секоја засегната страна преку 2 минутна презентација ја образложува својата позиција. Откако сите ќе завршат градоначалникот ќе даде 5 мин. пауза, каде што засегнатите страни може меѓусебе да разговараат, да лобираат, да се групираат. По паузата, може секоја засегната страна или здружена коалиција да се јави за збор и да даде 2-минутно побивање на излагањата на другите. Градоначалникот и членовите на Советот по секое излагање може да поставаат прашања.

# *Работен лист 4.13.*

## *Улоги во симулацијата „Битка за паркот“*

1. До **Градоначалникот и Советот на општината „Еднаквост“** се пристигнати неколку предлози околу иднината на паркот. Тие треба да ги сослушаат сите страни и да одлучат како ќе постапат со паркот. Нивна задача е да го заштитат јавниот интерес.
2. **Фирмата „Градежник“** смета дека близината на паркот е важна причина зошто некој би се одлучил да купи стан, но информациите дека паркот е небезбеден влијаат негативно врз цената на становите. Тие бараат да се исечат дел од дрвјата, да се воведе улично осветлување и ноќен редар.
3. **Здружени фирми, бизниси и институции од бизнис-административниот центар** бараат од градоначалникот паркот да го сруши и да го пренамени во паркинг простор. Тие се закануваат дека ќе се преселат на други локации, и со тоа значително ќе се намалат приходите на општината.
4. **Жителите на населбата Братство** се против ваквите предлози. За нив паркот отсекогаш бил важен дел од нивниот социјален и културен живот и една од причините за квалитетниот живот што го имаат. Тие бараат од општината да не го продава земјиштето на источната страна од паркот, туку да го прошири паркот. Меѓутоа, идејата за воведување улично осветлување и ноќен редар им се допаѓа, особено затоа што им пречи бучавата која ја прават младите навечер.
5. **Младите од населбата Братство** бараат да не се стигматизираат младите во дискусијата околу иднината на паркот. Сакаат паркот да се прошири, а постарите да имаат разбирање за нивната потреба од простор за дружба, како и доверба дека може да се однесуваат одговорно. Одбиваат да се согласат за воведување ноќен чувар.
6. **Локалното еколошко здружение „Пријатели на природата“**, не само што се противи да се сече или пренамени паркот туку бара и значително да се ограничи дневното движење на посетители, затоа што бучавата и ѓубрето му смета на живиот свет во паркот.
7. **Секторот за заштита на животна средина** во општината смета дека паркот е особено важен за унапредување на квалитетот на воздухот, како и за зачувување на диверзитетот на вегетацијата и живиот свет.
8. **Секторот за даноци и комунални такси** во општината смета дека пренамена на паркот во паркинг или градење висококатници, ќе ѝ донесе значително поголеми приходи на општината.

*Модуларна единица*

**5**

# ГРАЃАНИНОТ И СВЕТОТ

# Содржина: Глобализацијата и општеството

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- да ги анализира и да ги следи промените во општеството што настануваат како резултат на зголемената културна размена.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- го дефинира поимот глобализација,
- ги набројува процесите во кои се јавува глобализацијата.

## Потребни материјали:

работен лист 5.1.

## Методи, техники, форми:

дискусија, анализа на текст, фронтална работа, индивидуална работа и работа во парови.

# *Воведен дел на часот* (10 мин.)

***Активност:***

## *Историја на компанијата Кока-Кола*

Наставникот го чита примерот за компанијата Кока-Кола и ги насочува учениците да ги запишат оние информации кои сметаат дека се важни.

„Кока-колата ја измислил фармацевтот Џон С. Пембертон, и првата намена ѝ била за медицински цели. Компанијата Кока-Кола е основана во САД во 1886 година. Првата фабрика надвор од САД, компанијата ја отвора во Канада, во 1906 година. Првите Олимписки игри на кои се продава Кока-Кола се одржани во 1928 година во Амстердам. Веќе во 1940 година, има свои фабрики низ бројни држави во светот. Брендот Кока-Кола станува популарен поради неговата асоцијација со забава и пријатели. Брендот станува меѓународно познат кога во 1971 година е пуштена реклама каде што млади луѓе од целиот свет се собрани и пеат во Италија. Во 1978 година, компанијата Кока-Кола е првата некинеска компанија на која ѝ е дозволен пристап на кинескиот пазар. Денес, компанијата произведува 400 различни брендови во 191 држава (сите држави во светот, освен Куба и Северна Кореја). Повеќе од 70% од приходот на компанијата доаѓа од продажба надвор од САД. Речиси две декади (1991-2012), Мексико е државата која консумира најмногу Кока-Кола по глава на жител. Две години по ред (2018 и 2019 година), брендот Кока-Кола е прогласен за бренд кој најмногу придонесува кон акумулирање пластичен отпад во светски рамки.“

Наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања:

- Кои од наведените информации во примерот упатуваат дека Кока-Кола е глобална компанија/бренд? (Можни одговори: основана е во САД, а се продава ширум светот, најмногу приход доаѓа од продажбите во Мексико итн.)
- Дали знаете за друга компанија која го продава својот продукт низ поголем број држави во светот, вклучително и Северна Македонија? (Можни одговори: Nike, Zara, IBM, Apple, Dell, HP, Samsung, Peugeot, Toyota, Nestle, Nikon, IKEA, Facebook...)
- Кои се предностите, а кои недостатоците од тоа што оваа компанија го продава својот производ на македонскиот пазар? (Можни одговори: предности - помали цени, поголем избор, поголема поврзаност, недостатоци - граѓаните не ги купуваат производите од македонските производители, производството придонесува кон загадување.)

- Дали знаете за производи кои се произведуваат во Македонија, а се продаваат во други држави? (Можни одговори: вина (Тиквеш, Стоби), автобуси (ВанХол), облека (Том Тејлор, Макс Мара, Гучи, Хуго Бос), тутун (Тутунски комбинат Прилеп), мермер (Мермерен комбинат Прилеп), делови за автомобили (Џонсон Мети, Кромберг и Шуберт, Дрекселмаер), лекови (Алкалоид).

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува краток заклучок од дискусијата:

Сите овие примери на продавање продукти надвор од својата држава се возможни поради тоа што во современите општества намалено е влијанието на границите помеѓу државите. Па така, компаниите полесно можат да увезуваат и извезуваат производи и услуги, што со еден збор се нарекува глобализација.

## Главен дел на часот (20 мин.)

**Глобализацијата** е процес во кој локалните, регионалните и националните економии, општества и култури стануваат сè поинтегрирани и поврзани. Терминот глобализација всушност се однесува на намалувањето на бариери и граници, со што производи, услуги, работна сила, капитал и идеи се движат многу послободно помеѓу различните делови од светот. Овој процес се случува со векови, па така трговијата со зачини и патот на свилата се историски примери за како луѓето патуваат големи далечини за да соработуваат со други култури и заедници. Меѓутоа разликата помеѓу глобализацијата во последните 60 години и онаа претходно се разликува по значителното зголемување на брзината со која се случуваат промените. Па така:

- Ако во 1960 година не постоел мобилниот телефон, во 2017 година во светот има 4.4 милијарди корисници на мобилни телефони[14] (слика 15).

14 https://ourworldindata.org/internet, https://www.bankmycell.com/blog/how-many-phones-are-in-the-worldtt

**Слика 15.** Број корисници на мобилни телефони низ светот во 2017 година, мерено како пропорција на 100 луѓе.




→ Речиси половина од населението во светот има пристап онлајн (3.5 милијарди), додека 2.4 милијарди користат социјални медиуми[15] (слика 16).

**Слика 16.** Број на корисници на социјални медиуми, во периодот помеѓу 2004 и 2019 година.




15 https://ourworldindata.org/internet

➔ Ако во 1970 година, годишно со авион патувале 310 милиони патници, овој број во 2017 година се искачува на 4.2 милијарди патници[13] (Слика 17).

**Слика 17.** Број на патници кои патувале со авион во периодот помеѓу 1970 и 2018 година.




- Кои се факторите кои ја овозможуваат глобализацијата според вас?
- Според вас, кој е најважен, а кој најмалку важен фактор?

Доколку има потреба, наставникот ги дополнува одговорите на учениците во однос на факторите кои ја овозможуваат глобализацијата:

- Авионски сообраќај,
- Употреба на англискиот јазик како светски јазик,
- Информациски технологии и социјални мрежи,
- Меѓународна трговија,
- Олабавување на визните правила и граничните контроли.

Наставникот посочува дека постојат повеќе видови глобализација:

**Политичката глобализација** се однесува на појавата на глобалното владеење преку меѓународните владини и невладини организации. Меѓународни владини организации се организации составени од држави членки, како што се Организацијата на обединети

16 https://data.worldbank.org/indicator/IS.AIR.PSGR?end=2018&start=1970&view=chart ps://data.worldbank.org/indicator/IS.AIR.PSGR?end=2018&start=1970&view=chart

нации, Светската здравствена организација или Светска банка. Меѓународни невладини организации се организации кои се составени од други невладини организации, фондации, индивидуалци, бизниси и сл. Пример за меѓународни невладини организации е Greenpeace, Доктори без граници, Амнести...

**Културната глобализација** се однесува на зголемената размена на идеи, културни норми, вредности и производи (идеологија, наука, музика, литература, уметност, филм, весници). Па така, како резултат на културната глобализација се зголемува употребата на англискиот јазик, пристапот до масовни медиуми и филмови, влијанието на кампањи за човекови права, женски, детски права, права на животните и животната средина.

**Економската глобализација** се однесува на воспоставување глобален пазар, кој функционира на основа на слобода на размена на добра, услуги, работна сила и капитал. Економската глобализација може да ја поделиме и на: *индустриска глобализација* која се однесува на развојот на глобален пазар на производство, што бара движење на материјал и добра надвор од националните граници; и *финансиска глобализација* која подразбира развој на светски финансиски пазари и подобар пристап до надворешно финансирање долгови.

**Информациската глобализација** се однесува на зголемување на информациските текови помеѓу различни делови на светот. Оваа технолошка промена е овозможена од оптичката комуникација, сателити, достапност на интернет и мобилна технологија.

***Активност:***

## *Видови глобализација (10 мин.)*

Наставникот го дели работниот лист 5.1. кој учениците треба да го пополнат самостојно за што имаат пет минути. Додека учениците работат индивидуално, наставникот ги запишува/проектира точните одговори на табла. Потоа учениците имаат уште пет минути за дискусија во парови за нивните одговори и потенцијални разлики во ставовите.

## *Пример за наставникот* *Пополнет работен лист*

1. **Американски забавен парк Дизниленд отвора паркови во Хонг Конг, Јапонија и Франција.** *(економска)*
2. **IBM Моделот 350 на мемориска единица од 1956 година била 152 cm долга, 173 cm висока и 74 cm широка, со 5MB мемориски капацитет. Денешната MicroSD картичка е со димензии 15 mm должина, 11mm ширина, 1 mm висинаи мемориски капацитет од 128GB.** *(информациска)*

3. **Делови за автомобил се произведени во Германија, Јапонија, Кореа, Северна Македонија, а автомобилот е составен во Италија.** *(економска)*
4. **Центрите за корисничка поддршка низ светот, во голема мера користат сателити. Па така оној што бара информација и вработениот во центарот за корисничка поддршка најчесто се на две различни места во светот. На пример некој од Канада се јавува за информација за одреден продукт, одговор добива од вработен во центар за корисничка поддршка лоциран во Романија.** *(информациска)*

5 **.Основање регионални форуми како Европската Унија, Економска соработка помеѓу Азија и Пацификот, Африканска унија или организации како Светска трговска организација или Меѓународниот олимписки комитет.** *(политичка)*

6 **.BBC (British Broadcasting Service) може да се гледа во повеќе од 200 земји и територии во светот.** *(културна)*

7. **Државите можат да позајмуваат пари од институции како Меѓународен монетарен фонд и Светска банка.** *(економска)*
8. **164 милиони луѓе во светот работат во држава различна од нивната.** *(економска)*
9. **Во 2020 година, најгледаното видео на YouTube има 6.9 милијарди прегледи (Despacito од Luis Fonsi и Daddy Yankee).** *(културна)*

## *Завршен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот ги поттикнува учениците да размислат и да дадат по еден свој пример за сите четири вида глобализација. По неколку минути размислување, наставникот поттикнува доброволци да ги споделат своите примери.

## *Активности за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија со следните прашања:

- Каков би бил светот доколку би престанал процесот на глобализацијата?
- Дали некој е одговорен за процесот на глобализација или глобализацијата се случува спонтано?

***Забелешка:*** Наставникот овие прашања може да ги зададе и како прашања за рефлексија на наученото, кои учениците би ги одговориле писмено во своите дневници за рефлексија.

# *Работен лист 5.1.*
## *Видови глобализација*

Разгледај ги примерите дадени подолу и утврди за каков вид глобализација станува збор (економска, информациска, културна или политичка).

1. Американски забавен парк Дизниленд отвора паркови во Хонг Конг, Јапонија и Франција. ________________________
2. IBM Моделот 350 на мемориска единица од 1956 година била 152 cm долга, 173 cm висока и 74 cm широка, со 5MB мемориски капацитет. Денешната MicroSD картичка е со димензии 15 mm должина, 11mm ширина, 1 mm висинаи мемориски капацитет од 128GB.________________________
3. Делови за автомобил се произведени во Германија, Јапонија, Кореа, Северна Македонија, а автомобилот е составен во Италија. ________________________
4. Центрите за корисничка поддршка низ светот, во голема мерка користат сателити. Па така, оној што бара информација и вработениот во центарот за корисничка поддршка најчесто се на две различни места во светот. На пример некој од Канада се јавува за информација за одреден продукт, одговор добива од вработен во центар за корисничка поддршка лоциран во Романија. ________________________
5. Основање регионални форуми како Европската Унија, Економска соработка помеѓу Азија и Пацификот, Африканска унија или организации како Светска трговска организација или Меѓународниот олимписки комитет. ________________________
6. BBC (British Broadcasting Service) може да се гледа во повеќе од 200 земји и територии во светот. ________________________
7. Државите можат да позајмуваат пари од институции како Меѓународен монетарен фонд и Светска банка. ________________________
8. 164 милиони луѓе во светот работат во држава различна од нивната. ________________________
9. Во 2020 година, најгледаното видео на YouTube има 6.9 милијарди прегледи (Despacito од Luis Fonsi и Daddy Yankee). ________________________

# Содржина: *Глобализацијата и општеството*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката може:

- да ги анализира и да ги следи промените во општеството како резултат на зголемената културна размена.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- ги издвојува придобивките и последиците од **глобализацијата** и **културната размена**,
- ги идентификува областите на промени од **глобализацијата.**

## *Потребни материјали:*

работен лист 5.2.

## *Методи, техники, форми:*

анализа на случаи, дискусија, работа во група, текст метода.

## Воведен дел на часот (2 мин.)

Наставникот го започнува часот со потсетување дека на минатиот час во фокус беа придобивките и позитивните страни на глобализацијата, додека на овој час ќе се посвети внимание и на несаканите и негативните последици од глобализацијата.

## Главен дел на часот (38 мин.)

**Активност:**

### Предизвици и последици од глобализацијата

Наставникот ги дели учениците во 6 групи и секоја група добива по еден текст (секој текст ќе го работат две групи). Учениците имаат 5 минути да го прочитаат текстоти 10-15 минути за дискусија во група, согласно дадените прашања. За време на групните дискусии, наставникот ја надгледува работата на учениците и помага доколку е потребно. По групните дискусии, наставникот поттикнува дискусија на ниво на клас (во времетраење од 10-15 минути) каде што на учениците им се поставуваат следните прашања за размена на примери и идеи.

- Какви предизвици и последици илустрираше вашиот пример? (Се очекува од учениците накратко да ги сумираат примерите кои ги дискутираа.)
- На кој начин глобализацијата придонесе кон последиците во вашиот пример?
- Што можат да преземат државите во кои се случуваат овие примери, за да ги спречат негативните последици?
- На кој начин вие можете да помогнете да се спречат или да се намалат предизвиците и последиците од глобализацијата?

**Можни одговори од учениците**

Пример 1. Колку е фер текстилната индустрија?

- Колку според вас е фер што Мара е платена помалку од 1 долар на час и работи 10-12 часа? (Можни одговори: не е фер затоа што платата која ја добива е навистина ниска и тешко може да ги задоволи нејзините месечни потреби; не е фер затоа што за истата работа, работник во друга држава е платен значително повеќе; не е фер затоа што немаат доволно пауза, работат за празници, не смеат да се организираат во синдикати и да протестираат за

поголеми плати; фер е затоа што компанијата може да избере да работи во друга држава и тогаш Мара не би имала работа.)

- Зошто овие големи компании одлучуваат своите фабрики да ги отворат во земји како Камбоџа, Бангладеш, Мароко, Тајланд, дури и Северна Македонија? (Се очекува од учениците да посочат дека некои држави имаат помалку строги закони, а со тоа и помала заштита на работниците и работничките права; некои држави се посиромашни и подготвени се да прифатат секакви барања од компаниите, во замена за работни места.)
- На кој начин сметате дека вие можете да им помогнете на луѓето како Мара? (Можни одговори: да се информираме кои компании им плаќаат мали плати на вработените и да не купуваме нивни производи; да им пишеме на компаниите дека не ни се допаѓа каков третман имаат врз вработените; да волонтираме во организација која се труди да им помогне на овие работници да се изборат за своите права.)

### Пример 2. Делта на реката Нигер

- Како е возможно Нигерија која е една од најголемите производители на нафта, истовремено да биде и една од најсиромашните земји? (Се очекува од учениците да посочат дека ресурсите на Нигерија како нафта и гас ги користат и ползуваат приватни меѓународни компании, кои профитот го земаат за себе, и не го инвестираат во самата држава; поради корупција; државата Нигерија не успева да ги регулира овие компании; лоши закони кои не ги штитат граѓаните или не се применуваат...)
- Колку според вас е фер тоа што Нигерија е една од најголемите производители на нафта, а истовремено е и една од најсиромашните земји? (Можни одговори: не е фер, затоа што: ресурсите се на граѓаните на Нигерија; ресурсите се заеднички, треба да се делат и сите да имаат корист од нив; компаниите го искористуваат моментот што овие држави се сиромашни и да наметнат свои правила; не е фер затоа што компаниите прават профит само за себе, а не за сите. Фер е: државата им дозволила на компаниите да ги користат ресурсите; државата донела такви закони, компаниите се придржуваат до законите, не се компаниите виновни ако законите се лоши; граѓаните си ја избрале власта, значи се согласуваат со начинот на кој се водат работите...)
- Како уништувањето на животната средина во делтата на реката Нигер е последица на процесот на глобализација? (Се очекува од учениците да посочат дека глобализацијата значи отстранување бариери, па така со

отворање на светскиот пазар, компании од држава, може да дојдат и да работат или да користат ресурси на друга држава; компаниите избираат да работат во држави во кои има најмалку правила, а државите пак ги намалуваат правилата за да привлечат компании...)

- Колку е фер да се жртвува животната средина за економски интерес? (Можни одговори: не е фер затоа што уништувањето на животната средина има влијание врз сите нас, а профитот е само за компаниите; ниедни пари на светот не се битни ако ние ја уништиме животната средина, затоа што штетата е непоправлива; уништување на животната средина значи себеуништување. Фер е затоа што некои земји се навистина сиромашни и употребувањето на природните ресурси може да ги извади од сиромаштија; убава природа не ти значи ништо, ако не можеш да си ги овозможиш основните потреби; западните држави својот напредок го постигнаа уништувајќи ја животната средина, не е фер на помалку развиените држави сега да им се ограничи развојот за штетата што ја направиле повеќе развиените држави.)

### Пример 3. Исчезнување на светските јазици

- На кој начин глобализацијата придонесува кон изумирање на дел од светските јазици? (Можни одговори: со зголемување на економската соработка, се зголемува потребата од ефикасна комуникацијата, па еден или неколку јазици кои сите ги зборуваат, наместо многу јазици кои ги зборуваат помали групи е поефикасен метод на комуникација; писателите, филмските работници дури и музичарите, за да имаат поголема публика творат на еден или на неколку јазици кои поголем дел од светската популација ги разбира, наспроти творење на својот јазик, кој е разбирлив за помала публика)
- Зошто не треба да дозволиме изумирање на различите јазици кои се говорат низ светот? (Можни одговори: јазикот е значаен дел од идентитетот и културата на различни заедници, преку јазикот се пренесуваат историските и политичките случувања на различни заедници, јазикот сведочи за колективните искуства...)
- На кој начин вие можете да помогнете да се зачуваат јазиците кои се под ризик од изумирање? (Можни одговори: со изучување на јазикот, со помагање истиот да се запише, со поддршка за писатели и културни работници кои творат на различни јазици и сл.).

## *Завршен дел на часот/ Активност за рефлексија и евалуација* (5 мин.)

Доколку има време на часот, наставникот поттикнува дискусија. Истите прашања може да се дадат на учениците да изработат проект за домашна работа.

- Според вас, дали глобализацијата има повеќе предности или недостатоци? Објаснете.
- Кои предизвици и последици од глобализацијата ги чувствуваме во Северна Македонија?

# *Работен лист 5.2.*
## *Предизвици и последици од глобализацијата*

**Пример 1. Колку е фер текстилната индустрија?**

Мара е една од милионите работници кои работат во фабрики за спортска облека низ светот. Фабриката во која таа работи се наоѓа во Пном Пен, главниот град во Камбоџа. Нејзината работа се состои од шиење спортски тренерки. Нејзиниот работодавач очекува Мара да сошие 120 пара тренерки на час или околу 960 пара дневно. За нејзината работа, Мара е платена 75 центи на час, а дневно работи 10-12 часа, некогаш и ноќна смена. Големите спортски брендови не отвораат фабрики во западните развиени држави затоа што работниот труд таму е значително поскап. За споредба, во 2012 година просечната плата исплатена на работник во текстилната индустрија во Норвешка била 63 долари, во Шведска 58 долари, во САД 36 долари, во ВБ 31 долар[17] . Овие компании за да заштедат на трошоци за производство, одлучуваат да ги отворат своите фабрики во држави како Камбоџа, Бангладеш, Мароко, Тајланд, дури и Северна Македонија.

Иако фактот што овие работници имаат можност за работа е позитивен, сепак овие работници трпат големи неправди и нехумани услови за работа.

Освен што Мара добива помеѓу 3 и 6 пати помала плата во споредба со работник во западните држави кој ја врши истата работа, платата на Мара дополнително ѝ се крати ако не ја постигне дневната квота, таа има многу кратки паузи за ручек и за вршење физиолошки потреби, работи за празници, подолги часови отколку просечниот наш работен ден, не смее да се организира во синдикат, ниту да протестира за поголеми права.

### *Прашања за дискусија:*

- Колку според вас е фер што Мара е платена помалку од 1 долар на час и работи од 10-12 часа?
- Зошто овие големи компании одлучуваат своите фабрики да ги отворат во земји како Камбоџа, Бангладеш, Мароко, Тајланд, дури и Северна Македонија?
- На кој начин сметате дека вие можете да им помогнете на луѓето како Мара?

17 https://www.bls.gov/fls/ichcc.pdf, https://www.bls.gov/fls/ichccindustry.htm#13

### Пример 2. Делта на реката Нигер[18]

Американската компанија Шел работи во делтата на реката Нигер во Нигерија од 30-тите години на минатиот век. Иако сега Нигерија е демократија, оваа држава има долга брутална историја на воени диктаторства. Порано во околината на делтата на реката Нигер биле најплодните земјоделски земјишта, а поради самата река имало огромни количества риба на располагање на граѓаните. Тука се наоѓал еден од најбогатите екосистеми, со уникатна флора и фауна. Во јужниот дел на Делтата е областа Огониланд, каде што живеат половина милион Огони.

Нигерија е најголем производител на нафта во Африка и 11-ти најголем производител во светот. Меѓутоа, жителите на Нигерија немаат економска придобивка од искористувањето на нафтените резерви и Нигерија е една од најсиромашните земји на светот. Како е ова возможно?

Половина од дневното производство на нафта во Нигерија е произведено од Шел. Шел оперира во Нигерија преку заедничка компанија помеѓу Шел и нигериската влада, која се вика Шел Петролеум развојна компанија. Оваа компанија поседува повеќе од 90 нафтени полиња, или повеќе од 30 000 $км^2$ која се наоѓа во реката Нигер. За извлекување на нафтата и гасот, постои мрежа на повеќе од 6 000 км цевки, 7 платформи за гас, 86 пловни станици и други објекти.

Шел и другите компании ја имаат опустошено делтата на реката Нигер, со истекување на нафтата и горење на гасот. Населението околу реката Нигер страда од различни здравствени проблеми, а земјиштето е тешко загадено. Горењето гас се поврзува со најразлични здравствени проблеми како астма, кашлица, тешко и болно дишење, хроничен бронхитис и сл. Животниот век на луѓето во регионот е околу 40 години.

Една од еколошките последици на горењето гас во делтата на Нигер е „киселиот дожд", кој се создава кога сулфур диоксид и нитроген оксид кои се произведуваат со горење гас ќе дојде во контакт со атмосферската влажност. Овој тип дожд ги „закиселува" езерата и изворите и ја уништува вегетацијата. Дополнително, го забрзува распаѓањето на градежните материјали и со тоа ги оштетува живеалиштата на граѓаните.

## *Прашања за дискусија:*

- Како е возможно Нигерија која е една од најголемите производители на нафта, истовремено да биде и една од најсиромашните земји?
- Колку според вас е фер тоа што Нигерија е една од најголемите производители на нафта, а истовремено е и една од најсиромашните земји?
- Како уништувањето на животната средина во делтата на реката Нигер е последица на процесот на глобализација?
- Колку е фер да се жртвува животната средина за економски интерес?

18 https://www.foeeurope.org/publications/2009/Overconsumption_Sep09.pdfh

### Пример 3. Исчезнување на светските јазици

Човештвото денес се соочува со огромна загуба, јазиците исчезнуваат со неверојатна брзина. Па така, преку 40% од 7 000 светски јазици кои знаеме дека постојат, се под закана од исчезнување, според Проектот за загрозени јазици.[19]

Според лингвистите, со секој јазик што умира губиме огромно културно наследство, јазикот објаснува на кој начин цели заедници комуницираат, крие научно, медицинско, политичко знаење, начин на кој заедниците искажуваат хумор и љубов. Накратко, со изумирање на еден јазик, губиме сведочење на векови живот.

Истражувачите прво утврдиле листа на загрозени јазици, користејќи неколку критериуми како на пример мала популација која го зборува јазикот, големо намалување во популацијата која го зборува јазикот и мал географски опфат на популацијата кој го зборува јазикот.

Истражувањето[20] покажало дека бројни загрозени јазици се наоѓаат во суштина во економски развиени региони, како Северозападна Америка, Европа и Австралија, како и региони кои бележат брз економски раст. Тие ја разгледувале поврзаноста помеѓу заканата од изумирање на јазикот и бројни фактори, меѓу другото и влијание на животната средина, но овие фактори се во сенка на социјалните, политичките и економските фактори. Бруто домашен производ[21] по глава на жител е факторот од кој најмногу зависи колкав е ризикот за еден јазик да изумре, што е пак резултат на социо-економските процеси кои се јавуваат како дел од глобализацијата.

Истражувачите објаснуваат дека со развојот на економијата, еден јазик често станува доминантен во политичката и образовната сфера на државата. Луѓето се практично принудени да го употребуваат овој јазик, за да не бидат изоставени од политичките и економските случувања, на сметка на своите јазици.

На пример, европските доселеници кога пристигнуваат во 1700-тите години, на територијата на Австралија се зборуваат преку 300 јазици. Денес, се смета дека се преживеани само околу 90-тина јазици, од кои 60 се сметаат за живи и се употребуваат секојдневно. Австралија е рангирана 11-та според големина на БДП по глава на жител.

## *Прашања за дискусија:*

- На кој начин глобализацијата придонесува кон изумирање на дел од светските јазици?
- Зошто не треба да дозволиме изумирање на различите јазици кои се говорат низ светот?
- На кој начин вие можете да помогнете да се зачуваат јазиците кои се под ризик од изумирање?

19 Проектзазагрозенијазици. Достапнона: http://www.endangeredlanguages.com/about/

20 Global distribution and drivers of language extinction risk https://royalsocietypublishing.org/doi/full/10.1098/rspb.2014.1574#d3e718

21 Бруто домашен производ претставува вкупна пазарна вредност на сите произведени добра и услуги во една земја во одреден период (обично една година).

# Содржина: Република Северна Македонија во меѓународните организации

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- ја идентификува позицијата и ги препознава придобивките на СРМ во меѓународните организации

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Ги набројува меѓународните организации во кои РСМ е членка
- Ја опишува конкретната улога на меѓународните организации во заштита на правата на човекот во решавањето на глобалните проблеми во општеството

## Потребни материјали:

работен лист 5.3. (исечен на помали картончиња), ножици, хартија, бои

## Методи, техники, форми:

дискусија, работа во групи, работа во парови, учење преку игра.

# Воведен дел на часот (15 мин.)

**Активност:**

## Зошто треба да соработуваме?

Учениците во парови по двајца треба да седнат, така што меѓусебе се свртени со грб. Секој ученик добива по еден симбол на меѓународна организација (од работен лист 5.3.) и треба да му дава насоки на другиот ученик како да го нацрта симболот. Доколку го знае, не смее да го каже името на организацијата чијшто симбол го опишува, а треба да се труди да дава јасни насоки и детални описи. По пет минути, активноста завршува и наставникот ги поканува учениците да ги споредат и споделат вистинскиот симбол и нацртаниот и поттикнува дискусија според следните прашања:

- Што најмногу ви помогна при цртањето?
- На какви проблеми наидовте?
- Како се обидовте да ги разрешите?

Целта на дискусијата е да се посочи важноста на соработката и комуникацијата за подобро меѓусебно разбирање и соодветна размена на информации. Колку поуспешно комуницираат учениците во парот, соодветно пренесуваат информации, ги сослушуваат, прашуваат за детали и сл., толку подобар ќе биде резултатот (нацртаната слика). Истиот принцип важи и за соработката помеѓу државите во светот. Со глобализацијата и размената на информации, стоки и услуги на глобално ниво, потребни се сè подобри вештини на меѓусебна комуникација помеѓу државите, со цел да се обезбеди успешна соработка, да се намалат недоразбирањата и да се спречат конфликтите.

Во светот постојат 193 држави. Како што во нашата држава, ние соработуваме меѓусебно за да имаме напредок, така и државите во светот соработуваат за да напредуваат нивните заедници. За да соработуваат подобро меѓусебе, државите се здружуваат во меѓународни организации.

## *Главен дел на часот* (20 мин.)

Наставникот го започнува главниот дел од часот со кратка дискусија според следните прашања:

- Зошто е потребно државите да се здружуваат во меѓународни организации?
- Што се случува со суверенитетот на државите, при нивен влез во меѓународни организации?

Учениците се потсетуваат за поимот суверенитет и се објаснува што се случува со суверенитетот на државата при нејзино приклучување во меѓународни организации:

Суверената државна власт во суштина значи дека таа е највисок политички авторитет во една држава која самостојно донесува одлуки. Во една држава не може да има повеќе суверени власти, на пример два парламенти, две влади, две судства, кои имаат право да одлучуваат за сите државјани. Суверените држави не смеат да се мешаат во внатрешните работи на други суверени држави.

Сепак, со цел меѓународните организации да можат да функционираат, државите се откажуваат од мал дел од својот суверенитет, односно правото да одлучуваат и му го даваат на телото на меѓународната организација да одлучува во нивно, заедничко име. На пример, одлуките на Советот за безбедност при Обединетите нации се задолжителни за земјите членки на оваа организација. Тоа значи дека кога Советот на безбедност, ќе одлучи дека некоја држава треба да биде казнета поради, на пример, непочитување на човековите права, сите држави мораат да послушаат. Затоа што државите се согласиле за овие прашања во име на сите да одлучува Советот на безбедност, тие практично се откажале од дел од својот суверенитет, односно се откажале од правото да носат сами одлуки за овие прашања.

Наставникот нагласува дека постојат два типа меѓународни организации: меѓународни владини организации и меѓународни невладини организации, а тековниот час е посветен на меѓународните владини организации.

Клучната разлика е што меѓународно владините организации се составени од држави кои одлучиле да соработуваат. Меѓународните невладини организации се составени, пак, од национални невладини организации или од групи граѓани кои имаат заедничка цел, независно од кој дел на светот доаѓаат. Пример за меѓународни невладини организации се: Amnesty International, Human Rights Watch, World Wildlife Fund, PETA, Greenpeace и сл.

Постојат многу причини зошто државите формираат меѓународни организации:

- За да се намалат конфликтите и несогласувањата, а со тоа и војните и насилството меѓу државите;
- Со заеднички сили, да решат проблем кој е заеднички, а кој секоја држава сама не може да го реши;
- Со заеднички ресурси да унапредат одредено стручно поле;
- За да добијат повеќе економска или воена моќ;
- Моќните држави формираат и учествуваат во меѓународни организации со цел да влијаат врз помалку моќните држави да усвојат политики или договори што им се нив од интерес;
- Помалку моќните држави се здружуваат со други држави, и на овој начин, заедно стануваат помоќни, влијателни и се во можност да им се спротивстават на помоќните држави.

**Активност:**

### Поврзување меѓународни организации (15 мин.)

Учениците се делат во групи и секоја група ги добива материјалите од работен лист 5.3. кој вклучува симбол/лого на меѓународни организации, целосен назив, опис на организацијата. Се печатат онолку работни листови, колку што има групи, се сечат на поединечни квадратчиња и се прават онолку пакети колку што има групи. Секоја група добива по едно пакетче со материјали и треба секој опис да го поврзе со симболот на соодветната меѓународна организација, и да каже дали Република Северна Македонија е членка на таа организација. Секоја група презентира по две меѓународни организации, а наставникот потврдува дали поврзувањето на симболот, називот и описот се соодветни.

## *Завршен дел на часот и активност за рефлексија и евалуација* **(5 мин.)**

- Што е подобро, ако државите соработуваат меѓусебе преку меѓународните организации или ако секоја се грижи за сопствениот интерес, надвор од меѓународните организации? Зошто сметате така? (Можни аргументи за соработка во рамки на меѓународни организации се дадени во воведот на главниот дел. Можни аргументи за дејствување надвор од меѓународни организации: интересите на сопствената држава и граѓани се поважни од оние на другите држави или организации; меѓународните организации имаат сè под влијание на големите држави итн.)
- Кои се придобивките ако Северна Македонија е членка на меѓународните организации? (Можни одговори: има прилика да соработува со други држави на заеднички проблеми; ќе може да одлучува за меѓународни прашања кои ја засегаат; соработката преку меѓународните организации ќе ја унапреди економијата и демократијата и сл.)

# *Работен лист 5.3.*
## *Поврзување меѓународни организации*

| Симбол/Лого | Назив / Дали РСМ е членка? | Опис |
|---|---|---|
| | Совет на Европа/ Council of Europe (CoE)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација е водечка организација за човекови права, демократија и владеење на право во Европа. Благодарение на напорите на оваа организација, во ниедна од 47-те членки повеќе не се применува смртната казна. |
| | Светска здравствена организиација/ World Health Organization (WHO)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација работи на промоција и унапредување на здравјето на светското население, се застапува за универзална здравствена заштита и им служи на најранливите категории граѓани. Со поддршка на програмите за имунизација на оваа организација, повеќе од 1 милијарда деца се вакцинирани во последната декада. Па така, речиси се елиминирани малите сипаници и детската парализа во светски рамки, а во одредени делови од светот е елиминирана маларијата. |
| | Организација на обединети нации/ United Nations (UN)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација има за цел да го одржува меѓународниот мир и безбедност, да развива пријателски односи меѓу државите, да решава заеднички проблеми преку меѓудржавна соработка, да ги штити човековите права, да го поддржи одржливиот развој, да овозможи пристап до хуманитарна помош и да го промовира меѓународното право. Има 193 членки и е основана во 1945 година, по завршувањето на Втората светска војна. Во нејзини рамки, се спроведени 72 мисии за зачувување на мирот, под нејзино покровителство склучени се преку 172 мировни договори, со кои најчесто се прекинала војна и се склучени повеќе од 300 меѓународни договори на теми од заштита на животна средина до користење на вселената. |

| | | |
|---|---|---|
| | Светска трговска организација/ World Trade Organisation (WTO)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација има за цел да овозможи трговијата меѓу државите да се одвива непречено, слободно и предвидливо, преку утврдување на правила за трговија. Од основањето во 1995 година до денес, во рамки на оваа организација биле решение преку 500 спорови помеѓу 164-те држави членки, наместо државите да се впуштат во деструктивни трговски војни меѓусебе. |
| | Фондот за деца при Обединетите нации/ The United Nations International Children's Fund (UNICEF)<br><br>РСМ е членка | Оваа организација работи на спасување детски животи, одбрана на детските права и остварување на потенцијалот на децата. Со поддршка на оваа организација, повеќе од 40% од децата во светот се вакцинирани, со што се спасени повеќе од 3 милиони детски животи годишно. Оваа организација помогнала процентот на деца на училишна возраст кои не посетуваат училиште да се намали од 18% на 8%, во светски рамки. |
| UNESCO<br>United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization | Организација за образование, наука и култура при Обединетите нации/ The United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization (UNESCO)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација е основана како одговор на расизмот и антисемитското насилство кое е сеприсутно во Втората светска војна. Според оваа организација, економската и политичката соработка меѓу државите не е доволна за долготраен мир помеѓу државите, туку потребен е дијалог и разбирање помеѓу граѓаните на овие држави. Затоа организацијата има за цел да го подобри пристапот на секое дете и граѓанин до квалитетно образование, до алатки за борба против омраза и нетрпеливост, да го промовира културното наследство и еднаквоста меѓу сите култури, да ја поддржи науката како платформа за соработка и развој, да поддржи слободен проток на идеи и споделување на знаење, да ја штити слободата на изразување. Под заштита на оваа организација се наоѓаат подрачја од 10 милиони км2, еквивалентна на големина на површина на Кина. Само едно подрачје во Северна Македонија, се наоѓа на листата на заштитени подрачја на оваа меѓународна организацијата, а тоа е Охридскиот регион. |

| | | |
|---|---|---|
| | Европска организација за нуклеарно истражување/ European Organization for Nuclear Research (CERN)<br><br>РСМ не е членка | Оваа организација во суштина е истражувачка лабараторија. Истражувачите во оваа организација ја откриле Хигсовата честичка, во неа функционира Големиот хадронски судирач, таму се создадени првите антиматерија атоми и Тим Бернерс-Ли, британски научник кој работи во оваа организација во 1989 година го измислува интернетот. |
| | Меѓународен комитет на Црвениот крст / International Committee of the Red Cross (ICRC)<br><br>РСМ е членка | Оваа меѓународна организација им помага на луѓето кои живеат во земји кои се во војна или во кои има насилство и се залагаат за почитувањето на правото со кое се регулира однесувањето помеѓу завојуваните страни во војна. Оваа организација овозможува медицинска помош во време на војна, заштита за воени затвореници, грижа за цивилното население кое се наоѓа засегнато од војувањето, помага во воспоставување семејни врски помеѓу бегалци и раселение лица од војна. Оваа организација има три пати добиено Нобелова награда. |
| | Организацијата на Северноатланскиот договор / North Atlantic Treaty Organisation (NATO)<br><br>РСМ е членка | Оваа организација е во суштина воен сојуз. Во случај држава членка на сојузот да е нападната, останатите држави се должни да ѝ помогнат. Ова се нарекува принцип на колективна безбедност. Првичната цел на оваа организација по нејзиното формирање била да го обедини и да го зајакне воениот одговор на западните сили на можната инвација за Западна Европа од страна на Советскиот Сојуз и партнерите од Варашвскиот пакт. |
| | Светски поштенски сојуз/ Universal Postal Union (UPU)<br><br>РСМ е членка | Оваа организација е втората најстара меѓународна организација во светот. Основана е во далечната 1874 година, а постои и денес. Благодарение на оваа организација, твоето писмо многу побрзо и полесно може да стигне до другиот крај на светот. |

# Содржина: *Република Северна Македонија во меѓународните организации*

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- Ја идентификува позицијата и ги препознава придобивките на СРМ во меѓународните организации

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- Ја опишува конкретната улога на меѓународните организации во заштита на правата на човекот во решавањето на глобалните проблеми во општеството
- Ги објаснува процедурите за учество во конкретни проекти (на пр. За заштита на човекови прави, животна средина и др.)
- ги идентификува механизмите за обезбедување поддршка на РСМ од страна на меѓународните организации

## Потребни материјали:

Работен лист 5.4., Работен лист 5.5.

## Методи, техники, форми:

работа во групи, анализа на случај и симулација, групна дискусија

## Воведен дел на часот (15 мин.)

Наставникот го започнува часот, така што прашува дали учениците слушнале за Целите за одржлив развој. Доколку некој е запознаен, наставникот бара да објасни што знае за целите и за кои од целите знае.

Наставникот резимира дека целите за одржлив развој се поставени од страна на Организацијата на обединетите нации во 2015 година од страна на сите 193 земји членки, меѓу кои и Северна Македонија. Содржат листа на 17 области кои треба да се унапредат до 2030 година, со цел да се стави крај на екстремната сиромаштија, да се обезбеди одржлива иднина и развој на нашата планета и да се овозможи сите луѓе да уживаат еднакво во мир, правда и просперитет. Во согласност со различните подрачја кои ги опфаќаат целите, организациите во склоп на ООН поддржуваат проекти/програми кои придонесуваат кон постигнување на поставените цели. Проектите ги спроведуваат различни граѓански организации, во соработка со државните институции, како и бизнис-секторот.

**Активност:**

### Улогата на меѓународните организации во решавањето на глобалните проблеми во општеството

Учениците се делат во групи, од кои секоја добива задача да разгледа и работи на еден пример на проект од Работниот лист 5.4. Групите треба да назначат кон постигнување на кои од целите за одржлив развој се стремат проектите, а потоа пред целиот клас да ги образложат одговорите. Наставникот го споделува „клучот“ со одговори со секоја од групите.

За наставникот - **цели за одржлив развој по пример**

**Пример 1.** Цели: 1, 4, 5

**Пример 2.** Цели: 3, 10

**Пример 3.** Цел: 16

**Пример 4.** Цели: 6, 11

**Пример 5.** Цели: 5, 10, 16

**Пример 6.** Цели: 1, 7, 13

Наставникот нагласува дека различните организации во склоп на ООН заеднички вложуваат во постигнување на целите за одржлив развој и на тој начин помагаат во заштита на човековите права и решавање на глобалните проблеми. Посочува дека во следниот дел од часот ќе се насочат кон подетално разгледување на институциите на ООН и начините на кои тие можат да делуваат во решавање на меѓународни спорови и создавање услови за глобален мир.

## *Главен дел на часот* *(30 мин.)*

Сите 193 членки на ООН се дел од **Генералното собрание** каде што во суштина дискутираат за различни прашања. Ова Собрание е најблиску што го имаме до светско Собрание. Секоја држава независно дали е голема или мала, богата или сиромашна, од северот или југот, има по еден глас. Слично како пратениците во нашето Собрание, така и претставниците на државите членки во Генералното собрание на ООН се сретнуваат и носат одлуки. Разликата е во тоа што одлуките на нашето Собрание се нарекуваат закони и се задолжителни за граѓаните на нашата држава, додека одлуките на Генералното собрание на ООН се нарекуваат резолуции и истите се на ниво на препораки за државите членки.

ООН има **Генерален секретар** кој го избираат земјите членки, а чија задача е да ја претставува организацијата, но и да ги заштитува интересите на граѓаните од светот, некогаш и по цена да им се спротивстави на државите членки.

Во рамки на ООН, функционира и **Советот за безбедност**, чија главна задача е да го одржува меѓународниот мир и безбедност. Во него членуваат 15 земји членки, од кои 5 се постојани членови на Советот за безбедност: Кина, Франција, Русија, Велика Британија и САД. Другите 10 члена се избираат на секои две години. Одлуките на Советот за безбедност се задолжителни за сите земји членки. Кога има конфликт помеѓу две или повеќе држави, Советот за безбедност најчесто прво ги повикува страните да се договорат на мирен начин меѓусебе како да го надминат конфликтот, најчесто преку преговори. Доколку се случи војна, тогаш Советот се обидува да склучи примирје меѓу страните. Во меѓувреме, додека трае војната или насилството, Советот може да одлучи да испрати мировна мисија, за да го врати мирот и за да го заштити цивилното население. Мировните мисии мора да бидат неутрални кон сите завојувани страни и војниците кои се дел од мисиите смеат да пукаат само во самоодбрана.

**Меѓународниот суд на правдата** е уште едно тело на ООН. Кога државите имаат меѓусебно несогласување, тие можат да одат пред овој суд и тој да одлучи кој е во право.

**Активност:**

### Чекори кон мир (25 мин.)

Учениците се делат во 3 групи, секоја група претставува по една држава во Советот за безбедност: Франција, Кина и Јужна Африка. Секоја група има по 15 минути да ја прочита ситуацијата и да ја пополни табелата во Работен лист 5.5. На групите им се понудени и можни решенија, од кои можат да изберат едно или повеќе, но треба да умеат да го образложат својот избор.

Начинот на презентирање е следен: за првиот проблем решение презентираат сите групи една по друга. Секоја индивидуална презентација трае најмногу 2 минути. Откако ќе се презентираат сите решенија за проблемот, следува 1-минутна дискусија во групите, за кој предлог да гласаат, по што се преминува на гласање. Секоја група (држава) има право на еден глас, и не може да гласа за сопствениот предлог.

## Завршен дел на часот и рефлексија

### (5 мин.)

Наставникот ги пишува/проектира на табла долунаведените прашања, кои учениците во парови треба да се обидат да ги одговорат, по што ги споредуваат одговорите со другите парови.

- На кој начин ООН помага да се завршат војните и конфликтите во светот? (Можни одговори: Со посредување во мировни преговори, со спроведување мировни мисии, со воведување санкции кон одредени држави.)
- Кои се предизвиците со кои се соочува ООН во одржување на мирот и безбедноста во светот?(Можни одговори: Држави кои не се придржуваат до забраната за војување, држави кои не ги почитуваат човековите права на своите граѓани, држави кои одбиваат да соработуваат со ООН или другите земји членки.)
- Дали мислиш дека државите сами би можеле да спречат војни и конфликти или потребни ни се сепак меѓународни организации како што е ООН? Зошто мислиш така? (Можни одговори: Често страните кои се завојувани им треба неутрална страна да се обиде да ги помири, и тоа е ООН; ако има некој проблем државите може да разговараат за проблемот во ООН, а не да прибегнат кон војна; војните ги засегаат не само оние кои војуваат туку и соседните држави, регионот, а често и целата меѓународна заедница итн.)
- На кој начин, по овие два часа се промени твојот став за меѓународните организации?

# *Работен лист 5.4.*
## *Цели за одржлив развој и начини за постигнување*

Разгледај ги целите за одржлив развој и подолуопишаните проекти. Означи кон која цел/цели се стреми со реализација на секој од проектите.

### *Цели за одржлив развој*



## *Проекти поддржани од организациите во склоп на ООН:*

### *Пример 1.*

Проектот, поддржан од УНЕСКО, се спроведува во Камбоџа, Индонезија и Непал, каде што живеат две третини од сиромашните лица во светот. Мнозинството од нив се жени и девојки и речиси две третини се на училишна возраст. Проектот има за цел да истражи начини за зајакнување на сиромашните девојки кои не посетуваат училишта и да им помогне да стекнат соодветни знаења и вештини поврзани со технологијата, што ќе им отвори врата за повеќе можности за работа и на крајот ќе го зголеми нивниот статус во општеството.

Цел/и за одржлив развој: ________________________________

### *Пример 2.*

Република Северна Македонија со помош на УНИЦЕФ, УНДП и ЕУ успеа сите деца кои беа сместени во големи домови без родители, да ги премести да живеат во мали, групни домови каде што децата имаат услови за живот како во вистински семеен дом.

Цел/и за одржлив развој: ________________________________

### *Пример 3.*

Со поддршка на УНДЕФ (Фондот за демократија на обединетите нации), во Ерменија е спроведен проект за зајакнување на капацитетите на новинарите да се вклучат во антикорупциско известување, да ги следат државните трошоци на јавните службеници; унапредување на владината транспарентност и воспоставување мрежа за соработка помеѓу медиумите, граѓанското општество и владата за антикорупциски активности.

Цел/и за одржлив развој: ________________________________

### *Пример 4.*

УНДП ѝ помогна на општината Ресен да воспостави систем за менаџмент и заштита на Преспанското Езеро. Проектот вклучуваше: изградба на канализациски системи, мали инфраструктурни проекти, поддршка за јавното комунално претпријатие и други активности во насока на одржливо управување со животната средина во општина Ресен.

Цел/и за одржлив развој: ________________________________

## *Пример 5.*

Поради недоволната демократска свест и непочитување на човековите права во Сиера Леоне, особено нееднаквиот третман на жените во заедниците, проектот (поддржан од УНДЕФ) има за цел да го подобри учеството на жените и младите во процесите на одлучување и да ги оспособи жените да играат значајна улога во процесот на управување во нивните локални заедници.

Цел/и за одржлив развој: ___________________________________

## *Пример 6.*

Организацијата „Let There Be Light International (LTBLI)" дистрибуира соларни светла за населението во Субсахарска Африка. Организацијата е насочена кон поединци и семејства од ранливи категории (вдовици, возрасни лица, лица со посебни потреби и училишни деца). До 2018 година, електрифицирале со соларна енергија 8 рурални здравствени центри во областите Гомба и Вакисо во Уганда, опслужувајќи скоро 75 000 луѓе.

Цел/и за одржлив развој: ___________________________________

# *Работен лист 5.5.*
## *Чекори кон мир*

Вие сте претставник во Советот на безбедност на дадената држава и имате должност да се обидете да го решите конфликтот во државата Арестан, да создадете долготраен мир и да ја осигурате безбедноста и благосостојбата на граѓаните на Арестан. Конфликтот сè уште нема разрешница, а граѓаните на Арестан и околните држави се изложени на огромно страдање. ООН се труди да го реши проблемот, но ѝ треба помош и решителност на Советот за безбедност за да се изнајде решение за долготраен мир. Предлог-решенијата ќе бидат презентирани пред останатите членови на Советот за безбедност, кои ќе одберат по едно решение за секој проблем.

Најпрво да те запознаеме со состојбата во Арестан.

**КОНФЛИКТОТ ВО АРЕСТАН**

Конфликтот во Арестан, кој започна во 2003 година е една од најголемите хуманитарни кризи кој ги видел светот. Повеќе од 300 000 луѓе се загинати во конфликтот досега, а повеќе од 3 милиони морале да ги напуштат своите домови поради војната.

**ЗАДНИНА НА КОНФЛИКТОТ**

Атена е провинција во државата Арестан. Во Арестан има две култури - Посејдоци и Аполонци. Владата во државата Арестан претежно е составена од граѓани Аполонци, додека мнозинството на граѓани во провинцијата Атена ѝ припаѓаат на посејдонската култура. Конфликтот започнува кога групи бунтовници почнуваат да ја напаѓаат владата. Овие групи сметаат дека власта ги запоставува и дискриминира граѓаните Посејдонци. Како резултат, провинцијата Атена е економски неразвиена, а нејзиното население е сиромашно и запоставено. Како одговор на нападите на бунтовниците, власта ја напаѓа провинцијата Атена, поради што милиони граѓани мораат да се иселат од своите домови за да се спасат.

**ТЕШКОТИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА АТЕНА**

Повеќе од 2 милиони граѓани се раселени во Атена, додека 250 000 се принудени да ја преминат границата и да побараат прибежиште од насилството во соседните држави. Како бегалци, тие се сместени во импровизирани кампови во пустина. Повеќе од 150 000 од овие бегалци се деца, половина од нив се на возраст до 14 години. Во бегалските кампови има многу малку ресурси од храна, облека, играчки, книги. Самите кампови не нудат доволна заштита за децата, кои се во ризик да бидат запоставени, злоупотребени, киднапирани, да вршат принудна работа, или да бидат регрутирани како деца-војници.

**МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА**

И покрај напорите на ООН, регионот е сѐ уште нестабилен и несигурен. Невини граѓани и хуманитарни работници се напаѓани од вооружени групи. Тековното насилство и војување оневозможува ООН да ги заштити граѓаните кои се нашле затекнати, но и ги спречува бегалците кои заминале пред години да се вратат дома. Некои од агенциите кои доставуваат хуманитарна помош мора да ги прекинат нивните активности на терен. Една од најголемите пречки да се дојде до решение е што бунтовниците и владата одбиваат да се состанат, да разговараат за проблемот и да најдат решение.

## *Задача:*

Време е како член на Советот за безбедност, да дадете предлог за активности со кои ќе се врати мирот и безбедноста за граѓаните во Атена.

| Предизвик | Решение | Како ќе им помогне ова решение на граѓаните на Атена | Можно решение |
|---|---|---|---|
| Војување помеѓу бунтовниците и Владата | | | - ООН да испрати мировна мисија која ќе ги штити граѓаните за време на воените дејствија помеѓу Владата и бунтовниците;<br>- ООН да воведе санкции со цел да ги убеди страните да започнат преговори;<br>- Владата и бунтовниците да се согласат ООН да ја преземе улогата на привремена Влада;<br>- ООН да побара Владата да одговара пред меѓународен суд за злосторства кои ги направила врз цивилите од Атена;<br>- Вашата држава да им помогне на бунтовниците да победат;<br>- Вашата држава да ѝ помогне на Владата да победи; |
| Милионите бегалци кои живеат во бегалски кампови во Арестан и соседните држави | | | - ООН да овозможи повеќе финансиска поддршка за камповите;<br>- Вашата држава да се понуди да прими дел од бегалците;<br>- Вашата држава да ја услови поддршката за која било од страните со враќање на бегалците. |

# *Содржина:* *Република Северна Македонија како дел од Европа*

## *Резултати од учењето*

Ученикот/ученичката може:

- да ја анализира положбата на Република Северна Македонија во однос на Европската Унија (ЕУ),
- да изнаоѓа начини за соработка во различни области.

## *Стандарди/индикатори за постигнување*

Ученикот/ученичката може

- ги препознава предностите и предизвиците од членството во ЕУ, со посебен осврт на интересите на Република Северна Македонија и нејзините граѓани;
- препознава заеднички европски вредности и ги почитува културниот диверзитет и идентитет.

## *Потребни материјали:*

работен лист 5.6., работен лист 5.7., пенкала/моливи, проектор, хамер

## *Методи, техники, форми:*

индивидуална работа, работа во парови, дискусија, техника ЗСН

# Воведен дел на часот (10 мин.)

Наставникот на почетокот на часот на табла црта три колони за техниката „Знам, Сакам да знам, Научив" и ги поканува учениците да споделуваат идеи и претходни знаења за Европската Унија како тема. Наставникот ги поттикнува учениците да споделуваат што е можно повеќе идеи и истите ги запишува на табла.

На крајот од предвиденото време за активноста, наставникот изведува краток заклучок:

Поради тоа што европските држави не секогаш живееле во мир, Европската Унија е во суштина обид да се сопре честото војување помеѓу државите во Европа. ЕУ е основана во 1951 година и до денес на нејзината теорија има мир, иако земјите членки не секогаш се согласуваат помеѓу себе. Поради посветеноста и поддршката за мир, демократија и човекови права во 2012 година Европската Унија ја добива Нобеловата награда за мир. Во 2020 година, 28 земји се членки на ЕУ, а околу 512 милиони граѓани нејзини граѓани.

# Главен дел на часот (30 мин.)

## Вредностите на ЕУ

Мотото на ЕУ е „Обединети во различностите", а целата работа на Европската Унија почива врз вредностите на демократија, човеково достоинство, слобода, еднаквост, владеење на право и почитување на човекови права. Затоа секоја држава која сака да стане членка на ЕУ мора да покаже дека ги почитува истите вредности. Па така, еден од начините да покаже дека навистина ја цени разноликоста на многуте култури кои постојат во рамки на државите на ЕУ, но и дека сите се еднакви, ЕУ во работата на своите институции применува дури 24 јазици. Тоа значи дека кога Северна Македонија ќе стане земја членка на ЕУ и македонскиот јазик ќе стане официјален јазик на ЕУ.

**Активност:**

### Европски вредности во РСМ (10 мин.)

Наставникот го дели работниот лист 5.6. кој учениците треба да го пополнат во парови. Табелата може да се прикаже и преку проектор или на хамер, а учениците да пополнуваат во своите тетратки. Откако ќе изминат пет минути предвидени за работа во парови, наставникот ги поттикнува учениците да ги споделат и аргументираат своите одговори.

## *Придобивки од членството во ЕУ*

**Граѓаните на ЕУ можат да патуваат и да живеат во која било друга држава на ЕУ.** На пример, „Откриј ја ЕУ" е иницијатива со која секој кој ќе наполни 18 години може да патува низ ЕУ, претежно со воз. Ова е возможно затоа што со воведување на Шенген зоната нема граници и превозот е многу поевтин од порано.

Исто така, **граѓаните на ЕУ можат да учат во која било друга држава на ЕУ.** За тоа постои Еразмус+ програмата која на ученици и наставници им дава можност да учат или да се усовршуваат надвор од својата држава. Младите дури може да се пријават да одат на пракса во европските институции во Брисел, Стразбур и Луксембург. **Граѓаните може слободно да изберат каде сакаат да живеат, учат или работат**, благодарение на слободното движење на луѓе и единствениот пазар на труд кој постои во ЕУ. Во овој момент, дури 17 милиони луѓе работат или живеат во друга држава во ЕУ.

Граѓаните на ЕУ **можат да работат во компанија или институција или да започнат сопствен бизнис во која било држава во ЕУ.** За да им помогне на младите луѓе полесно да најдат работа, односно да се вклучат во пазарот на труд, ЕУ има своја програма која се нарекува Младинска гаранција. Оваа програма им помага на младите да најдат работа со која ќе бидат задоволни.

Исто толку важно е што **граѓаните на ЕУ имаат право да учествуваат во донесувањето одлуки на европско ниво.** Па така, тие учествуваат на избори за пратеници во Европскиот парламент. Граѓаните можат заедно со други милион граѓани од 7 држави да поднесат иницијатива до Европската комисија со која предлагаат да се донесе некој закон, или да учествуваат во дијалог со претставници на ЕУ, каде што може да им ги кажат нивните очекувања и ставови[1].

ЕУ исто така **помага да се заштити животната средина и биодиверзитетот и активно се бори со климатските промени.** Граѓаните пијат значително почиста вода поради стандарди кои ЕУ го воведува во однос на квалитетот на воздухот и водата.

ЕУ се грижи и за **правата на граѓаните како потрошувачи.** Па така, каде било во ЕУ граѓаните плаќаат иста цена за зборување на телефон, без трошоци за роаминг или, пак, ако им го откажат или значително одложат летот, ЕУ ќе се погрижи да им бидат вратени парите. Исто така, ако граѓанин на ЕУ купува онлајн од понудувачи кои се регистрирани во ЕУ и не е задоволен од купениот производ, може да го врати назад, благодарејќи на законите кои ги усвојува ЕУ. Ако државјанин на ЕУ се разболи во држава која не е неговата, без проблем, под исти услови, ќе може да се лечи во локалните, јавни здравствени установи.

**Активност:**

### Најважните придобивки од членството на РСМ во ЕУ (10 мин.)

Наставникот на учениците им го дели работниот лист 5.7. во кој треба да ги одберат, според нив, најважните три придобивки од членството на РСМ во ЕУ. Алтернативно, деветте тврдења можат да се прикажат преку проектор или на хамер, а учениците да ги гледаат додека го прават својот избор. За самостојно пополнување на работниот лист предвидени се 5 минути. Откако ќе истече предвиденото време, наставникот ги поттикнува учениците да го споделат и аргументираат својот избор.

## Завршен дел на часот и активност за рефлексија (10 мин.)

Наставникот ги поттикнува учениците да споделат што научиле во текот на часот и тој ги запишува идеите во колоната Научив од ЗСН техниката во воведниот дел од часот.

# *Работен лист 5.6.*
## *Европските вредности во РСМ*

Според вас, колку се почитуваат овие европски вредности во нашата држава? Означете ги одговорите во табелата.

| Вредност | Недоволно | Делумно | Целосно |
|---|---|---|---|
| Човеково достоинство и човекови права | | | |
| Слобода | | | |
| Демократија | | | |
| Владеење на правото | | | |
| Еднаквост | | | |

# Работен лист 5.7.
## Најважните придобивки од членството на РСМ во ЕУ

Разгледај ги дадените тврдења и одбери ги оние три кои сметаш дека се најважните придобивки од членството на нашата земја во ЕУ.

| | | |
|---|---|---|
| 1.Членството во ЕУ значи изградба на европско општество и држава по европски правила | 2. Членството во ЕУ значи неограничени можности за патување, квалитетно образование и пракса, и подобро платени работни места | 3. Членството во ЕУ значи повеќе финансиски средства за патишта, водоводи, канализации, училишта и градинки. |
| 4. Членството во ЕУ значи повисок животен стандард, повисок БДП (Бруто домашен производ) , повеќе работни места | 5. Членството во ЕУ значи инвестиции во науката, технологијата и во иновации | 6. Членството во ЕУ значи институции кои им служат квалитетно на сите граѓани |
| 7. Членството во ЕУ значи користење на ЕУ-фондови за заштита и унапредување на средината преку проекти за почисти почва, вода и воздух | 8. Членството во ЕУ значи побезбедни граници и зачувување на мирот во земјата | 9. Членството во ЕУ значи олеснет и зголемен извоз, подобар пласман во странство и повисока откупна цена на македонските производи |

# Содржина: Република Северна Македонија како дел од Европа

## Резултати од учењето

Ученикот/ученичката може:

- да ја анализира положбата на Република Северна Македонија во однос на Европската Унија (ЕУ) и да изнаоѓа начини за соработка во различни области.

## Стандарди/индикатори за постигнување

Ученикот/ученичката може

- идентификува примери на соработка на Република Северна Македонија со други европски земји во различни области од индивидуален, семеен и друг аспект;
- идентификува начини за размена и соработка на млади на Република Северна Македонија со млади од други европски држави.

## Потребни материјали:

компјутер, проектор

## Методи, техники, форми:

дискусија

## *Воведен дел на часот* (10 мин.)

Наставникот поттикнува дискусија со следните прашања:

- Дали знаете кои држави сакаат да станат членки на ЕУ? (Се очекува од учениците да споделат информации за држави на Балканот.)
- Зошто речиси сите држави, кои сакаат да станат членки на ЕУ, се од Балканот? (Можни одговори: затоа што балканските држави се дел од Европа, затоа што споделуваат слични вредности со државите членки на ЕУ, затоа што имаат интерес да бидат дел од пазарот на ЕУ.)
- Кои се сличностите, а кои разликите помеѓу државите што се членки на ЕУ и државите на Балканот што сакаат да станат членки? (Можни одговори: оние кои сакаат да станат членки, сѐ уште не се на истото демократско ниво како членките на ЕУ, немаат целосно функционален слободен пазар за да можат да станат дел од пазарот на ЕУ, балканските земји во 90-тите имаа конфликт кој го оневозможи демократското функционирање и економскиот развој).
- Според тебе, колку Северна Македонија ги почитува овие вредности и е подготвена да стане земја членка на ЕУ? (Можни се различни одговори во зависност од личните карактеристики и досегашните искуства на учениците.)
- Кои би биле придобивките за тебе, ако Северна Македонија стане членка на ЕУ? (Можни одговори: пристап до поголем пазар, граѓаните ќе можат да работат каде што сакаат во ЕУ или да основаат фирма, можност за користење на програмите за образование и волонтирање, можност за користење на здравствените услуги во други држави на ЕУ.)
- На кои прашања сметаш дека ЕУ треба да се фокусира во иднина и зошто? (Можни одговори: заштита на човекови права, на пример LGBTQ-права, заштита на животната средина, вработување, младински прашања, социјална инклузија, образование и сл.)

Наставникот ги резимира одговорите на учениците и извлекува краток заклучок од дискусијата:

Европската Унија и нејзините членки постојано се развиваат во согласност со потребите и интересите на нивните граѓани, но и во согласност со заедничките цели на државите членки. Членството на РСМ во ЕУ не само што ќе поттикне голем општествен напредок во државата туку ќе има и директно влијание врз квалитетот на секојдневниот живот на сите граѓани во Македонија.

# Главен дел на часот (25 мин.)

## Активност:

### Дискусија за начини на соработка на ниво на ЕУ

Наставникот чита изјава, по што ги поканува учениците да размислат и да дискутираат на предложените прашања. Во зависност од времето на располагање, областа во која се насочени учениците и нивните интереси, наставникот може да направи избор од предложените изјави кои ќе ги обработува на часот и/или да ги замени со други.

Изјава 1: Во текот на 3 декади, повеќе од 10 милиони ученици, наставници, професори, млади луѓе учествувале во програмата Еразмус+. Во периодот од 2015-2018 година, 47 ученици и наставници од Северна Македонија биле на размена преку Еразмус+.[22]

- **Кои се придобивките за учениците и наставниците од Северна Македонија кои учествувале на овие размени?**

Изјава 2: Во 2018 година, 31% од граѓаните на Европската Унија волонтирале минатата година. Младите во ЕУ можат да волонтираат во друга европска држава преку Европскиот солидарен корпус[23] и Европскиот волонтерски сервис. Младите од Северна Македонија имаат право да учествуваат во овие две програми.

- **Колку често граѓаните на Северна Македонија волонтираат? Дали младите повеќе волонтираат од останатите граѓани на Северна Македонија ?**

Изјава 3: Европски младински дијалог е механизам преку кои младите луѓе, младинските организации и носителите на одлуки во Европска Унија дебатираат на прашања од важност за младите. На овој начин, ЕУ се осигурува дека мислењата, ставовите и потребите на младите луѓе се земени во предвид кога се дефинираат приоритетите на младинските политики кои ги усвојува ЕУ. ЕУ има усвоено Стратегија за млади за периодот 2019-2027 која има за цел да ги поврзе, да ги вклучи и да ги поттикне младите.

- **На кој начин младите од Северна Македонија се консултирани од страна на оние кои носат одлуки?**

22 https://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/sites/erasmusplus2/files/erasmusplus_northmacedonia _2018.pdf

23 ttps://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/d8989d5f-c2cb-11e8-9424-01aa75ed71a1/language-mk/format-PDF

**Изјава 4:** „Откриј ја ЕУ“ е иницијатива со која секој кој ќе наполни 18 години може да патува низ ЕУ. Целта на оваа иницијатива е кај младите луѓе да развие вештини како независност, самодоверба и отвореност кон други култури. Повеќе од 70 000 млади луѓе од ЕУ досега ја искористиле оваа можност.

- **Колку младите во Северна Македонија се независни, имаат самодоверба и се отворени кон други култури?**

**Изјава 5:** За да им помогне на младите луѓе полесно да најдат работа, односно да се вклучат во пазарот на труд, ЕУ има своја програма која се нарекува Младинска гаранција. Секоја година повеќе од 5 милиони млади луѓе се пријавуваат за користење на младинската гаранција, од кои повеќе од 3.5 милиони млади луѓе, се вработуваат, го продолжуваат образованието или одат на пракса. Северна Македонија воведе сличен инструмент, па така во 2018 година во младинска гаранција се вклучија 8 850 лица.[24]

- **Младинската невработеност (за граѓаните помеѓу 20-34 години) во Северна Македонија изнесува 36,3 % што е повеќе од двојно од просекот на Европската Унија (16,5%).[25] Зошто во Северна Македонија имаме толку голема невработеност кај младите? На кој начин може да се намали младинската невработеност, ако станеме членки на ЕУ?**

**Изјава 6:** Во 2019 година, на средба помеѓу министрите за земјоделство од Република Северна Македонија и Република Чешка, потпишана е Декларација за заемна соработка на двете држави во делот на трговската размена со земјоделско-прехранбени производи, размена на искуства во областа на евроинтегративните процеси во земјоделските и руралните сектори, како и шумарството, рибарството и аквакултурата, лозарство, производство на вино и друго. Република Чешка како членка на ЕУ користи 1 милијарда евра, средства наменети за модернизирање на земјоделството и подобрување на условите во руралните средини. Чешката Република е на врвот на ЕУ во одгледување на добиток, а инспекциските служби се едни од најстрогите во Европа.

- **Кои се придобивките од воспоставување меѓународна соработка помеѓу нашата држава и други европски држави?**

24 https://vlada.mk/node/18570

25 https://faktor.mk/lideri-sme-po-mladinska-nevrabotenost--kolku-e-teshko-da-se-najde-rabota

## *Завршен дел на часот / Активност за рефлексија и евалуација* *(10 мин.)*

Наставникот поттикнува дискусија со учениците:

- Колку од содржината обработена на овој час ти беше веќе позната, а со што се запозна за прв пат?
- На кој начин она што го научивме денес, можеме да го искористиме во нашето секојдневие?
- Кои од можностите на размена и соработка со млади од земји од ЕУ би сакале да ја искористите? Зошто?

# БИБЛИОГРАФИЈА

Amano, T., Sandel, B., Eager, H., Bulteau, E., Svenning, J. C., Dalsgaard, B., ... & Sutherland, W. J. (2014). Global distribution and drivers of language extinction risk. *Proceedings of the Royal Society B: Biological Sciences, 281*(1793), 20141574.

Aronson, E., Wilson T.D. Akert, R.M., Sommers, S.M. (2013) Social Psychology. Pearson.

Boulding, K. (1962). *Conflict and defense*. Harpers, New York.

Brennan, K., Bryant, D.S., Kaman, C. Empathy as a Foundation of Civic Engagement: Using Technology and Storytelling to Cultivate Perspective Taking, 2008. Достапно на: https://llk.media.mit.edu/courses/readings/civic-media/idc-proposal.pdf

British Council. (2017). Active Citizens Facilitator's Kit. Достапно на: https://www.britishcouncil.mk/sites/default/files/active_citizens_global_toolkit_2017-18.pdf

Bureau of Labor Statistics. (2013). International Labor Comparisons of Hourly Compensation Costs in Manufacturing, 2012. Достапно на: https://www.bls.gov/fls/ichcc.pdf

Civix. (n.d.) Citizenship Education Resources – Secondary Lessons. Достапно на: http://civix.ca/resources/category/secondary-lessons/

Collaborative for Academic, Social and Emotional Learning. (2017). Sample Teaching Activities to Support Core Competencies of Social and Emotional Learning. Chicago: Collaborative for Academic, Social, and Emotional Learning. Достапно на: https://www.casel.org/wp-content/uploads/2017/08/Sample-Teaching-Activities-to-Support-Core-Competencies-8-20-17.pdf

College & Career Competency Framework. (2017). Self-Regulation Lessons. Kansas: CCC Framework. Достапно на: https://apps.esc1.net/ProfessionalDevelopment/uploads/WKDocs/71257/Self-Regulation%20Lessons.pdf

Community Engagement and Education Unit. (2010). Learning & Teaching Resources. Melbourne: Parliament of Victoria. Достапно на: https://www.parliament.vic.gov.au/education/learning-a-teaching-resources

Department of Education and Early Childhood Development. (2007). Developing, monitoring and reporting on personal learning goals. Melbourne: State of Victoria. Достапно на: https://www.education.vic.gov.au/Documents/school/teachers/teachingresources/social/personal/devperslearngoal.pdf

Encyclopædia Britannica. (2020). Sovereignty. Достапно на: https://www.britannica.com/topic/sovereignty

Endangered Languages Project. Достапно на: http://www.endangeredlanguages.com/about/

Equality and Human Rights Commission. (n.d.) Lesson plan ideas. Достапно на: https://www.equalityhumanrights.com/en/lesson-plan-ideas

Everyday Democracy. (2016). Resources for Teaching Civics and Government. Достапно на: https://www.everyday-democracy.org/resources/resources-teaching-civics-and-government

Galtung, J. (1996). *Peace by peaceful means: Peace and conflict, development and civilization* (Vol. 14). Sage.

Gysbers, N. C., Stanley, J. B., Kosteck-Bunch, L., Magnuson, C. S., & Starr, M. F. (2011). Missouri comprehensive guidance and counseling program: A manual for program development, implementation, evaluation and enhancement. Jefferson City, MO: Department of Elementary and Secondary Education. Достапно на: https://dese.mo.gov/sites/default/files/cnsl-missouri-comprehensive-school-counseling-manual-2017_0.pdf

Howard, J. A. (2000). Social Psychology of Identities. *Annual Review in Sociology*, 26:367–93.

International Institute for Democracy and Electoral Assistance. (n.d.) Global State of Democracy Indices. Достапно на: https://www.idea.int/data-tools/tools/global-state-democracy-indices

Krauss, R.M., Fussell, S.R., (1996) Social Psychological Models of Interpersonal Communication in Higgins & A. Kruglanski (Eds.), *Social Psychology: Handbook of Basic Principles*. New York: Guilford Press.

Lannegrand-Willems, L., Chevrier, B., Perchec, C., & Carrizales, A. (2018). How is Civic Engagement Related to Personal I*dentity and Social Identity in Late Adolescents and Emerging Adults? A Person-Oriented Approach. Journal of Youth Adolescence.*

Milivojevic, Z. (2000). Emocije - Psihoterapija i razumevanje emocija. Novi Sad: Prometej

Milofsky, A. (Ed.) (2011). Peacebuilding Toolkit for Educators – High School Lessons. Washington: United States Institute of Peace Press. Достапно на: https://www.usip.org/sites/default/files/GPC_EducatorToolkit-(HighSchool)_combined.pdf

Musliu, A., & Simonovski, I. (2019). Handbook for Teachers in Secondary Schools and Tools for Early Detection and Action. Skopje: Center for Research and Policy Making.

Oxfam, G. B. (2015). Global Citizenship in the Classroom: A Guide for Teachers. Достапно на: https://oxfamilibrary.openrepository.com/handle/10546/620105

Petrovska, I. (2019) Civic Identity Development: Ontogenetic Aspect. *Social Welfare Interdisciplinary Approach,* 9 (2).

Practical Money Skills. (n.d.) Lesson Plans: Grades 9-12. Достапно на: https://www.practicalmoneyskills.com/teach/lesson_plans/grades_9_12

Price, J. (2003). *Get Global! : A Skills-based Approach to Active Global Citizenship; Key Stages Three & Four.* ActionAid. Достапно на: https://resourcecentre.savethechildren.net/library/get-global-skills-based-approach-active-global-citizenship-key-stages-three-four

Roser, M., Ritchie, H. & Ortiz-Ospina, E. (2015). "Internet". Published online at OurWorldInData.org. Достапно на: https://ourworldindata.org/internet

Sassenberg, K., Vliek, M.. W. (Eds.) (2019). Social Psychology in Action. Springer.

Sen, R. (2003). *Stir it up: Lessons in community organizing and advocacy* (Vol. 16). John Wiley & Sons.

UNESCO. (2016). A Teacher's Guide to Prevention from Violent Extremism. Достапно на: https://en.unesco.org/sites/default/files/lala_0.pdf

University of Houston Center for Diversity and Inclusion. (n.d.) Diversity Activities Resource Guide. Достапно на: https://www.uh.edu/cdi/diversity_education/resources/_files/_activities/diversity-activities-resource-guide.pdf

United States Institute of Peace. (n.d.) Activities. Достапно на: https://www.usip.org/public-education/educators/lessons-and-activities

World Bank Data. (2019). Air transport, passengers carried. Достапно на: https://data.worldbank.org/indicator/IS.AIR.PSGR?end=2018&start=1970&view=chart

World's Largest Lesson. (n.d.) Human Rights and the Global Goals. Достапно на: https://www.biomatiko.gr/_downloads/goal_4/Amnesty-WLL-lesson-plan-English.pdf

Алушевски, С. и Тркуља, А. (2011). Ние сме визуелни! Образование и аудиовизуелизација на човекови права. Скопје: МакеДокс и ЦРИС „Студиорум". Достапно на: https://issuu.com/makedox/docs/we-are-visual-mkd-web-bez-mkd

Грнчаревски, В. и Бачовска, Ј. (2013). Основи на правото: IV година Средно стручно образование.

Лахтов, М. и Трајкоска, Ж. (Уред.) (2018). Прирачник за медиумска писменост за млади, за медиуми и за граѓански организации. Скопје: Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Институт за комуникациски студии.

МакеДокс. (б.д.) МакеДокс во училница 1. Достапно на: https://issuu.com/makedox/docs/makedox_in_classroom_mkd_3mm_bleed_final

МакеДокс. (б.д.) МакеДокс во училница 2: Креативни документарни филмови во образованието. Достапно на: https://issuu.com/makedox/docs/md_vo_ucilnica_mk

Пецова Илиеска, Л., Бабаноски, К. и Јаневска Делева, А. (2020). Прирачник за работа на час наменет за ученици во средно образование за изучување на темата „Борба против корупција". Скопје: Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје.

## *Видеа*


Да ти нацртам: Носители на промени. Критична маса, Продукција: Балкон 3, Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=ITyBTHiM4Y0&t=380s, 1 јули, 2019

Да ти нацртам: Носители на промени. Програмерот на воздухот. Продукција: Балкон 3, Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=GIPIARPTaqc&t=328s,18 мај, 2019

Жени на велосипед за женски права во Пакистан. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=WT-zb6SSUi0&t=2s Радио Слободна Европа на Македонски, 24 јануари, 2020

Humanity. Change yourself to a better person. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=0Cl280pJf0g&t=2s, 19 јуни, 2014

Приказна за човековите права, Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=J60ykA0UAJo&t=231s

© 2009 United for Human Rights. Сите права се загарантирани.

AP Archives, F.I.L.M Archives, Journeyman Pictures, ABC News Video Source, National Archives, WPA Library, Footage Bank. Dr. King footage license granted by Intellectual Management, Atlanta Georgia as exclusive licensor of the King Estate

Полио Плус – движење против хендикеп ги доби правата на филмот “Приказна за човековите права” од United for Human Rights да го преведе и да го дистрибуира за едукативни цели.